Ристо Кантарџиев

# ШКОЛСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА ОД КРАЈОТ НА XVIII ДО 70-ТЕ ГОДИНИ НА XIX ВЕК

/Со особен осврт на македонското преродбенско училиште/

- докторска теза -

Скопје
1960

С о д р ж и н а

Стр.


У в о д

ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИОТ И КУЛТУРНО-ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ОД КРАЈОТ НА XVIII до 70-ТЕ ГОДИНИ НА XIX ВЕК . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1

1. Политичките и економските прилики во Турската империја . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1
2. Политичката и економската положба на македонскиот народ под турската власт . . . . . . . . . . . 5
3. Концентрација на македонското население во градовите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6
4. Развитокот на македонските градови . . . . . . . . 11
5. Формирањето на македонското граѓанство . . . . . . 18
6. Грчкото влијание . . . . . . . . . . . . . . . . 25
7. Српското влијание . . . . . . . . . . . . . . . . 32
8. Бугарското влијание . . . . . . . . . . . . . . . 35

Училиштата ВО МАКЕДОНИЈА ОД КРАЈОТ НА XVIII ДО 70-ТЕ ГОДИНИ НА XIX ВЕК . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 48

I Ц р к о в н и у ч и л и ш т а . . . . . . . . . . 48
1. Манастирски-келијни училишта . . . . . . . . . . 48
2. Попски, свештенички или црковни училишта . . . . 52
3. Световни келијни училишта . . . . . . . . . . . . 53
4. Општински келијни училишта . . . . . . . . . . . 58

II С в е т о в н и у ч и л и ш т а . . . . . . . . 69
1. Основните услови за појавата на световни училишта . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 69
2. Борба за македонско народно училиште . . . . . . 80
3. Женски световни училишта . . . . . . . . . . . . 118
4. Видови световни училишта . . . . . . . . . . . . 120

НАСТАВА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 157

1. Содржина на наставата /наставни планови и програми/ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 157
2. Наставни методи . . . . . . . . . . . . . . . . 171

3. Наставни средства . . . . . . . . . . . . . . . 179
4. Организацијa на наставната работа . . . . . . 182
5. Работното време во училиштата . . . . . . . . . 188
6. Учебници и книги . . . . . . . . . . . . . . . . 190
7. Јазикот во нашите училишта . . . . . . . . . . . 209
8. Ученици . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 225
а/ Состав и возраст . . . . . . . . . . . . . 225
б/ Бројната состојба . . . . . . . . . . . . 227
в/ Награди и казни . . . . . . . . . . . . . . 232
9. Учители . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 238
а/ Образованието на учителите . . . . . . 238
б/ Материјалната положба на учителите. . 244
10. Училишни згради и училишен намештај . . . . 249
11. Организација, управување и издржување на училиштата . . . . . . . . . . . . . . . . . . 254
ЗАКЛУЧОК . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 277
ПРИЛОЗИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 284
БИБЛИОГРАФИЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 332

# У В О Д

Секој народ има своја историја на школството, кое има свое специфично обележје поради различните историски услови во кои тоа се развивало. И македонскиот народ има своја историја на школството, кое настанало и се развивало во една конкретна историска дејствителност.

Во нашава работа предмет на разгледување е еден период од историјата на нашето школство, што го опфаќа времето од крајот на XVIII до 70-те години на XIX век. Тоа е период од поновата историја на нашиот народ, необично важен за неговиот понатамошен развиток, во кој се создаваат неопходни услови за неговата духовна и национална преродба.

Како народни просветни институции - средишта на неговиот духовен живот, училиштата биле значаен фактор во неговиот развиток. Тие не само што ги задоволувале неговите образовни потреби, туку влијаеле и врз неговото национално осознавање. Таква била нивната улога скоро во сите етапи на нивниот развиток, а особено кон средината на минатиот век, во времето на сеопштиот општествен, економски и културен подем на нашето граѓанство, кога тие станале активен и моќен фактор во борбата за духовна еманципација од грцизмот, за самостоен културно-национален развиток на нашиот народ.

Просветно-културниот живот на македонскиот народ, како и неговото минато воопшто, посебно во овој период, не е ни приближно доволно, ниту точно проучен и третиран. Навистина,

за него е многу пишувано, постои една цела литература, но, за жалост, површно и тенденциозно. Шовинистичката историска наука во соседните земји, служејќи ревносно на интересите на својата буржуазија и на нејзините аспирации спрема Македонија, создаде сосем погрешна, исконструирана претстава за македонското минато, та и податоците што таа ги содржи за просветата и школството на македонскиот народ во овој период, можат да се користат како фактичен материјал само со голема претпазливост.

Основна задача што си ја поставивме во нашава работа е: врз основа на историските факти научно и објективно да го осветлиме нашето културно минато; да дадеме целостен историско-педагошки преглед на развитокот на школството и неговите проблеми во ова време во Македонија.

Како општествени институции училиштата се појавиле и развивале во определени историски услови. За да ги правилно сфатиме како такви, неопходно е да ги разгледуваме како историски творби на времето и во нивниот развиток. Само така можеме правилно да го оцениме нивниот карактер, влијанијата под кои тие се развивале и тенденциите на нивниот развиток, како и значењето на воспитно-образовната и општествената улога што тие ја имале во свое време.

Следејќи го развитокот на училиштата низ историскиот преглед во нашава работа, можеме лесно да установиме дека во зависност од материјалните услови на животот, од карактерот на самото општество, се менувале воспитните цели и образовниот идеал на народот, а во тесна врска со тоа и карактерот на училиштата, нивната организација, содржина и методите на работа.

Студијата ја изработивме врз основа на материјалот што го собравме во еден подолги период на време. Покрај

обемна литература /статии, спомени, автобиографии, монографии, написи во весници, забелешки, записи, статистички прегледи и др./ ние се користевме и со архивски и документарен материјал до кој имавме можност да дојдеме во Државната архива на НРС во Белград и во Државната архива на НРМ во Скопје, а и во архивите на градските музеи на некои градови во Македонија. Некои броеви на старите бугарски весници весници што своевремено излегувале во Цариград, кои содржат важни податоци за нашите училишта, ги добивме од Народната библиотека "Васил Коларов" во Софија. Сепак, потребно е да наспомнеме дека и ако располагавме со обемен материјал, при изработувањето на работата имавме големи тешкотии и тоа поради немање достатно податоци за стариот период, а за новиот период поради честото произволно, субјективно и противречно изнесување на податоците. За основен критериум во расветлувањето на некои податоци ни служеа документите што ги пронајдовме во споменатите архиви, од кои голем број овде за првпат се изнесуваат. Во случаите, пак, во кои не можевме да се ориентираме според документарниот материјал, ние за веродостојни ги земавме оние податоци, што се потврдуваат од повеќе други извори. Помала доверба имавме кон спомените и автобиографиите на некои просветни и општествени дејци и тоа било заради субјективниот карактер на овие видови творби, или заради тоа што спомените и автобиографиите се пишувани подоцна и по сеќавање.

Материјалот што го опфаќа оваа студија е обработен по проблеми во три глави. Во првата глава се изнесува општо за општествено-економскиот и културно-политичкиот живот на македонскиот народ од крајот на XVIII до 70-те години на XIX век. Во неа, главно, се дава краток осврт на политичката и економската

положба на македонскиот народ под турската власт, бидејќи во ова време Македонија се наоѓала во составот на Турската империја; за развитокот на македонските градови и формирањето на македонското граѓанство, со што била условена појавата на училиштата како општествено-просветни институции и нивниот понатамошен развиток; како и за грчкото, српското и бугарското просветно влијание во Македонија во ова време. Во втората глава се дава историски преглед за развитокот на училиштата во Македонија од крајот на XVIII до 70-те години на XIX век, со особен осврт на македонското преродбенско училиште - на борбата на македонскиот народ за свое народно училиште, со настава на мајчин јазик. Во третата глава се изнесува за наставата и наставните проблеми /планови и програми, методи, средства, организација на наставата, учебници и книги, ученици, учители /, како и за други прашања од училишниот живот. На крајот даваме краток заклучок. Од технички причини забелешките ги даваме на крајот на секоја глава.

Во условите на политичкото ропство под Турците и духовното ропство под Грците, школството во Македонија не можело да се развие во еден единствен училишен систем. Во ова време не постоела една општа централна училишна управа што би се грижела за организирањето и издржувањето на сите училишта во Македонија и која би ја координирала нивната работа, насочувајќи ја кон едни единствени воспитно-образовни цели. Училиштата работеле и се развивале под нееднакви услови и поради тоа тие се наоѓале на различен степен на развитокот. Додека во едно исто време во едни училишта се уште доминирала црковна просвета, во други се предавале световни предмети. Напредокот на секое училиште зависело од материјалните можности на општината која го издржувала и од стручните способности на учителите кои предавале во него.

V

Развитокот на училиштата во Македонија поминал низ две големи епохи - епоха на црковните училишта, која го опфаќа времето до средината на XIX век и епоха на световните училишта, која го опфаќа времето од средината на XIX век натаму.

# ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИОТ И КУЛТУРНО-ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ОД КРАЈОТ НА XVIII ДО 70-ТЕ ГОДИНИ НА XIX ВЕК

## 1. Политичките и економските прилики во Турската империја

Крајот на XVIII и почетокот на XIX век бил најкритичен период во историјата на Турската империја. Тоа е период кога таа го доживува својот упадок. По неуспешните војни со Австрија и Русија во текот на XVIII век, таа изгубила голем дел од својата територија и ослабела до тој степен, што не можела посериозно да се спротивстави на своите непријатели. На почетокот на XIX век дошло и до националното будење на поробените балкански народи. Ползувајќи го слабеењето на турската држава српскиот и грчкиот народ дигнале востанија и формирале свои национални држави. Некои, пак, области /Египет, Тунис и Алжир/ останале само во номинална зависност од Портата. Во тоа време и Босна и Херцеговина фактички испаднале од составот на турската држава.

Воените неуспеси не само што ја лишиле Турција од голем дел од нејзината територија, туку и од материјалните средства што таа ги добивала од војните грабежи и контрибуциите кога војните свршувале победоносно за нејзиното оружје. Намалувањето на овие приходи го довело сериозно во прашање издржувањето на оној дел на отоманскиот државен апарат кому се плаќало со пари. Сега турската држава морала да поднесе огромни расходи околу водењето на одбранителните војни, коишто ги довеле нејзините финансии во многу тешка состојба.

Освен тоа, слабеењето на турската држава било предизвикано и од корумпирањето на државниот апарат, кое земало сè поголеми размери како и од распаѓањето на јадрото на отоманската воена сила - спахиската коница и јаничарската пешачка војска, некогаш најсилен и најверен потпирач на султанската власт.

Меѓутоа, за слабеењето на турската држава особено придонесло отцепувањето од неа на одделни вилаети и пашалуци од страна на некои децентралистички настроени феудалци. Така, во Видин се прогласил за независен од Портата извесниот Осман Пазвантоглу; во Јанина - Али-паша; во Охрид - Џеладин беј; во Мала Азија - Чапван - оглу; во Египет - Мехмед паша и др. Против овие одметници, како и против крџалиските разбојнички банди, кои сериозно го загрозиле постоењето на феудалната султанска Империја, отоманската централна власт била приморена да ангажира големи воени контингенти и да троши огромни материјални средства за нивното издржување.

Сите овие настани негативно се одразиле врз развитокот на општествениот, економскиот и политичкиот живот на земјата, кои Турција ја довеле во таква анархична состојба, што не можела да ја среди во текот на целиот XIX век.

Во тоа време - кон крајот на XVIII и во првата половина на XIX век, многу западноевропски земји ја доживуваа својата национална преродба. Под брановите на Големата француска буржоаска револуција /1789 г./ и Наполеоновите војни, Европа ја менуваше својата физиономија. Ослободени од феудалните стеги се раѓаа и развиваа нови нации. Во Отоманската Империја, пак, тогаш, целокупниот економско-општествен и културно-политички живот се одвивал строго во рамките на феудалните односи. Не постоела класа која би била носител на нови, напредни стремежи, способна по пат на револуција да изврши економско-општествен преврат и постави

основи на нови општествени односи.

За да ја средат внатрешната состојба на земјата, турските султани донесуваат низа законски прописи, со кои се обидуваат да го реорганизираат управно-административниот апарат и армијата по европски образец, свесни за последиците за опстанокот на Империјата од спахиските односи. Зашто развиените капиталистички односи, кои постепено но сигурно навлегувале во Турција и влијанието, економско и политичко, што го вршеле на неа Франција, Англија и Австрија, сѐ повеќе ја доведувале во економска и политичка зависност од овие земји. Но, донесувањето на реформите се наложувало не само заради самиот економски развиток на земјата, туку и заради интервенцијата на споменатите капиталистички земји, кои сакале да ги обезбедат своите капиталистички позиции во Турција, а и да го отстранат руското влијание врз поробените балкански народи[1/].

Процесот на реформите отоманската централна власт го започнала со реорганизацијата на војската. Но претходно таа морала да се пресметне со верските фанатици и јаничарите, кои биле противници на реформите и воопшто против секаквиот напредок. И кога отоманската централна власт успеала во тоа - прво, да ги уништи верските фанатици, а потоа и главнината на јаничарите 1828 год. во Цариград, патот кон реформите бил отворен. 1834 год. бил донесен декрет со кој се укинувал спахискиот ленен систем и се ослободувал лениот поземлен фонд.[2/] Фактички ликвидирањето на спахиите како феудални земјовладетели отпочнало и порано, а формално се извршило со познатиот Ѓулханетски хатишериф од 1839 год. Но на некои подрачја спахиите како феудални земјовладетели постоеле и по донесувањето на овој декрет.

Со објавувањето на Ѓулханетскиот хатишериф отпочнала ерата на реформите во Турската империја , позната во историјата пс

името "Танзимат". Хатишерифот прокламирал, покрај другото, еднаквост на сите народности во Империјата; гарантирал слобода на личноста и безбедност на личноста и имотот, слобода на трговијата и занаетите и на културно-просветниот живот. Неговите одредби всушност и формално ја укинувале поделбата на населението на бераја и раја, на феудалци и селани.

Правата што биле дадени на поданиците со Ѓулханетскиот хатишериф се потврдувале и со познатиот Хатт-и-хумајунот, прокламиран во 1856 година. И тој гарантирал безбедност на честа, животот и имотот на сите поданици во Империјата.

Меѓутоа, колку и да придонеселе овие реформи за средувањето на тешката внатрешна состојба во која се наоѓала Турската империја во првата половина на XIX век и подоцна, тие не можеле сосема да ја изменат структурата на тогашното општество и неговите односи и тоа од следните причини:

1. Општествено-економскиот и политичкиот развиток на Отоманската империја бил до тој степен заостанат, што не можел да оди во чекор со она што отоманската централна власт предвидувала и сакала да оствари со реформните декрети.

2. Што тогаш не постоела напредна, револуционерна класа, која би се борела за остварувањето на овие реформи. Напротив, спроведник во живот на реформите требало да биде феудалната класа, против која тие биле и донесени. Затоа, таа била не само сосема незаинтересирана за нив, туку ги дочекала со жестока сопротива, зашто тие заплашувале да ја ликвидираат бесправноста и корупцијата, кои во условите на турскиот феудален поредок претставувале извор за нивното збогатување.[3/]

3. Хатишерифот го одменувал коранот и шеријатското право, кои биле основни закони на државата.[4/] Одредбите, законите на коранот, не биле само верски закони, туку и политички и економ-

ски закони, под чија контрола се наоѓал целокупниот општествен, економски и политички живот на Империјата. На коранот му бил потчинет судот, верата, просветата и еден дел на администрацијата. Освен тоа, Хатишерифот ги израмнувал "ѓаурите" со "правоверните", кој факт муслиманскиот фанатизам не можел да го поднесе.[5]

Но, макар што реформите не можеле наполно да го консолидираат внатрешниот живот на Империјата, ниту да го преобразат отоманското феудално општество како што го замислувале тоа неговите прокламатори, сепак во областа на општествено-економскиот и политичкиот живот на земјата, Танзиматот постигнал крупни резултати. Најсуштествени негови придобивки биле: ликвидирањето на спахиството и спахискиот феудален систем, укинувањето поделбата на населението на бераја и раја, настојувањето да се обезбеди слобода на личноста и безбедност на животот и имотот. Сето тоа благопријатно се одразило врз понатамошниот развиток на капиталистичките односи во Турција, посебно во Македонија како нејзина провинција.

## 2. Политичката и економската положба на македонскиот народ под турската власт

Целокупното население во Отоманската империја било поделено на две основни општествени групи - бераја и раја. На општествената група бераја ѝ припаѓала класата на феудалците, а на општествената група раја ѝ припаѓала класата на зависните селани.

Политичката и економската положба на македонскиот народ, како и на другите поробени балкански народи под турската власт, била одредена со неговата припадност кон општествената група раја.[6] Тој не само што немал никакви политички права, туку

бил и економски експлоатиран од страна на турските феудалци. Македонскиот селанец бил во кметска зависност кон турскиот воен феудалец-спахија. Земјата што ја обработувал не била негова, туку "царска", "спахиска" и за искористувањето ѝ тој плаќал на спахијата земјишна рента во продукти /продуктна рента/ и во работа /кулук/. Освен тоа, тој бил натоваруван и со други давачки, кои сосем ја влошувале неговата и инаку лоша материјална состојба. Но, во условите на натуралното стопанство и натуралните односи, кои доминирале во стопанскиот живот на Отоманската империја скоро до крајот на XVIII век, селанецот бил во состојба со сопствено производство да ги подмири скоро сите свои потреби и да произведе вишок производи за плаќање определени давачки на спахиите.

Потребите на турската владеачка феудална класа, а и на самите селани, поради ниското степен на општествениот развиток и културната заостанатост воопшто, не биле тогаш големи и можеле да се задоволат со примитивното натурално производство.

Оние производи, коишто селанецот не ги произведувал или не бил во состојба да ги произведе, а можел да ги добие поевтини и поквалитетни - ги набавувал преку примитивна натурална размена со градските занаетчии.

Напоредно со вакво неразвиено земјоделско производство, во она време постоело и занаетчиско производство, но исто така неразвиено, примитивно, заостанато.

## 3. Концентрација на македонското население во градовите

Кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век во Турската империја настануваат крупни економско-општествени промени како последица на проникнувањето на капиталистичките односи. Се развиваат занаетите и трговијата и создаваат поволни услови за еко-

номското јакнење на нашите градови, а со тоа и за формирањето на нашето младо граѓанство - на онаа општествена средина, која ќе стане носител на општествено-економскиот и културно-политичкиот живот на нашиот народ и неговите стремежи низ XIX век.

Сè дотогаш, до она пределно време - до пред самиот крај на XVIII век, натуралните односи биле доминантна форма во стопанскиот живот на Турската империја. Та за нашите градови во ова време не може да се говори како за центри со развиен економски и општествен живот. Теснотата на натуралното стопанство, со сосем неразвиени, примитивни средства за производство и неразвиени општествени односи, претставувала сериозна пречка за нивниот поинтензивен економски и општествен развиток. Само некои наши поголеми градови /Солун, Скопје, Битола и др./ се истакнувале со релативно развиено градско стоковно-парично стопанство, кое сепак имало феудално-еснафски карактер.[7/]

До крајот на XVIII век македонското население било претежно селско. Скоро четири петини од македонското население било сконцентрирано во селата. За тоа говорат повеќе странски патеписци кои ја посетиле Македонија кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век. Францускиот конзул во Солун, Божур, којшто пропатувал низ Македонија меѓу 1800 и 1817 година, давајќи статистички податоци за турското население, истакнува дека Турците живеат по градовите, а Македонците по селата.[8/] Градовите Скопје, Велес, Куманово, Битола, Кратово, Крива Паланка, Штип, Кочани, Неврокоп, Мелник, Петрич, Радовиш, Сер, Струмица, Прилеп, Демир-Хисар, Горна Џумаја и др. имале скоро чист турски карактер со незнатен процент на Македонци и Грци.[9/]

Меѓутоа, од крајот на XVIII и почетокот на XIX век отпочнува да се извршува еден процес, кој е од големо значење за развитокот на нашите градови. Имено, од ова време отпочнува

дххххх осетно да намалува турското, а бројно да нараснува, да се зголемува христијанското население и воопшто нетурските елементи во градовите. Овој процес на движење на селското население кон градовите имал масовен карактер и бил предизвикан од политичките и економско-социјалните прилики кои владееле во тоа време во Турската империја.

Дезорганизацијата на внатрешниот живот и воопшто опаѓањето, слабеењето на турската држава, било повод за појавата на крџалиските разбојнички банди, од чиишто зулуми особено страдало незаштитеното селско население. Немилосрдно ограбувано и гнетено, несигурно за својот живот и имот, тоа било принудено да ги напушта селата и да бара заштита во градовите, каде што животот бил релативно посигурен. Мигрирањето на селските маси кон градовите станало масовно особено во почетокот на XIX век, кога зулумите на крџалиите биле најжестоки.

Францускиот конзул во Солун, Божур, кој бил сведетел на оваа појава, вака ја одбележува: "Селското население во Македонија, како во Франција, го напушта полето и бега во градиштата. Само што нашите француски селани одат во градиштата да бараат лесна печалба и задоволство, додека христијаните селани во Турција бегаат од селата, за да се спасат од жестокостите и запустовачките на беговите."[10]

Друг еден патеписец, Оливие, кој го изучувал животот во Турција кон крајот на XVIII век, изнесува следното за приликите во кои тогаш живеало селското население: "Селското население, претрупано со даноци, несигурно за имотот и животот, ја напушта неосетно земјата, која не може веќе да го храни, и оди во големите градови да бара спокојство, што го изгубило во колибите, и поминок, каков не наоѓа веќе во обработувањето на земјата. Пашата, меѓутоа, ги изискува истите давачки од тие, што остануваат,

и ги присилува да плачаат за избеганите; следствено на тоа, сите жители исчезнуваат за кусо време и го напуштаат селото за секогаш. Нема ниту еден дел на Империјата, малу одалечен од столицата, кој да не претставува слика на полно опустошување; големи полиња стојат необработени, колиби, села разрушени и опустели."11/

И така, под притисок на тешките разбојнички зулуми на крџалиите и економските притеснувања на беговите и пашите, македонското селско население ги напушта селата и се населува во градовите. По таков начин се зајакнува македонскиот национален елемент за сметка на турскиот и постепено, во текот на првата половина на XIX век градовите добиваат македонска физиономија.

Овој процес на емигрирање на селските маси во градовите, макар и побавно, продолжува и подоцна, особено кон средината на XIX век, кога македонските градови го достигнуваат својот највисок економски просперитет. Променетите услови на економскиот и стопанскиот живот, создадени со развитокот на занаетчиството и трговијата, привлекуваат во градовите нови придојдени од селани.

Новопридојдените селски маси постепено се прилагодуваат на новите услови на градскиот живот и навлегуваат во занаетите и трговијата, кои кон почетокот на минатиот век, кога пожитсенкавно навлегува капитализмот во Турската империја, почнуваат поживо да се развиваат. Меѓутоа, овие селски маси уште долго време по преселувањето во градовите продолжуваат да живеат со својата селска психика, во својот селски бит и традиции и не отстапувале од нив. Тоа е пак од особена важност за зачувување на националните особености на македонската народност и тоа во времето кога се појавуваат аспирациите на грчката буржоазија во лицето на нејзиниот експонент Цариградската патријаршија за елинизација на македонското население.

За да имаме појасна претстава за тоа во кои размери се зголемило населението во некои македонски градови од крајот на XVIII век до 60-те години на минатиот век, го даваме следниот напореден статистички преглед.

| Град | Година | Број на населението |
|---|---|---|
| Скопје | кон крајот на XVIII в. | 5 - 6000 |
| " | 1812 г. | 15.000 |
| | 1852 | 20.000 |
| | 1858 | 20.800 |
| | 1865 | 21.000[12] |
| Битола | кон крајот на XVIII в. | 10 - 12.000[13] |
| | 1807 | 15.000[14] |
| | 1838 | 33.000[15] |
| | 1850 | 40.000[16] |
| Штип | кон крајот на XVIII в. | 3 - 4000[17] |
| | 1835 | 15.000[18] |
| | 1859 | 15 - 20.000[19] |
| Велес | кон крајот на XVIII в. | 3 - 4000[20] |
| | 1807 | 10.000[21] |
| | 1860 | 20.000[22] |
| Охрид | кон крајот на XVIIIв. | 4 - 5000[23] |
| | 1807 | 6.000[24] |
| | 1838 | 8.000[25] |
| Дојран | кон крајот на XVIII в. | 2.000 |
| | 1859 | 3.500[26] |
| Дебар | 1807 | 4.200[27] |
| | 1863 | 10.000[28] |

Но освен во овие градови бројно се зголемило македонското население и во Куманово[29], Струмица, Воден, Кукуш, Кочани, Кратово и др.[30].

## 4. Развитокот на македонските градови

Напред истакнатите социјално-политички фактори, како што видовме, придонеле за зголемувањето на градското население во Македонија. Но, од решавачка важност за стопанскиот развиток и економското јакнење на градовите се трговските врски и односи што тие ги одржувале со развиените трговски центри на Балканскиот Полуостров и Западна Европа. Македонија била вовлечена во трговски односи со Западна Европа уште во почетокот на XVIII век, кога во Англија била формирана таканаречената Левантска компанија за трговија со Турција.[31] Меѓутоа, пожива трговска размена меѓу Македонија, како турска провинција и развиените европски земји - Англија, германските земји, Италија, Русија и Франција, се развиле кон крајот на XVIII век. Тогаш во Македонија била внесена стока во вредност од 4.970.670 пијастри, а изнесена стока во вредност на 8.821.320 пијастри.[32]

Оваа трговска размена меѓу капиталистичка Европа и феудалната Отоманска империја не можеше да не укаже силно влијание и на стопанскиот развиток на македонските градови. Во производството на Македонија сѐ повеќе навлегуваат капиталистички односи, кои постепено но сигурно го овладуваат стопанскиот живот на градот и ја менуваат неговата економско-социјална структура. Тие навлегуваат и во селото и предизвикуваат длабоки промени во структурата на неговото производство како и во економско-социјалните односи. Врз базата на простото стоковно производство се развива капиталистичко стоковно производство. Се руши феудалното натурално стопанство и старите натурални односи, а со тоа се поткопуваат и основите на отоманскиот феудален систем, на спахиството.

Во условите на новите производствени односи, создадев

со стоковно-паричното стопанство, силен замав добива развитокот на занаетчиското производство. Потребите на зголеменото градско население за занаетчиски стоки се сè поголеми и тие наоѓаат широк пласман. Занаетчијата не изработувал веќе производи по индивидуални порачки на граѓаните и селаните, туку во многу поголема количина за пазар. Тој сега изработувал предмети исклучиво од својот занает и тоа било едино негово занимање. Оваа околност пак придонесла за понатамошниот развиток и усовршувањето на занаетите и на нивното диференцирање.

Занаетчиското стоковно производство особено нараснало од 30-те години на XIX век, кога приликите во Турција се нормализирале и бележи постојанен успон во својот развиток сè до 60-те години на минатиот век, кога достигнува најголем расцут. Токму во ова време некои македонски градови се развиле во големи занаетчиски производни центри и се прочуле со своите занаетчиски работилници во кои се изработувале во огромни количини и во многу голем асортиман производи од кожа, волна, памук, свила, железарија и многу други различни второстепени артикли. Во тоа време, на пример, во Скопје цветал табачкиот /кожарскиот/, папукчијскиот и казанџиско̀киот занает,[33] во Велес кожарскиот /се изработувало 400.000 кожи годишно/[34] и шарлаганџијскиот, во Охрид кожарскиот /150.000 кожи годишно/ и ќурчискиот[35]. Во ќ с. Дихово, недалеку од гр. Битола, постоела фабрика за гајтан /80.000 оки годишно/ и фабрика за шајак[36]. Во Прилеп особено бил развиен казанџиско̀киот, кујунџијскиот, терзискиот и табачкиот занает.[37] Занаетчиството цветало тогаш и во другите македонски градови.

Зголеменото производство на занаетчиските стоки и земјоделските продукти и воопшто развиениот внатрешен пазар создале широка основа за брз развиток на една интензивна внатрешна и надворешна трговија во големи размери. Македонските градови посте-

нено го губат карактерот на изолирани локални пазари, каков што имале во почетокот на проникнувањето на капитализмот во Турцијах и се развиваат во значајни стопански и економски центри. Тие ги прошируваат своите трговски врски не само со одделните стопански развиени области на Турската империја и земјите на Балканскиот Полуостров, туку и со пооддалечените средноевропски и западноевропски земји. Некои од нашите градови /Серес, Башие Вардар, Неврокоп, Петрич, Прилеп/[38/] се прочуле со своите панаѓури, на кои доаѓало до широка размена на трговска стока помеѓу нашите градови и западноевропските земји Англија, Саксонија, Австрија и др. Кон половината на минатиот век македонските градови одржувале редовни и постојани трговски врски скоро со сите европски земји.

Развитокот на трговијата издигнал голем број македонски трговци од Солун, Костур, Скопје, Битола, Охрид, Велес, Прилеп и други градови, кои се занимавале со внос-износ на големо. Сѐ повеќе имало македонски трговци коишто оделе во странство и одржувале деловни врски со трговците од развиените европски земји или ги посетувале саjмовите коишто имале светско значење, каков што бил лајпцишкиот. Овој саем во 1748 година го посетиле пет лица - трговци од Македонија; 1752 година 12 лица, 1767 год. 34 лица, а 1774 год. 69 лица.[39] Во некои германски градови уште во XVIII век македонските трговци имаат свои филијали. Во Херманштадт постоела трговска куќа на Хаџи Константина, која имала свои доставувачи на Балканот, во подунавските земји и во главните градови на Австрија, Шлезија и Саксонија. Тој имал свои банковски сметки во Виена и продавал големи количини македонски памук во Пешта, Хемниц, Лајпциг и Виена.[40/] А влашката фамилија на Думба од Македонија во првата половина на XIX век основала памучна фабрика во Виена.[41/]

Во првата половина на XIX век постоеле фирми и филијали

на македонските трговци скоро во сите поголеми средноевропски градови. На пример, трговските фамилии Весови, Шулеви, Фојницалиеви, Ризови, Коробарови и др. од Велес, имале свои трговски агентства во Виена, Марсеј и Пешта.[42] Извесни трговци од Битола, како на пример браќата Робеви, имале свои трговски претставништва во Виена и Лајпциг[43]. Во Јужна Германија пак била позната фирмата на охриѓанецот Сотир Кецкари[44].

Трговските односи меѓу нашите градови и развиените европски трговски и индустриски центри особено се развиле во 30-те години на минатиот век, кога отпочнува да се средува внатрешниот живот во турската империја. За да го олесни водењето на трговијата Портата донесува низа економски мерки. Така, по одринскиот мир /14 септември 1829 година/, била воведена слободна трговија и оттогаш всушност отпочнале редовните трговски врски меѓу градовите во Турција[45]. 1842 год. биле укинати внатрешните царини[46].

Заинтересирани за пласманот на своите индустриски стоки и експлоатацијата на суровините на територијата на Турската империја, западнокапиталистичките држави Англија и Франција склучуваат 1838 г. трговски договор со Портата.[47] Овие две земји владееле со околу три четвртини од вносот - износот на Империјата.[48] Една година подоцна, 1839 - 1840, трговски договори со Портата склучиле Русија и Соединетите Држави на Северна Америка и скоро сите европски држави.[49] Силен замав во својот економски развиток нашите градови добиле особено по Кримската војна, кога целокупното стопанство на Турција било ориентирано на извоз за да го израмни платниот дефицит со странство, заради долговите направени во оваа војна. Тогаш, кон 60-те години на минатиот век нашите градови го достигнуваат својот највисок економски просперитет.

Трговските врски на нашите градови со надворешниот

свет особено зајакнува по отворањето на новите трговски патишта /1863, 1866 г./, поставувањето на телефонско-поштенски линии и станици и трасирањето на првите железници во Македонија /1869-1873 г./[50]. Овие патишта овозможиле непречено навлегување на европскиот капитал во Турција. Македонија како турска провинција станала составен дел на светскиот пазар, а тоа имало големо значење за стопанскиот развиток на нејзините градови.

Од Македонија се изнесувале претежно земјоделски и некои индустриски производи и тоа: памук, жито, махунести растенија, зејтинови семиња, ориз, коприна, тутун, волна, маслинов зејтин, восок, мед, необработени кожи, коноп, железо, пијавици, овошје, животински коски, рогови, дрво, килими, шајак, предена коприна, обработени кожи, басма, памучна преѓа, дезенирано платно и чорапи.[51]

Памук се изнесувал главно во Австрија /50.000 кантари/ и Ливорно, Ѓенова и Марсеј /по 3-4.000 кантари/[52]. Саксонската текстилна индустрија расцутела благодарение на македонскиот памук.[53] Жито се изнесувало за Генова и нешто за Ливорно, Марсеј и грчките пристаништа; зејтинови семиња /300.000 оки годишно/ 3/4 за Марсеј и Генова, а $^{1}/4$ за Трст; ориз за грчкиот Архипелаг, Смирна и Цариград; тутун во Египет, Трст и Цариград; волна за Франција и Соединетите држави на Северна Америка; маслинов зејтин се изнесувал за Генова, Марсеј и Турција; коприна за Франција и Италија[54] итн.

Од западноевропските земји пак во Македонија се внесувала различна индустриска стока.[55] Во прво време македонските градови имале најактивен трговски биланс со Австрија, потоа со Франција и Англија.[56]

Позначајни трговски врски со западноевропските земји одржувале следните македонски градови: Скопје, Битола, Велес, Охрид, Прилеп, Костур, Серес и др.

Скопје водело доста жива трговија со црноморските руски пристаништа, Србија, Бугарија, а особено со Босна и Херцеговина и Австрија. Скопските трговци изнесувале во Босна тутун, ориз, гајтан, срмени изработки, а од Босна внесувале железо и различни железни изработки. Во Австрија се изнесувал сахтијан, а оттаму внесувале различни мануфактурни стоки.[57/]

Битола се развила во трговски и економски центар на Западна Македонија по 1822 година, кога биле разурнати дотогаш напредни трговски градови Мегуш, Моходере и Москопол.[58/] Таа ја презела трговијата на овие градови и станала крстопат на трговските патишта од Солун, Драч, Скадар, Призрен и Скопје. 1859 г. Битола ја посетил Гркот Николаиди и во својот патопис изнесува дека тогаш битолските дуќани биле полни со новитети од Лондон, Виена, Венеција и Париз.[59/] Нашиот преродбеник Јордан Константинов - Џинот, во една своја дописка до "Цариградски вестник" , пишува дека "Битола има сè еднакво трговија, секакви стоки се продаваат, од секакви сорти занаети се наоѓаат и дека "битолските трговци работат со море, Италија, Трст, Виена, Влахија, Лајпциг, Берлин и Марсилија."[60/]

Велес бил еден од најјаките трговски градови на Македонија кон 60-те години на минатиот век, а неговите трговци на далеку познати.[61/] За неговите трговски врски податоци ни дава НГ. Еничерев, којшто го посетил во тоа време. Тој ни соопштува дека во Велес имало богати трговци, кои работеле со Србија, Австрија, Италија, Солун и дека тргувале главно со сурови кожи, ѓонови, вино и жито, што ги пренесувале со сплавови по Вардар до Солун.[62/] Прочуен бил велешкиот сахтијан којшто се изнесувал за Виена и Пешта. Во тоа време во Велес се изработувало над 400.000 парчиња сахтијан од козји кожи. Кога велешките трговци поаѓале со сахтијан за Пешта и Виена и кога се враќале назад, во градот станувала вистинска народна веселба.[63/] Освен тоа, Велес бил

познат и како најбогат град со вино и ракија на Балканскиот Полуостров. Годишно произведувал до 6.000 товара ракија, која се изнесувала главно во Бугарија.[64]

Прилеп имал развиена трговија со жито, волна и стока уште на почетокот на XIX век.[65] Кон 60-те години станал еден од најнапредните градови на Македонија.[66] Прочуен бил неговиот панаѓур на кој доаѓале многу странски трговци: Срби, Бугари, Грци, Власи, Арнаути, Турци, Персијанци, Ерменци, Евреи и др. За време на панаѓурот се продавала стока во вредност од 20-30 милиона гроша. Благодарение на својата географска положба тој посредувал во трговските односи меѓу Босна, Херцеговина, Албанија, Тесалија, Бугарија и станал центар на трговската размена меѓу Западна Европа и Крајниот Исток. Секоја година во мај и јуни прилепските трговци оделе во Виена, Лајпциг, Лион и Цариград за стоки, од чија што продажба печалеле добри пари.[67]

Охрид одржувал трговски врски преку западните албански пристаништа - Драч и Валона со Трст, Венеција, Генова и особено со Лајпциг. Од Лајпциг охридските трговци внесувале по 300.000 сурови кожи што ги преработувале во кожарските работилници во Охрид и преработени изнесувале на пазар во Узунџово. Преку Охрид, Костур и Јанина, Лајпциг го снабдувал со скапоцени кожи целиот Балкански Полуостров. Преработката на кожа особено се развила во Охрид за време на Кримската војна. Тогаш во Охрид имало 150 домаќинства кои се занимавале исклучиво со трговија и преработка на кожи.[68]

Освен овие градови важни пазаришта во Македонија кон средината на минатиот век биле и градовите Серес, Костур, Воден, Неврокоп, Петрич и др. Серес станал тогаш центар на памучната трговија, а Костур центар на кожарството во Македонија.

Во силен економски центар на Македонија во XIX век се развил Солун. Тој многу придонесол за развитокот на трговските

врски на македонските градови со развиените европски трговски и индустриски центри. Неговата улога како трговски центар од меѓународен карактер нараснала кон 30-те години на минатиот век, а особено по изградбата на железницата Солун-Косовска Митровица, кога скоро целокупниот внос - износ на Македонија се движел преку неговото пристаниште.

Обемната трговска размена на македонските градови со другите стопански центри во Турската империја и Западна Европа извонредно придонесла за нивниот економски просперитет и за економското јакнење на младата македонска буржоазија.

5. Формирањето на македонското граѓанство

Со развитокот на занаетчиството и трговијата, со стопанскиот напредок на нашите градови, се формира и еден општествен и економски фактор, кој е од големо значење за нашата преродба. Тоа е нашето младо граѓанство, сталежот на занаетчиите и трговците.

Процесот на формирањето на нашето граѓанство отпочнува уште од крајот на XVIII и почетокот на XIX век, со навлегувањето на новопридојдното селско население во занаетите и трговијата. Но долго време по тоа, сè до средината на минатиот век, нашите занетчии и трговци биле во подредена економска и општествена положба во градовите во однос на другите народности. Во тоа време високодоходните занаети, лихварството, сарафлакот, како и крупните земјишни ренти биле во рацете на Турците, Евреите, Грците, Ерменците, Дубровчаните и др.[69] Турците ги држеле главно лихварството, сарафлакот, крупните земјишни ренти и оние занаети, за кои не биле потребни особени квалификации, или кои брзо се здобивале, како папукчискиот, берберскиот, сарачкиот, казанџискиот, ковачкиот и др. Занаетите, пак, за кои биле потребни поголеми ква-

лификации и за здобивањето на кои било потребно подолго време, како кујунџиското, терзиското и др., ги држеле Грците, Ерменците, Цинцарите, подоцна и Македонците.

Но во некои наши градови, како на пример во Прилеп, а особено во Битола, Охрид и градовите во Јужна Македонија, кои во тоа време биле сестрано повлијаени од грцизмот, доминантна улога во општествениот и економскиот живот имал грчкиот и погрчениот цинцарски елемент. Значајна улога во тоа имале и нашите позакрепнати чорбаџии, но тие тогаш се грчееле. Причините за тоа биле чисто економски. Грчкиот јазик бил признат како трговски јазик не само во Турската империја, туку и надвор од неа - во трговските односи со странство, а грчките трговци уживале особени права и привилегии во трговскиот свет. Освен тоа, името Грк во она време било синоним на културност и образованост.

Меѓутоа, со развитокот на стоковно-паричното стопанство во нашите градови, во новите услови на производствените односи, постојано растел бројно и сè повеќе се развивал и економски закрепнувал сталежот на македонските занаетчии и трговци. Поенергични, поиницијативни, поспособни и посналодливи во водењето на трговијата и во производството на занаетчиска стоки што ги барал развиениот пазар, тие постепено ги потиснувале од овие важни стопански гранки Турците и сосем ги освојувале. Овој факт го одбележува и Маркс:

"Славјаните и грчката буржуазија во градовите и трговските пунктови се вистинска опора на секаква цивилизација што стварно се воведува во земјата. Тој дел од населението станува сè побогат и повлијателен, а Турците сè повеќе и повеќе се истиснуваат на заден план. Кога тие не би го имале монополот на граѓански и воени должности, тие скоро би исчезнале сосем. Но тој монопол станува во иднина невозможен и силата на Турците ќе се претвори во безсилие."[70]

Нашите занаетчии и трговци воделе конкурентска борба за освојување на економските позиции на чаршијата особено со грчкиот и погрчениот цинцарски елемент. Оваа борба се водела организирано, добивала сè поостра форма и ја достигнала својата кулминација кон 60-те години на минатиот век. Тогаш, на пример, односите меѓу еснафството и грковлашките чорбаџии во Прилеп се заостриле до тој степен, што против последните се подготвувал економски бојкот - да нема никој земање - давање со прилепски Влав.[21/]

Со не помала жестина и упорност нашите занаетчии и трговци воделе борба за првенство и во општествениот живот. Епилогот на една таква борба, што се водела меѓу нашето еснафство и влашките чорбаџии во Прилеп, а на која и самиот бил свидетел, ни го опишува Н. Г. Еничерев во своите спомени:

"Во почетокот на месец мај 1867 г. требаше да се избере ново црковно-училишно настојателство. Сега еснафите со една изјава, подпечатена со печатите на сите еснафи изјавиле на владичкиот намесник Х. Попо, дека по никој начин нема да остават сами чорбаџиите да назначуваат настојатели, без нивното знаење и согласност... Дотогаш еснафлиите биле безгласни роби, ~~ххххх~~ илоти, должни без поговор да ја исполнуваат нивната чорбаџиска наредба и решение... Сега пак еснафлиите-првомајстори заедно седеле со чорбаџиите, макар што последните се мрштеле. За училишни настојатели се избрале млади еснафлии. Во училишното настојателство влегле и неколку влашки членови. Црковната каса преминала во рацете на еснафите.

Кога премина црковната каса во еснафските раце, премина и силата во нив, наеднаш изветрее дотогашната сила и влијанието на влашките чорбаџии. Годината 1867 е знаменита за Прилеп, зошто во неа за прв пат народот преку своите првомајстори започна да зема учество во управата на општествените работи, во неа се основа, така да се каже, првото прилепско народно собрание, и на-

рот почна да привикнува на демократските начела."[72]

Кон 60-те години на минатиот век нашето еснафство претставувало веќе значаен фактор не само во економските, туку и во општествените односи на нашите градови. Управата на еснафите, црковно-училишното настојателство и другите општествени работи се најселе во негови раце. Се извршиле промени што биле битни за односот на силите во економскиот, општествениот и културно-политичкиот живот на градот.

Така, во условите на производствениот процес на стоковно паричното стопанство, низ првата половина на XIX век во општествено-економските односи во градовите се извршувале постепени квантитативни промени, кои довеле и до квалитативни промени - до формирањето на една нова општествена средина, средината на нашите занаетчии и трговци, на нашето младо граѓанство, која ќе стане активен фактор во преродбата на нашиот народ.

Посебно, пак, треба да ја одбележиме улогата на еснафските организации во општествениот и просветно-културниот живот во нашите градови, поправо на оној општествен и економски фактор, без кој воопшто не може да се замисли нашата преродба.

Еснафските организации се појавуваат уште во почетокот на XIX век, а и порано, и тоа прво во нашите најразвиени градови / 1817 г. во Солун/[73], /1824 г. во Скопје/.[74] Подоцна, кон половината на минатиот век, еснафски организации постоеле скоро во сите наши градови, во кои имало какви и да е занаети. Секој занает имал свој еснаф. Занаетчиите од еден ист занает припаѓале само на односниот еснаф. Колку занаети имало во градот, толку имало и еснафски организации. Така, во еден ист град имало, на пример, табачки /кожарски/, терзиски, казанџиски, берберски и други еснафи. Според некои еснафи и се викале чаршите во градовите - кујунџиска, папукчиска, табачка чаршија и др. Проучена

била Безистан чаршија во Скопје. Некои градови биле познати со своите занаети. На пример, во Скопје цутел табачкиот, во Велес кожарскиот, во Охрид ќурчијскиот есноф.

Формирањето на еснафските организации се наложило од економските интереси на самите занаетчии. Пред сé, тие да се обезбедат од надворешна конкуренција, да се спречи збогатувањето на еден занаетчија за сметка на другите, да се унапредуваат и усовршуваат занаетите со тоа што ќе се изведуваат способни мајстори-занаетчии, да се определуваат цените на занаетчиските стоки што ќе се продаваат, материјално да се помагаат занаднатите мајстори и калфи и сл. Освен тоа, организирани во своите еснафи занаетчиите можеле поуспешно да истапуваат пред месните власти и да ги бранат своите интереси.

Делокругот на работата на еден еснаф се одредувал со уставот или правилникот. Со него се определувале функциите на управата на еснафот, обврските и должностите на неговите членови спрема оваа организација, нивните заемни односи и дејноста на самиот еснаф како економска и општествена организација.

На чело на еснафот бил претседателот /устабашијата/, кој се бирал од редовите на првомајсторите. Тој имал и два помошника - касиер и чаушин. Сите заедно ја сочинувале управата на еснафот или неговото настојателство, кое всушност и раководело со работата на еснафот. Работата на еснафот се претресувала на собранието /лонџа/, кое еднаш месечно го свикувал претседателот. Настојателството пак се грижело за исполнувањето на решенијата од страна на членството, ги решавало споровите и заемните односи на членовите, одредувало казни на непокорните мајстори, калфи и сл. Приходите на еснафот биле од членарината, паричните казни на мајсторите и калфите, од процентот на направениот обрт и др. Освен со парични казни, членовите на еснафот се казнувале и со забрана на работење на занаетот за некое време

и со исклучување од еснафот - зависно од тежината на направената постапка или прекршок. Секој еснаф имал свој печат и тефтер, кои се чувале кај устабашијата.[75]

Пред турската власт еснафските организации уживале полна административна и судска автономија. Нивното постоење, права и автономност биле потврдувани и со султански ирадета.[76]

Во некои градови постоеле федерации на еснафите, т.е. слободно здружување на повеќе еснафи во една општа еснафска организација. Претседател на таква федерација бил устабашијата на економски најсилниот еснаф во градот.

Во прво време еснафите биле чисто економски организации, кои се занимавале со решавањето само на своите економски прашања. Но со нивното економско јакнење почнало да расте и нивното влијание во општествениот живот на градот. Сè поактивно учествувале во решавањето на општествените работи и постепено ги потиснувале чорбаџиите на заден план. Место чорбаџиите сега тие се јавувале пред месната власт како народни претставници и ги застапувале неговите права и интереси. По преземањето на училишната и црковната власт од чорбаџиите, еснафските организации заедн со трговците станале фактички претставници на целокупната месна општинска власт.

Особено е значајна нивната улога во борбата против Цариградската патријаршија, за своја самостојна црква, во која еснафството не само што ја дава својата полна материјална и морална поткрепа, туку заедно со трговците и интелигенцијата е нејзин организатор и идеен инспиратор.

Огромни се заслугите на еснафските организации за развитокот на учебното дело и просветата во Македонија. Тие се грижеле за створањето на народни училишта, за нивното уредување и опремување со неопходни помагала; за наоѓање учители и нивната издршка, за издршката на сиромашните ученици и др. Ваква дејност

еснафите пројавуваат уште во почетокот на XIX век. Така, во поменикот за живи и мртви на терзиското и дебарскиот еснаф во Солун, напишан 1817 г., меѓудругото се наспомнува дека еснафот се грижел за распространувањето на учењето, издржувал ученици и настојувал во училиштето да се предава славјански.77/

Освен народни училишта еснафските организации отворале вечерни и неделни училишта за образованието на својот подмладок, основале читалишта и се грижеле и за други општествени работи што биле од интерес за народот.

Во периодот на својот економски подем еснафите остваруваат дела вредни за вниманието. Тие подигнуваат голем број цркви и манастири, даруваат икони, камбани, иконостаси на црквите и манастирите. Тоа се гледа од натписите и записите на вратите, ѕидовите, иконостасите и предметите во црквите и манастирите. Со материјална помош на еснафите биле подигнати црквите: Св. Јован во Кратово /1836 г./, Св. Спас /1837 г./ и Св. Пантелејмон /1840г. во Велес, Св. Никола во Куманово /1846 г./, Св. Никола во Кратово /1848 г./, Св. Богородица во Осоговски манастир /1851 г./, Св. Архангел во Д. Чичево78/ Св. Богородица во Скопје /1835 г./, Св. Вознесение во Прилеп /1836 г./, во Штип /1846 г./79/ и др. Во ова време се остваруваат и ремек дела на македонската уметност и култура - иконостасот на манастирот Св. Јован Бигорски и црквата Св. Спас во Скопје.

Нашите еснафи и трговци пројавувале интерес и за издавањето на книги и учебници. Со средства на штипските, кратовските, кривопаланечките и други трговци биле отпечатени нашите први книги од Јоаким Крчовски - Митарствата и Чудеса пресветыя Богородицы /1817 г./. Тоа се гледа од насловната страна на Митарствата:

"Иждивением же православних христиан штипских и прочих градов болгарских за душевное их спасение напичатисја , настојанием благопочтеннородних господаров Димитриа Филиповича жителя

и куќа Кратовскаго, родом из Егридере-паланка, и Димитриа Зузура, сечиштанина." x

И на страниците на другите книги, издадени во тоа време, наоѓаме посвета на дарителите и списоци на имињата на претплатниците и спомошниците.80/ Воопшто, во периодот на преродбата нашите занаетчии и трговци играле улога на меценi во однос на писателите. Тие ја претставувале средината која најревносно ги растурала, читала, препорачувала и продавала книгите.

Воопшто, нашето граѓанство одиграло значајна, длабоко прогресивна улога во економскиот и духовниот живот на нашиот народ. Тоа создало неопходни материјални услови - материјална база за развитокот на народното учебно дело и просвета и им ја одредувало нивната идејна насока; ја овозможило појавата на првите народни литерарни дела и книги и нивното распространување во народот; ги застапувало народните интереси пред месната власт; го организирало народот против Цариградската патријаршија; ги сузбивало негативните тенденции кај чорбаџијството ; се борело за зачувување на народниот бит и традиции. Со таквата своја општо народна, патриотска дејност, нашето граѓанство вонредно придонесло за будењето и развитокот на националните чувства и националната свест кај нашиот народ.

## 6. Грчкото влијание

Под грчко влијание нашиот народ се наоѓал со векови и тоа оставило длабоки следи во неговиот духовен живот. Но тоа особено се засилило по уништувањето на Пеќската патријаршија /1766 г и автокефалната Охридска архиепископија /1767 г./, односно по Грчкото востание 1821 г./. Организационен центар на ова влијание

била фанариотската Цариградска патријаршија. Ползувајќи се со својата влијателна положба во Империјата, таа спроведувала и своја посебна политика - денационализација на словенските народи на Балканот по пат на нивната елинизација. Ваквата политика на Цариградската патријаршија нашла силна поткрепа во целите на новогрчкото движење "Хетерија", кое од национално-ослободувачко се претворило во шовинистичко-националистичко движење за обновување на Византиската империја, односно создавање на голема Грција. Така, фанариотската Цариградска патријаршија станала средство, експонент за остварувањето на шовинистичките аспирации на грчката буржоазија. Отпочнала една систематска и планска националистичка пропаганда, која требало да доведе до денационализација на словенското население и полна елинизација на Балканскиот Полуостров.[81]

За остварување на овие стремежи постоеле и погодни услови. Цариграската патријаршија во Фанар беше единствениот правен заштитник на целокупното христијанско население на Балканот[82] и во нејзините раце се наоѓала не само духовната власт, туку и народното образование на поробените словенски народи. Таа назначувала владици, а преку нив попови, учители и тоа по народност повеќе Грци; отворала и затворала цркви и училишта. Освен тоа, во тоа време /крајот на XVIII и почетокот на XIX век/, грчката буржоазија ги држела трговските позиции во нашите градови, а грчкиот јазик бил во употреба на секаде - во чаршијата, во црквата, во семејствата на погрчените власи и погрчените македонски чорбаџии, та за спроведувањето на елинистичките цели фанариотското духовенство немало особени тешкотии.

Со поткрепата на месната грчка буржоазија и македонските гркомани, фанариотите ги затвориле старите славјански келијни училишта, а нивните учители ги изгонила; отворила грчки

училишта, со грчки учители, во кои македонските деца учеле религиозни текстови на неразбирливиот старогрчки јазик. Во црквите била забранета употребата на црковно-славјанскиот јазик и воведен бил грчкиот јазик. Од крајот на XVIII век фанариотите отпочнале општо гонење против сѐ она што е славјанско - јазик, книжнина, обичаи, традиции. Во замена се нудила грчката просвета, јазик, култура и образованост. По таков начин елинизацијата на македонското население била поставена на широка основа.

За да се изгуби секоја следа на славјанската писменост и славјанската култура и сѐ она што би можело да го потсетува македонското население на неговото минато, да ги оживува и храни неговите национални чувства и националната свест, фанариотите уништувале цели библиотеки во манастирите и црквите, во кои се чувале и ретки примероци на словенското писмо. Грчкиот владика во Велес Игнатиј, при една обиколка на манастирите во својата епархија ги изгорел сите стари славјански книги што ги нашол во манастирите.[83] Скопскиот митрополит Захариј издал заповед 1792 г. да се уништат црковно-славјанските книги во Марковиот манастир "Св. Димитриј" крај Скопје.[84] А грчкиот игумен во манастирот "Св. Наум" на Охридското Езеро изгорел многу старословенски ракописи од неоценлива вредност.[85]

Во првата половина на минатиот век биле отворени грчки училишта од повисок тип во нашите поразвиени градови, особено во Јужна Македонија.[86] Овие училишта биле отворени со средствата на грковлашките и нашите погрчени чорбаџии, по углед на реформираните овени училишта во Грција. Во нив учеле децата на трговската буржоазија да читаат и пишуваат и да говораат грчки. Тие читале и одломки од грчките класични писатели: Хомер, Плутарх, Сократ, Ксенофонт, Езоп и др.[87] Такви училишта се одржале во нашите градови до 60-те години на минатиот век, а негде и подоцна и секако придонесле многу за елинизирањето на нашето население.

во 1862 г., на пример, во Битола имало 10 грчки училишта, а ниедно славјанско.[88] Во Прилеп грчкото училиште се одржало сè до крајот на 1867 г.[89], а исто така и во Охрид, што се гледа од една дописка објавена во весникот "Македонија", во која непознатиот автор им приговара на охриѓаните што дозволуваат во нивните училишта да се предава на грчки јазик.[90]

Колку било силно грчкото духовно влијание во нашите градови, особено во Јужна Македонија, се гледа од фактот што во текот на првата половина на XIX век кирилската азбука била наполно исфрлена од животот. Бројни документи од тоа време се напишани на месното македонско наречје, а со грчката азбука /алфавита/. Да го спомeнеме извесниот москополски четиријазичен речник на Хаџи Данаила од 1762 г. , напишан со грчката азбука, а на охридското наречје.[91] Нашите преродбеници браќата Миладиновци својот Зборник на народни песни одпрвин го напишале со грчката азбука и во таков вид го претставиле на владиката Штросмајер, со молба да помогне да се отпечати.[92] Со грчки букви ги запишувал народните песни и охриѓанецот Јанаки Стрезов.[93] Статиите и дописките во "Цариградскиј вестник" до 1860 г. биле печатени и со грчки букви, а оваа традиција ја подржувал П. Р. Славејков во својот весник "Македонија" /1866 - 1872 г./.[94]

Кога рускиот учен славист В. И. Григорович го посетил Охрид 1845 г., во него не сретнал човек којшто знаел да чита на славјански, но нашол многу такви коишто знаеле слободно да го читат средновековното грчко писмо.[95]

Организиран отпор против грчкото духовенство и грчкот влијание низ првата половина на XIX век нашиот народ и не пројавувал. Нашето граѓанство, кое требаше да биде на чело на тој отпор и да стане носител на националниот развиток, се наоѓаше тогаш во процесот на своето формирање и не можеше посериозно да

се спротивстави на елинистичките тенденции на грчката буржоазија, која цврсто ги држеле своите позиции во нашите градови.

Уште од почетокот на минатиот век ту и таму избувнувал нашиот народ против експлоатацијата на грчките владици. Тој се оплакувал и до султаните и испраќал протестни писма до Цариградската патријаршија, изискувајќи да ги смени одделни владици и на нивно место да назначи владици од словенско потекло. Во Скопје, под раководството на месните чорбаџии, населението дури успеало од 1828 до 1833 г., за шест години, да смени четири владици.96/ Сепак, овие обиди на одделните наши градови да се ослободат од духовното грчко ропство, немале решавачки успеси.

Борбата против грчкото духовенство станало масовно, општонародно движење кон 60-те години на минатиот век, кога на чело на таа борба се ставило нашето граѓанство. Заинтересирано за потиснувањето од економските позиции на нашите градови на својот главен конкурент - грчката буржоазија, тоа и се спротивставило со истите средства и методи - со отворањето на словенски народни школи и со служењето во црквите на славјански јазик. На оваа линија на борбата - за културно - национална самостојност, за своја, народна школа и своја, слободна, независна црква, нашето граѓанство успеало да го организира целокупното население, вклучувајќи го и селското и на движењето против Цариградската патријаршија да му даде општонароден, масовен карактер.

Активно учество во ова движење за еманципација од Цариградската патријаршија земало нашето селско население, кое најповеќе страдало од економскиот гнет на грчкото духовенство. Покрај тешките даноци на турските бегови и паши, тоа морало да плаќа и многубројни патријаршиски даноци и тоа: за Великата црква за Божји гроб, за Св. Синај, владичнина, филотимо, за венчило, ембатик вонтија, за миро, за црква светење, антимински, за мртов-

ци итн.[97]

За економското експлоатирање на македонскиот народ од страна на грчките владици, францускиот дипломат Буал-Конт, во едно свое писмо од 1834 г. пишувал следново: "Именуваните владици од патријархот под турска власт беа изобата Грци, што немаа никаква приврзаност за земјата каде што ја вршеа својата служба. Чекајќи од Цариград сè, тие го експлоатираа заедно со пашите и кадиите крајот и живееја во полна слога со другите функционери на Високата Порта. Повеќето од нив беа прости луѓе, луѓе штогоде без вредност или калугери, што ги злоупотребуваа парите од службата за сметка на нивниот манастир."[98]

Грчките владици ги ограбувале и нашите манастири. Игуменот на Марковиот манастир "Св. Димитар" /Скопско/, се оплакувал од скопскиот митрополит Антим, зашто овој во 1799 г. ги присвоил приходите на манастирот.[99] Подоцна скопските владици се обидувале да ги заграбат приходите и на Кучевишкиот манастир "Св. Архангел" /Скопско/, но во тоа не успеале.[100]

Во 60-те години на минатиот век борбата против грчкото духовенство добила осем жесток карактер. Со масовни протести и жалби до турската власт и Цариградската патријаршија, нашиот народ барал да се сменат грчките владици и на нивно место назначат владици од словенска народност. 1858 г. целата Полјанска епархија /Кукуш и Дојран/ се дигнала против неморалниот грчки владика Мелетије и барала на негово место да се назначи Партениј Зографски од с. Галичник, Дебарско.[101] Кога истиот Грк Мелетије бил поставен 1860-та г. за епископ на Охридската епархија, охриѓаните протестирале кај Цариградската патријаршија со колективна жалба потпишана од 12 иљјади души и барале тој да се смени, застрашувајќи со преоѓање во католичка вера.[102] Борбите против грчките владици биле остри и драматични и во дру-

гите наши градови. На пример, борбата меѓу скопското граѓанство и грчкиот митрополит Паисије кон 60-те години добила таков карактер, што две илјади граѓани се решиле да ја нападнат митрополијата со копачи и секири. Еден од очевидците, инаку патријаршиста, изнесува за тоа следново:

"Но наречени Бугари не слушат правителство, но се скупише преко две хиљади души во школа, па се согласише тако купно да учину јуриш на митрополија-та, сос копачи и секири, да сосипу митрополија от основа все долу. А када разбра Пајсија на то че да учину Бугари, одма иде Пајсија управителство, објавио за то. И одма правителство-то испрати во митрополија деветмина цандари вооружани, и по улици-те други, да чуват да би се то не учини. И тако они девет цандари остадоше во митрополија-та за се дни, седумдесет дана. Ту беше једење, пиење, ден и ноќ. И они седумдесет дана цандари попише само 150 ока ракија владичка, и све пијани беху дан и ноћ. И видоха речени Бугари за то ће патив, и се растурише сваки на своја посла."[103]

Но кога и покрај масовните протести на нашиот народ Цариградската патријаршија и понатаму продолжила за епископи во нашите епархии да назначува владици Грци, нашите градови еден по еден откажувале да ги признаат грчките владици и цариградскиот патријарх. Прва од епархиите која се ослободила од фанариотското духовно ропство била Полјанската /1859 г./[104] 1866 г. откажале да го признаат грчкиот владика и граѓаните на Неврокоп.[105] Потоа уследило непризнавањето на Цариградската патријаршија и од страна на следниве наши градови: Прилеп /1868 г./[106], Велес /1868 г./[107], Крушово /1869 г./[108], Битола /1869 г./[109], Струмица /1869 г./[110] и др.

Видно учество во црковните борби зедоа нашите народни будители Димитрија Миладинов, Јордан Константинов-Џинот, Григор

Прличов и др. Тие беа идејни водачи на народот против грчкото духовенство, заради што беа прогонувани, затворувани и интернирани од турските власти. Наклеветен од грчкиот епископ Мелетије, да е руски шпион и непријател на турската држава, Димитрија Миладинов бил фрлен во затвор, а потоа одведен во турските зандани во Цариград, каде и умрел заедно со својот брат Константин, кој дошол да го посети и спаси.

Грчката национална пропаганда во Македонија ја продолжила својата дејност на елинизирањето на македонското население и по создавањето на Егзархијата и тоа уште позасилено. Соочена со соперничките акции на другите две странски пропаганди во Македонија - српската и бугарската, грчката буржоазија кон крајот на 60-те години презема мерки за нивното сузбивање и ширењето на своето влијание. За таа цел таа создаде специјални организации - с и л о г о с и,[111] кои имале за задача да отвораат грчки училишта и да ја шират грчката просвета во Македонија. Од нив особена дејност развило "Друштвото за распространување на грчката писменост и просвета" во Македонија, основано 1869 г. Тоа било финансирано од страна на грчките трговски кругови и од атинската влада и во првите седумнаесет години од своето формирање /од 1869 до 1886 г./ успеало да отвори во Македонија 846 грчки училишта со 45.870 ученици и ученички.[112]

## 6. Српското влијание

Македонија била во постојани трговски и сообраќајни врски со Србија уште во почетокот на XIX век, а преку неа и со српско-хрватското население од Унгарија. Меѓутоа, тие врски се засилуваат од втората и третата деценија на минатиот век, од времето кога Србија се појавува како слободна словенска држава на Балканскиот Полуостров. Од ова време за неа, како слободна братска земја, другите поробени балкански Словени врзувале не мали

надежи за своето ослободување, а нејзиното влијание било од големо значење за културно-просветниот развиток на овие народи и за нивната национална преродба.

Оттогаш - од третата и четвртата деценија на минатиот век отпочнува и поинтензивно духовно општење меѓу Србите и Македонците. Носители на духовните и културните врски биле учителите, свештениците, трговците и др. Овие наши луѓе, како и црковно-училишните општини, наоѓале разбирање кај владата на младата српска Кнежевина и од неа добивале морална и материјална помош. Пред сè тие добивале од неа помош во црковни и училишни книги, камбани и црковна облека за одделни цркви и манастири, парични средства за подигнување на нови и обновување на стари цркви и манастири и за други нивни потреби. Од крајот пак на четвртата деценија во Македонија доаѓаат и српски учители. Веќе во петтата деценија српски учители имало во Скопје, Велес, Башино Село, Прилеп, а подоцна и во други наши градови и села. Тие во училиштата воведуваат српски учебници и ја изведуваат наставата на српски јазик. По таков начин бил отворен патот за проникнување на српското просветно влијание во Македонија, што било од особено значење за развитокот на нашето школство.

Меѓутоа, сè до 50-те години на минатиот век не постоело некое планомерно дејствување од страна на српската влада за ширење на српското просветно и национално влијание во Македонија. Таква акција српската влада ќе преземе подоцна - во 60-те години. Во ова време српската држава е апсолутистичка монархија, која има амбициозна надворешно-политичка програма, во која е вклучена и Македонија. Тогашната млада, полетна српска буржоазија се занесувала со идеите за оживување на српската средновековна држава од времето на Цар Душан, за тоа и целокупната нејзина активност била насочена кон големосрпска експанзија. Конкретен израз нејзините стремежи добиле во акционата програма

на Просветниот одбор, формиран од Намесништвото 1868 г. со задача непосредно да раководи со ширењето на српската просветна и национална пропаганда во Македонија, т.е. "да се заводе школе; да се шаљу учитељи и школске књиге; и да се учитељима одређује и шаље плата,..."[113] Просветниот одбор бил формиран од најугледните луѓе на тогашното српско општество, во состав: архимандрит Дучиќ - претседател, а членови професорите Панта Срећковиќ и Милош Милојевиќ.[114] Подоцна, 1872 г., Одборот бил зголемен уште со еден член-Стојан Новаковиќ, но тој учествувал во неговата работа само една година.[115] Најактивен член, душа на Одборот бил Милош Милојевиќ. Тој развил широка иницијатива на организирањето на српската просветна пропаганда во Македонија. Доаѓал во контакт со луѓе од различни наши краишта - со печалбари, занаетчии и трговци настанети во Белград и другите градови и преку нив го организирал испраќањето на учебници, книги и различен пропаганден материјал во Македонија.[116] За да се запознае со просветните прилики "и ободри патриоте на рад око буђења народне свести", т.е. за да ги испита можностите за сузбивање на бугарското влијание во Македонија, Милојевиќ пропатувал низ неа 1871 г.[117] Со иста таква цел бил во Македонија 1873 г. и Панта Срећковиќ.[118] Непосреден резултат од оваа нивна посета на Македонија бил што од ова време сѐ поголем број македонски деца и младинци се школувале во Белград и другите српски градови[119] како "благодејанци" или "питомци" на "Друштвото Св. Сава" и на српската влада. При редовната богословија во Белград 1873 г. било основано II одделение со специјална наставна програма за забрзано школување на младинците од "неослободените области"[120]. Ова одделение било повеќе познато под името "Странска богословија"[121]. По свршувањето на училиштата во Србија, во кои добивале најосновно образование, најчесто 2-3 класа гимназија, тие се враќале во Македо-

нија како учители и попови, каде ревносно ѝ служеле на српската просветна пропаганда.

За спроведување на својата денационализаторска политика во Македонија српската влада предвидувала во своите годишни буџети големи парични издатоци. Во 1867 г., на пример, "за издржавање и попутнину учитеља разних општина у суседним областима турског царства" било предвидено 6.000 гроша, а за "благодејање питомаца правителствених и суседних области турског царства и Црне Горе... 36.744 гроша".[122] Според Јован Ристиќ, во времето од 1860 - 1872 г. српската влада издржувала околу 39 училишта во Македонија, а други помагала со учебници и други потреби.[123] Издржувањето на овие училишта паѓало на товар на буџетите на министерството за надворешни работи и министерството за просвета.[124] До 1876 г. бројот на отворени училишта во Македонија со српска настава знатно се зголемил. Според Ј. Х. Васиљевиќ, од 1868-1876 г. имало српски училишта во 102 места "у јужним и источним областима", кои биле снабдувани со српски учебници.[125]

Како што се гледа, српската просветна пропаганда во Македонија од 60-те години систематски ѝ организирано се спроведувала и добила големи размери. Колку врските на Македонија со Србија до средината на минатиот век биле прогресивни за културно-просветниот развиток на македонскиот народ - толку овие врски и насилничката акција на српската пропаганда на неговата денационализација, како и денационализаторските акции на другите две странски пропаганди - грчката и бугарската, кои во ова времето така водат борба за предоминација, биле регресивни и негативно влијаеле врз започнатиот процес на неговата национална и културна преродба.

## 7. Бугарското влијание

Сè до 50-те години на минатиот век српското влијание во Македонија било претежно во однос на бугарското. Последното

проникнува во Македонија по Кримската војна, во времето на црковните борби против Цариградската патријаршија.

Борбата што ја поведе нашиот народ за ослободување од фанариотското духовно и економско ропство, за своја самостојна црква, беше во тесна врска со црковната борба на бугарскиот народ. Движењето против Цариградската патријаршија отпочна во Бугарија порано одошто во Македонија и доби многу пошироки размери. Бугарското грагянство беше економски поразвиено од нашето грагянство и претставуваше многу посилен фактор во оваа борба. Но и една друга околност придонесе за интензитетот на црковната борба во Бугарија, што таа се водеше од самиот Цариград, каде што бугарскиот народ имаше свое постојано црковно претставништво, а располагаше и со моќен печатарски пропаганден апарат, раководен од бугарската интелигенција. Од овие причини - што нашето грагянство уште не беше економски закрепнато и немаше доволно сили борбата успешно да ја изведе докрај, тоа беше принудено да ѝ се придружи на борбата на бугарското граг'анство, во која доби подредена улога. Освен тоа и други моменти придонесоа за создавањето на овој сојуз - заедничкиот живот во една држава, заедничките интереси и цели, блиското на јазикот на двата народа, заедничките славјански традиции и др. Од друга страна, пак, соединети двете буржоазии - бугарската и македонската, можеа поуспешно да му конкурираат на заедничкиот противник - грчката буржоазија. По таков начин Цариград стана раководен центар за водењето на црковните борби и во Македонија. Одделни наши градови го овластуваат бугарското црковно претставништво во Цариград да ги застапува и нивните интереси по црковното прашање. На линијата на оваа борба дел од нашата чаршија потесно се поврзува со бугарската чаршија и во ова време имаме појава на ориентација на нашето грагянство кон бугарштината.[126] Оттогаш имено гледаме

позасилено влијание на бугарската просветна пропаганда во Македонија. Во некои македонски училишта се појавуваат бугарски учители и учебници, а наставата се води на бугарски јазик.

Но, макар што македонското граѓанство против грцизмот водеше заедничка борба со бугарското граѓанство, тоа во оваа борба внесуваше и свои посебни цели. Нашите трговци и еснафи беа заинтересирани не само за победоносното завршување на оваа борба, туку и за придобивките што ќе ги ползуваат по нејзиното извојување. За нив од особено, суштествено значење беше какво ќе биде устројството на идната заедничка самостојна црква и каква ќе биде нивната положба во нејзината самоуправа. Демократското уредување на заедничката црква ветуваше дека нашето граѓанство и понатаму ќе ги задржи своите позиции во економскиот и општествениот живот во Македонија; централистичкото уредување, пак, значеше дека сета власт ќе ја приграби бугарското граѓанство, кое, бидејќи е поразвиено од него, ќе овладее и со македонските пазаришта. А некои симптоми укажуваа токму на ваквите, централистички стремежи на крупните бугарски трговци во Цариград. За тоа нашите луѓе гледаа со неизвесност и неспокојство на она што ќе дојде по решението на црковното прашање. Противречностите што беа се зародиле меѓу нашата и бугарската буржоазија во текот на црковната борба, сѐ повеќе се изразуваа колку таа се приближуваше кон својот победоносен крај. Тие излегоа сосем на јава во моментот кога со султанскиот ферман се прокламира создавањето на Егзархијата. Во една дописка под наслов "Еден глас за сичка Македонија", објавена во в. "Македонија", од македонска страна уште еднаш гласно и јасно се наспомнува за основните услови неопходни за приклучувањето на Македонците кон Егзархијата. Ова дотолку повеќе што со истиот султански акт, преку неговиот 10-ти член, им се даваше можност на Македонците од повеќе македонски епархии сами да одлучат за тоа со плебисцит. "Ферманот како излез

от милостивите р'це на Н. В. С. А. - се вели во дописката, биле голема утешение на Б'лгарите како сја видоха вмостени в епархиите им; но таја висока милост не биде само исключително до Б'лгарите, но с'што сја обеща и за Македонците чрез 10-јт член, чрез когото ако си покажат всичките или 2/3 желанието си, ке сполучат с'единение с Б'л. Цбрква. И пред да се с'единиме мислиме и дл'жност наша считаме да ги питаме и да ни кажат, како ке пастирувет, според Евангелската заповед ли, или како што до денеска ни пастирувале гр'ц. владици тирански и деспотически? Зашто како ни промирисвит оште от сега ке да склонвит к'н това и пусти деспотизм. Но за това не е срамота да ни кажит оти така ке бидит, барим да не си буктами главата суетно, та на последок по-големи главоболија да имаме, в'проси Македонски..."127/

Дека бил оправдан стравот на Македонците од централистичкото уредување на Егзархијата се покажа малку подоцна, во времето на одржувањето на народниот собор /јануари 1871 г./ по повод донесувањето на уставот на Егзархијата, на кој беше доведено во прашање од страна на некои бугарски претставители присуството на македонските претставители на него. Причините за ваквото држење на бугарските претставители спрема македонските претставители се изнесуваат во една дописка, објавена во в. "Македонија". Во неа дописникот за тоа го вели следново: "... днес и от представителите некои си... претендират да искат да не остават да прис'тствуват Македонските представители в народнијт с'бор в којто ште сја разгледва органическијт устав на самоуправљаемата ни Б'лгарска Екзархија и да исказват за доказателство на туј частно свое мнение таквиз нелепи причини каквито са на пример тези: че македонските представители не бивале да прис'тствуват на тој с'бор, защото уж штели да претендират да искат да стане седалиште на б'лгарскиј Екзархат Охрид или че штели да сја отделјата от другите Б'лгари и штели да искат особит

Иерархија?? А еште по-логично че Македонците не с' били Б'лгари но цинцари и пр. ..."[128]

Низ црковните борби за извојување на самостојна бугарска црква, одредувајки' й истовремено границите на таа црква, младата бугарска буржоазија настојувале да ја одреди и сферата на своите интереси.[129] За тоа од крајот на 60-те и почетокот на 70-те години бугарската просветна пропаганда, раководена од Цариград, ја засилува својата дејност во Македонија. Таа го организира испраќањето на учители, учебници, печат и материјална помош за македонските училишта. Но, како што погоре изнесовме, во ова време и влијанието на српската пропаганда во Македонија било прилично раширено. Акцијата на бугарската пропаганда сега е насочена на тоа да го отстрани српското влијание и да ги зацврсти своите позиции во Македонија. Во оваа смисла прават усилби и бугарските весници во Цариград. Тие остро реагираат против доаѓањето на српски учители во Македонија и употребата на српски учебници и српскиот јазик во некои македонски училишта и вршат притисок врз македонските градски општини за да се откажат од нив. Така, на една дописка од Велес, објавена во в. "Македонија", во која дописникот соопштува дека на годишниот испит во велешкото училиште учениците полагале и српска историја, редакцијата на спомнатиот весник реагира со следниве зборови: "Ниј бихме желали да знаем, а ощте повече сами Г-да Велешани да ни докажат С'рби ли се те или Бугари и ако са Б'лгари да ни обадјат, защто учат децата си на сричаване и читане из С'рбскиј јазик ощте и С'рпска историја. Ако тјах са ги л'гали че с'рпско и б'лгарско е все едно, или че с'рпската историја е по-славна от Б'лгарската, ниј ще им кажем че тјах са в'вели в заблуждение... нищо по-унизително а нищо по-умразно от това дето да с'ја отрича нјакој от род:т си..."[130] По својот денунцијаторски тон, пак, карактеристичен е одговорот на в. "Право" на една до-

писка од Кратово, објавена во овој весник, во која се известува дека кратовчани довеле учител Србин и дека за себе велеле оти се Срби /нашле оти така пишувало во старите книги/. Тој гласи: "Вие сте дл'жни сега да изјавите старата си народност и публично през вестниците с' имејаштите ви онези документи, та и народ и правителство да ви разберат че сте били С'рби; другојаче като довеждате учител от С'рбија, вие падате под с'мнение пред честното ни Ц. Правителство, кое и моли да об'рнеха вниманието си в'рху целите на тази ср'бска пропаганда..."[131].

Сепак, во времето на црковните борби бугарската пропаганда не успеала да ги зацврсти своите позиции во Македонија. Нејзината акција во ова време сѐ уште била во својата почетничка фаза и за тоа по својот опсег и длабочина била ограничена. Таа зафаќа само дел од нашата чаршија, кој бил поврзан со трговски врски со Бугарија.[132] "Фактот - вели проф. Конески, што Македонија во почетокот на 70-те години остана надвор од мрежата на тајните бугарски револуционерни комитети организирани од Васил Левски, говори достаточно во овој поглед. Тоа значи дека македонскиот народ остана незасегнат од највисокиот подем во бугарската преродба, каде што вистински се ковеше националната солидарност на бугарскиот народ."[133]

И на културно-просветното поле влијанието на бугарската пропаганда во ова време во Македонија било ограничено. За тоа говори фактот што бројот на претплатниците од Македонија на тогашните бугарски весници и списанија бил многу мал. На пример, на полумесечното списание "Б'лгарски книжици", кое почнало да излегува во 1858 г., за првите три годишнини немало ни еден претплатник во Македонија, а за четвртата само двајца. Во 1871 г. во Велес се примале 20 броја од в. "Право" и "Македонија". А од 720 претплатници на сп. "Читалиште" во 1874 г., од Македонија биле само 12 /7 од Прилеп и 5 од Велес/.[134]

Бугарското влијание поинтензивно проникнува во Македонија од 70-те години на минатиот век. Спроводник на тоа влијание сега е Екзархијата, која му дава и сосем одреден просветно-политички карактер. Користејќи ја борбата на македонскиот народ против Цариградската патријаршија за своја независна црква и свои народни училишта, во македонските епархии, кои потпаднале под нејзината духовна власт, таа спроведува таква просветна политика, која била во интерес на експанзионистичките стремежи на бугарската буржоазија спрема Македонија. Училиштето се јавува како најефикасно средство за остварувањето на овие стремежи и Екзархијата вложува особени усилби македонските училишта да ги потчини под своја власт. Во тоа таа најпосле и успеала. Кон 80-те години на минатиот век голем број училишта во Македонија станале екзархиски.

x x

x

Да преминеме сега на разгледувањето на развитокот на школството во Македонија, како специфична појава на културно-националниот развиток на македонскиот народ - во времето и условите за кои беше збор погоре, што е и предмет на нашава работа.

## Забелешки

1. Историја на Б'лгарија, том I, Софија, 1954 г., стр. 364
2. Исто, стр. 361
3. Исто, стр. 364
4. Исто, стр. 364
5. Исто, стр. 364
6. Со терминот "раја" се означувала класата на зависните селани. Во таа смисла се употребувал и во отоманските кануннамиња. Подоцна пак со овој термин се означувале немуслиманите - припадниците на поробените народи. Д-р Димитар Поп Георгиев: Сопственоста врз чифлиците и чифлигарските аграрно-правни односи во Македонија, Скопје, 1956, стр. 18.
7. Исто, стр. 56
8. Христо Гандев: Фактори на б'лгарското в'зраждане, Софија, 1943 г., стр. 150.
9. Исто, стр. 150
10. Милев, Сп. Б. А. Н. VI, 37-38
11. Сиивие, N н. 309; цитирано по Милев, Сп. Б.А.Н., VI, 34.
12. Костиќ К.; Наши нови градови на Југу, Београд, 1922 г., стр. 22 и 23 /за сите години/
13. Исто, стр. 10
14. Данчо Зографски: За работничкото движење во Македонија до Балканската војна, Скопје, стр. 31.
15. Исто, стр. 31
16. Робев А. Теодосиј: "Битолја" , во Мак. преглед, списание за наука, литература и општествен живот, год. XIII, кн. 1, Софија, 1942, стр. 60
17. Костиќ К., цитираното дело, стр. 108
18. Данчо Зографски, цит. дело, стр. 31
19. Исто, стр. 31
20. Костиќ К., цит. дело, стр. 102 до 103
21. Исто, стр. 102 до 103
22. Макензиева и Ирбиева: Путовање по словенским земљама Турске у Европи, Београд, 1868, стр. 85
23. Костиќ К., цит. дело, стр. 45; К. Н. "Јужна Македонија в началото на настојащето столетие по Пуквилја, Пер. списание, год. VI, кн. XXV и XXVI, Средец, 1888 г., стр. 101

24. Костић К., цит. дело, стр. 45

25. Исто, стр. 45

26. Исто, стр. 100

27. Исто, стр. 86

28. Хан Г.J.: Путовање кроз поречину Дрине и Вардара, Београд, 1876, стр. 273

29. Костић К., цит. дело, стр. 123

30. Васил К'нчов: Македонија..., стр. 21

31. Данчо Зографски: цит. дело, стр. 20

32. Исто, стр. 21

33. Д-р Јован Хаџи Васиљевић: Скопље и његова околина, Београд, 1930, стр. 97 до 102

34. ~~Васил К'нчов:~~ Кратък очерк от К., Сегашното и недавното минало на гр. Велес, Период. списание, год. VIII /1892/, кн. XXXIX, стр. 356-357

35. Костић К., цит. дело, стр. 45 до 46

36. Н.Г. Еничеров: В'споминанија и бележки, Софија, 1906, стр. 35

37. Исто, стр. 210

38. Иван Пастухов: Б'лгарска историја, том. II, Софија, 1943, стр. 625

39. Велико Јорданов: Лајпциг и Б'лгарите, Софија, 1938, стр. 27

40. Исто, стр. 28

41. Данчо Зографски, цит. дело, стр. 22

42. Исто, стр. 24

43. Исто, стр. 23

44. Исто, стр. 25

45. Милев, Сп. БАН, VI, стр. 63

46. Љубен Лапе: Одбрани четива за историјата на македонскиот наро[д], дел II, Скопје, 1953, стр. 45

47. Историја на Б'лгарија, том I, Софија, 1954, стр. 336.

48. Исто, стр. 367

49. Исто, стр. 366

50. Гојко Соларић: Историја за VIII одделение на осмолетките и [illegible] IV клас гимназија, III издание, Скопје, 1954 г. стр. 71

51. Љубен Лапе, цит. дело, стр. 33-40

52. Исто, стр. 34

53. Велико Јорданов, цит. дело, стр. 29

54. Љубен Лапе, цит. дело, стр. 34 до 40

55. Исто, стр. 40 до 43

56. Исто, стр. 40 до 43

57. Костић К., цит. дело, стр. 22 - 24

58. Н. Г. Еничерев: цит. дело, стр. 356

59. Костић К., цит. дело, стр. 10 - 11

60. "Цариградскиј вестник" бр. 46 од 1855 год.

61. Костић К.: цит. дело, стр. 103

62. Н. Г. Еничерев: цит. дело, стр. 72

63. Костић К.: цит' дело, стр' 103

64. ~~Васил К'нчов~~: Сегашното и недавното минало на гр. Велес, Крат'к очерк от К., Период. списание, год. VIII /1892/, кн. 39, стр. 358

65. Костић К. : цит. дело, стр. 37

66. Исто, стр. 38

67. Н.Г. Еничеров: цит. дело, стр. 39

68. Ј.Г. Хан; цит. дело, стр. 192-193

69. Хр. Гандев: цит. дело, стр. 151-152

70. Маркс-Енгелс; Дела, т. IX, стр. 392

71. "Читалиште" III, 1872, стр. 176 /цитирано по Блаже Конески: Кон македонската преродба, II изд. стр. 11

72. ~~xxxx~~ Н.Г. Еничерев: цит. дело, стр. 125-126

73. Јордан Иванов: Б'лгарите в Македонија, Софија, 1917 г., Документ № 116, стр. 223

74. Исто, Документ № 107

75. Н.Г. Еничерев: цит. дело, стр. 122 - 123

76. Бојан Пенев: Историја на новата б'лгарска литература, том III стр. 30

77. А. Попов, ~~xxx~~ Сб. НУНК., III, стр. 65 /цитирано по Бојан Пенев: Историја на новата б'лгарска литература, том III, стр.33 - 34/

78. Д-р Рад. М. Грујић: Скопска митрополија, историски преглед, во "Споменица православног храма Свете Богородице у Скопљу", Скопље, 1935, стр. 236

79. Д-р Јован Хаџи Васиљевић: "Црква Свете Богородице у Скопљу /1835-1935/", во "Споменица православног храма Свете Богородице у Скопљу", стр. 293

80. Љубен Лапе: цит. дело, стр. 15

81. Н. С. Державин: Историја Болгарии, Москва-Ленинград, 1947г., стр. 110

82. Лазо Мојсов: Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција, Скопје, 1954, стр. 47

83. ~~Васил К'нчов~~: Сегашното и недавното минало на гр. Велес, Крат. к очерк от К., Период. спис. год. VIII /1892/, кн. XXXX, стр. 550

84. Христо Гандев: Фактори на б'лгарското в'зраждане, 1600-1830, Софија, 1942 г., стр. 131

85. Ив. Снегаров: Една автобиографија на Кузман Шапкарев от 1864 г., Макед. преглед, год. III, кн. 2, стр. 59

86. Н.С. Державин, цит. дело, стр. 112

87. Исто, стр. 112

88. Н.Г. Јинчерев: В'споминанија и бележки, Софија, 1960 г., стр. 359-360

89. Исто, стр. 98

90. Весник "Македонија", бр. 41 од 9 септември 1867 г., статијата "Б'лгарските училишта в Охрид".

91. Блаже Конески: Граматика на македонскиот литературен јазик, дел I, Скопје, 1957, стр. 19

92. Период. спис., XVI, с. 82 - 83 /цитирано по д-р Л. Милетич: Гр'цкото духовно влијание в Тракија и Македонија..., стр. 3

93. К.А. Шапкарев: Сборник от б'лг. нар. ~~песни~~ умотворения, часть I, стр. IV, забел. 1/цитирано по д-р Л. Милетич: Гр'цкото духовно влијание в Тракија и Македонија до началото на втората половина на миналија век, "Б'лгарски старини", издава Б'лгарската Академија на науките, Софија, 1920 год. стр. 3

94. Д-р Л. Милетич: цит. дело, стр. 3

95. Виктор Григорович: Крат. очер. Путешт. по Евр. Тур., стр. 102 /цитирано по Г. Баласчев: Ју. Иванов - К'м историјата за в'зраждането на гр. Охрид, Б'лгарски преглед, год. I, кн. VII, стр. 120

96. Јордан Иванов: Б'лгарите в Македонија, Софија, 1917 г. стр. 8

97. Блаже Конески: Македонските учебници од XIX век, второ изд., стр. 11

98. Гојко Соларић: Историја за VIII одделение на осмолетките и IV клас гимназија, III издание, Скопје, 1954 год. , стр. 73

99. Хр. Гандев: цит. дело, стр. 174

100. Исто, стр. 174

101. Историја на Б'лгарија, том I, Софија, 1954 г., стр. 348

102. Гојко Соларић: цит. дело, стр. 73

103. Бугарске агитације у Скопљу, 1869 и даље. Аутобиографијске записке попа Јована Трајковића Бурке. /Гласник Скопског научног друштва, кн. 2, св. 1-2, Скопље, 1927, стр. 236

104. Историја на Б'лгарија, том I, Софија 1954 г., стр. 348

105. Гојко Соларић: цит. дело, стр. 73

106. Н.Г. Ееничерев: цит. дело, стр. 147

107. ~~Йосиф К'нчов, цит. дело,~~ Сегашното и недавното минало на гр. Велес. Кратки очерк от К., Период. спис, т. VIII, кн. XL, стр. 584 до 585

108. Гојко Соларић, цит. дело, стр. 74

109. Н.Г. Ееничерев: цит. дело, стр. 368

110. Весник "Македонија", бр. 35 од 26 јули 1869 г., дописка од Струмица

111. Лазо Мојсов: Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција, Скопје, 1954, стр. 50-51

112. Исто, стр. 94-95, заб. 17

113. Јован Ристић: Спољашњи одношаји Србије новијег времена, књига трећа /1868-1872г./, стр. 279-280

114. Исто, стр. 279 - 280

115. Исто, стр. 279-280

116. Д-р Јован Хаџи Васиљевић: Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX в., Београд, 1928, стр. 320, 322; види прилог бр. 11-39 кон нашава работа, стр. 298-325

117. Јован Ристић, цит. дело, стр. 286-287

118. Исто, стр. 286 - 287

119. Д-р Јован Хаџи Васиљевић, цит. дело, стр. 382

120. Исто, стр. 382

121. Исто, стр. 382

122. Александар Јовановић: Српске школе и четнички покрет у Јужној Србији под Турцима, /Споменица двадесетпетогодишњег ослобођења Јужне Србије, 1912-1937 г./, Скопље, 1937 г. стр. 256-257

123. Јован Ристић, цит. дело, стр. 281 - 283

124. Исто, стр. 280

125. Д-р Јован Хаџи Васиљевић, цит. дело, стр. 391-397. Според наша проценка од овој број на територијата на Македонија имало околу 67 српски училишта.

126. Блаже Конески: Македонските учебници од XIX век, второ издание, стр. 12

127. В. "Македонија" бр. 60, од 23 .VI. 1870 г., стр. 1-2

Од технички причини

x/ Старите бугарски текстови ги предаваме на современиот бугарски правопис, а бугарските букви што ги нема во нашата азбука ги транскрибираме на следниов начин: й = ј, я = ја, ю = ју, щ = шт, ъ = ' 6 = 6

128. В. "Македонија" бр. 7, од 16.II.1871 г., стр. 3

129. Блаже Конески, цит. дело, стр. 15

130. В. "Македонија" од 15 јуни 1868 г. /цитирано по Блаже Конески: Македонските учебници од XIX век, второ издание, стр. 17./

131. В. "Право" од 7 февруари 1872 г. /цитирано по Блаже Конески: Македонските учебници од XIX век, II издание, стр. 17/

132. Блаже Конески, цит. дело, стр. 18

133. Блаже Конески, цит. дело, стр. 18

134. Според Блаже Конески, цит. дело, стр. 13-14.

# УЧИЛИШТАТА ВО МАКЕДОНИЈА ОД КРАЈОТ НА XVIII ВЕК ДО 70-ТЕ ГОДИНИ НА XIX ВЕК

## I Црковни училишта.

### 1. Манастирски - келијни училишта

Во најраниот период на духовниот живот на нашиот народ првите просветни жаришта биле манастирите. Тие биле центри на македонско-славјанската писменост. Многубројни писмени документи - стари ракописи, црковни книги, записи, натписи и белешки по црковните и манастирските ѕидови, икони и книги, на надгробните плочи и кретови, ни укажуваат на тоа дека нашите стари манастири не биле само места во кои се негувала црковната книжевна традиција, туку дека тие ја вршеле и функцијата на елементарни училишта на црковна просвета и образование. Такви училишта имало, несомнено, при голем број манастири во Македонија, макаршто за нив до XVIIвек немаме позитивни историски податоци. Но, веќе од ова време постојат писмени паметници врз основа на кои може да се заклучи дека голем број манастири активно учествувале во духовниот живот на нашиот народ. Според Хр. Гандев, во XVII и XVIII на територијата на Македонија делувале како духовни средишта околу 44 манастири.[1/] Меѓутоа, од овие манастири, освен Хилендарскиот, Зографскиот и Рилскиот, особено важна улога како средишта на црковно-славјанска просвета и духовна пробуда играле манастирите: Св. Архангелу Гаврил Лесновски, Св. Прохор Пчињски, Св. Јаким Осоговски, Св. Јован Ветерски, Трескавец, Слепче, Св. Јован Бигорски, Кичевска Пречиста, Св. Атанасие-Лешочки и др. Тие биле прочуени со своите богати библиотеки и развиена книжевна

традиција - како производни центри на преписи, ракописи, религиозно-поучни проповеди и други богослужбени текстови.

Лесновскиот манастир Св. Архангел Гаврил бил средиште на едно од нашите најстари келијни училишта, кое е во нашата наука познато и под името на таканаречената злетовска книжевна школа. Ова училиште постоело уште од крајот на 12 век,[2] макар што првпат се споменува 1330 г. За него постои помени и од XV век,[3] а исто така и од почетокот на XVIII век.[4] За време од неколку столетија Лесновскиот манастир бил носител на многу богат и високо развиен просветно-културен живот, што се гледа и од бројните книжевни паметници[5] кои се пронајдени во неговата заоставштина. Во неговите келии добиле образование голем број кратовски учители-свештеници и калугери, кои ги подржувале неговите црковно-просветни традиции и низ целиот XIX век.

Во Прилепско најстаро келијно училиште за кое се знае било во манастирот Трескавец. Тоа постоело од XVII век и сé до половината на XIX век, кога се отворило модерно училиште во Прилеп, било непресушен извор на црковно-славјанска просвета и писменост за голем број прилепски свештеници и учители.[6]

Главен просветен и културен центар на Западна Македонија бил манастирот Св. Јован Бигорски. Во неговото келијно училиште, кое особено било на глас во првата половина на XIX век /1800-1840 г./[7], ја изучиле црковно-славјанската писменост, го добиле своето прво образование, мнозина кои подоцна станале многу познати световни и духовни лица. Во овој манастир учел Анатолиј од Лазарополе, кој подоцна станал воспитач на рускиот царски двор. Во него учеле и архимандритот Иларион од Лазарополе Павле Х. Василев Аџиевски од Галичник, Партениј Зографски и др.[8] Освен тоа, манастирот Бигорски дал и голем број учители кои учителствувале не само во дебарскиот крај, туку и во другите

места на Западна Македонија.[9]

Духовно средиште на Западна Македонија бил и кичевскиот манастир Пречиста, во кој келијно училиште постоело уште од XVIII век.[10] Овој манастир вршел силно просветно влијание на целата кичевска област. Во него извесно време учеле и нашите први народни учители - будители, Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ.[11]

Кон крајот на XVIII и во првата половина на XIX век келијно училиште имало и во Лесновскиот манастир Св. Атанасие. Училиштето го држел Кирил Пејчиновиќ и во него учеле деца од цела Македонија.[12] Во ова време келијни училишта имало и во манастирите Св. Архангел во с. Кучевишта,[13] Св. Прохор Пчински[14] и во Осоговскиот манастир.[15]

Воопшто, секој од овие манастири претставувал за својот крај еден вид училишно средиште, во кое доаѓале да учат сите оние што сакале да станат калугери, свештеници, учители, клисари, црковни пеачи, или само да ја научат црковно-славјанската писменост. Во она време ретко можел да се најде писмен човек кој не провел неколку години на учење во некој манастир.

Но, освен во манастирите, во ова време келијни училишта имало и во метосите, на поголемите манастири /Хилендарскиот, Зографскиот, Рилскиот, Дечанскиот, Слепченскиот и др./, расеани по селата и градовите на Македонија. Овие училишта ги отвораале монасите таксидиоти и монасите исповедници. Монасите таксидиоти ги испраќале манастирите во градовите и селата за да собират помош од народот, да приведуваат поклоници и да извршуваат различни религиозни потреби на населението. Поради тоа тие патувале по градовите и селата и повремено се задржувале во метосите, каде отвораале училишта за црковна писменост и црковно пеење.[16] Такви училишта особено отвораале монасите исповедници, кои пос-

тојано живееле во метосите.

Во XVIII век и почетокот на XIX век келијни училишта имало во метосите на поголем број наши градови. Кон 1740 г. двајца калуѓери од Рилскиот манастир отвориле келијно училиште во Брзоречкиот метох Св. Георги во Велес. Во него учеле и машки и женски деца. Подоцна, кон 1750 г., во истиот метох две калуѓерки отвориле училиште само за женски деца.[17] Во почетокот на 19 век келијни училишта имало во Дечанскиот и Хилендарскиот метох во Скопје,[18] а исто така и во метохот на манастирот Слепче во Прилеп.[19]

Улогата на манастирите како расадници на црковната просвета особено се зголемила во XVIII век. Во овој период манастирите веќе го изгубиле карактерот на изолирани, затворени училишта, какви имале порано; во кои можеле да учат само оние ученици, кои се обврзувале дека ќе се посветат исклучиво на монашкиот живот. Во нив сега се примале и надворешни ученици, кои можеле слободно, кога сакале, да го напуштаат манастирот. Овие ученици - манастирски воспитаници, по свршувањето на келијното образование се востанувале како свештеници по градовите и селата и во нив отвореле свои училишта по углед на манастирските келијни училишта. Тоа биле првите училишта надвор од манастирите.

Но духовното влијание на нашите манастири не се ограничувало само во подржувањето на училиштата што биле надвор од манастирите. Во ова време тоа веќе добило многу пошироко, општествено значење. Преку своите исповедници и духовници, распрснати по метосите на нашите градови и села, манастирите воздејствувале на народните маси, на нивното просветување и националното будење. По таков начин тие го губеле карактерот на чисто религиозни институции и добивале карактер на општествено национални институции.

На почетокот на XIX век од средината на манастирските послушници се одделуваат две значајни фигури на црковно-просветниот живот - Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ. Скоро во исто време, едниот во Северо-источна Македонија, а другиот во Западна Македонија, делуваат како учители просветители и книжевници, чии просветителски идеи ќе означат почеток на нова епоха, епоха на културно-национална пробуда на македонскиот народ. Макар и самите манастирски воспитаници, тие се издигнуваат над чисто религиозните цели на старата црковна литература и создаваат творби кои по својата содржина ќе одговараат на духот на новото време - на просветителските стремежи на народните маси. Тие своите творби ги пишуваат на прост народен јазик и како учители проповедници тие се ставуваат во служба на народното просветување и религиозно-моралното воспитание и образование на нашиот народ. Во времето пак кога асимилаторските тенденции на фанариотската црква оживуваат и се засилуваат, творбите на Крчовски и Пејчиновиќ, широко распространети, биле основна лектира на нашиот народ и претставувале важен фактор против неговото духовно поробување и зачувување на неговиот јазик.

Манастирите, значи, биле првите духовни средишта на нашиот народ и нивното влијание нашло одраз во понатамошниот развиток на неговиот културно-просветен живот.

## 2. Попски, свештенички или црковни училишта

Во XVIII век по углед на манастирските почнале да се отвораат келијни училишта и во нашите градови и села. Во градовите тие се отворале при црквите, во црковните дворови,[20/] оттука го добиле и името попски, свештенички или црковни училишта.[21/] Ги отворале свештениците, калугерите, клисарите и црковните певци, кои во своето слободно време ги собирале децата во една

соба при црквата и им ја пренесувале келијната традиција.

Отворањето на црковни училишта во градовите, а особено во селата, се наложувало од потребите на самата црква. За да има некој кој ќе му помага во црковната служба низ енориjата, селскиот поп бил принуден одвреме навреме да подучува неколку ученици во црквата или во својот дом во црковната писменост и пеење и во црковниот ред и служба. Отпрвин свештениците ги учеле на црковна книга само своите деца, а подоцна и други селски деца кои сакале да станат свештеници. На таква основа настанала и се развила селската црковна келија.[22] Но тоа не значи дека во она време /XVIII век/ во секое село имало келија. Одржувањето на селското црковно училиште зависело главно од два фактора. Прво, од присуството на свештеник во селото и од неговата подготовка и желба да работи во училиштето и, второ, од разбирањето на родителите да жртвуваат време за учење на своите деца.[23] Во некои села, пак, келијните училишта биле амбулантни,[24] т.е. работеле само повремено, додека во селото бил присутен свештеникот. Често било случај една цела енорија од ~~хххххх~~ 10, 15 па и повеќе села да ја опслужува само едно свештено лице.

Сите овие келијни училишта, и манастирските, и црковните - градски и селски, имале една иста цел: да подготват свештеници, поради што и учењето во нив имало чисто религиозен карактер.

### 3. Световни келијни училишта

Меѓутоа, од средината на XVIII век келијните училишта навлегуваат во нова етапа во својот развиток. Од ова време почнуваат да се појавуваат келијни училишта, кои за учители имале и световни лица. Тоа се таканаречените световни, односно приватни

келии.[25] По својот карактер световните келијни училишта многу не се разликувале од црковните. Разликата била во тоа, што црковните келијни училишта се отворале при манастирите, манастирските метоси и при црквите и за учители имале духовни лица: калугер, свештеник или клисар; а световните келии се отворале во куќите на световни учители и по нивна иницијатива. Освен тоа, црковните келии биле подржувани од манастирите или црквите, а световните келии од родителите на учениците, кои за учењето на своите деца плаќале на учителот во натура или пари. Световните учители биле обично луѓе со некој телесен недостаток и имале своја професија /работеле некој занает: кројачки, чевларски, подврзувале книги и др./ и учителствувањето им било второстепена задача. Додека учителот работел на занаетот, учениците го учеле својот урок и повремено ја прекинувал работата за да ги испраша учениците по зададениот урок, да им даде нов урок или да ги упати учениците во читањето и пишувањето.

Појавата на приватни келијни училишта на световни учители се совпаѓа со првата фаза на формирањето на нашите градови и создавањето во нив на нашето занаетчиство. Световната келија почнува да се прилагодува кон изискувањата и потребите на младото есна:ство и некои од нив им давале на учениците елементарни знаења по сметање и другите науки.

Световни келијни училишта се појавуваат прво во нашите поголеми градови, како Велес, Скопје и Прилеп, кои претставувале важни трговски центри. Кон крајот на XVIII век световни келии имало и во другите наши градови.

Во Велес, на пример, приватни келијни училишта имало уште од средината на XVIII век. Во едно од нив ги изучил црковнословенските книги Хаџи Мише Кушев, еден од најистакнатите христијански првенци во она време. Хаџи Мише Кушев се родил околу 1740 г., а на училиште тргнал, како тој тврди, 1750 г.[26] За постоењето

за едно такво училиште во Велес пишувал во "Цариградски вестник" 1854 г., и Јордан Хаџи Констаntинов Џинот. "Тук има едно училище, което с'штествува от 100 години с'кириловска азбука." [27] Потврда за постоењето на стари килијни училишта во Велес се и велешките попови. Откако се помни во Велес имало цркви и во нив се служило на славјански и читало по старите книги.[28]

Во втората половина на XVIII век, приватни келијни училишта имало и во Прилеп. Најстаро од нив, за кое постојат писмени податоци, било училиштето на даскалот Ристе Думбаловски. Неговото училиште се споменува уште во 1782 г. Тоа постоело и во 1823 г., што се гледа од еден писмен документ оставен од самиот даскал Ристе. На едно старопечатно Евангелие, кое се чувало во архивата на прилепската црковна општина, стои следниов запис испишан од него: „Стыхъ Еѵлiнхъ Воскресныхъ и страстей Гда нашего Іиса Хрта Духовника Куръ Вiсарiона преписа во' ѡѿкг (1823), априли во градѣ Прилепѣ Македонстемъ Христѣ Хаджи Константиновичъ оучитель Прилепскiй." [29]

Приватни келијни училишта имало и во градот Штип, што може да се заклучи од фактот дека во почетокот на XIX век половината од штипските граѓани знаеле да читаат и пишуваат.[30] Приватни келии, можеби и постари од штипските, постоеле и во штипско Ново Село.[31]

Но освен во овие градови, во втората половина на XVIII век келијната просветна традиција била раширена и во други наши градови, особено во Скопје, Кратово и Крива Паланка. Во последните два града и нивната околина делувале како приватни учители голем број ученици на Лесновскиот и Осоговскиот манастир.

Кон крајот на XVIII век световни келијни училишта имало скоро во сите наши градови. Според Христо Гандев тогаш на територијата на Македонија околу 66 градови и села имале келијни

училишта и претставувале важни просветни средишта.[32] Макар што голем број од овие училишта биле црковни, кои се подржувале од црквите и манастирите, бројот и на световните келии не бил така мал.

Меѓутоа, бројот на световните келијни училишта особено се зголемил во првата половина на XIX век. Поправо до 30-те години на минатиот век, до она пределно време кога во нашите градови отпочнуваат да се отвораат општи народни училишта од манастирски тип, освен некои келијни училишта при манастирите и црквите, други и немало. Тоа е период кога процесот на зголемувањето на градското население е сѐ поинтензивен, кога се создаваат основите на нашето занаетчиство и се појавува потреба за описменување на поголем број граѓани. Оваа духовна потреба на нашиот народ ја задоволуваат училиштата на приватните даскали. Тие ја играат улогата на елементарни училишта.

Но напоредно со зголемувањето на општиот број на световните келијни училишта, се зголемувал и бројот на учениците кои учеле во нив. Во споредба со претходниот период /XVIII век/ нивниот број бил знатно поголем. Во некои световни келии, на пример во Прилеп, учеле по 30-40, а често и по 60-70 ученици.[33] А во поголемите градови, како Велес, Скопје, Прилеп, Битола, Кратово и др., истовремено работеле и по неколку приватни келијни училишта. Така, во почетокот на XIX век приватни келијни училишта имало и во двата дела на Велес. Во источниот дел на градот бил учител поп Наун /Наум/, потоа неговиот син даскал Коце /Кице/, а во западниот дел даскал Митре.[34] Во стариот Прилеп /Варош/, пак, во ова време држеле приватни келијни училишта во своите куќи поп Јован поп Димитров и поп Ангеле Димов Сибичков.[35] Последниот го заменил неговиот син Костадин. Напоредно со училиштето на Сибичковци, во Варош постоеле и други две училишта и тоа на поп

Ристе поп Ницков, по занает шивач, и на Јонче Пупла.[36] Нешто подоцна од варошките се отвориле приватни келијни училишта и во Прилеп. Од 1835 до 1838 г. во една од одаите на градската црква работело училиштето на учителот Хаџи Пано.[37] Потоа приватно келијно училиште основал во градот, во куќата на Трпчевци, и поп Костадин Динговски, прочуен инаку под името Хаџи Попо.[38] Тој играл видна улога во црковните борби во Прилеп против Цариградската патријаршија. Кратко време тој учителствувал и во народното училиште "Св. Кирил и Методие" , основано 1843 г. Исто така познат како келиен учител бил и даскалот Коте Пазов.[39] Неговото училиште работело напоредно со народното. Тој се занимавал и со подврзување на книги. За време на своето долгогодишно учителствување во својата куќа во "Тафчиска маала", тој воспитал неколку генерации многу добри граѓани. Училиштето му работело до 1887 г. Извесно време работел и во народното училиште. Од него останале преписи на богослужбени книги напишани на многу убав ракопис на црковно-славјански печатни букви и со особено испишани текстови во нив со црвено мастило. Тој умрел 1908 г., во својата 75 годишна возраст. Не помалку од овие било прочуено и училиштето на даскалот Ристе од Радобил - третиот даскал Ристе, кое работело во метохот на Слепченскиот или Зрзескиот манастир - во Варош-маало.[40]

Во првата половина на XIX век приватни келијни училишта имало и во другите наши градови. Во Битола едновремено работеле неколку такви училишта. Најстаро од нив било она во "Широкиот Сокак", кое отпрвин го издржувала црковната општина. Потоа се отвориле уште две лични, приватни училишта, во "Мечкар Маало", и во "Арнаут Маало". Сите овие училишта работеле до 30-те години на минатиот век.[41]

Меѓу неколку приватни келијни училишта во Скопје, голема извесност добило училиштето на даскал Никола од Крушово. Во

него учеле деца ~~их кракат~~ не само од градот, туку и од околните села.[42]

Во ова време приватни келијни училишта имало во Штип,[43] Кратово,[44] Куманово,[45] и многу други градови во Македонија. Скоро не постоел поголем град или село, кое било без ниедно приватно келијно училиште на црковно или световно лице.

Воопшто, до 30-те години на минатиот век приватните келијни училишта биле најраспространети во нашите градови и села и долго време тие ја играле улогата на едини институции за основна писменост и образование. Во некои наши градови /Прилеп, Крушово, Кратово и др./ приватните келијни училишта, макар да претставувале одделни појави, се одржале дури до крајот на XIX век. Задоволувајќи долго време една духовна потреба на народот, тие ја имале неговата поддршка и по појавата и распространувањето на световните училишта и тоа особено од посиромашните и поконзервативните слоеви, кои немале некои особени претензии во поглед на образованието на своите деца, туку се задоволувале тие само да знаат да читаат и пишуваат, за да можат да работат некој занает или да бидат земјоделци. За тоа приватните келии најдолго се одржале во селата, а и во некои понеразвиени и позафрлени паланки и градови.

## 4. Општи келијни училишта

Напоредно со приватните келијни училишта, во некои наши градови во почетокот на минатиот век почнуваат да се отвораат и општи келијни училишта. Тоа е значајна појава во развитокот на нашето школство.

Наспротив на приватните келијни училишта, во кои можеле да учат само децата на побогатите родители, кои за учењето на своите деца плаќале на приватните даскали, - општите келијни

училиштата се отворале и издржувале од месните општини и во нив наставата за сите деца бала бесплатна. Организирани на демократски принцип - да можат во нив да учат сите деца бесплатно, без оглед на разликата во нивната материјална состојба, општинските училишта добиваат општествен, народен карактер и во она време тие претставуваат вистински народни училишта.

Појавата на општите келијни училишта се совпаѓа со времето на формирањето на црковно-училишните општини во нашите градови, а тоа е во втората четврт на минатиот век.

Во ова време управата на училиштата не е во рацете на едно лице - чорбаџија или епитроп, како порано, туку во рацете на едно општествено тело, составено од сите членови на општеството, на чело на кое стои најбогатиот трговец, еснафлија или чорбаџија, но чија власт не е неограничена, туку се контролира од другите членови на општеството. Тоа општествено тело е <u>црковно-училишното настојателство</u>, кое раководи со општествениот и просветниот живот на градот. Тоа ги отвора училиштата, ги уредува и издржува и води грижа за нивната работа; погодува учители и материјално ги издржува, ги помага сиромашните ученици, ги снабдува училиштата со наставни средства и помагала и др.

Значајна улога во формирањето на црковно-училишните настојателства и во нивната работа имаат градските еснафи, кои поради доходната работа во ова време значајно материјално се издигнуваат и пројавуваат сè поголем интерес кон прашањата од просветно-културниот живот на својот град.

Во почетокот на XIX век општите келијни училишта претставуваат одделни појави, но во текот на првата половина на тој век тие постојано бројно се зголемуваат, такашто кон 30-те и 40-те години ги има главно во нашите економски најразвиени градови, а кон 50-те и 60-те години тие се распространети скоро во

сите наши градови и села и претставуваат широка мрежа на народни училишта, познати под името старовремски училишта. Засновани на демократска основа, во кои наставата се изведувала на македонски јазик, т.е. на локалниот говор на соодветниот крај на училиштето, општинските келијни училишта брзо ги потиснуваат манастирските и приватните келијни училишта и добиваат општо право на граѓанство. Во ова време тие се единствени просветни установи за елементарно образование на нашиот народ и како такви долго време се задржуваат во нашиот училишен живот, а во некои градови, поради специфичните општествено-економски прилики што тогаш владееле во нив - и до крајот на XIX век.

Првото општо келијно општинско училиште во Македонија било отворено 1810 г. во Велес - во источната страна на градот /"Прсорек"/ во Рилскиот метох Св. Георги. Тоа било мешано училиште. Во него учеле и машки и женски деца, а учител бил даскал Митре, роден од с. Нагоричане, Кумановско. Даскал Митре бил првиот учител во Велес кој примал плата од црковната каса, а не од учениците.[46]

Во почетокот на XIX век општи келијни училишта имало и во други наши градови, а и во некои села. Во Кратово такво училиште постоело уште од 1815 г.,[47] во Галичник[48] и Берово[49] од 1820 г., а во с. Кучевиште /Скопска Црна Гора/ од 1826 г.[50]
Потоа општински келијни училишта се отворале како следува: 1830 г - во Кичево,[51] Штип,[52] с. Ваташа[53] и Неготино[54]; 1833 г. - во Тетово[55]; 1835 г. - во Скопје[56] и Крива Паланка[57]; 1835 г.-1840 г. - во Лазарополе[58]; 1838 г. - во Кавадарци[59]; 1840 г. - во Кукуш[60]; 1843 г. - во Прилеп[61]; 1845 г. - во Вашино Село[62] и 1850 - во Гостивар.[63]

Но - освен во споменатите градови и села, во првата половина на XIX век општински келијни училишта имало и во градовите Куманово,[64] Кочани,[65] Битола[66] и Дебар,[67] но за нив

немаме точни податоци кога биле отворени.

Општинските келијни училишта доминирале во училишниот живот на нашиот народ сè до средината на XIX век. Во некои градови /Кратово, Берово и др./ како едини просветни институции тие се одржале и до 70-те и 80-те години на минатиот век. Распространувајќи ја црковно-словјанската писменост, со која учениците се служеле во практичниот живот на месниот народен говор, градските келии задоволувале една неопходна потреба и како такви биле полезни. Меѓутоа, овие училишта давале само елементарно и едностранo образование. Во нив доминирал средновековниот светоглед - се учеле исклучиво црковни науки /Часослов, Псалтир, Месецослов и др./. А такво, религиозно образование не одговарало веќе на нараснатите потреби на младата македонска буржоазија за световни знаења. Сè поинтензивниот развиток на занаетите и трговијата, а во врска со тоа и промените што настанале во општествено-економскиот живот на нашите градови, сè повеќе наметнувале барање за отворање на нови, световни училишта, кои ќе даваат световно образование - такво образование, кое ќе служи на практичните потреби на македонската буржоазија.

Градската келија се обидува да одговори на овие изискувања - да ја задоволи општествено-економската потреба за знаења што ќе бидат полезни за стопанскиот живот и во втората четвртина на XIX век таа внесува некои световни предмети /сметање и др./. Меѓутоа, оваа делумична промена не го изменила општиот карактер на наставата во овие училишта кој и понатаму останува црковен. Се наложувале многу порадикални промени за да се измени и црковната физиономија на градската келија; пред сè промени во организацијата, содржината и методот на работа. Такви промени, кои од основа ќе го реформираат старовременското училиште и ќе го оспособат за нова задача - не да подготвува свештеници и калугери, туку

образовани граѓани, се извршуваат веќе кон средината на минатиот век, а во училиштата на економски најразвиените македонски градови и порано. Тоа е всушност премин од манастирската настава кон модерната, световна настава, со што отпочнува нова етапа во развитокот на нашето школство, етапата на новото, световно школство.

## Забелешки

1. Христо Гандов: Фактори на б'лгарското в'зраждане, Софија, 194? г. стр. 20-25.

2. К. Јиречек: Историја Срба I део, Београд, 1911, стр. 211; Василије Марковић: Православно монаштво и манастири у средњевековној Србији, Срем. Карловци, 1920 г., стр. 20; Павле Поповић: Преглед српске књижевности, Београд, 1913 г., стр. 25; Ј. Иванов: Северна Македонија, Софија, 1906, стр. 100 - 101.

3. Кога охридскиот архиепископ Доротеј го посетил Кратово 1466 г. тој го поканил кратовчанинот Гоко Дмитар да напише на славјански јазик закон за охридската црква, која дотогаш се служила со грчки закон. Овој, Гоко Дмитар, меѓудр гото наведува дека одел на училиште кај учителот Нифон /Љуб. Стојановић: Стари српски записи и натписи, Београд, 1902 г., кн. I, стр. 328; Ст. Симић: Историје кратовске области, стр. 201-202.

Во житието пак на Св. Георги Кратовец, напишано од софискиот свештеник поп Пеја, се изнесува дека родителите го дале Георги на училиште - да ги изучи светите книги по наврштувањето на неговата шеста година и дека тој бил вреден и бистар и дека од двајцата учители примил благослов и молитва. „Досагнѣвшоу же осмомо шестое лѣто, тогда се родитель ми своими свещенымъ наитомъ и сынъ въ спорѣ мозгатъ се. Тоже книгрости златоначелнѣйшемъ вдогоаль нето, и синь доде привенникъ бѣвъ, въ одоихъ добре оучителенъ оугодивъ, и отъ обоихъ благословение и молитвоу примеѣ."
/Гласник, XXI, стр. 133/. Како Св. Георги е роден 1497 г., тоа значи дека тој тргнал на училиште 1503 г. Тоа е најстар спомен за кратовското училиште.

4. На еден негов осмогласник стои запис од 1724 г. дека јеромонахот грешни Исаије ја дал оваа книга на својот ученик Матеј од село Губеревац кај Лесковац за да се служи со неа се до својата смрт, а потоа да се врати на манастирот. „А.З.С.Л.В. сїа книга глаголемї осмогласникъ, от монастырѣ Лесново, въсемъ да естъ оу знанїе како дадох азъ грешни Исаїа иеромонах моему оученїку Матеу от село Губеровци, под Лесновцъ, доколе ѣе сонъ жив, да му естъ за помоѣъ; что сомрътим нетове пакї да възвратїтъ се ва монастирѣ."
/Љуб. Стојановић: Стари српски записи и натписи, кн. II, бр. 2455, стр. 63/

5. Проф. В. Цонев наведува 56 /Годишник на Софијскија Университ I, Софија, 1905 г., стр. 60-63/, а Ст. Симић 96 /Историја кратовске области, стр. 205 /, односно 164 /Наша старовремска школа, ракопис откупен од Советот за просвета на НРМ, 1956, стр. 6.

6. К. Ц'рнушанов: Килијните училишта и учители в Прилеп /Сто години ново б'лгарско училиште в' гр. Прилеп, 1843-1943, стр. 31/; Д-р Јован Хаџи Василевић: Просветне и политичке прилике, стр. 118-119.

7. Апостол Апостолов: Училишниот живот во горните села на Мала Река во XIX и почетокот на XX век, "Просветно дело", 1951 г. бр. 9-10, стр. 38.

8. Исто, стр. 40.

9. Исто, стр. 40.

10. Д-р Ј. Х. Васиљевиќ: Просветне и политичке прилике..., стр. 133-134.

11. Апостол Апостолов, цит. дело, стр. 39.

12. Д-р П.М. Нојков: Поглед в'рху развитието на б'лгарското образование от Паисија до краја на XIX в., Годишник на Софијскија Университет, кн. XXII, стр. 10-11.

13. Светозар Томиќ: Скопска Црна Гора, Насеља српских земаља, кн. 3, Београд, 1905, стр. 509.

14. Д-р Ј. Х. Васиљевиќ: Свети Прохор Пчински и његов манастир, Београд, 1900, стр.66.

15. Д-р Ј.Х. Васиљевиќ: Просветне и политичке прилике..., стр. 77 - 78.

16. Л. Ив. Доросиев: Нашето училиште и народното ни в'зраждане, /Б'лгарска историческа библиотека, София, 1929, год.II, том. I, стр. 65/.

17. Христо Чочков: Град Велес, Софија, 1929, стр. 8.

18. Д-р Ј. Х. Васиљевиќ: Просветне и политичке прилике..., стр. 102.

19. К. Ц'рнушанов, цит. дело стр. 32.

20. Д-р Ј.Х. Васиљевиќ: Просветне и политичке прилике..., стр. 4.

21. Н. Ив. Ванков: Историја на учебното дело в' Б'лгарија, Софија, 1930 год. стр. 22.

22. Д-р Ј.Х. Васиљевиќ: Просветне и политичке прилике..., стр. 2; Христо Гандев, цит. дело, стр. 31-39.

23. Христо Гандев, цит. дело, стр. 31-39.

24. Исто, стр. 31 - 39.

25. Н.Ив. Ванков: Историја на учебното дело в' Б'лгарија, Ловеч, 1908 год., стр. 21 - 22.

26. ~~Васил К'нчов~~: Сегашното и недавното ~~xxxxxxxx~~ мин'ло на гр. Вел. ~~Велес~~, Кратък очерк от К., Период. спис., год. VIII /1892/, кн. 40, стр. 556-557; А. Шопов: Из живота и положението на б'лгарите в' вилаетите, Пловдив, 1894 г., стр. 367-368.

27. Ил. Иванов: Илјустрација Илинден, год. XIIкн. 6, стр. 13.

28. ~~Васил К'нчов, цит. дело,~~ Сегашното и недавното мин'ло на гр. Велес. Кратък очерк от К., Период. спис., г. VIII, кн. XL, стр. 556-557.

29. Хр. Шалдев: Град Прилеп за своите училишта /Сто години ново б'лгарско училиште в' гр. Прилеп, 1843-1943 г., стр. 11.

30. Петар Завоев: Град Штип - мин'ло и просвета..., стр. 48.

31. Јордан Иванов: Северна Македонија, стр. 362.

32. Христо Гандев, цит. дело, стр. 31-39.

33. Н.Г. Еничерев: В'споминанија и бележки, Софија, 1906, стр. 84; К. Ц'рнушанов, цит. дело, стр. 35.

34. Д-р Ј.Х. Васиљевиќ: Просветне и политичке прилике..., стр. 87; Јордан Иванов, цит. дело, стр. 357.

35. К. Ц'рнушанов, цит. дело, стр. 32.

36. Исто, стр. 33.

37. Исто, стр. 32.

38. Исто, стр. 34.

39. Исто, стр. 34-35.

40. Исто, стр. 35.

41. Д-р Ј.Х. Васиљевиќ: Просветне и политичке прилике..., стр. 126 Н.Г. Еничерев, цит. дело, стр. 359.

42. Васил К'нчов: Град Скопие..., стр. 114.

43. Д-р Ј.Х. Васиљевиќ: Просветне и политичке прилике..., стр. 83.

44. Исто, стр. 79.

45. Исто, стр. 74

46. А. Попов: Из живота и положението на б'лгарите в вилаетите, Пловдив, 1894 г., стр. 367-368.

Меѓутоа, потврда за тоа дека ова училиште станало општинско 1810 г. немаме од други извори, та се поставува прашање дали тоа воопшто во тоа време, кога во градот уште не била формирана црковно-училишната општина, можело да биде општинско? Во статијата: "Сегашното и недавното мин'ло на гр. Велес", Период. спис., год. VIII кн. 40, стр. 559, ~~Васил~~ К'нчов изнесува мислење дека даскал Митревото училиште станало општинско, а тој општински учител многу подоцна, кон 1832 г. Тогаш, на едно свое собрание градските првенци решиле на даскал Митре да му се плаќа од црковната каса, а учењето во училиштето да биде бесплатно. За оваа важна одлука, вели К'нчов, најзаслужни биле оние велешки трговци, кои оделе по трговија во Австрија, каде што имале можност да се запознаат со општинските училишта во оваа земја/се мисли на српските земји под австриска власт - б.н./и настојувале такви училишта /со бесплатна настава /да се отворат и во Велес. На друго место, пак, /во истата статија, стр. 565/ К'нчов изнесува дека училишното настојателство почнало да дејствува 1843 г. и дека со печат се здобило 1845 г.

Потврда за ова мислење на К'нчов наоѓаме и кај Хр. Чочков во книгата: "Град Велес..., Софија, 1929 г. на стр. 111,

тој наспомнува дека основите на училишната општина во Велес /се мисли на источната страна - б.н./ биле поставени оној ден 1832 год., кога градските первенци се собрале во метохот "Св. Георгиј" и меѓу себе избрале 6 души, од кои двајца за црковни епитропи, а четворица за училишни настојатели и решиле: 1. учењето во училиштето да биде бесплатно и 2. на учителите да им се плаќа од општината, т.е. од црковните приходи. Најголеми грижи за училиштето покажувал тогаш најмладиот првенец, Ангел ~~Хаџи~~ Паланеев, кој образованието си го завршил во Австрија /Земун/ и зел на себе да ја уреди училишната библиотека.

Обид училиштето во Велес да стане општинско, вели Хр. Чочков /цит. дело, стр. 110/, бил направен уште порано, околу 1820 г., кога велешките граѓани од "Брзорек" поставиле барање пред градските првенци тие да установат општинска управа која ќе се грижи за училиштето, т.е. учењето во него да биде бесплатно, учениците да ги снабди со потребни книги и да доведе способни учители. Градските првенци го разгледале ова барање на граѓаните, но поради немање на материјални средства тие одустанале училиштето да го направат општинско. И Д-р Ј.Х. Васиљевиќ /Просветне и политичките прилике..., стр. 87/ смета дека даскал Митре станал општински учител околу 1830-те години.

Исто така точно не се знае кога било основано општинското училиште и во западната страна на Велес. Според едни автори /Д-р Ј. Х. Васиљевиќ: Просветне и политичке прилике..., стр. 87/ тоа било основано околу 1839; според други /Д.К.~~ичков~~: Сегашното и недавното минало на гр. Велес, Период. спис., год. VIII, кн. 40, стр. 559/ околу 1840 г.; а според трети /Хр. Чочков, цит. дело, стр. 25-26/ пред 1848 г.

Сепак, сметаме дека треба да се земе како податок макар и непотврден оти општо келијно училиште постоело во Велес 1810 г. и дека неговиот учител даскал Митре се плаќал од црковната каса.

47. Димитар Влахов: Македонија, Скопје, 1950 г. стр. 102. Но, според Ст. Симиќ /Наша старовремска школа, стр. 11/ општи келијни училишта имало во Кратово /"Царина" и "Рибарска Маала"/ уште во почетокот на XIX в.ек. Такви училишта во ова време имало и во околината на Кратово, во селата: Лесново, Злетово, Шлегово, Куклица, Страцин, Опила, како и во Бунеш, Шопско Рударе, Шталковица и др. 1810 г. за учител во Кратов дошол Јоаким Крчовски и уредил мешано училиште за машки и женски деца. Тој учителствувал во Кратово околу 10 години, од 1810 - 1820 г. /Ст. Симиќ: Историја кратовске области, стр. 206 - 207/.

48. Д-р Ј.Х. Васиљевиќ: Просветне и политичке прилике..., стр. 1[illegible] Апостол Апостолов, цит. дело, стр. 44, забел. 4. Врз основа на податоците што ги собрал лично на теренот тој заклучува дека во овој крај најрано имало училиште во с. Галичник. Прв учител за кој се знае бил Крсте Гиновски. Тој учителствувал од 1830 - 1860 г.

49. Григорие Дракаловиќ: Старе школе у Маледу, "Јужни преглед", Скопје, 1928 г., бр. 9, стр. 407; Според д-р Ј.Х. Васиљевиќ /Просветне и политичке прилике..., стр. 82/ и Иван Иванич /Српске манастирске, сеоске и варошке школе у Турској..., Годишница Николе Чупића, кн. 32, Београд, 1913, од. 9. Берово

за јавна школа во ова гратче се знае од 1830 г., кога таа отпочнала да работи.

50. Жизнеописание Митрополита Охридо - Пловдивскаго Натанаила /Автобиографични бележки/, - СбНУНК, кн. 25, Софија, 1909 г. стр. 5. Училиштето работело само две години и се затворило, зашто немало доволно ученици. Потоа училиште се отворило во Св. Никита и според Св. Томиќ /Скопска Црна Гора, Насеља, кн. III, стр. 413, Српски Етнографски Зборник, кн. 7, стр. 411 - 413/ ова училиште сè до 1872 г. било едино четириоодделенско мешано училиште за цела Скопска Црна Гора.

51. Иван Иванич, цит. дело, ад. 56. Кичево и околина.

52. Јордан Иванов, цит. дело, стр. 359; Петар Завоев, цит. дело, стр. 51.

53. Д-р Ј.Х. Васиљевиќ: Просветне политичке прилике..., стр. 122.

54. Исто, стр. 123.

55. "Цариградски гласник", 1901 г., бр. 17, стр. 2-3

56. Училиштето било сместено во една црковна зграда, во портата на новосоградената црква Св. Богородица. Но, за годината на неговото отварање, односно кога тоа станало општинско, постојат спротивни тврдења. Д-р Ј.Х. Васиљевиќ /Скопље и његова околина, Београд, 1930 г., стр. 519-520/ тврди дека училиштето било отворено 1835 г., т.е. кога за главен учител дошол Хилендарскиот монах Павле - Павлентие, родом од Хрватско, па се викал и Павле Харват. Васил К'нчов /Град Скопие, стр. 114 - 115 /, пак, смета дека училиштето било отворено нешто подоцна, кон 1836-1837 г. и дека монахот Павел Харват не дошол од Хилендарскиот манастир, туку од дебарскиот манастир Св' Јован Бигорски. М. В. Веселиновиќ /Школе у Скопљу, "Братство", кн. 7, стр. 313-314/ забележил дека училиштето отпочнало да работи меѓу 1830 и 1835 г., т.е. тогаш кога црквата Св. Богородица била готова и осветена. Како годината кога е соградена црквата Св. Богородица и позната - 1835 год. /д-р Ј.Х. Васиљевиќ: Црква Св. Богородице у Скопљу, 1835 - 1935/, "Споменица православног храма Св. Богородице у Скопљу", стр. 293/, тогаш и податоците што ни ги дава д-р Ј. Х. Васиљевиќ за скопското училиште - дека тоа било општинско 1835 г., можем да ги сметаме за точни.

1837 г. во Скопје бил Ами Буе / Recueil d'itinéraire dans la Turquie d'Europe, 1. Бег, 1854 г., с. 211 / и констатирал дека христијаните во градот имале три училишта во кои се предавале географија, историја и филозофија, но ништо не говори за тоа чии биле овие училишта. Ј.Х.Васиљевиќ смета дека забелешката на Ами Буе се однесува за училиштето на монахот Павле и другите две словенски /општински/ училишта, кои биле основани под неговото влијание /Скопље и његова околина, стр. 520/. А Васил К'нчов пак претпоставува дека од трите христијански училишта што ги споменува Ами Буе, едното било секако на монахот Павел Харват, второто на грчкиот даскал а третото на даскал Никола или на некој друг келиен учител /Град Скопие, стр. 114-115/. Оваа претпоставка на Васил К'нчо би можела да биде точна, зашто според М. В. Веселиновиќ второто славјанско општинско училиште во Скопје било отворено околу 1848 г. и тоа во "Чаир" - меѓу Серава и висот "Гази-Баба /Школе у Скопљу, "Братство", кн. 7, стр. 314/, а второто слав-

јанско /општинско/ училиште се отворило од десната страна на р. Вардар, во маалата "Араџи-Селаледин" меѓу 1850 и 1851 г., т.е. за време на учителствувањето на учителот Партенеј во училиштето кај црквата Св. Богородица /цит. дело, стр.315/. Ако се овие податоци на М.В. Веселиновиќ точни, тогаш забелешката на Ами Буе не се однесува за овие две училишта, како претпоставува Ј.Х.Васиљевиќ, зашто тие за време на посетата на Ами Буе на Скопје /1837 г./ уште не биле отворени.

57. Димитар Влахов, цит. дело, стр. 102.

58. Првото општинско училиште во Лазарополе било отворено меѓу 1835 и 1840 г., а првиот општински учител бил поп Мартин Петровски Димиоски. Училиштето било отворено со матерјијална помош од архимандритот Анатолиј и селскиот првенец Ќаата Ѓурчин Кокале. /Апостол Апостолов, цит. дело, стр. 43, забел. 1/

59. Д-р Ј.Х.Васиљевиќ: Просветне и политичке прилике..., стр. 122 - 123.

60. Димитар Влахов, цит. дело, стр. 102.

61. Во Прилеп првото општинско училиште било отворено 1843 г., кога била привршена и осветена двоспратната зграда во која тоа било сместено. Првите општински учители биле некои од приватните келијни учители, како даскал Ристе, Коте, Хаџи Попо Симчко и др. - "сите псалтирџии". /Георги Трајчев: Учебното дело в гр. Прилеп, Илјустрација Илинден, год. IV, кн. 3, стр. 9-10; Христо Шалдев, цит. дело, стр. 14/.

Според Ј.Х.Васиљевиќ /Просветне и политичке прилике... стр. 118/ прво општо училиште постоело во Варош уште од 1820 г. Тоа се наоѓало кај црквата Св. Димитриј, а го издржувале прилепчани и варошани заедно. Првиот учител во ова училиште, спрема тоа и првиот општински учител во Прилеп, бил Илија Лигуш. Меѓутоа потврда за овие наводи на Ј.Х.Васиљевиќ не наоѓаме кај други извори што ја изнесуваат историјатот на училишниот живот во Прилеп.

62. Иван Иваниќ, цит. дело, ад. 4

Во едно писмо кое се чува во архивата на Александар Екзарх стои печат со следниов натпис: "Јаловскот /о/: б'лгарск /о/: училиш/е/: 1845." /Цитирано по Јордан Иванов: Б'лгарите в' Македонија, Софија 1917 г. стр. 243 , Документ № 133.

63. А. Серафимов: Тетовско и дејците по в'зраждането му , Пловдив 1909, стр. 26.

64. Д-р Ј.Х. Васиљевиќ: Просветне и политичке прилике..., стр. 74. Прв учител во ова место бил околу 1805 г. Гаврил Кратовац. Но не се знае дали тој бил приватен или општински учител.

65. "Илјустрација Илинден", год. IX, кн. 7, стр. 16.

66. Во Битола најстаро словенско училиште било во маалата "Широк Сокак". Потоа се отвориле уште две славјански училишта и тоа: во "Мечкар Маала" и во "Арнаут Маала". Првото училиште го издржувала црковната општина, а другите две биле приватни училишта /Ј.Х.Васиљевиќ,Просветне и политичке прилике..., стр. 126/

67. Исто, стр. 129.

## II Световни училишта

### 1. Основните услови за појавата на световните училишта

Појавата на световни училишта во Македонија и нивниот понатамошен развиток е во тесна врска со просветно-културното влијание, кое од Западна Европа проникнало кај нас во првата половина на XIX век.

Ова влијание проникнало главно преку Грција и Србија.

Во XVIII век Грците биле поврзани со јаки трговски и културни врски со западноевропските земји и благодарение на нив имале можност порано од другите балкански народи да се запознаат со напредните просветни движења и училишните реформи на Запад.

Грчките родољуби, просветители-хуманисти, кои добиле образование на западноевропските универзитети, кои ја усвоиле западноевропската култура, биле најревносни спроводници на новата образованост во својата земја. Тие се стремеле просветата да ја постават на нова, модерна основа; старите училишта да ги реформираат во духот на западноевропските просветителски идеи - тие да станат општо достапни за широките народни слоеви и да распространуваат знаења неопходни за секидневниот практичен живот.

Тоа всушност било движење за ново, народно училиште, ослободено од сколастиката и догмите на религијата; - движење за такво училиште, во кое ќе може слободно да се одгледува световен поглед и хуманистички идеи и несметано да се развива слободната човечка мисла.

Ваквите стремежи на грчките просветители - да ги реформираат старите, келијни училишта во духот на западноевроп-

ската образованост, нашле на огорчена спротива од страна на грчкото духовенство - привржуниците на старата византиска култура и образованост; но и на отворена поддршка од напредната грчка интелигенција и свој дел од издигнатата трговска грчка буржоазија, кој од практични и патриотски побуди бил заинтересиран за просветно-културниот напредок на својот народ.

Западното влијание - новите просветителски идеи и сфаќања биле веќе ја зафатиле Грција кон крајот на XVIII век. Во тоа време по грчките острови и приморските градови никнале многу нови училишта кои давале световно образование. Особено се прочуло взаимното, алилодидактичното училиште на двајца грчки калугери - Макариј и Герасим на островот Патмос, основано по европски образец. По примерот на ова училиште во почетокот на XIX век се отвориле училишта и по другите острови на Средоземното Море, по градовите во внатрешноста на Грција и постепено проникнале во Бугарија и кај нас.[1/]

Особена пак заслуга за ширењето на новата образованост на Балканскиот Полуостров и воопшто за развитокот на народните училишта во Грција има пловдивскиот Грк G. Kleobulos /Клеувилос/.[2/] Тој е научник, писател од првата половина на XIX век. За време на еден свој престој во странство /Швајцарија и Германија/ тој ја запознал белланкастерската метода[3/] и 1820 г. ја вовел во грчките училишта во Јаш и Букурешт. Оттука таа се раширила во Грција, а потоа и во другите земји на Балканскиот Полуостров.

Во почетокот на XIX век движењето за реформа на училиштата во Грција зело широки размери. Освен на островите, во Цариград, Атина, Јаш и Букурешт, до своето ослободување Грците имале реформирани и добро уредени училишта и во Епир, Тесали-

ја, Македонија и Мала Азија. Од нив голема извесност добило јанинското училиште, кое во првата третина на XIX век станало центар на новогрчката просвета.[4]

По образецот на овие реформирани училишта, по грчкото востание 1821 г. и ослободувањето на Грција, грчки училишта почнале да се отвораат и во градовите на Македонија. Отпрвин грчки училишта се отвориле во градовите на Јужна Македонија и во оние градови на Западна Македонија во кои грчкото влијание проникнало уште порано /Охрид/[5], а подоцна и во другите градови, особено во оние во кои имало грчко или погрчено цинцарско население /Битола, Струга, Ресен, Прилеп, Крушово и др./. До 50-те години на минатиот век грчки училишта имало скоро во сите македонски градови, со исклучок само на некои од Северна Македонија /Гостивар, Тетово, Куманово, Кратово и др./

Постоењето на грчки училишта во македонските градови во првата половина на XIX век претставувало значаен фактор не само за развитокот на духовниот живот на нашиот народ, туку и за развитокот на учебното дело кај нас. Грчките училишта биле првите световни училишта кои се појавиле во Македонија. А во градовите на Јужна Македонија и во некои градови на Западна Македонија /Охрид, Битола, Струга, Ресен и др./, како и во Гевгелија, Струмица и др. , сè до 50-те, односно 60-те години на минатиот век, други училишта освен грчките и немало. По својот карактер тие битно се разликувале од тогашните општински келијни училишта во нашите градови. Грчките училиштата биле поуредени, во нив се предавале предмети со световна содржина, имале поподготвен наставен кадар и воопшто стоеле на повисок образовен ниво од келијните училишта. И макар што наставата во нив била на грчки јазик, тие биле посетувани не само од децата на грчкото и погрченото цинцарско население, туку и од децата на македонското население. Во грчките училишта учеле децата на македонското население и во градовите

во кои имало и словенски училишта и тоа главно децата на македонските чорбаџии Цркомани, како и децата на позакрепнатите македонски трговци и занаетчии. Последните ги праќале своите деца во грчки училишта од чисто практични интереси - за да го научат грчкиот јазик, кој во тоа време бил неопходен елемент за успешно водење на трговијата.

Во грчките училишта го добиле своето образование голем број македонски младинци, подоцна наши видни учители - просветители, книжевници и општествени дејци. Некои од нив учеле и во повисоките тогаш грчки училишта во Јанина, Солун, Атина и др. Тука тие имале можност да се запознаат со просветителските идеи на грчките учители и новиот дух кои владееле во реформираните грчки училишта. Збогатени со нови сфаќања за улогата на просветата во народниот живот, тие како учители во Македонија биле најизразити претставители на новата образованост.

Грчкото влијание, духот на новата просвета, сѐ повеќе проникнувал во училишниот живот во Македонија. Кон половината на минатиот век по образецот на грчките училишта почнуваат да се основаат и нашите први световни училишта. Тие не само што се уредуваат по образецот на грчките училишта, туку од нив ги освојуваат и наставните методи, па и наставните планови и програми. Всушност просветното дело во Македонија почнало да се реформира под влијанието на реформираните грчки училишта.

x x

x

Западното просветно влијание проникнало во Македонија и преку Србија и тоа нешто подоцна одошто преку Грција - кон средината на минатиот век, но исто така внесло значајни промени во училишниот живот кај нас.

Србија, нејзиниот северен дел, оној преку Сава и

Дунав, кој бил во состав на Австроунгарската империја, најрано бил зафатен од просветителските идеи на XVIII век. Веќе во втората половина на XVIII век бил реформиран школскиот систем во Австрија во духот на новата образованост. Со реформата биле опфатени сите училишта - од највисоките до најниските. Најпрвин биле реформирани бечкиот и прашкиот универзитет, потоа средните училишта, а 1774 г. и основните училишта.[6] Наставата во реформираните училишта била бесплатна и се изведувала на мајчиниот јазик. Освен тоа биле извршени крупни промени и во поглед на организацијата, содржината и методите на наставната работа. Тоа бил значаен акт на австриската царица Марија Терезија во областа на просветата и образованието на својата земја. Дотогаш скоро сите училишта ~~ми~~ /особено основните/ биле под контрола на католичката црква и служеле на нејзините интереси .

Но, Марија Терезија не се ограничила на реформирањето само на германските училишта. Стремејќи се да спроведе централизација во сите области на државно-управниот живот, таа исто така настојувала да оствари и еднообразно уредување на сите училишта на територијата на својата империја. За тоа, веднаш по реформирањето на германските училишта, врз база на општиот устав за германските училишта се пристапило кон реорганизирањето и на училиштата на другите народности кои живееле под австриска власт. Од областите со српско население под Австрија најрано биле реформирани српските училишта во Тамишки Банат.[7] 1766 г. Илирската дворска депутација изработила училишен устав за православните училишта во оваа област, а 1777 г. Тодор Јанковиќ - Миријевски отпочнал со нивното реорганизирање.[8] Потоа, 1778 г., врз база на овој устав биле реорганизирани српските училишта и во Унгарија и во областите присоединети на неа - во Срем, Славонија, Хрватска, Бачка, Барања и Банат.[9] По таков начин српскиот

народ во овие области уште во втората половина на XVIII век се здобил со свои, народни училишта. Нивната појава и понатамошниот развиток во знатна мера се должи и на материјалната поткрепа на напредната српска граѓанска класа, која во ова време покажува сѐ поголем интерес и разбирање за улогата на училиштето и значењето за просветата во животот на народот. За ширењето на просветата и просветителските идеи многу придонесле и истакнатите педагошки работници - Тодор Јанковиќ-Миријевски, Аврам Мразовиќ, Стеван Вујановски и др., кои активно учествуваат на реформирањето на школството и подигнувањето негово на современ ниво.

Меѓутоа, додека српскиот народ во областите преку Сава и Дунав под влијанието на новата просвета постигнал виден напредок во унапредувањето на своето школство, просветителските идеи како воопшто да не допреле и не ја засегнале просветата и школството во краевите на југ од Сава и Дунав. Во ова време српскиот народ во овие краеви пати под јаремот на турското ропство и во условите на таквиот живот тој не бил во состојба да обрне поголеми внимание на своето просветување. Навистина, постои некаква просвета, но таа била примитивна - не излегувала од рамките на црковната и самоучката писменост. Нешто подобри услови за развитокот на народната просвета настапиле по ослободувањето на српскиот народ 1804 г., За време на краткиот период /1804-1813 г./ на слободен живот, исполнет со непрекинати востанички борби, се отвориле училишта во скоро сите градови и паланки, а и во некои села. 1807 г. во Белград бил основан и "завод наменет за воспитанието на младината уреден по германски начин, под управа на Доситеј Обрадовиќ". А 1808 г. се отворила во Белград и "Велика школа", во која се подготвувале народни раководители, чиновници и наставници. Но сите овие школи имале многу краток век. Кога Србија повторно паднала под турско ропство, 1813 г.,

тке престанале да работат. Школството во Србија не напреднало ни по Второто востание 1815 г. За време од 20 години на релативно мирно владеење на кнез Милош, не биле отворени ни толку школи колку за време на Карађорђевата власт. Тоа се гледа и од фактот што до 1830 г. не било отворено ниедно повисоко училиште од основните. Истата година, и тоа со залагањето и настојувањето на Вук Караџиќ, се отворила во Белград "Врховна или виша школа," која 1835 г. се претворила во гимназија. Во 1835/36 г. на територијата на тогашна Србија имало вкупно 73 училишта со 2.599 ученици, од кои 26 биле правителствени, 27 општински, 19 приватни и 1 гимназија. А на крајот на првата Милошева влада, 1839 г., немало повеќе од 80 училишта со околу 3.000 ученици.

Многу повеќе грижи за развитокот на школството биле вложени по промените извршени во државната управа и политичкиот живот на Србија 1842 г. Тоа било и на линијата на задачата што си ја поставиле Уставобранителите за организирање на државата по европски углед. Тогаш веќе се согледува потребата за образован кадар толку неопходен за нормалното егзистирање на младата српска држава и на просветата и школството се обрнува достојно внимание. Токму во ова време ние гледаме и засилено просветно влијание од север, кое со себе го носи духот на новата образованост и под чие воздејство никнаа нови просветни и културни установи и постепено се шири мрежата на световните училишта во Србија. Во реформирањето на школството на Србија учествуваат и истакнати учители, професори и образовани луѓе од српските краеви преку Сава и Дунав За кратко време бројот на основните училишта знатно се зголемил, а се отвориле и средни и високи училишта. Во 1845/46 г. во Србија имало:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Основни училишта | 213 | со | 6.201 | ученик |
| Полугимназии | 3 | со | 151 | " |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Гимназии | 1 | со | 183 | ученици |
| Трг. школи | 1 | со | 28 | " |
| Посл.-трговски | 1 | со | 42 | " |
| Земјоделски | 1 | со | 110 | " |
| Богословии | 1 | со | 122 | " |
| Лицеј | 1 | со | 62 | " [10/] |

Во 1855/56 г., пак, во Србија имало 334 училишта со 9.891 ученик, а во 1857/58 г. 343 училишта со 10.518 ученици.[11/] Овој напредок во просветата и школството во 40-те и 50-те години на минатиот век, кој ја поставил Србија на современ пат на национален развиток, нашол одраз во развитокот на просветно-културниот и училишниот живот и кај нас - во Македонија.

Македонските градови одржувале живи трговски врски со Србија и српските краеви во Австрија уште во првата половина на XIX век. Тие врски, а напоредно со нив и културните, кои особено се развиле кон средината на истиот век, биле од огромно значење за појавата на световни училишта кај нас. Македонските трговци, кои по трговија оделе во овие попросветени земји и престојувале извесно време во нив, та имале можност да се запознаат со просветните движења и новите училишта кај нив, се враќале во Македонија со веќе оформен духовен интерес и желба исти такви училишта да отворат и во своите градови и со тоа да придонесат на просветувањето на својот народ. Кон средината на минатиот век ние гледаме дека по иницијативата токму на тие наши родољубиви трговци доаѓаат образовани учители од српските краеви преку Сава и Дунав, а исто така и од Србија и ја шират новата просвета кај нас. Во тоа подоцна учествуваат и учители Македонци, кои добиле образование во српските училишта. Така, благодарение на дејноста на овие учители - спроводници на новите просветни идеи, во ова време во некои градови во Северна Македонија /Скоп-

је, Тетово, Велес, Штип, Куманово и др./ почнуваат да се отвораат нови, световни училишта. Како центри на новата образованост овиеја училишта вршат влијание на развитокот на школството и во другите градови на Македонија.

x x
x

Исто така потребно е да истакнеме дека појавата на световни училишта кај нас се должи и на бугарското просветно влијание, кое од 50-те години на минатиот век почнува сѐ повеќе да се чувствува во нашиот училишен живот. Но по својот интензитет тоа во ова време знатно е послабо од српското влијание. Развитокот на школството во Бугарија кон половината на минатиот век и по бројот на отворените училишта и по нивниот карактер не е на нивото на развитокот на школството во Србија. Во ова време бугарскиот народ сѐ уште се наоѓа во условите на политичко и духовно ропство и не е во состојба да развие поголема дејност во унапредувањето на своето школство. Всушност до 30-те години на минатиот век на територијата на тогашна Бугарија не постоело ниедно световно училиште на бугарски јазик. Такво училиште било отворено дури 1835 г. во тогаш напредното занаетчиско и трговско гратче Габровох[12/] и тоа по иницијативата и настојувањето на бугарската трговска емиграција во Романија и Русија /главно Априлов и Палаузов/, која со тоа сакала да придонесе на просветувањето на својот народ и ширењето на новата образованост во Бугарија. Прв учител во ова училиште бил Неофит Рилски, заслужен просветен деец на реформирањето на школството во Бугарија. Тој ја усвоил взаимната метода во грчкото училиште во Јаш и ја применил во габровското училиште.[13/] Потоа, свршените ученици на ова училиште отвориле и други такви взаемни училишта.

За кратко време взаимната метода се раширила по цела Бугарија. До половината на минатиот век взаимните училишта сосем ги потиснале келијните училишта и последните го изгубиле своето значење.

Понатамошниот развиток на училиштата во Бугарија ја бележи појавата и на класни училишта. Взаимните училишта, кои всушност давале само елементарна писменост, не можеле да ги задоволат потребите за повисоко образование. А економскиот живот и општествениот развиток на бугарските градови кон половината на минатиот век сѐ повеќе ја наложуваат потребата за такво образование. И класните училишта токму се појавуваат да ја задоволат оваа потреба на занаетчиската и трговската средина. Тие се отвораат по образец на грчките класни училишта, какви што имало во првата половина на XIX век во поголемите бугарски градови /Свиштов, Котел, Плевен, Шумен, Пловдив и др./[14/]. Во прво време класните училишта биле подржувани од учители Бугари, кои образованието си го добиле во грчките училишта, а подоцна - од 50-те години, и од руските воспитаници, кои ги реформирале по образецот на руските класни училишта во тоа време. Но не помало се заслужни за ширењето на новата образованост во Бугарија и оние бугарски младинци, кои учеле на западноевропските виши училишта. Проф. Пенев наспомнува дека 1869 г. во Прага учеле 23 Бугари, а уште во 50-те години имало Бугари и на белградската Виша школа.[15/] Бројот на класните училишта постојано растел. До ослободувањето на Бугарија класни училишта имало во скоро сите градови и во некои села. Меѓу нив особено се прочуле како најуредени габровското и пловдивското класно училиште.[16/]

Развитокот на просветата и училиштата во Бугарија влијаел и врз развитокот на училиштата во Македонија. Тоа влијание, како што веќе одбележивме, проникнува кај нас кон 50-те години

на минатиот век. Во ова време нашите градови пројавуваат веќе стремеж за унапредување на просветата и подигнување на училиштата на современ ниво, на некои од нив доведуваат не само српски, ~~учители~~, туку и бугарски учители, кои во нашите училишта ја воведуваат новата образованост. Од друга страна, новото искуство во нашите училишта го внесуваат и македонските учители, кои се запознале со него во реформираните бугарски училишта. Така, во прво време, во некои наши градови, особено во Источна Македонија, се појавуваат взаимни училишта, а подоцна и главни, класни училишта, организирани по углед на тогашните бугарски реформирани училишта.

Меѓутоа, појавата на нови, световни училишта во нашите градови не се должи само на просветните влијанија и трговските врски кои придонесле тие влијанија да проникнат кајн нас; туку уште на еден важен фактор - на економскиот развиток, економскиот подем што нашите градови го достигнале кон средината на минатиот век. Економскиот развиток, интензивниот стопански живот кој им донел материјална благосостојба на нашите градови, создал благотворни услови и за нивниот духовен просперитет. Не е случајно што првите световни училишта се отвораат во економски најразвиените тогаш градови, во кои цутеле занаетчиството и трговијата /Скопје, Велес и др./. Со развитокот на економските услови на животот се чувствувала сè поголема потреба за нови, световни знаења што ќе го олеснат водењето на трговијата. И нашите трговци и занаетчии и воопшто луѓе од нивната средина се главните иницијатори и фактори во отворањето на световни училишта. Но, овие будни и дејателни граѓани во ова патриотско дело не се раководеле само од своите практични, туку и од општествените и образовните интереси на својот град. Тие не жалат материјални средства и се натпреваруваат со другите градови за да имаат по-

добро и поуредено училиште, поубава црква, поспособен учител и воопшто со нешто да се истакнат од нив. Тоа е општ полет не само за економски, туку и духовен просперитет, кој е така карактеристичен за нашите градови од ова време.

## 2. Борба за македонско народно училиште

Средината на XIX век е период на брз економски напредок и општествен развиток, условен со проникнувањето на капиталистичките односи во нашите градови. Тоа е период кога нашето граѓанство економски зајакнува и се појавува како фактор не само во стопанскиот, туку и во општествениот живот на нашиот народ и бара перспектива за своите интереси.

Нашето граѓанство увидува дека во условите на современиот процес на буржоаскиот развиток, кој ги зафаќа нашите градови во ова време, во условите на општествено-економските промени предизвикани од овој развиток, неговата егзистенција и развиток се тесно поврзани со неговиот просветно-културен напредок. Тоа јасно ја согледува важноста на новото световно училиште - основната придобивка на новото време и развива општествена иницијатива и активност за отворање на такви училишта и ширење на просветата и културата воопшто. Од друга страна, создавањето на македонско народно училиште, со настава на мајчин јазик, би било најефикасно средство против духовната /црковната/ и просветната доминација на Цариградската партијаршија и против грчката буржоазија - најопасниот конкурент на македонската буржоазија на домашниот пазар. И токму во борбата, која нашата граѓанска класа и народ ја започнуваат за ослободувањето од вековното духовно ропство на Цариградската патријаршија и против економската експлоатација на грчката буржоазија и нејзините стремежи за елинизирањето на македонското население, се раѓа и раз-

вива нашето народно, преродбенско училиште. Никнало во почетокот за да ги задоволи образовните потреби на нашето граѓанство, тоа прераснува во орган за преродба на нашиот народ, за активен просветен и културен живот, силно манифестирајќи ги неговите стремежи за културно-национална самостојност.

Идејни носители на оваа борба и верни изразители на народните стремежи низ неа се нашите учители преродбеници: Јордан Константинов-Џинот, Димитриј Миладинов, Рајко Жинзифов, Партенија Зографски, Кузман Шапкаров, Григор Прличев, Димитар Македонски и др. Како учители-просветители, ослободени од влијанието на грчката култура, тие се најенергичните борци против грчкото духовенство и грчките училишта, спротивставувајќи им свои, македонски училишта, со настава на народен јазик.

Борбата против грчките училишта, грчкиот јазик и просвета, за отворање на македонски народни училишта, отпочнала уште во 30-те години на минатиот век. За таков почеток треба да се одбележи отворањето на првото општинско училиште на монахот Павле Хорват[17] во Скопје, 1835 или 1837 г. Со неговото отворање, односно одделување од грчко-словенското училиште на даскал Никола, скопските граѓани јасно ја изразиле својата желба да имаат свое, народно училиште, во кое нивните деца ќе се учат на македонски јазик. Меѓутоа, ова училиште, како и она на учителот Павле - Партенеј[18], кој учителствувал во Скопје 1851 г., не можеме да го сметаме за световно училиште, зашто во него напоредно со некои световни предмети се учеле и црковни предмети и што наставата сé уште се изведувала по старият, манастирски метод. Во тоа време, под влијанието на световните училишта, какви почнале да се отвораат во соседните земји, во некои општински келијни училишта, па и во приватни келијни училишта и во други наши градови почнуваат да се учат и некои световни предмети. Но од истите причини и понатаму во овие училишта наставата задржува

црковен карактер.

Првото наше народно училиште со световна содржина било отворено во Велес - во маалата "Прцорек", на левата страна на р. Вардар. Неговата појава е врзана за името на нашиот преродбеник Јордан Константинов-Џинот, кој тука всушност ја започнал борбата за воведување на народен јазик во нашите училишта. Појавата на вакво училиште во Велес не е случајна. Во првата половина на XIX век Велес е на прво место меѓу нашите градови не само во економски, туку и просветно-културен поглед.[19] Неговите собудени граѓани, кои имале живи трговски односи со соседните слободни земји /Србија, Грција/ и низа други европски земји /Австрија, Германија, Русија и др./ и биле запознаени со просветните и културните придобивки на нивните народи, знаеле да ја ценат просветата и книгата и на македонски јазик. Тоа се потврдува со фактот, што во ова време во Велес имало над 150 претплатници на поедини дела печатени на македонски јазик, а некои негови граѓани имале и свои библиотеки.[20] Освен тоа, Велес имал богати просветни и училишни традиции. Од најстаро време во него непрекинато постоеле келијни училишта.

Имено во вакviот Велес, со необично развиен интерес кај неговите граѓани за просветно-културно издигање на својот град, дошло и до организирањето на првото наше училиште, со современа световна настава. За годината во која тоа почнало да работи како световно училиште немаме точни податоци. Според тврдењето на едни автори[21], тоа станало световно 1837 г., кога Џинот бил поговен за учител во ова училиште од страна на училишното настојателство, и дека по краткото учителствување му во него, поради опозицијата на градските првенци и свештеници, бил принуден да го напушти и да отвори свое приватно училиште. Според тврдењето пак на други автори[22], Џинот ја вовел новата, взаимна училишна метода во брзоречното училиште 1839 г., односно 1840 г.

а пред тоа тој држал само приватно училиште. Но, макар што постојат вакви спротивни мислења, сепак може да се претпостави дека Цинот можел да ја воведе новата училишна метода во брзоречното училиште уште 1837 г., ако се земат за веродостојни тврдењата на некои бугарски автори[23] дека тој пред тоа ја усвоил взаимната метода од бугарскиот взаимен учител Никола Тонџоров во Самоков, кај кого 1835 г. бил извесно време на учење. За ова ни говори и митрополитот ~~xxxxxxxx~~ Натанаил во своите "Автобиографски белешки, кој во исто време, кога и Цинот, учел кај споменатиот бугарски учител, наспомнувајќи дека тие кај него учеле некои предмети и по взаимната метода.[24] Доколку пак Цинот поради краткото време /останал во Самоков од крајот на април до 1 декември 1835 г./, не успеал да ја усвои новата училишна метода од даскалот Тонџоров, за тоа тој секако имал можност и подоцна, за време на своето престојување во Солун, каде дошол по враќањето си од Самоков во Велес, за да го продолжи образованието си. Во Солун тогаш биле на глас грчките взаимни училишта и тука Цинот не само што се усовршил во знаењето на грчкиот јазик, туку и наполно ја запознал взаимната метода. Меѓутоа, колку време тој се задржал во овој град и кога се вратил во Велес, не е извесно. Веројатно тој не останал во Солун повеќе од две години и се вратил во Велес 1837 или 1838 г., па може да се претпостави дека тогаш ја вовел новата училишна метода во училиштето во маалата "Прцорек".

Поподробни податоци за работата и карактерот на ова наше училиште немаме. Но и од оние податоци со кои располагаме, може да се установи дека тоа било, главно, световно. Во едно свое писмо што го испратил до "Друштвото Српске Словесности", Цинот говори и за предметите што ги предавал во своето училиште во Велес. "Аз в ' Велес от прво деца кога за учих, почех да ги

учам Букварь, Св. историја, црквена историја, Оглешение вери, Географија, всеобштаја историја, Граматика с художнословие и диалектика, црквена опрова, Т'якование все свјаштенно писание, Митологие, и т.д."[25] Уште во почетокот на својата просветна дејност Џинот имал големи пречки. Владиката Игнатие нерадо гледал на него како нарраен просветител и на неговото училиште како центар за ширење просвета на македонски јазик. За да го оневозможи во неговата учителска работа, владиката го обвинувал Џинот дека е "фрамазон", дека "еретички учи" и "...сака да ја расипе верата", го анатемисувал, а народот го заплашувал да не ги праќа децата да учат кај него.[26] Истиот владика три години го прогонувал Џинот од Велес. За тоа време, т.е. од 1838/39 до 1842 г., неговото училиште било затворено.[27] "Но аз отидох в Солун, в Св. Гора, в Хиос /Сах'с/, в Патмос, и па си дојдох дома"[28] За време на ова патување Џинот се запознал со организацијата и работата на напредните тогаш грчки училишта[29] и кога се вратил во Велес, одново и со посилен жар започнал да работи во училиштето. "Па почех да учам возљублените наши Славчиња, и ступах с едно уредно напредие, и успех показах."[30] Меѓутоа, ни новодојдениот грчки владика Теоклит, а подоцна ни владиката Авксентија Болгарин, кој бил "...хиљадо пути по зол от првите...", не го оставиле мирно да работи во своето училиште.

Во тоа време, т.е. од 1843-1847 г., во прцоречкото училиште учителствувале и двајца српски учители - Спиридон Јовановиќ и Саво Радојчиќ. Првиот учителствувал од 1843-1845 г., а вториот од 1845-1847 г.[31] Спиридон Јовановиќ пред доаѓањето во Велес бил учител во Ниш. Оттука го довеле велешките трговци. Тој бил образован и добро подготвен учител. Васил К'нчов истакнува, дека за време на неговото учителствување во прцоречкото училиште сосем биле исфрлени црковно-словенските предмети и наста-

вата била поставена на нова, световна основа.[32] Во исто ова време - до 1848 г., со извесни прекини, поради прогонувањето од грчките владики, учителствувал во прцоречкото училиште и Јордан Констaнтинов, кога по покана на скопските граѓани отишол за учител во Скопје.[33]

Доаѓањето на Џинот во Скопје означува пресвртница за неговиот-просветно-културен и национален живот. Ентузијазмот во својата просветителска дејност - во ширењето просвета на мајчин јазик, а над сѐ голем патриот, Џинот уште во почетокот на својата учителска кариера во Скопје развива голема активност на унапредувањето на скопското училиште и неговото реформирање во духот на новата образованост. Тој ги разделил учениците на одделенија, вовел во наставата световни предмети и новата училишна метода; вовел и клупи и современи наставни средства: училишни таблици, песочница, географска карта и др. Дотогаш келијно, училиштето при црквата Св. Богородица добило современа, модерна физиономија. За намената што сега ја добило училиштето била подигната и нова училишна зграда во дворот на истата црква. Таа била соградена на иницијатива и со материјална помош на градските првенци браќата Поповиќи, со кои Џинот бил во многу добри односи, а и со парични прилози на други скопски граѓани. Најголеми прилози дале: браќата Поповиќи - 5.000 гр., браќата Х. Кочови - 5000 гр., Зафир Малев - 5000 гр. и Васил Икономов - 15.000 гр. и својата библиотека со 500 книги.[34]

Училиштето имало 3 одделенија. Првото одделение се викало <u>детовоспитное</u>: во него малите деца учеле да читаат и пишуваат на таблиците и песочницата. Второто одделение се викало <u>гимназијално</u>: во него поголемите деца учеле граматика, географија астрономија, општа и црковна историја, числителница и алгебра и "собранија" од древните писатели. Третото одделение било <u>црковное</u>

- во него децата учеле за црковниот ред. 1851 г. во прво одделение имало 120 ученици, во второ 24 и во трето 35, вкупно 179 ученици.[35/]

Но освен овие предмети во училиштето учениците учеле и за трговија, посланија, облигации, векили, квити, конти, тестаменти, атестати, пословица и дневник чаршиски.[36/] Од ова се гледа дека училиштето на Џинот имало наполно световен карактер и било приспособено за потребите и изискувањата на трговците и занаетчиите, кои материјално и го издржувале училиштето. 1852 г. Џинот го објавил во целост наставниот план на своето училиште во „Цариградски весник."[37]

Окружено со љубов и грижите на скопските граѓани, особено на браќата Поповиќи, Константин Икономов и Трајче Тонкин Анастасков, чие несебично залагање Џинот не еднаш ќе го истакне[38/], училиштето постојано напредувало. За неговиот успех Џинот вложил големи усилби. За да ја олесни работата на учениците, тој се погрижил да се добијат учебници од Белград и Цариград.[39/] Неговото училиште брзо се прочуло како едно од најарните тогаш во Македонија. "... и такво беше скопское училиште, што в всичка Турција още нема, и мучно е да има."[40/] Во него учеле не само децата на скопските трговци и занаетчии, и од околината на Скопје, туку и од другите македонски градови /Велес, Куманово, Тетово, Дебар, од подрачјето Река, па дури и од Призрен/.[41/]

За самопрегорната работа на Џинот во училиштето дознаваме од една дописка на неговите ученици.

"Учителот сами не не остава. Во седум дни еднаш излегува на прошетка во чаршија и тоа по еден саат. И ние од него земаме пример, и нам од училиштето на друго место не ни се оди."[42]

Каков успех постигнало и како било примено македонското училиште на Џинот од скопското население се гледа од фактот, што по неговото отворање грчкото училиште останало скоро

без ученици. За тоа ни говори една дописка испратена од Скопје, а објавена во весникот на Љ.Ненадовиќ "Шумадинка". Донесуваме одломка од неа.

Скопе 26 декемвриј 1851 г.

"... Почем се дакле и код нас од неколико година, почела народна свест пробуђивати, или боље да речем, пошто е се и роду нашем звезда лепе будућности указивати почела, станемо о томе старање водити, како би школу на нашем езику установили, и у том послужени будемо срећом, те пре две године добисмо за учитеља неког Јордана Констaнтиновића, родом од Велеса, човека истина младог но пуног ватре и жарког родољубја, и овај почне децу нашу у Словенском читању и писању прилежно обучавати. Успехом овим преко сваке мере обвеселени, давали смо дечицу нашу у младо ово наше училиште непохотније, благодарећи притом непрестано Богу и Султану, који е ту слободу нами благоупотребно даровао, да и дечица наша еданпут на свом матерњем езику могу научити Бога и старије своје почитавати. Но како е сад због ове наше школе, Грчка школа готово празна остала, ер свакиј родител воли да му дете, прво на матерњем езику што научи, па после ако доспе, нека учи и на туђем, то Грци нашавши се увређени, почну противу нас и нашег учитеља јавно роптати, и то роптање најпосле приобрати се у јавну распру и тако 28 т. м. сабору се Грци у Митрополију овдашњу, и призову наши општинара и учитеља Јордана, и пред самим Митрополитом рекну нам, да до три дана морамо нашу школу затворити, иначе да ћемо зло проћи. На то наши успротиве се питајући исте Грке, од кога они имају ту власт заповедати им, да не смеду школу држати и тако у томе изроди се и већа распра, но најпосле помире се, али: као мачка и миш..."43/

Но, Џинот не се ограничил само на дејноста во учи-

лиштето, која ја обзувал со голема љубов, туку и активно учествувал во општествениот и просветно-културниот живот на градот. Тој бил неуморен проповедник и агитатор. Секогаш кога за тоа имал можност - во куќата на некој од своите пријатели, пред насобраниот народ во црквата или училиштето, Џинот држел пламени говори во патриотски дух и отворено истапувал против фанариотското свештенство и ненародниот грчки јазик. Такви говори тој држел секоја недела и празник во црквата, а по богослужбата ги повикувал граѓаните да го посетат училиштето, каде неговите ученици давале театрални приредби со морално-поучна и национална содржина. Неговото училиште станало центар не само за ширење на просвета на мајчин јазик, туку и центар за национално будење на населението.

Ваквата дејност на Џинот му донела голема популарност кај народот. Но таа не останала незабележена од страна на грчкиот владика Јоаким и однародените скопски чорбаџии - неговите најогорчени непријатели. Додека ја имал заштитата на влијателните градски првенци - браќата Поповиќи, особено на постариот брат Георги, кој бил носител на црковно-просветната борба против грчкото духовно ропство, Џинот спокојно работел во своето училиште. Но, кога браќата Поповиќи паднале во немилост кај Турците заради своите врски со Русија, а особено заради тоа што Хаџи Ѓорѓи од 1851 г. бил почесен руски конзул во Скопје и во почетокот на Кримската војна /1853г./ биле уапсени и интернирани во Серез, се влошила положбата и на Џинот. Владиката Јоаким интригирал против него кај Турците дека е руски шпион и овие почнале да гледаат на Џинот како на опасен човек. Кон крајот на 1853 г. владиката Јоаким и приврзаникот на него Никче Х. Трајков повторно го наклеветиле Џинот пред власта и тој повторно бил отстранет од училиштето. За ова Џинот пишувал подоцна во едно

свое писмо до "Друштвото Српске Словесности", следното:

"На 1853 от Скопле ме обклевети скопски владика и четири Грека между них и 4 Бугарски отпадници, на Турци како да сам бил Росијски соиладатај, и подстрекавам Србли и Бугари да се бунат; Пет пути пред Паши ме судеха; седм пути шпифи ноќе ме влекоха; - најпосле владиката и Х. Трајковић и греци немилостиви на Турци в мезличо дадоха потпис да ме погубат, на што ке дојде они да се отговорат. - На мезлич мене ме призваха и ми рекоха до три дни ако не си станеш, ке те убиеме; и тако Скопско училиште владика и греци го разорихa..."[44]

Принуден да го напушти Скопје, Џинот се вратил во родниот си град Велес. Но и тука не нашол мир. Неговиот огорчен непријател владиката Авксентија го изгонил од Велес и тој отишол во Цариград, за да бара заштита од рускиот конзул. Бидејќи овој во тоа време не се наоѓал во Цариград, Џинот секи обрнал за помош кај српскиот капу-ќехаја Николаевиќ, кој се заставил за него кај турската управа и му издејствувал дозвола да се врати во Скопје. "Ја от него испросих да ме прати опште единаш в Скопле за инат на греците и владиката, и да знајат как сам прави тврди Славјан..."[45]

Кога Џинот дошол во Скопје, во почетокот на 1854 г. неговото место во општинското училиште при црквата Св. Богородица било веќе зафатено[46] и за тоа тој отворил приватно училиште во куќата на скопскиот граѓанин Божидар Ботуш.[47] Но и како приватен учител тој имал големи пречки и тешкотии во работата. Владиката продолжил да интригира против него и неговото училиште, а Џинот јавно изнесувал за неговите злоупотреби. Еден ден владиката го повикал и му рекол: "... Бре учител! Аз сум Турчин от 50 години вамо, та ке те затријам дибидус. - Така ми се пoхвали и Х. Трајковић."[48]

При крајот на 1856 г. положбата на Цинот во Скопје сосем се влошила. Неговите противници - владиката и чорбаџиите го наклеветиле пред власта дека го бунтувал народот да не плаќа даноци. Тој бил уапсен и прогнан од Скопје. Торжествено испратен од скопското население - маже, жени и неговите ученици, на 28-I-1857 г. Цинот заминал за Белград, за да бара заштита.

"Плачевна сцена во нашиов град се случи. Учителот од нашиот град Г.Јордан Х. Константинов настрада неправедно и злосторно од гонењето на нашиот митрополит Г.-н Јоаким и Г-н Никче Х. Трајков, кој е ревносен приврзаник на неговото Преосвештенство. Јордан ја исполнува службата на еден особен начин, и со своето добро поведение ја привлекува не само почеста на Бугарите, ами уште и на Турците.

Начинот на кој тој предаваше толку привлекуваше... што не само мажи туку и жени одеа да слушат уроци кај него. Сето тоа не им беше пријатно на митрополитот и Г-н Никче и го извадија учителот од служба и претпочитаа да ги остават децата на улица да играат и да учат она што се учи по улиците, само да не се во училиштето каде учеше Г-н Јордан."[49]

По краткиот престој во Белград, Цинот се вратил во Скопје со препораки до призренскиот паша и владиката Јоаким. Меѓутоа, ситуацијата нималу не се подобрила за него. Напротив, судирите со владиката и чорбаџиите продолжиле и биле сѐ поостри. Цинот останал во Скопје уште неколку месеци како приватен учител, потоа бил уапсен од Турците и испратен на заточение во Битола.[50]

Така завршила десетгодишната борба на Цинот за народно училиште во Скопје, за време на која биле поставени цврсти темели на македонската писменост и јазик и отстрането духовното влијание на грцизмот во овој наш град.

1850 или 1851 г. било отворено световно училиште и в

западната страна на Велес. Меѓутоа не може точно да се утврди кој учител го отворил. Хр. Чочков наспомнува за српскиот учител Будимировиќ, а Ј.Х. Васиљевиќ пак тврди дека овој учител во ова време учителствувал во источната страна на Велес.[51]

Во почетокот на втората половина на минатиот век световни училишта имаат и градовите Куманово, Тетово и Штип. Во училиштето во Куманово световна настава вовел 1852 г. учителот Живко Марковиќ[52], кој дошол од Србија; во Тетово 1854 г. Јордан Х. Константинов-Џинот[53], за време на своето учителствување во овој град; а во Штип 1855 или 1856 г. учителот Павле Грозданов, односно Златанов[54].

Во ова време - кон крајот на 50-те години на минатиот век, доаѓа до сѐ позасилена дејност за понароднување на грчките училишта во градовите Прилеп, Струга, Кукуш и Охрид и воведување во нив македонски јазик. Оваа дејност ја започнува нашиот виден преродбеник Димитриј Миладинов. По враќањето од патот по Херцеговина, Босна, Војводина и Србија, каде се задржал скоро една година, при крајот на 1856 г. тој се погодил за учител во грчкото училиште во Прилеп. Наполно преороден и веќе убеден Славјан, чувствувајќи ја големата културна заостанатост на својот народ, Д. Миладинов развил сестрана дејност за просветното издигање и националното будење на неговото население. Тој неуморно работел на воведувањето на македонскиот јазик во училиштата и воопшто на просветувањето на прилепскиот човек. Макар што бил грчки учител, Д. Миладинов се зазел и за преуредувањето на тогашното општинско келијно училиште. Тој ги убедил прилепските граѓани дека освен црковно-словенските науки, неопходно е да се воведат во училиштето и други - световни науки и живиот народен јазик. Самиот тој во грчкото училиште предавањата ги држел на македонски, српски и црковно-словенски јазик, а во наставата

работа се служел главно со српски учебници /буквари, читанки, граматики, песнарки и др./, што ги добил од Белград, а исто така и со некои бугарски книги, што ги добил од Цариград.[55] Под неговиот надзор прилепските училишта добро напредувале. Со таквата своја дејност Д. Миладинов успеал грчкото училиште да го "заразм со Славјанство", а келијното славјанско училиште да го преуреди во духот на новото време, - "во кое понапред освен црковни други книги не се допуштале."[56]

Но, Д. Миладинов непрекинато мислел и за тоа, како да се воведе македонскиот јазик во грчкото училиште во родниот му град Струга. И кога за тоа му се укажала можност - за време на престојувањето во Струга во летото 1857 г., каде дошол да се види со своето семејството, тој го поттикнал тогашниот учител во грчкото училиште - Кузмана Шапкарев, да го воведе мајчиниот јазик. Повлијаен од Д. Миладинов, истата година К. Шапкарев вовел македонски јазик во грчкото взаимно училиште во Струга. Во една дописка објавена во Цариградски весник, Д. Миладинов за тоа пишувал: "... Овде во Струга касаба почна во заемноучилиштето Г-н Кузман Пасхалиов /Кузман Шапкарев-б.н./ заедно со Господина Георгиа папа Христов Икономов, како на читане по Болгарски, така и на краснописанието, и децата писуват како со штамба..."[57]

Нешто подоцна и В."Македонија" овој значаен момент за учебното дело на Струга го одбележил со следниве зборови: "На времето на покојните /т.е. братја Миладиновци/ год. 1857: тогашните учители в'ведоха Б'лгарскиј јазик в Струшкото взаимно грбцко дотога училиште да се предава заради тогашните обстојателства по не два п'ти в седмицата в пет'к и сабота а малку после на 1859 г. като пост'пи Д. М. /= Димитрија Миладинов/ в главното училиште, в'ведоха го и в него."[58]

Димитриј Миладинов се погрижил да го снабди училиштето со потребни учебници. Кога се вратил во Прилеп, тој му по-

пратил на Шапкарева српски букварн, а подоцна од Кукуш му испратил доволен број Партениеви буквари и свештени истории. "Защто от как си хојде назад на местото си в Прилеп... ми прати 15 буквари сърбски с църковни писма. После от как хојде в Кукуш ми прати доволни Български Буквари и Св. Истории издадени от Архимандрита Партенија Зографского, сегашниј Полијанcки /Кукушки/ владика..."[59]

Уште додека бил учител во Прилеп, а повторно за време на своето престојување во Струга, Д. Миладинов бил поканет од кукушките граѓани да дојде за учител во Кукуш. На изразената нивна молба во писмото да се воведе мајчиниот јазик во кукушките училишта, Д. Миладинов воодушевено им одговорил: "... Скокам од радост, кога го гледам вашиот стремеж и љубов спрема нашиот мајчин јазик, и особено за тоа, штож множина од младинците и свештениците решиле сесрдно да го учат славјанскиот јазик, та по неколку месеци да можат да ја служат и Божествената служба на старинот наш прадедовски јазик... Согласен сум со вашиот предлог и во скоро време ке дојдам..."[60] Во месец ноември 1857 г. Д. Миладинов пристигнал во Кукуш. Со веќе порано пристигнатиот Рајко Жинзифов, тој развил широка народно-просветителска дејност. Ги реорганизирал училиштата /взаимното и главното/, внесол во нив нова наставна содржина и набавил потребни учебници од Велес и Цариград.[61] За прв пат во кукушките училишта се чул милозвучниот мајчин јазик. Во нив се собрале не само редовните ученици, туку и оние младинци кои одамна ги напуштиле училиштето кнупи. Учителите самопрегорно работеле, а учениците се труделе да постигнат што подобар успех. "... Од ден на ден работата одеше напред; за кратко време децата научија слободно да читаат и пишуваат, и весело беше да се гледа, како тие исти деца, на кои им беше потребна цела година за да научат слободно да читат на грчки, и две или три години, за да разберат нешто од грчкиот

јазик, сега за два или три месеца можеа слободно да читаат и разбираат раскази од Бугарската историја..."[62] Училиштето го посетувале не само децата од Кукуш, туку и од најоддалечените кукушки села. Радоста на кукушаните била неизмерна што децата им учеле на прадедовскиот јазик. Нивната љубов спрема својот роден јазик била така силна, што и маже и жени од 20 до 25 годишна возраст, а и постари од нив, секој ден попладне оделе во училиштето и учеле на црковно-словенски и македонски јазик. Училиштето станало центар за описменување во македонската писменост на населението од целата кукушка околија. Д. Миладинов развил жива дејност за воведување на народниот јазик и во црквата. На Св. Тројца 1858 г. богослужбата во кукушката црква за првпат била отслужена на славјански јазик. Ваквата, родољубива негова дејност на националното будење на кукушкото население не била добро гледана од грчката црковна власт. Но и покрај пречките на фанариотите, Д. Миладинов останал во Кукуш до 1859 г., неуморно работејќи на воведувањето на народниот јазик во училиштата и црквите и во кукушките села.

Идната, 1859 г., е значајна за просветата на град Прилеп. Во оваа година за главен учител во прилепското народно училиште дошол Јордан Х. Константинов- Џинот. Пред неговото доаѓање ова училиште било келијно и во него учителствувале главно келијни учители. А грчкото училиште, кое работело во истата зграда[63] во која и македонското училиште, било световно и добро уредено. Во него учителствувале способни учители, кои образованието си го добиле во тогаш прочуените грчки училишта во Јанина, Козани, Негуш, Атина. Поттикнати од успехот на грчкото училиште, за издигнувањето на кое битолските владики вложувале особени грижи, а особено од фактот што во него оделе да учат освен влашки и македонски деца, собудените прилепски граѓани решиле за своето училиште да најдат способен учител, кој училиштето ќе го издиг-

не на потребна висина. Таков учител тие нашле во лицето на егзалтираниот народен будител Јордан Х. Константинов - Џинот. Некои бугарски автори, Хр. Шалдев[64], Георги Трајчев[65] и др., погрешно забележиле дека Џинот дошол за учител во Прилеп 1858 г. Од една дописка испратена од Прилеп, а објавена во Цариградски весник, се гледа дека тој бил повикан за учител 1859, а не 1858 г. Непознатиот дописник за тоа известил следново:

"Преди неколку дни писал ви бех за состојанието на нашиј град. Казах Ви че Почтените прилепски граждани сја собудиха и че решиха училиште на природниј свој јазик да отворјат и че едногласно призоваха от Велес Г-на Јордана Х. Константинова за учител."[66]

Џинот почнал да работи во училиштето на 15 јуни 1859 г.[67] Со голема преданост тој се зафатил со реорганизирањето на училиштето и го поставил на модерна основа. Во наставата вовел нови, световни предмети и нови училишни средства; учениците ги разделил на групи и на секоја група ѝ го одредил местото. На крајот на учебната година Џинот одржал /прв пат во Прилеп/ јавен испит со учениците и со успехот што тие го покажале прилепчани биле воодушевени.[68]

Ј. Константинов не учителствувал долго време во Прилеп. Ни една полна година. Но и за тоа кратко време тој оставил длабоки траги во неговиот општествен и просветно-културен живот. Всушност со неговото доаѓање и започнала борбата против фанариотското духовно ропство во Прилеп. Како и во Скопје и тука секоја недела и празник Џинот држел пламени говори во патриотски дух и го бодрел народот за борба против Цариградската патријаршија и фанариотските владики. Необуздан патриот, тој смело и отворено истапувал против битолскиот владика Бенедикт и неговата елинизаторска политика, со кого најпосле дошол и во јавен конфликт.

Владиката го обвинил кај битолскиот мјутеселим дека е бунтовник и фасатчија и Цинот наскоро бил отстранет од прилепското училиште.69/

По Јордан Константинов Џинот за главен учител во народното училиште дошол Васил Алексиев Ќурдалев, родом од с. Маврово. Тој своето образование го добил во Пловдив, каде ја усвоил и новата училишна метода. Тој ја продолжил работата на Џинот, но вовел и некои свои новини. В. Алексиев ги разделил учениците на три класа - "разреда" и вовел во наставата уште некои предмети /"числителница" за четирите дејствија, земјопис за петте делови на светот и друго./. Заедно со прилепчаните Христо Колчаков Иван С. и Стефанов, С.П. Дрндаров и Помјанов, кои биле негови помошници, тој учителствувал во Прилеп пет години, од 1860-1865 г., и за тоа време училиштето добро напредувало.70/

1859 година е значајна и за учебното дело на град Охрид. Во оваа година во него биле отворени првите училишта на македонски јазик. Појавата на словенски училишта во Охрид во ова време е до толку значајна, што тој од сите наши градови бил најсилно повлијаен од грцизмот. Во текот на неколку века тој бил изложен на една интензивна елинизација. Колку било силно грчкото духовно влијание се гледа и од фактот, што во првата половина на минатиот век во Охрид постоеле само грчки училишта.71 Тоа го потврдува и К. Шапкарев, истакнувајќи дека охридските училишта до 1859 г. и малку подоцна биле грчки, т.е. со настава на грчки - елински јазик.72/ Но тоа не значи дека охридските граѓани не сакале да отворат училиште на мајчин јазик и порано. Граѓаните од "Варош"73/ се обиделе да отворат славјанско училиште при црквата "Св. Никола", наречена Топлица, уште во 1857 г. Како пак не нашле учител кој знаел славјански, макар таков да барале дури и од белградскиот митрополит,74/ не дошло до отворањето

на училиштето. Сепак, две години подоцна такво училиште се отворило во Охрид и тоа во куќава на мајсторот-самарџијата Георги Мустрев во "Мезокастро". Георги Мустрев научил да чита црковнословенски во дебарскиот манастир Св. Јован, а од него и неговиот син Никола.[75] К. Шапкарев претпоставува дека Мустреви кореспондирале со Партенија Зографски и дека тој ги поттикнал да го отворат училиштето.[76] Некои весници, кои излегувале во тоа време го одбележиле отворањето на ова училиште.[77]

Мустревото училиште било приватно и работело само вечерно време, "од залезот на сонцето до два часа след него".[78] Наставата се водела на месниот охридски говор. По својот карактер тоа не било само црковно училиште, бидејќи освен црковни предмети[79], се предавале во него и световни предмети /земјопис, словенска граматика, општа историја и др./[80]. Во почетокот училиштето работело тајно за да не разберат за него грчкиот владика и првенците гркомани. Но набргу по отворањето тоа станало извесно во целиот град. Во него доаѓале да се учат на славјанско писмо охридските занаетчии - мајстори и калфи, а и учениците од грчките училишта. Фактот што и учениците од грчките училишта отсуствувале попладне заради тоа што оделе во Мустревото училиште, ги принудил охридските првенци да му дозволат на тогашниот учител К. Шапкарев да држи предавања за повозрасните ученици од централното взаимно училиште 2-3 часа седмично и на мајчиниот јазик. За тоа Цариградски весник пишувал следново:

"... А овој месец в сечка, соо повелјата от старците Варошки зафатија и во Варош на Митрополијата да се учат децата Болгарски, от како кбе се пуштат децата от г'рцките училишта, два часа, и два пат во седмицата, се учат при взаемноучителбот Г-на Кузмана А. Пасхалков /Шапкарев - б.н./ читане и краснописание..."[81]

Меѓутоа, К. Шапкарев, не успеал да ги држи предавањата на мајчин јазик во централното взаимно училиште ни една цела година. Гркоманите интригирале против него и тој бил принуден да го напушти училиштето и родниот си град. Потоа наставата во централните училишта продолжила да се изведува само на грчки јазик.

Нешто подоцна од Мустревото училиште, на 14 февруари 1860 г., било отворено народно училиште во маалата "Кошишта". "... Потем же на 13 сечка /Февруарија/ почнаха /да учат децата - б.н./ во улица Кошишта вонка от Варошот. Ова го направи свештеник Апостол папа Соколов от Кошишта заедно сос старешината бирoмашна от Кошишта. Овие немаештем до сега никакво училиште, во една кукја и собраха децата си им кладоха /метнаа/ едно дете учителче които и учил до четересетте деца! ..."[82]

Истата година било подигнато ново училиште. Неговото градење било помогнато од сите кошиштани. К. Шапкарев наспомнува дека кошишчани биле поттикнати да си соградат училиште од Д. Миладинов.[83] Кога училиштето било соградено, тоа било тајно посветено на славјанските просветители Св. Кирил и Методија. Една година по тоа над влезната врата на училиштето била поставена мраморна плоча со следниов натпис:

+ Училиште "Св. Кир. и Мет." Кошишта

Охрид 2. 1861. Мај 6-иј[84]

За разлика од Мустревото училиште, кое било приватно и работело тајно, кошишкото училиште било јавно. Кои, пак, предмети се предавале во него, не е извесно. Сепак може да се претпостави дека во него се учеле и црковни предмети, бидејќи неговиот прв учител - Коста Наумов Нелчинов, се учел на славјанска писменост во Галац /Романија/, кај некое духовно лице од Трново, а потоа две години кај Иларион Макариополски во Цариград.[85] Коста

Нелчинов учителствувал до 1865 г., кога станал свештеник. По него за учител во кошишкото училиште дошол Васил Дијамандиев, кој бил родом од Охрид, а образованието си го добил во Охрид и Русија. Тој учителствувал "цели четири години"[86] и за тоа време училиштето добро напредувало. Како и Мустревото и кошишкото училиште било масовно посетувано. Според Е. Спространов тоа имало околу 200 ученици.[87]

Во ова време, од 1859-1860 г., во некои наши градови се отвораат унијатско-католички училишта со настава на македонски јазик.

По Кримската војна се засилува влијанието на западноевропските земји, особено на Франција и Австрија во Турција и како одраз на тоа влијание се јавуваат нивни верски пропаганди, кои ја искористувале борбата на македонскиот народ против омразената Цариградска патријаршија за да го преведат во католицизам. Оваа пропаганда почнала особено да се шири и имала големо влијание од 18 декември 1858 г., кога унијата била официелно призната од турската влст со седалиште во Цариград.[88] Католичкиот Рим дозволувал богослужбата во црквата да се изведува на славјански јазик, а наставата во училиштата на народен јазик и за тоа унијатско-католичката пропаганда, која во Македонија се раководела од Лазаристите во Солун, уште во прво време постигнала голем успех. Унијатското движење зафатило широки народни маси и во Македонија особено се развило во Кукушко, Дојранско, Гевгелиско, а исто така во градовите Енице-Вардар и Битола. 1859 г. градот Кукуш со целото свое население поминало во унијата, а по него и сите околни села, во кои се отвориле католички училишта. Во Дојранско-кукушката епархија таа година имало 58 католички села со 49 попови и 38 католички училишта или по околии:

| | села | попови | училишта |
|---|---|---|---|
| Кара-Хисарска | 29 | 29 | 18 |
| Кара-Даг /Кукуш/ | 12 | 10 | 8 |
| Гевгелиска | 17 | 10 | 12 |

Во градот Кукуш, пак, од 5 училишта-4 биле католички, а само едно православно.[89/]

Во Битола унијатско-католичко училиште се отворило 1859 г.[90/] Го отворила католичката секта во овој град.[91/] Училиштето се наоѓало во центарот на градот, на најубавата улица. Тоа било добро уредено, имало широка и убава бавча, во која учениците шетале навечер. Наставата била бесплатна и се изведувала на мајчиниот јазик. Учениците добивале бесплатно и храна и облека.[92/] Со училиштето раководеле католичкиот свештеник Павек и еден Полјак ,[93/] а предавале во него и други католички попови и калугери, извесно време и Васил Манчев од Свиштов.[94/] Во него учеле околу 100-120 ученици и ученички од Битола, околните села и селата од Тиквешко.[95/] Ова училиште го споменуваат и англеските патеписци Макензи и Ирби[96], кога ја посетиле Битола 1863 г., а подоцна - 1866 г. и Рајко Жинзифов.[97/]

Унијатското движење било силно и во Енице-Вардар. Граѓаните на овој град раководени од свештеникот Дима, неколку пати барале од воденскиот митрополит Никодим да им дозволи да се молат и учат на својот роден јазик и бидејќи тој ги одбивал нивните молби, тие побарале покровителство од унијатската пропаганда во Солун. По примањето на унијата, на иницијатива на поп Дима, граѓаните на Еница Вардар соградиле друга црква, во која "... първ п'т са испела служба на народният ни јазик..." и отвориле народно училиште, во кое "... пак почна да се предава Кирило-Методиевото наречие..."[98/] Училиштето се отворило 1860 г. и се одржало сé до руско-турските војни 1876 - 1878 г.[99/] Прв

кви учител во него бил поп Дима.

По таков начин овие наши градови во борбата против грчкото духовенство и погрчувањето, за да ја зачуваат својата народност и јазик, биле принудени да ја променат верата и да го бараат покровителството на католичкиот Рим.

1861 година било отворено световно училиште во Штип. По покана на штипските граѓани за учител дошол српскиот емигрант Георги Милетиќ[100], кој порано бил учител во прилепчкото училиште во Велес. Георги Милетиќ наполно го реорганизирал тогашното келијно училиште во Штип и вовел во него модерна настава. Не е познато кои предмети предавал и со какви учебници се служел во наставната работа. Според Ј.Х. Веселиновиќ[101], Милетиќ во штипското училиште употребувал српски учебници, како и во училиштето во Велес. А според еден бугарски автор[102], тој во училиштето предавал по бугарски учебници што ги добил од Дановата книжарница во Велес. Милетиќевото училиште станало многу познато и во него учеле ученици и од другите градови на Македонија. Тој во Штип учителствувал две години.[103]

Во 1862 г., по долгата борба со грккоманите, граѓаните на Неврокоп успеале да отворат свое народно училиште. Тоа било отворено со садејството на владиката Агатангел, кој увидел дека Македонците се оправдани и дозволил во едната половина на новоизграденото градско училиште да учат нивните деца на мајчиниот јазик. Македонската општина го поканила за учител Тодор Ненов од Елена, но тој не можел да остане подолго време во Неврокоп. Грккоманите интригирале против него, бидејќи веднаш по отворањето на македонското училиште скоро сите деца отишле да учат кај македонскиот учител, кој предавал на разбирлив јазик и грчкото училиште останало празно. Грккоманите дигнале голема врева против владиката и го наклеветале кај Патријаршијата за бугарофилство. Учителот Ненов бил оневозможен понатаму да учителствува и македонското училиште се затворило. Меѓутоа, родољубивите

неврокопски граѓани ја продолжиле борбата против Гркоманите. Тие запретиле дека ќе ја примаат унијата доколку не им се дозволи да имаат свој учител. Со настојувањето пак на владиката Агатангел власта дозволила повторно да се отвори македонското училиште. За учител бил погоден Ат. Бошко од Пазарџик.[104]

Една година по отворањето на народното училиште, 1868, во Неврокоп за првпат бил отпразнуван празникот на славјанските просветители. На тој ден /11 мај/ Гркоманите забраниле да се одржи служба во црквата и Македонците празникот го отпразнувале во своето училиште.[105] Од 1864 до 1865/66 г. народни световни училишта се отвориле уште во неколку наши градови. 1864 г. такво училиште имало во Крива Паланка. За тоа ни говори едно свидетелство издадено од кривопаланечката црковно-училишна општина на учителот Димитар Давидов,[106] кој учителствувал во Крива Паланка 22 години, од 1864-1886.[107]

1864/65 г. световно станало и училиштето во Неготино Световна настава повел учителот Илија Ѓоргев- Кртот, од Велес. Тој предавал во училиштето земјопис, катихизис, прво познание, историја и др.[108] Во исто ова време световна настава била воведена и во училиштето во Кавадарци.[109]

Кон крајот на 1865 г. било отворено општинско-народно училиште во Битола. Пред отворањето на ова училиште, истата година, работело едно училиште во една приватна куќа во маалата "Куртдересси", близу војното училиште.[110] Го отворил Васил Манчев, родом од Свиштов. Тој порано /од 1859 г./ бил учител ~~на~~ во католичкото училиште. Но поради тоа што го викале "папиштан", по двогодишното учителствување во него, Манчев го напуштил ова училиште и почнал да дава приватни часови по француски јазик на децата од повисоките турски куќи.[111] Од тоа тој се и издржувал. Подоцна, поттикнат од македонските еснафи, а и од К.Шумков,

тој го отворил училиштето во споменатата маала.[112] Отпрвин во училиштето имало 23 деца, но за кратко време нивниот број се зголемил на 70 до 80, та неопходено бил и помошник и таков нашле во лицето на поп Толе од с. Сопотница /Охридско/ за 50 гр. месечна плата.[113] Училиштето било повеќе приватно одошто општинско. Го издржувале главно родителите на децата и се одржало само 5-6 месеци.[114] Понатаму го оневозможиле да работи Гркоманите и владиката Мелетије, кој го наклеветиле Манчева кај битолскиот валија и тој бил интерниран во Солун. За тоа дознаваме од едно писмо на прилепскиот учител Георги Економов до Најден Геров во Пловдив:

Ваше Високоблагородие!

Господине Н.Геров

Случај ми престави злоштастието на Македонија да Ви забележјам нештечко: Ви, преди две - три години, като бехте на Битолја мислја, да сја запознакомихте с Г. Василија Манчева /свиштовца/. Тој, родолјубивиј м'ж, като цели 6 "години сја труди за да сја устанози едно постојанно Б'лгарско училиште в тоја град и с толку трудове, като сја отвори едно такова училиште, под управлението на един старик Влах поб'лгарен, едва днес нафабрикоса Митрополијата, през Јузни Паша да сја вдигне В.Манчев из града; когато по онај вторник /на 6-иј Апр:/ вдигнаха с трима жандарми за Солун, а оттам не знаеме за к'де! И така Б'лгарски учител не смее да сја најме за онија бедни невини б'лгарчета;..."

1866 "Мај 1-иј

Прилеп

послушливиј слуга

Георгиј Економов[115]

Уште пред интернирањето на учителот В. Манчев од Битола, предводени од првенците Димко Родев и Д-р Константин Михајлов, македонските еснафи барале од битолскиот валија и владиката Венедикт да им се дозволи да отварат редовно македонско училиште. Владиката и Грkоманите се спротиставуваше на ова барање. Еснафите пак биле упорни. Тие неколку пати ги повторувале своите молби до валијата Хјусни паша и владиката Венедикт и најпосле успеале да издејствуваат дозвола да отворат свое училиште. За таа цел им бил доделен горниот кат на општото главно /грчко/ училиште.[116/] Тоа била голема победа на македонските еснафи и споменатите првенци, извојувана по долгогодишната борба за народно училиште со владиката Венедикт и Гркоманите во Битола. Училиштето почнало да работи при крајот на 1865 г. За прв учител бил поставен Јован Жинзифов[117/] - таткото на Рајко Жинзифов. Тој предавал читање, пишување, кратка свештена историја и др. на 75 ученици и по зборовите на Рајко Жинзифов, кој во Битола бил 1866 г., тоа воопшто не можело да се споредува со католичкото училиште, кое било многу поиздигнато.[118/] Во месец октомври истата година училиштето на Ј. Жинзифов го посетил и прилепскиот учител Никола Ђнчерев. Во своите спомени тој нанесува дека тогаш во училиштето учеле 30-35 еснафски деца на 10 -14 годишна возраст.[119/] Училиштето работело само една година - до крајот на 1866 г. Гркоманите постојано интригирале и најпосле отказале да плаќаат на учителот Жинзифов, поради што училиштето се затворило.[120/] Во една дописка во " Courrier d' Orient ", препечатена во в. "Македонија", за тоа се вели следново: "... в толков голем град и за едно християнско население от 15 хиляди души, имаше само едно училище гдето учаха по матерний си язик.

Исключението дадено за учението на матерний язик беше таквоз щото един Влах от това место като беше отворил

преди 5-6 години едно училиште за да учи влашките деца на катихизио, Граматика и Географија, и тотези които не мог'т освен до 10 или 14 години само да ходјат по гр'цките училишта, виде на жи 2 п'ти да сја затварја училиштето му от Н.П.Венедикта."[121/]

Училиштето одново се отворило во почетокот на 1870 г. Учители тогаш биле Димитар Македонски и некој си Петар.[122/] Во 1871 г. заедно со Д. Македонски, кој бил главен учител, извесно време учителствувал и Арсениј Костенцев.[123/]

Во 1866 г. се отворило првото македонско народно училиште во Солун.[124/] Идејата за неговото отварање се родила во куќата на познатото родољубиво македонско семејство на Костадина /Динка/ Држилович. Неговиот син Георги, кој учел две години /1858-1860/ во Москва,[125/] каде национално се осознал и задоил со просветителските идеи, по враќањето си во Солун ја научил својата сестра Славка на славјанско писмо. Тој го собудил кај неа националното чувство и ѝ всадил љубов да работи на будењето и издигнувањето на својот народ, та поттикната од него и својата мајка Велика Димковица,[126/] во почетокот на 1866 г. отворила училиште во една соба во мајчината ѝ куќа.[127/] Во она време во Солун уште немало организирана македонска општина, ниту општество кое би зело на себе грижата за отворање и издржување на народно училиште. Затоа сето она што било потребно да се направи за да се отвори едно такво училиште, сториле Славка и братот ѝ Георги. Тие го уредиле новоотвореното училиште и купиле сѐ што е потребно за него. Всушност тоа било приватно училиште на учителката Славка, материјално издржувано од сите Држиловци. Славка учителствувала бесплатно,[128/] а мајка ѝ го дала долниот кат /"долната полата"/ од куќата си да служи за училиште додека народот не биде во состојба да подигне нова училишна зграда.[129/] Почетокот бил многу скромен. Првата година /1866/ Славка ја започнала

со една, а ја завршила со три ученицки.[130/] Во втората година /1867/ таа имала веќе 18 ученички[131/] и при крајот на истата година бројот на учениците се зголемил на 27.[132/] Учениците биле еснафски деца, главно на шивачкиот еснаф,[133/] а учеле и неколку Гркињи. Во првите две години Славка учела само девојчиња и за тоа нејзиното училиште се викало женско.[134/] Но подоцна таа почнала да учи и момчиња. Славка вложила големи усилби и грижи за напредокот на своето училиште. Веќе во 1867 г. тоа постигнало виден успех, а и бројот на учениците прилично се зголемил. /27/, та македонската јавност покажувала сè поголем интерес за него. На училиштето му била потребна помош од едно народно, општествено тело, кое ќе ги преземе грижите за неговото издржување. За таа цел еснафите избрале тројца души /Георги Динков, Вело Негрев и Киријак Држиловчи/ за "надзиратели", а учителката Славка ја назначиле за "привремена управителка на училиштето".[135] Тоа имало големо значење за понатамошниот живот и дејност на Славкиното училиште, кое веќе станало народно. Материјално помагано и понатамо од семејството на Држиловци, сега и од шивачкиот еснаф,[136/] од родољубивите Македонци во Солун,[137/] и други места, "меѓу коите са отличили Велешани, Прилепчани и Битолци",[13] па дури и од учениците, училиштето добро напредувало. Тоа добивало помош и во книги. Малолетните деца на Д. Добровиќ - Владимир и Страшимир, му подариле на училиштето 100 новоиздадени буквари на македонско наречје,[139/] а нивниот татко 60 свештени истории на истото наречје. 25 буквари училиштето примило и од Д.Х. Узунов.[141/] Учебници и книги му подариле на училиштето и други лица, установи и организации.[142/] Учителката Славка за свое време била доста образована жена. Покрај грчкиот таа знаела и француски јазик.[143/] На децата им предавала мајчин јазик /на солунско наречје/, грчки јазик и рачна работа.[144/] Во една дописка од Солун се истакнува дека учениците читале, пишувале, шиеле и везеле

"доста напредително".[145/] На 8 фувруари 1868 г. училиштето било предадено на општонародно управување. На тој денк било свикано "народното собрание", кое го разгледало прашањето за формирање на црковна општина. По изборот на општинарите, првиот член на училишното настојателство - Георги Динков, дал отчет за својата дотогашна општествена дејност и за дејноста на училиштето и го завршил своето излагање со следниве зборови: "Мили народе, до колко ми дозволјуваха силите ми и обстојателствата, и со чиста совест предавам управлението на учебните ни заведенија во р'ци на народ'т, па со спокоен дух вервам че народ'т го предаде на една народна општина на која принадлежи по славната част на народното поприште, а основан на благосклонностьта народова, сја галјам да верувам че ке ми бидат опростени недостатките ми у това дело. И дерзостьта што имах до сега самозван да преставителствувам народните ни ползи."[146/] За да ја запознае и поширокага јавност со двогодишната дејност на училиштето, надзирателството дало и јавен отчет.[147/] Бидејќи бројот на учениците сѐ повеќе се зголемувал, општината почнала да го разгледува и прашањето за подигање на нова училишна зграда.[148/] Меѓутоа, наскоро смрта го прекинала животот на младата и родољубива учителка Славка и училиштето престанало да работи.[149/] Повторно училиштето се отворило една година подоцна - на 7.IX.1869 г.,[150/] со свечен водосвет и во присуството на многуброен народ. Бидејќи општината немала своја зграда, училиштето било сместено во куќата на Иван Попов,[151/] член на Солунската општина. Куќата имала една голема четвороаголна соба, преградена на две одделенија - едното за ученици, а другото за ученички. За прв учител во новоотвореното македонско училиште општината го назначила отец Агапиј Војнова[152/] родом од Ќустендил. Во училиштето тој имал околу 100 ученици,[153/] но се задржал во Солун многу кратко време -

два месеца[154] и отишол за учител во Воден.[155] Потоа извесно време учителствувал Стојан Бояков, од хасковското село Куручешме, испратен од Цариградското читалиште.[156] А во 1870 и 1871 г. учителствувал и налиот преродбеник Венијамин Мачуковски.[157] Тоа е време исполнето со големи спротивности и тешкотии за животот и дејноста на македонската општина во Солун. Покрај грижите да му обезбеди на училиштето основни средства за неговото издржување, зашто се наоѓала во многу лоша финансиска состојба, таа морала да води и борба за да го сочува македонскиот карактер на училиштето.

Кон крајот на 60-те и почетокот на 70-те години на минатиот век народни училишта со световна настава имало скоро во сите македонски градови. Во некои од нив /Скопје, Велес, Прилеп, Штип, Охрид, Кукуш, Солун и др./ имало и по две и три вакви училишта. Додека во едни градови келијната настава во училиштата се заменувала со световна, во други наши градови, во кои дотогаш имало само грчки училишта, се водела огорчена борба за отворање народни училишта со настава на македонски јазик. Така, во 1867 г. се отворило првото македонско народно училиште во Ресен. Поттикнати од Охриѓаните, од живата борба за слобода од фанариотското духовно ропство, собудените веќе Ресенчани довеле во новосоградeното свое училиште "бугарски учител".[158] Училиштето било отворено на 21 август 1867 г.[159] Иста та година световни станале и училиштата во Дебар[160] и Пехчево.[16]
Во 1868 г. се отворило уште едно народно училиште во Прилеп,[162] 1869 г. со наполна победа се завршила долгогодишната борба против грцизмот и во неговите најупорити места во З.Македонија - Охрид и Крушово. Во Охрид Григор Прличев го вовел мајчиниот јазик и во централните грчки училишта - взаимното и класното,[163] а во Крушово дотогашниот грчки учител Ив. Б. Шумков го отворил прво-

то јавно народно училиште со настава на македонски јазик.[164]

Во 1869 и 1870 г. македонски народни училишта почнале да се отвораат и во градовите на Ј. Македонија, кои исто така биле силни центри на грцизмот. Во нивното будење голема улога одиграл Солун, кој станал духовен центар на Македонските Словени /печатницата на Т. Синаитски, печатницата на К. Држиловиќ, Георги Димков - основател на македонската општина, Славка Димкова - првата македонска учителка/. Под неговото духовно влијание се развила црковно-просветната борба и во гр. Воден, во кој 1869 г. се отворило првото македонско народно училиште. Прв учител бил Агапиј Војнов. Училиштето почнало да работи на 5 ноември,[165] но учителствувањето на Агапиј Војнов во него било многу кратко - неколку дена.[166] Наклеветен од грчкиот владика Никодим и грkоманите во Воден, тој бил затворен од Турците и врзан испратен во Солун кај Сабри паша,[167] кој установил дека бил невин, но му забранил да се врати во Воден.[168] Повторно училиштето се отворило 1870 г.,[169] во кое извесно време учителствувал и Д. Македонски.[170] Оттогаш училиштето непрекинато работело материјално издржувано од воденската општина сé до 1879/80 г., кога станало екзархиско.[171]

Движење против грчките училишта, за отворање народни училишта, со настава на мајчин јазик, постоело и во Струмица. Нејзините граѓани се обиделе да отворат народно, славјанско училиште, уште 1867 г.[162] Тие довеле и учител и за училиште изнајмиле една приватна куќа. Меѓутоа, учителот не можел да се задржи ниту два месеца. Грчкиот владика Јеротеј со различни интриги успеал да го изгони од градот.[173] Преку бугарските претставители во Цариград[174] населението на Струмица се обрнало и до турската влада, молејќи ја да одобри во општото училиште во Струмица да се воведе мајчиниот јазик. До 1870 г., за време од

три години, во Струмица се измениле уште 4 учители, но сите заедно тие не учителствувале ниту 2 месеца.[174] И пак грчкиот владика не ги оставил на мир. Најпосле со специјално ираде од Цариград на населението во Струмица му било дозволено да отвори свое народно училиште.[175] И во овој град училиштето го отворил заслужниот трудбеник на ширењето на народната просвета - јеромонахот Агапиј Војнов. Училиштето се отворило во месец февруари 1870 г.[176] И покрај заканувањата и постојаните пречки од страна на Гркоманите, учителот Војнов останал во Струмица две години - до месец март 1872 г.[177]

Стремежот за отворање на народни училишта со настава на мајчин јазик, како израз на собуденото народносно чувство, сè повеќе, поодредено и посилно го манифестираат и други македонски градови кои уште стенкале под грчкото духовно ропство. Полн израз на такво собудено чувство за својата народност е отворање на првите македонски народни училишта во Дојран - 1870 г.,[178] во Сер - 1871 г.[179] и во Солун[180] /во кварталот Вардар-капија/, Петрич[181] и Мелник[182] - 1873 г. Дотогаш центри за ширење на грчкиот јазик, грчката образованост и култура, овие македонски градови стануваат просветни жаришта и на славјанската писменост и култура, во кои новоотворените македонски народни училишта играат значајна улога во борбата за духовна слобода на македонскиот народ.

Во ова време световна настава добиле и училиштата во некои градови на Западна и Северна Македонија. Српската пропаганда во Македонија сè повеќе се засилува во 60-те години на минатиот век и како резултат на таа засилена нејзина дејност се појавуваат световни училишта и во овие наши градови,во кои дотога имало само келијни училишта. Во Западна Македонија, освен училиштето во Дебар, кое станало световно 1867 г., во 1870 г. световна настава имале и училиштата во Кичево[183] и Гостивар[184]. Истата

години световна настава била воведена и во училиштето во Кочани,[185] а нешто подоцна - 1871 г. со келијната традиција преминало и едно од најстарите наши училишта - кратовското училиште.[186]

До 1874/75 г. во скоро сите градови на Македонија имало световни училишта. За да имаме појасна слика како тие се отвараше, го даваме следниов преглед по години:

| | | |
|---|---|---|
| Во 1837 /1838/ г. | - | во Велес /Прцорек/ |
| " 1848 г. | - | во Скопје |
| " 1849 " | - | во Ќустендил |
| " 1850 " | - | во Велес /западната страна/ |
| " 1852 " | - | во Куманово |
| " 1854 " | - | во Тетово |
| " 1857 " | - | во Струга, Кукуш, Царево Село, Г. Џумаја. |
| " 1858 " | - | во Скопје /уште две училишта/ |
| " 1859 " | - | во Прилеп, Битола /унијат-католичко/ Охрид, Банско /Разлошко/. |
| " 1860 " | - | во Охрид, Кавадарци, Ениџе-Вардар - (унијат-католичко.) |
| " 1861 " | - | во Штип |
| " 1862 " | - | во Неврокоп |
| " 1864 " | - | во Крива Паланка, Неготино |
| " 1865 " | - | во Битола |
| " 1866 " | - | во Солун |
| " 1867 " | - | во Дебар, Ресен, Радовиш, Пехчево, Разлог. |
| " 1868 " | - | во Прилеп /уште едно/ |
| " 1869 " | - | во Охрид, Крушово, Воден. |
| " 1870 " | - | во Кичево, Гостивар, Кочани, Струмица, Дојран. |

во 1871 г. - во Кратово, Сер

" 1873 " - во Преспа, Петрич, Мелник, Солун /во кварталот Вардар-капија/.

" 1875 " - во Гевгелија /екзархиско/

Од овој преглед се гледа дека процесот на отварањето на световни училишта во нашите градови бил нерамномерен. Додека во првите десет години - од појавата на првото световно училиште на Македонија - 1837, односно 1838 г., па до 1848 г., световни училишта имало само во два града - Велес и Скопје, за време на следните 10 години,-до 1858 г., нивниот број се зголемил на 12. Тој број двојно се зголемил за време на следните 20 години, така што кон крајот на 1875/76 год. во Македонија имало околу 45 градски световни училишта. Нерамномерното отворање на овие училишта било обусловено од повеќе фактори. Пред сѐ од нерамномерниот економски развиток на нашите градови, од тоа што грчкото влијание во 60-те години на минатиот век сѐ уште доминирал во духовниот живот на некои наши градови во Западна и Јужна Македонија, од конзервативниот однос на некои градски црковно-училишни општини спрема световната настава, како и поради немањето на достаточен број световни учители и др.

Но, освен во градовите, од половината на XIX век световни училишта почнале да се створаат и во селата. Како културни центри градовите вршеле силно влијание на својата околина. Тоа влијание сѐ повеќе се чувствувало во начинот на животот на околните села и наоѓало одраз во развитокот на нивниот просветен живот. Новото просветно движење ги зафаќа токму селата од околината на оние градови, кои порано се здобиле со световни училишта и се ослободиле од грчкото духовно влијание. Такво, просветно-културно влијание вршеле на својата околина Скопје, Велес, Прилеп, Штип, Кукуш, Солун и други градови. Оттука и појавата на првите световни училишта во селата во нивните

околии. Меѓутоа, некои села порано се здобиле со световни училишта и од градовите. Тоа биле села кои порано ја започнале црковно-просветната борба за слобода од грчкото духовно ропство, и тоа села, главно, од околината на оние градови, во кои и во 60-те години на минатиот век грцизмот доминирал во нивниот духовен живот. Така, некои села од струмичка околија порано отвориле народни училишта од гр. Струмица, во која тогаш имало само грчки училишта. Исто така и некои села од гевгелиска околија порано отвориле народни училишта одошто Гевгелија, во која првото словенско световно училиште го отворила Егзархијата, дури 1875 г.[187/]. Порано отвориле световни училишта со настава на мајчин јазик и некои села од околината на оние јужно-македонски градови, во кои во оза време грцизмот уште држел врв. Воопшто, градовите порано и посилно паѓале под влијанието на грчката култура, за тоа тие и подоцна се ослободиле од нејзиното влијание. Селата, пак, останале понастрана од тоа влијание и за тоа успеале да го сочуваат својот народен бит и народната култура.

Според податоците со кои располагаме, едно од првите села во Македонија во кое се отворило световно училиште било Башино Село. Во него световно училиште се отворило 1856 г.[188/] Во 1858 г. световно училиште се отворило во Банско[189/] /Разлошко/, 1859 го. во с. Робово[190/] /струмишко/, 1860 г. во с. Бугариево[191/] /Кукушко/, 1862 г. во Ново Село[192/] /Штипско/ и во с. Висока[193/] /Солунско/, 1863 г. во с. Попчево[194/] /Струмишко/, 1864 г. во с. Ваташа[195/] /Кавадаречко/ и с. Тополчани[196/] /Прилепско/. Во 1866 г. световни училишта се отвориле и во неколку други села во струмичка околија и тоа: во Ново Село, Дабиља, Василево и Водача.[197/]

Од 1867 до 1870 г. световни училишта се отвориле во голем број села во Скопска, Тетовска и Кумановска околија,

потоа во селата во Пореч, Дримкол и Азот. Овие подрачја биле од непосреден интерес за српската просветна пропаганда, во кои таа успеала да создаде свои училишта, преку кои се стремела да го прошири своето просветно влијание и на други места во Македонија. За да го придобие селското население за целите на својата просветна политика, српската пропаганда бесплатно ги снабдувала со учебници и книги, а испраќала и свои учители. Селските општини, пак, не биле во состојба самостојно да ги издржуваат училиштата и учителите, особено тие од понасивните краишта, ја прифаќале помошта што им ја нудела српската пропаганда и така потпаѓале под нејзиното просветно влијание. Веќе во 1866 г. се појавуваат световни училишта во селата на Скопска Црна Гора. Меѓу првите села кои отвориле световни училишта биле: Бањани, Љубанци, Чучер, Блато и манастирот Св. Никита.[198] Во 1867 г. световни училишта отвориле и селата Мирковци, Кучевиште, и Побужје[199] /Скопска Цр. Гора/, а исто така и други села во Македонија и тоа: Беловиште[200] и Лешочкиот манастир Св. Атанасије[201] /Тетовска околија/, Орланци и манастирот Св. Јован Слепче[202] /Кичовска околија/, Галичник, Гиноец и Клење[203] /Дебарска околија/, Вевчани и Долна Гнојница[204] /Охридска околија/, манастирот Ликолај[205] и Топлица[206] /Битолска околија/, манастирот Зрзе[207] /Прилепска околија/, Богомила, Бистрица и Оравец[208] /Велешка околија/, манастирот Матејче[209] /Кумановска околија/, Зрновци[210] и манастирот Св. Панталеј[211] /Кочанска околија/, Злетово[212] /Кратовска околија/, Пендак[213] и Жевувини[214] /Жевувина/ - /Кривопаланечка околија/, Панчарево[215] /Кустендилска околија/, манастирот Св. Јован Мелнишки[216]. Во 1868 г. световни училишта се отвориле во селата: Клаце, Аренок и Осој[217] /Дебарска околија/, манастирот Лешани[218] /Охридска околија/, Смилево[219] и манастирот Св. Јован[220] /Битолска околија/, Ѓавево[221] и Селце[222]

/Прилепска околија/, Страцин[223] /Кумановска околија/, Ткрања[224] /Кочанска околија/, Псача[225] /Кривопаланечка околија/, Владимирово[226] /Малеш/. Во 1869 г. во селата: Драчево[227] /Скопска околија/, Железна Река[228] /Гостиварска околија/, Норово[229] /Битолска околија/, Загоричане[230] /Костурска околија/. До 1870 г. световни училишта отвориле и селата: Премка и манастирот Пречиста[231] /Кичевска околија/, Јабланица, Луково, Нерези,[232] Модрич, Подгорци и Лабуништа[233] /Дримкол/, Стеблево[234] /Голо Брдо - Дебарско/, Бороец[235], Присовјани, Вранивте, ОКтис, Збажди[236] и манастирот Пречиста[237] /Охридска околија/, Орaов Дол, Рудник, Папрадиште[238] /Велешка околија/. 1870 г. световни училишта со настава на мајчин јазик се отвориле во многу села во Кукушка и Гевгелиска околија, во кои дотогаш имало само грчки училишта. Во преродбата на овие села голема улога одиграл Кукуш. Во неговите училишта учеле деца не само од околните кукушки села, туку и од гевгелиските села[239], кои по свршувањето на своето образованието ~~он~~ се враќале во своите родни места и отворале училишта на народен јазик. Од селата во таканаречената Авретхисарска или Кукушка кааза, народни училишта со настава на македонски и грчки јазик имале селата Драгомирци и Јанеш.[240] Од селата во Горна Авретхисарска или Гевгелиска кааза народни училишта отвориле: Ѓавото, Стојаково, Сеово, Богданци, Мачуково, Бајалци и Серменин, од кои во последните 4 села училиштата имале настава на грчки и македонски јазик.[241] А од Карадачката кааза - Кукушко, селата: Тодораки, Мутово, Мурарци, Алексово, Муждерски, Планиница и Тодорачкиот манастир.[242] Освен споменатите села, во 1870 г. народни училишта отвориле и селата Патарос[243] /Дојранска околија/ и Негован[244] /Солунска околија/. По 1870 г. световни училишта отвориле селата: Ново Село, Стретково, Тајмиште и Церово[245] /Гостиварска околија/. 1871 г. се-

лата: Брод[246] /Кичевска околија/, Теово[247] /Велешка околија/, Шлегово[248] /Кратовска околија/, Гуменце[249] /Еница-вардарска околија /, Горни Брод[250] /Серска околија/, 1872 г.: Куново[251] /Гостиварска околија/, Доленци[252] и Поречкиот манастир[253] /Кичевска околија/, Клисура[254] /Костурска околија/, Зарово[255] /Солунска околија/, 1873 г.: манастирот Св. Богородица[256] /Кичевска околија/, Себиште[257] /Голо Брдо/ - Дебарско/, Баловча[258] /Солунска околија/. 1874 г.: Кучково[259] /Скопска околија/, Лазаропоље[260] /Дебарска околија/, Раштани[261] /Битолска околија/, Оморане[262] /Велешка околија/, Белица[263]. 1876 г.: Жибоpe[264] /Костурска околија/.

Освен во напред посочените села, до 1876 г. народни училишта имало и во други села во Македонија, но за нив немаме податоци. Бројот од околу 118 училишта, колку што установивме врз основа на материјалите со кои располагавме, е непотполн. Тој би бил знатно поголем кога би имале веродостојни податоци за сите училишта што биле отворени во селата во Македонија до 1876 г. Меѓутоа, изворите од кои ги црпевме податоците се прилично оскудни, а и непотполни. Не постои ниедна официелна статистика врз основа на која би можеле да добиеме јасен преглед за отворањето на училиштата во градовите и селата во Македонија по години и тоа за еден определен временски период. Податоците што ги даваат поедини автори за одделни училишта се често противречни како за годината кога тие биле отворени, така и за годината кога престанале да работаат. За тоа е невозможно ни приближно да се установи нивниот број. Тоа е невозможно и заради непостојаниот карактер на училиштата. Еднаш отворени тие не работеле непрекинато. Напротив, тие постојано се отворале и затворале, зависно од тоа дали имале учители или не. Во третата четвртина на XIX век бројот на учителите бил сѐ уште мно-

гу мал и училиштата често останувале без учител, било тие да биле прогонувани од фанариотското свештенство и Гркоманите, отпуштени од од црковно-училишните општини, или самоволно да ги напуштале за поголема плата. Тоа може да се констатира од многубројни дописки и писма објавени во тогашните весници.

Но, ако констатиравме дека бројот на селските народни училишта отворени до 1876 г. би требало да биде знатно поголем, не би можело да се тврди за сите нив дека биле световни. Како што веќе забележивме, и во третата четвртина на XIX век се чувствувала голема потреба од учители, особено од образовани и способни учители, та проблем бил и за градовите да дојдат до такви учители, а камоли за селата. За тоа сме повеќе склони да веруваме дека голем број од овие 118 училишта биле всушност само простин келии. И тоа дотолку повеќе, што во втората половина на XIX век келијни училишта имало и во градовите. Покрај општото световно училиште, во 1854 г. во Скопје имало и училиште, во кое учел "един даскалец наустници и псалтирци."[265] Во 1865 г. во Кратово уште "учат на часословци и псалтирци, колкото да пеjат в Ц'рквата "господи помилуj", но хвала Богу и на това."[266] Во 1866 г. во Прилеп имало и две приватни келијни училишта, на даскал Коте и даскал Смичко, во кои учеле 30-40 деца.[267] Во ова време келијни училишта имало и во други наши градови. Во некои од нив, како на пример во Берово, низ целиот XIX век имало само келијни училишта.[268] Во Авретхисарската каaза во 1870/71 г. покрај неколку редовни училишта имало "... оште много села, които по некогаш под'ржат некак'в учител, или по-добре да река певец за ц'рквата си, когото наричаме "граматик". Такива граматици им послужват и за учители, учащи 10-20-30 деца в тремовете ц'рковни."[269] А да не говориме и за манастирските училишта, кои и низ втората половина на XIX век биле

центри на црковната просвета и кои преку учителите калугери ја подржувале келијната традиција и во околните села. Меѓутоа, световната просвета не можела да проникне во сите села не само заради тоа што немало доста учители, туку и заради тоа што таа не наоѓала на подршка кај извесен дел на населението. За таков однос кон световната просвета ни говори прилепскиот учител Кинчорев во своите спомени. "Мнозина прилепчани, закоренели фанатици, беха убедени, че само славјанскијат език е божествен, а новото учение броеха нещто като дјаволско, еретическо, дето децата отиват само на забава"270/.

Но, макар што световните училишта се распространувале бавно, тие постепено и се повеќе ги потиснувале келијните училишта, така што кон крајот на 60-те и почетокот на 70-те години на минатиот век бројниот однос се изменил во нивна полза. И понатаму постојат келијни училишта, но како застарела форма на училишниот живот тие играат сè поподредена улога. Световните училишта веќе се афирмирале како нови просветни институции кои повеќе одговараат на потребите и духот на времето. Нивниот број постојано растел, а со тоа и нивното влијание во општествениот живот. Од особено пак значење била нивната улога во борбата за духовна еманципација од грцизмот. Во нив се подготвувало едно ново поколение со независен дух и стремежи за самостоен просветно-културен и национален развиток на македонскиот народ.

## 3. Женски световни училишта

Образованието на женските деца било знатно запоставено во споредба со образованието на машките деца. До средината на XIX век не постоело во Македонија ниедно училиште наменето исклучиво за образованието на женските деца. Во тогаш-

ното општество - со неразвиено производство и примитивни општествени односи, во кое жената била во сосем подредена положба, не се согледувала практичната полза од нејзиното образование. Затоа не постоел ни интерес за отворање на специјални женски училишта. Од друга страна не се располагало со доволно материјални средства за издржувањето на такви училишта, а немало доволно ни учителки.

Меѓутоа, и пред отворањето на женски училишта во некои наши градови женските деца добивале извесно образование. Во поповските килии и приватните килијни училишта, а исто така и во општинските килијни училишта, низ првата половина на XIX век покрај машки имало и женски деца. Се знае, на пример, дека даскал Јоаким Крчовски во своето училиште во Кратово учел и машки и женски деца[271/]. Оттогаш во Кратово останал обичај машките и женските деца да учат заедно. Околу 1810 г. машки и женски деца учел и даскал Митре во своето приватно училиште во Велес.[272/] Во првата половина на минатиот век, и подоцна, килијни училишта со машки и женски деца имало и во други наши градови. Расадници на килијното женско образование биле и женските метоси. Женски деца ги посетувале и световните училишта, но нивниот број бил многу мал. Тогашните разбирања за моралот и за местото на жената во општеството биле причина што во некои наши градови девојчињата многу доцна почнале да ги посетуваат училиштата.

Женските световни училишта се појавуваат подоцна од машките световни училишта и побавно се распространуваат од нив. Едно од првите женски училишта, за кое се знае, било отворено во Велес 1850 г., "... управљаемо от едного старого учитељa Господина Митра с девојки, кои се учат с голема ревност на четене и черковно пение..."[273/] Женско училиште постоело во

Велес /Прцорек/ и во 1854 г.[274] Каков, пак, бил карактерот на ова училиште и кои предмети се предавале во него, не е изведно. Од 1856 до 1858 г. во него учителствувала сопругата на учителот Јован Нешковиќ. Таа била прилично образована жена за своето време. На 30-40 поголеми ученички покрај другите предмети таа им предавала и рачна работа, заради што била многу ценета од сите граѓани.[275] Околу 1860 г. женско училиште постоело и во Ќустендил.[276] Тоа било сместено во една приватна куќа до машкото училиште, а учителка била калугерката баба Пелагија. Во 1860/61 г. женско училиште се отворило и во Кукуш,[277] но тоа работело повремено. Од 1860 г. женски училишта почнале да се отвораат и во другите наши градови. Веќе во 1861 г. женско училиште имало во Штип.[278] 1865 г. во Прилеп[279], 1866 г. во Дебар,[280] 1867 г. во Охрид[281] и Неврокоп[282], 1869 г. во Битола[283] и Крушово[284], 1870 г. во Кичево[285] и Тетово[286], 1871 г. во Солун,[287] 1872 г. во Воден[288], 1873 г. во Крива Паланка,[289] 1875 г. во Скопје[290]. Меѓу 1868 и 1872 г. женски училишта биле отворени и во Кочани и Куманово.[291] Во 60-те и 70-те години на минатиот век женски училишта имало и во други места, но за нив немаме поблиски податоци за годината кога биле отворени.

4. Видови световни училишта

Од појавата на првите световни училишта, па до 70-те години на минатиот век, во Македонија се развиле неколку вида световни училишта. Најраспространет вид, кој доминирал во нашиот училишен живот, било взаимното училиште. Своето име ова училиште го добило по взаимната метода, која со својата примена предизвикала длабоки промени во организацијата и методиката на наставната работа во тогашните училишта, со кои таа им даде свој

белег, а тие станаа општопознати. Појавата на взаимната метода е карактеристична за еден цел период, за време на кој таа суверено владеела во нашите училишта. Некои историчари на учебното дело периодот на нејзиното господство го обележуваат како епоха во развитокот на школството воопшто.

Взаимните училишта биле основни училишта кои давале елементарно образование. Тие се состоеле од едно или две елементарни одделенија, во кои се изучувала основната писменост /читање, пишување и сметање/ и од две или три горни одделенија или класови, во кои се давале основни познавања од различни науки /Географија, Историја, Граматика и др./ Взаимните училишта биле првите световни училишта кои се појавиле кај нас. Такви биле училиштата што ги отворил Јордан Константинов Џинот во Велес, Скопје и Прилеп. Такви биле и училиштата што ги отвориле Д. Миладинов и Кузман Шапкарев во Кукуш и Струга, а и многу други училишта што се створиле во други места во Македонија.

Друг вид училишта, кои исто така биле доста распространети во ова време, се така наречените "приготвителни" училишта. Тие претставуваат средина меѓу взаимните и класните училишта. Всушност и "приготвителните" училишта се основни училишта. Така се викале горните одделенија на основните училишта. Името "приготвителни" тие го добиле од целта што ја имале – да ги подготват учениците за класните училишта. Спрема тоа, "приготвителните" училишта треба да се сметаат како продолжение на взаимните училишта, односно како составен дел на основните училишта, ако првите се сфатат како училишта само за читање и пишување, како што било и вообичаено во тоа време. Одделни училишта под името "приготвителни" постојат таму, каде взаимните училишта се ограничуваат на изучување само на взаимните таблици

и давале основна писменост /читање, пишување, сметање/. Доколку пак курсот на взаимните училишта е поголем по години и го опфаќа наставниот материјал и на "приготовителните" училишта - таму "приготовителните" училишта не постојат, или ако постојат како одделни училишта, тие по наставниот материјал не се разликуваат од наставниот материјал што се изучувал во горните одделенија на взаимните училишта.

Во Прилеп, 1866 г., постоело основно училиште со две одделенија. Првата година во првото одделение се изучувале само взаимните таблици, а втората година тие биле исфрлени и наместо нив воведени Дановите буквари и читанки. Во второто одделение пак се изучувале: св. историја, први познанија, четирите дејствија од числителниците, читање и краснопис.[293]

Првото одделение на ова училиште било всушност взаимно училиште, во кое се учело само читање и пишување, а второто одделение по својата програма претставувало приготовително училиште.

Во 1867 г. во Кукуш освен взаимно училиште постоело и "предуготовителниј"клас на главното училиште, кој давал основна подготовка за повисоко образование.[294]

Во Велес, 1868 г., взаимното училиште било воедно и приготовително, т.е. првите одделенија давале основна писменост /читање, пишување и сметање/, а во горните одделенија се предавале "всите уроци, които обикновено сја преподават в приуготовителните училишта..."[295]

Во истиот град, 1870 г., немало приготовителни училишта, зашто курсот и на двете взаимни училишта /во источната и западната страна/ бил поголем - имале по четири одделенија[296] и обемот на наставниот материјал што се изучувал во нив бил еднаков на обемот на наставниот материјал што се изучувал во приготовителните училишта.

Во учебната 1871/72 г. основното училиште во Прилеп имало три одделенија.

Во првото, основното одделение, се изучувал првиот дел од "баштин јазик" - речи, по полузвучна метода..."

Второто одделение било разделено на две пододделенија. Во првото пододделение, кое се состоело од два класа, се учеле: "баштин јазик", четение, писание и числение." А во второто пододделение кое исто така се состоело од два класа, учениците учеле: "чтение на разни полезни книжки с разјаснение на четмото и упражнение на изустно учение, краснописание и практично изучвание на 4-те прости дејствија од числителницата."

Третото одделение било "преуготвително" и се состоело од 3 класа во кои се учеле: "начала от Б'лгарската Граматика, п'рвоначалните уроци от Землеописание, Числителница, от Закон Божиј /Св. Историја и Катихизис/, упражнение в четение с разјасненија и Краснописание."297/

Како што се гледа, првото и второто одделение се ограничуваат само на взаимно учење, т.е. само на читање, пишување, сметање и вежбање во устно искажување, а третото - "преуготвително" одделение дава основни познавања и од другите науки, со кои учениците се подготвуваат за постапување во повисокото, класно училиште.

Приготвителните училишта се разликувале меѓусебно како по обемот на наставниот материјал што се изучувал во нив, така и по времето на траењето на курсот. Наставни предмети кои се предавале во едни приготвителни училишта не биле наполно застапени и во други приготвителни училишта. Курсот во едни приготвителни училишта траел по две и три години, а во други само една година. Ваквата состојба на приготвителните училишта се објаснува со тоа, што во она време подготовката на учителите била различна, а постоело и различно сфаќање на целите и зада-

чите на основните училишта.

Главни или класни училишта. Од половината на XIX век кај нас почнуваат да се отвораат училишта и за повисоко образование, наречени "главни", "класни", "големи", "горни", "прогимназијални" и др. Појавата на овој тип училиште не е случајна во развитокот на нашето учебно дело. Тоа е природна последица на објективните услови, создадени со општествено-економскиот развиток на нашите градови и на стремежите на нашето младо граѓанство за повисока наука. Взаимните училишта, кои давале само елементарно образование, не можеле повеќе да ги задоволуваат потребите на занаетчиската и трговската средина. Зголеменото производство и сѐ поинтензивниот развиток на економските односи - сѐ повеќе ја наложувале потребата за изучување на посовремени науки. /Географија, Историја, Аритметика, Геометрија, Физика, Хемија и др./, кои се предавале во тогашните модерни европски училишта, а исто така и за знаењето на грчкиот јазик, кој во тоа време бил неопходен елемент во мегународната трговска кореспонденција.

Класни училишта во Македонија имало и порано - уште во почетокот на XIX век, но тие биле грчки, со настава на грчки јазик. Во првата половина на минатиот век, а и подоцна, грчки или таканаречени елински класни училишта имало во Солун, Воден, Битола, Охрид, Струга и Серез.[298] Такво, елинско било и училиштето на Д. Миладинов во Кукуш.[299] Во тоа време грчките класни училишта биле едини училишта за повисоко образование во Македонија. Во нив продолжувале да учат оние, кои што ги завршиле взаимните науки. Тоа биле главно деца на занаетчиите и трговците, на кои им било неопходно знаењето на грчкиот јазик. Елинските училишта биле добро уредени и имале солиден наставен кадар. Но, макар што биле добро организирани, со широк обем на предмети што

се изучувале во нив - како констатирал Григорович, тие давале ограничено и еднострано образование. Главно внимание во елинските училишта се обрнувало на таканаречените елински науки, т.е. на изучувањето на старогрчкиот јазик и старогрчките писатели, а поновите науки, како математика, физика, историја и др. биле запоставени. Таквиот карактер на грчките училишта не одговарал повеќе на потребите и на духот на времето. Нивниот авторитет се повеќе опаѓал, а со тоа и нивното влијание, така што од средината на минатиот век тие постепено ги губат своите позиции и препуштаат на македонските класни училишта, кои по својот карактер знатно се разликувале од нив и како такви повеќе одговарале на својата намена.

Меѓутоа, појавата на македонските класни училишта не е резултат само на благотворните услови, што постоеле во нашите градови ~~во~~ кон средината на XIX век, туку и на странското просветно влијание, кое во тоа време проникнало кај нас.

Просветното движење за реално образование, што ги зафатило западноевропските земји кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век и предизвикало коренни промени во нивните училишни системи, имало одраз и во училишните системи на Русија и Србија, кои тогаш подражувале на Запад. Веќе кон средината на XIX век во Русија се јавиле нови средни и виши училишта, во кои биле воведени современи науки. Од ова време познати се во Русија духовните академии, нормалните училишта, гимназиите и др. Во ова време дошло до осовременување на наставата и во училиштата во Србија. Преку овие земји духот на новото училиште проникнал и кај нас. Носители на тој нов дух и новите просветни идеи биле учителите. Во 50-те години на минатиот век во Македонија доаѓаат српски учители кои покрај основни отвораат и класни училишта. Подоцна во Македонија доаѓаат и бугарски учители и тие отвораат класни училишта по образецот на класните училишта во Бугарија,

основани од Бугари - руски воспитаници. По таков начин руското просветно влијание проникнува во Македонија по посреден пат. Но тоа проникнува и непосредно - преку Македонци кои своето образование го добиле во Русија. По враќањето во Македонија тие отвораат класни училишта по образецот на руските класни училишта, приГодени на нашите потреби.

Првото класно училиште во Македонија било отворено 1857 г. во гр. Велес[300/], во неговиот источен дел /Пршорек/. Го отворил српскиот учител Јован Нешковиќ. Тој бил факултетски подготвен учител. Филозофскиот и правниот факултет ги завршил во Пешта. За време на Маџарската буна тој дошол во Србија и сѐ до 1856 г. учителствувал во различни места.[301/] Есента 1857 г.[302/], по покана на источната велешка црковно-училишна општина,[303/] Нешковиќ дошол за главен учител во Велес, каде ги поставил основите на првото класно училиште во Македонија. Тоа имало два класа, со околу 40 ученици. Првиот клас бил општообразовен. Во него се предавале: граматика, историја, земјопис, естествена историја, стокознание, аритметика и германски јазик[304/]. Во вториот клас покрај горните предмети се предавале и предмети потребни за трговија: трговски сметки, книговодство, обавезни записи, контракти, писмоводство и германски јазик[305/], поради што училиштето го добило името "Трговска школа". Учењето на германскиот јазик се наложило од големата потреба што се чувствувала во Велес за овој јазик, бидејќи велешките трговци воделе трговија главно со Пешта, Виена и германските градови.[306/] Трговската школа на Нешковиќ била добро организирана. Од неа излегле солидно подготвени младинци, способни да водат трговија на современ начин. Некои од нив го продолжиле своето образование и на универзитетите во Европа.

Истата, 1857 г., главно или класно училиште се отворило и во западниот дел на Велес[307/]. Ова училиште го отворил

бугарскиот учител Георги Икономов. Тој бил родом од Дупница /Бугарија/ и во Велес дошол по препорака на Најден Геров[308], кој во тоа време одржувал врски со некои од велешките трговци. Георги Икономов бил образован учител. Во Велес тој учителствувал до 1862 г.[309] и за тоа време училиштето добро напредувало. Меѓутоа немаме податоци за предметите што се предаваге во него.

Подоцна, класни училишта се отвориле и во други наши градови. 1865 г. за учител во Кукуш дошол Кузман Шапкарев и основал двокласно училиште[310]. Такво училиште отворил во Прилеп, 1866 г., бугарскиот учител Никола Еничерев[311]. Тој го одвоил главното од взаемното училиште и вовел нови науки.

Отворањето на главни училишта и зголемувањето на класовите во нив зависело од материјалните можности на нашите градови и, главно, од наоѓањето на учители способни да раководат со нив. Образовани и стручно подготвени учители сѐ уште биле реткост во тоа време. Поради тоа тие биле многу поскапо платени од взаемните учители и до нив можеле да дојдат само побогатите градски општини. Некои од нив, како велешката, прилепската, кукушката и др. општини, благодарение на економскиот подем што го постигнале во ова време, биле во состојба да работат на унапредувањето на своите училишта и за таа цел доведувале поподготвени,странски учители. Во 1860/61 учебна година во Велес се отворило трикласно училиште[312], а 1870 г. и четирикласно. Таа година двете велешки општини - источната и западната, се соединиле во една и образувале едно општо 10 -члено училишно настојателство, кое требало да се грижи за унапредувањето на учебното дело во градот. Истата година тоа го погодило за учител Васил Попович, родом од Болград /Бесарабија/, кој ги реорганизирал училиштата во Велес и основал четирикласно училиште[313]. Тоа било во вистинска смисла на зборот класно училиште. Додека во другите класни училишта во Македонија во тоа време имало само по еден или најповеќе по два

класни учители, во него имало четири, за секој клас по еден. Тоа бил голем успех на велешката општина. Таа се носела дури со мислата да отвори и петокласно училиште[314], во кое ќе можат да се учат децата и од околните места, но поради низа причини во тоа не успеала.

Во 1870/71 учебна година кукушкото главно училиште прераснало во триклaсно[315], а ~~ухх~~ 1872/73 уч. година прилепското главно училиште станало четирикласно[316]. И двете училишта имале по два класни учители.

Историјата на развитокот на класните училишта во Македонија, освен овие, ја забележила појавата и на други две класни училишта, кои имале поспецифичен карактер. Тоа биле специјалните класни училишта што ги отворил Јосиф Ковачев во Штип и Прилеп.

По свршувањето на киевската духовна академија, 1868 г. Ковачев кратко време учителствувал во Габрово /Бугарија/, а потоа дошол во своето родно место Штип, каде што се погодил за главен учител[317]. Тука тој основал класно училиште со специјален смер - да подготвува учители и свештеници. Тоа било првото од ваков вид училиште во Македонија. Не е извесно колку класа имало ова училиште. Во него постоеле три курса. Според забелешките на неговиот ученик - бугарскиот учител Саранов, вториот и третиот курс, кои всушност биле класови, се состоеле од три одделенија, во кои се предавале следниве предмети: Вероучение, Библиведение, Црковна историја, Педагогија, Географија, Естествоведение, Б'лг. историја, Всеобата история, Политическа економия, Б'лг. език, Словесност, Аритметика и Геометрия.[318] Очевидно, класното училиште во Штип Ковачев го организирал по образецот на тогашните руски богословски училишта. Покрај општообразовните предмети, во наставниот план на училиштето видно место ~~xxxxx~~ заземале богословските и педагошките предмети.

Поради ваквиот свој карактер тоа било наречено педагошко-богословско училиште. Некои автори го сметаат за училиште што давало средно заокружено образование[319/]. Ковачев сето свое знаење и педагошко искуство ги вложил за неговиот напредок. Особено внимание обрнувал на практичната обука на своите ученици - идни учители. Под негово раководство учениците од погорните класови хоспитирале и држале предавања во основното училиште[320/]. Самиот тој одржувал нагледни предавања пред своите ученици, за да ги воведе во методиката на новата /гласовна/ наставна метода. Неговото училиште брзо се прочуло и станало расадник на новите педагошки идеи. Во него се стекле голем број ученици од различни краишта на Македонија и Бугарија[321/].

Успехот што го постигнало штипското класно училиште дал повод на прилепската училишна општина да го покани Ковачева да дојде за главен учител во Прилеп[322/], за да ги реформира и модернизира училиштата во нејзиниот град. Ковачев ја прифатил поканата и во почетокот на 1874/75 учебна година дошол во Прилеп[323].

Како учител и директор Ковачев многу придонесол за квалитативното издигнување на училиштата во Прилеп. По негово настојување големите училишни простории на општинското училиште биле преградени на помали - за секое одделение и клас по една. Направени биле нови клупи и табли и воведени учебни помагала /географски карти, глобуси и др./. Составени биле и нови наставни планови[324/]. Тој прв тука ја вовел новата, гласовна метода[325/]. Училиштата биле од основа реформирани и добиле современа физиономија. Ковачев го реорганизирал и класното училиште и го приспособил на изискувањата на општината - да подготвува учители, за кои се чувствувала голема потреба во прилепските села, како и во селата на Западна и Југозападна Македонија. Во него се предавале следниве предмети: 1. Б'лгарска граматика и

славјански превод; 2. Аритметика и бухгалтерија; 3. Чертание и практическа геометрија; 4. География во врска со Естествена историја; 5. Популарна физика; 6. Б'лгарска историја, с општ преглед в всеобшта историја; 7. Општа црковна историја с предисловие /богослужение/; 8. Пространен катехизис с в'ведение в светото писание; 9. Методика за првоначално обучение; 10. Турски език; 11. Гр'цки език и 12. Псалтикија[326].

Како и во штипското и во прилепското класно училиште предност имале богословските и педагошките предмети, особено методиката на основната настава, та тоа претставувало еден вид семинарија, во која учениците добивале средно заокружено образование и се подготвувале за учители.[327] За кратко време прилепското четирикласно училиште постигнало извонреден успех. Во едно свое писмо до "преосвештениј" Евстатиј, кандидат за митрополит на Пелагониската епархија, општината наспомнува дека "сја в'веде в училиштата педагогијата и сја надеват да напреднат"[328]. А во извештајот на училишното настојателство до општината за состојбата на учебното дело во градот за 1874/75 учебна година се вели: "Главнијат ни учител Јосиф Ковачев изв'иредно сја е потрудил и неговата заплата наспоред труд'т, што положи, требва да е двојна от ланската, но го молихме да склонит за ланската"[329].

Јосиф Ковачев учителствувал во Прилеп три години и за тоа време во неговото училиште се подготвиле голем број модерни учители[330], кои се расфрлале по селата на Западна и Југозападна Македонија, ширејќи го духот на новото училиште и новите педагошки идеи.

## Забелешки

1. Бојан Пенев: Историја на новата б'лгарска литература, том III стр. 225.

2. Бојан Пенев, цит. дело, стр. 225.

3. Кон крајот на XVIII век во западноевропските училишта била изведена реформа на наставните методи и спроведена таканаречената "взаимна настава" или по името на нејзините создатели, Бел и Ланкастер - белланкастерска метода. Со помошта на оваа метода било можно едновремено да се учи голем број ученици. Наставникот директно не раководел со наставата, туку преку своите помошници. Прво тој наставникот материјал го предавал на своите помошници /монитори/, а овие потоа на својата група ученици /секој од нив бил задолжен со 10-15 ученици/. Затоа што во овие училишта учениците взаимно се учеле, тие се викале освен ланкастерски и взаимни училишта.

Во Европа оваа метода најпрвин била воведена во Лондон. Ланкастер ја применил 1798 г. во едно основно училиште во Лондон, кое го основал за најсиромашните деца, а Бел во едно воено сиропиталиште во Индија, од каде во почетокот на XIX век ја пренел во Лондон.

Ланкастерската метода овозможувала брзо да се описменат голем број ученици, за тоа станала многу популарна. Во почетокот на XIXвек таа се раширила низ цела Англија, а оттаму преку многубројни евангелистички друштва и во другите западноевропски земји и скоро на сите континенти. Широка примена ланкастерската метода добила во училиштата на САД, Франција, Белгија, Швајцарија, Русија и други земји. /Е.Н. Медински: Историја на педагогијата, бугарско издание, Софија, 1950 г., стр. 168-169.

4. Бојан Пенев, цит. дело, стр. 85.

5. 1802 г. во дворот на црквата "Св. Климент" грчкиот владика Калиника отворил елинско класно училиште. /Ив. Снегаров: Град Охрид - исторически очерк, Макед. преглед, год. IV, кн. № 3, стр. 60; К. Шанкарев: Неколко критически бележки... ; Б'лгарски преглед, год. II, кн. 9-10, стр. 273.

6. Раде Миловановиќ: Историја на педагогијата /скрипта/, стр. 166.

7. Во оваа област, како и во другите области преку Сава и Дунав, српскиот народ имал верска и културно-просветна автономија уште од своето доселување 1690 г. /Раде Миловановиќ, цит. дело, стр. 162/, та можел да обрне внимание и на развитокот на своето школство. Мрежата на српските црковни училишта во овие области особено се раширила во периодот од 1740 до 1770 г., но тие по својот карактер биле црковни /цит. дело, стр. 166/.

8. Раде Миловановиќ, цит. дело, стр. 170.

9. Исто, стр. 170.

10. Податоците што се однесуваат за развитокот на школството во Србија во првата половина на XIX век се дадени по Живојин

С. Ѓорѓевиќ: Школа и просвета у Србији 1700-1850, Београд, 1950, стр. 20-21.

11. Раде Миловановиќ, цит. дело, стр. 203.

12. Ваников: Историја на учебното дело в Б'лгарија, Ловеч, 1903 г. стр. 37.

13. Исто, стр. 37.

14. Д.Ив. Доросиев: Нашето училиште и народното ни в'зраждане, Б'лгарска истори еска библиотека, том I, год. II, Софија, 1929, стр. 91 - 92.

15. Бојан Пенев, цит. дело, стр. 242.

16. Исто, стр. 243.

17. Д-р J.Х. Васиљовиќ: Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX в., Београд, 1928, стр. 103-104; Васил К'нчов: Град Скопие..., стр. 109.

18. Д-р J.Х. Васиљевиќ, цит. дело, стр. 106; види ја и забел. 56 во одделот за црковните училишта во нашава работа.

19. Д-р J.Х. Васиљевиќ, цит. дело, стр. 85.

20. Д-р Харалампије Поленаковиќ: Јордан Хаџи Константинов - Џинот, в. "Нова Македонија", од 2.XI.1858 г., стр. 9.

21. Хр. Чочков: Град Велес..., Софија, 1929, стр. 28; Јордан Иванов: Б'лгарите в Македонија, Софија, 1917, стр. 242-248.

22. Д-р J.Х. Васиљевиќ, цит. дело, стр. 92; Васил К'нчов, цит. дело, стр. 118; Ил. Иванов: Илјустрација Илинден, год. XII, кн. 6, стр. 13.

23. Ив. Шишманов/ Неофит Рилски, СбБАН , кн. XXI, стр. 387/ изнесува мислење дека учителот Николај Тонџоров кој учителствувал во Самоков од 1834 до 1842 г., ја запознал взаимната метода во Свиштов или Букурешт, каде што можеби порано учел, или пак ја усвоил од Неофит Рилски, со кого тој како негов поранешен ученик одржувал врски. За потврда на ова свое мислење Ив. Шишманов ги наведува писмата на Н. Тонџоров до Н. Рилски од 18 август и 3 септември 1835 г., во кои се говори и за взаимно-училишните таблици /цит. дело, стр. 161-163/.

Според Хр. Самарджиев /Самоков и околината му, Софија, 1913, стр. 141/ учителот Н. Тонџоров ја вовел взаимната метода во самоковското училиште уште 1834 г., т.е. порано отколку таа била воведена во Габрово /1835г./ -

Меѓутоа, овие мислења на споменатите бугарски автори не се доволно аргументирани и за тоа не можат да се сметаат за веродостојни. Самиот Н. Рилски девет месеци во 1834 г. се подготвувал во грчкото взаимно училиште во Букурешт, за да ја воведе взаимната метода во габровското училиште и ја вовел на 2.I.1835 г. Но, низ целата 1835 г. тој имал големи тешкотии во работата, зашто работел по руски

взаимни таблици и подготвените од него ученици за габровското взаимно училиште, што биле напечатени во печатницата во Крагуевац, пристигнале дури кон крајот на 1835 г. Спрема тоа, Н. Рилски не можел да го воведе учителот Н. Тонџоров во методиката на работата по взаимната метода за така кратко време и тоа по пат на кореспондирање. Од "Историјата на учебното дело во Бугарија, Ловеч, 1903 г., стр. 41, на Н. Ив. Ванков, пак дознаваме дека взаимната метода не била воведена во Самоков за време на учителствувањето на учителот Н. Тонџоров /1834-1842/, туку подоцна, 1843 г. Кога сето ова го имаме предвид, тогаш нешто појасна ни станува дејствителната причина заради која Џинот не се задржал на учење во Самоков повеќе од 6 месеци. Тој секако увидел дека од учителот Н. Тонџоров не може да очекува многу, па под изговор дека не сака да прима "матими" заедно со селанче /Натанаила/, го напуштил Самоков и се вратил во Велес. Инаку не може да се разбере фактот дека Џинот веднаш по пристигањето во Велес заминал на понатамошно учење во Солун.

24. Зборник за народни умотворенија, наука и книжнина, кн. 25, Софија, 1909 г., статијата "Натанаил Митрополит Охридо - Пловдивски. Жизнеописание, стр. 7-8.

25. Архив на Српската Академија на науките, Дел. бр. 56/4/ / 1856 г.

26. Ј.Х. Константинов, цит. писмо.

27. Д-р Харалампије Поленаковиќ: Страници од македонската книжевност, Скопје, 1952, стр. 133.

28. Ј.Х. Константинов, цит. писмо.

29. Во тоа време особено се прочуло взаимното училиште на островот Патмос /Бојан Пенев, цит. дело, стр. 225/.

30/ Ј.Х. Константинов, цит. писмо.

31/ Д-р Ј.Х. Васиљевиќ, цит. дело, стр. 88-90.

32/ Период. спис. год. VIII, кн. 11, стр. 560.

33/ Ј.Х. Константинов, цит. писмо.

34/ "Цариградскиј вестник", 1851 г. бр. 59.

35/ "Цариградскиј вестник", 1851 г. бр. 44 и 59.

36/ "Цариградскиј вестник", бр. 59 од 3.II.1851 г., статијата: "Учение во скопското училиште".

37/ Цариградскиј вестник", бр. 68, 1852 г. Овој наставен план поподробно го разгледуваме во ~~одделот~~ главата за наставните планови и програми во нашите училишта.

38/ "Цариградскиј вестник" бр. 59 од 3.III.1851 г. статијата: "Скопски родољубци".

39/ 1851 г. скопското училиште добило подарок 1090 книги од Министерството за просвета на Србија /Држ. Архив на НРС, Ф.I, № 29, 1852 г./. Истата година училиштето добило од Александар

Егзарх, од Цариград, 1200 различни книги на бугарски јазик /"Шумадинка", бр. 5 од 15.I.1852 г., стр. 3/.

40/ Ј.Х. Константинов, цит. писмо

308. Велешкиот трговец Андон Х.Наумов во своето писмо до Најден Геров, испратено од В елес на 22 март 1858 г., за тоа пишува: "Перво, благодариме за избрание то на Ваше Високо благородие, учителја Г-на Георгија Економова когото само с едно Ваше слово призовахме за учит.: в градат ни, абие Готово му, като отечестволјубец , дојде, отвори училиште то

и встуцн си на работа та като истиниј патриот, от когото сјдя надеваме временно и плод да добие отечеството ни. - Училиште то ни е по настојаштему в доб'р ред положено." /Из Архивата на Н.Геров, кн. 2, стр. 89/.

309. Хр. Мочков, цит. дело, стр. 26.

310. "Читалиште" кн. 13, од 1 април, 1871 г., стр. 412.Дописка од К. Шапкарев од Кукуш од 18.X./врij 1870 г.

311. И.Г.Еничерев, цит. дело, стр. 84; Сто години ново б'лгарско училиште в гр. Прилеп, стр. 17-18.

312. Н.Ив.Ванков: Историја на учебното дело в Б'лгарија, Ловеч, 1903, стр. 116.

313. Хр. Мочков, цит. дело, стр. 29 - 30.

314. Исто, стр. 30.

315. Н.Ив. Ванков: Историја на учебното дело в Б'лгарија, Ловеч, 1903, стр. 116.

316. "Читалиште" кн. 5, од 30.II.1873 г., стр. 433. Дописка на К. Шапкарев од Прилеп од 2 ноември 1872 г.

317. Постојат спротивни мислења за годината во која Ковачев го отворил класното училиште во Штип. Според Н.Ив. Ванков /Историја на учебното дело в Б'лгарија, Ловеч, 1903, стр. 121, Ковачев ова училиште го основал 1868 г. Според Ј. Иванов /Северна Македонија, стр. 361/ тоа било отворено подоцна. Тој тврдил дека по напуштањето на Габрово Ковачев најпрвин се условил за главен учител во штипско Ново Село, каде што учителствувал една година, а потоа, 1871 г., поминал во штипското училиште. Такво мислење - дека Ковачев дошол за учител во Штип 1871 г. има и Петар Завоев /Гр. Штип, имн'ло и просвета..., стр. 53/.

~~318~~ Меѓутоа мислењата на Ј. Иванов и П. Завоев не би можеле да се земат за веродостојни.~~жни~~ Паѓа во очи, на пример, несообразноста со времето во тврдењето на Ј.Иванов. Ако е точно дека Ковачев дошол во Македонија 1868 година и најпрвин се погодил за учител во штипско Ново Село, каде што учителствувал една година, значи 1868/69 учебна година, тогаш излегува дека идната, 1869/70 уче година, тој дошол за учител во Штип, а не 1871 г., - како што смета Ј.Иванов. На ваква претпоставка не гони ~~к~~ фактот, што во 1870 година Арсени Костенцев провел 3 месеци кај Јосиф Ковачев во Штип за да ја изучи гласовата метода /Спомени на Арсени Костенцев, СбБАН, кн. 6, стр. 36-37/.

318. Н.Ив.Ванков: Историја на учебното дело в Б'лгарија, Ловеч, 1903, стр. 121.

319. Исто, стр. 121.

320. Исто, стр. 121.

321. Ј.Иванов, Северна Македонија, стр. 362.

322. Писмо на прилепската општина до Јосиф~~х~~ Ковачев во Штип. Види прилог кон нашава работа бр. 41, стр. 329

323. Сто години ново б'лгарско училиште в гр. Прилеп, стр. 57.

324. Исто, стр. 58.

325. Исто, стр. 58.

326. Хр. Шалдев, цит. статија, стр. 54; Сто години ново б'лгарско училиште в ~~Прилеп~~ гр. Прилеп, стр. 18.

327. Сто години ново б'лгарско училиште в гр. Прилеп, стр. 58.

328. Хр. Шалдев, цит. статија, стр. 54; Сто години ново б'лгарско училиште в гр. Прилеп, стр. 19.

329. Исто, стр. 54; стр. 19.

330. По барање на Ј. Ковачев ц'рковно-училишното настојателство на прилепската општина му го издало следново свидетелство:

Сведетелство

Дава се настојаштето на Г-на Јосифа А. Ковачев, б'лгарин родом от г. Штип, в удостоверение на това, че тој през учебните 1874/5, 1875/6 и 1876/7 години е бил главен учител в местните ни народни училишта, като при туј е приготовјавал учениците си и за учители в п'рвоначални училишта по новов'ведената от него система на обучението.

гр. Прилеп... 1892 г.

/Обшински печат/ Ц'рковно училиштно настојателство
/Следват подписи/

/Се наога во Државниот архив на НРМ/

# Н А С Т А В А

## 1. Содржина на наставата /наставни планови и програми/

Основна карактеристика на наставата во училиштата во XVIII и првата половина на XIX век е религиозност. Макар што сите училиштата не се црковни установи /имало приватни и општи келијни училишта/, во сите нив се изучувале црковни науки и содржината на наставата била подредена на потребите на црквата - да подготвуваат свештеници. Тоа била основна задача на келијните училишта. Учењето на читање и пишување, како и изучувањето на црковни науки во нив и немало други цели, освен затврдувањето на религијата. Со ваквиот свој карактер тие ја продолжувале келијната традиција на средновековните манастирски училишта кај нас.

Келијните училишта не работеле по некој планови и програми. Наставата во нив била еднопредметна. Прво се изучувала една определена книга, која во исто време била и програма, а потоа се минувало на друга. Најпрвин се совладувала азбуката, а потоа една по друга се изучувале следните црковни книги: часослов /наусница/, псалтир, месецослов /светче/, апостол, требник, и евангелието[1/]. Освен овие предмети учениците учеле нешто и од сметање - четирите основни операции и тоа со цели броеви, за црковниот ред и црковно пеење[2/]. Тоа била сета наука што ја давале келијните училишта. Но сите овие предмети не се предавале во сите келијни училишта. Поради лошата методика на работа /буквена метода - механичко учење/ учењето во нив било многу трудно и траело долго време, та во некои од нив образованието завршувало со изучувањето само на азбуката и часословот, а во други со псалтирот. Ретки биле оние ученици кои успеале да ги изучат сите црковни пред

мети. Најголем успех покажувал оној ученик кој знаел точно да чита и да го толкува евангелието и светчето. А тоа често ги надминувало силите на учениците, па дури и на учителите. Во светчето, на пример, тешко се снаоѓале и најдобрите ученици.[3]

Напоредно со читањето, во келијните училишта се учело и пишување. Тоа почнувало веднаш по совладувањето на азбуката. Во почетокот учениците се вежбале да пишуваат по песокот /на песочницата/, потоа по некој тврд предмет / штичка, штавена кожа, говедска плешка и др./ и нај после на хартија со пачо или гушче перо и мастило. Во некои келии на пишувањето се гледало како на нешто споредно, та учениците почнувале да пишуваат многу доцна - по свршувањето на часословот, па дури и по свршувањето на дел од псалтирот. За тоа многу од келијните ученици, кои по свршувањето на келијните науки се запопиле, можеле да читаат, но не и да пишуваат.

Сметање почнало да се учи во келијните училишта од поново време, но не порано од втората половина на XVIII век и тоа сосема ретко. А од почетокот на XIX век како учебен предмет во келијните училишта тоа се среќава почесто. Меѓутоа ретки биле келии во кои се учеле сите основни операции по сметање. Во постарите келии се учеле само цифри и тоа поради потребата на црквата - да се знае кој глас да се чита, на која страница на книгата и др.[4] Во прво време броевите се пишувале со црковнославјански букви. Подоцна, не се знае кога, биле воведени и арапските цифри[5]. Во едни келии се предавало само собирање и одземање, во други и множење и тоа со цели броеви, а ретки биле келии во кои се учело и делење. Оваа операција се сметала како специјалност, не секому достапна[6]. Во селските келии во Кратовско сметање се учело само до бројот 100, а во келиите во Кратово сите четири операции по сметање - устно и писмено до бројот

500, односно 1000.[7] Во келиите, пак, во Берово се учеле сите четири операции по сметање писмено и до 10.000[8].

Исти овие предмети се учеле во скоро сите келијни училишта. Во приватните келијни училишта во Велес учениците учеле читање, пишување и сметање /четирите основни операции/, а од црковните науки часослов, псалтир, светче, апостол, евангелие, црковно пеење и псалтика[9]. Во прилепските келии учебниот материјал се состоел од буквар, наустница, псалтир, евангелие, апостол и светче[10]. Во некои од нив учениците учеле да читаат и пеат молитви соодветни за секој религиозен момент - пред јадење, по јадење, при влегување во црква и др.[11] Во кратовските келии, пак, се предавале: часослов, псалтир, осмогласник, апостол и др. црковни книги, нешто од сметање, пишување и црковно пеење[12]. Такво, "наустничарско" било учењето и во штипските келии. Околу 1830 г. во тогашното општо келијно училиште се предавале: часослов, псалтир, осмогласник и псалтир. Освен овие предмети учениците учеле да пишуваат по обрасци што им ги давал учителот, учеле и "ракам" /сметање/. Учењето завршувало со испишување на готови обрасци за свидетелства, записи, писма и др. од тефтерот на учителот. Оној ученик кој ги совладувал горните науки се сметал за "граматик" /писмен човек/ и можел да стане поп[13].

Келијната наука доминирала во училиштата до половината на минатиот век. Но уште пред ова време во некои келии се забележува појавата и на световни предмети, што келијните учители ги воведуваат во своите училишта под влијанието на световната просвета од соседните земји. Како,пак, не биле подготвени за таква настава, учениците добивале сосем оскудни знаења, кои се губеле во сенката на наусницата и псалтирот.

Побитни промени во содржината на наставната работа на училиштата, кои го измениле нивниот карактер, се внесуваат и тоа постепено од ~~третата~~ четвртата и ~~четвртата~~ петтата деценија на минатиот век. Тие промени во училишната настава биле предизвикани со промените на материјалните услови на животот. Од ова време сѐ повеќе се ~~менуваат~~ изменуваат производните сили на општеството /поминување од натурално на паричко стопанство/ и општествените односи /богат селанин стопанин, занаетчија, трговец/, кои од своја страна раѓаат и нови потреби, па и потреби за поголема и поинакво образование. Се отвораат нови училишта, со нова световна содржина и дух. Навистина и во овие училишта се предаваат некои од црковните предмети, но наставата не е посветена исклучиво на потребите на црквата и во неа не се говори само за животот на "оној свет" како во ќелијните училишта, туку за потребите на човекот, за неговиот живот и работа на земјата. Со новите училишта не управува црквата ниту свештенството, туку световни луѓе ~~на~~ и тоа од името на целиот народ.

И световните училишта не работеле по некои установени наставни планови и програми. Секое од нив имало тукурочи свој наставен план и програма. Но наставен план во денешен смисол на зборот, со точно фиксиран број на предмети и установен редослед и број на часови во седмицата по кои тие се предавале во едно одделение или клас на односното училиште - во она време не постоел. Тоа е сосем разбирливо, ако се има предвид дека тогаш не постоела една општа централна училишна власт, која би пропишувала еднакви планови и програми за сите училишта според нивните цели и задачи и која би ја координирала нивната работа насочувајќи ја кон остварувањето на единствени воспитнообразовни цели. Причина за тоа била секако и нееднаквата стручна подготовка на тогашните учители. Кои предмети ќе се предаваат

и во кој обем зависело од подготовката на учителот, од неговата способност, знаење и умеење да ги предава или не овие или оние предмети. Затоа во она време училиштата многу се разликувале по предметите што се предавале во нив, по времето на траењето на школувањето во нив и по квантитетот и квалитетот на знаењата што учениците ги добивале по завршувањето на односното училиште. Тоа секако многу зависело и од разбирањето на целите и задачите од страна на наставниците и училишните општини што едно училиште требало да ги оствари.

Взаимните училишта, како што истакнавме понапред, давале само елементарно образование. Во нив се учело читање, пишување и сметање.

Читањето се учело по взаимните таблици, кои се изучувале по ред. Првата таблица ги содржела буквите, како во азбуката; втората едносложни срички и зборови, третата двосложни, четвртата многусложни. Другите таблици содржале цели реченици, приказни, кратки раскази и др. Взаимни таблици всушност содржале она што подоцна се учело во букварите и читанките.

Штом учениците би ја совладале првата таблица, поминувале на втората, потоа на третата и така сè додека не ги изучат сите таблици. Знаењето на учениците - дали ја совладале односната таблица или не , се проверувало на испитите кои се одржувале секоја сабота. Спрема таблиците што ги изучувале, учениците и се и распоредувале во клупите. Во првата клупа седеле ученици кои ја изучувале првата таблица, во втората клупа ученици кои ја изучувале втората таблица и и така натаму. Оние ученици кои ги завршувале сите таблици, седеле во последната клупа. Кога се појавиле читанките и се вовеле во взаимните училишта, од таблиците се изучувале само букви, срички и зборови, а од читанките се читале четива. Кога, пак, во взаи

ните училишта се вовеле и буквари, таблиците си исфрлиле од употреба.

Пишувањето во взаимните училишта започнувало на песочниците. Со прстот по песокот учениците вежбале да ги пишуваат буквите. Овие ученици се викале песочници. Штом би научиле да ги пишуваат сите букви од азбуката и во тоа би се уверил учителот на испитот, учениците поминувале во првата клупа. Сега тие добивале калем и табла /плоча/ и на неа вежбале да пишуваат срички. На следните клупи тие учеле да пишуваат еднословни, двосложни и многусложни зборови. Потоа учеле да пишуваат со перо и мастило на хартија. Процесот на усвојувањето на техниката на пишувањето бил нееднаков. Додека едни ученици уште учеле да ги пишуваат буквите на песочницата, другите пишувале срички, еднословни, двосложни и многусложни зборови, а трети веќе пишувале на хартија со мастило.

Сметањето, исто така, во нееднаков обем се предавало во училиштата. Обично, учениците - песочници учеле да пишуваат цифри. Во едни училишта од ~~ххих~~ 1 - 100, а во други од 1 - 1ооо. На другите клупи учениците вежбале да пишуваат цифри со калем на плоча или со мастило на хартија. Само највозрасните ученици - од последните клупи, ги учеле четирите основни операции. Во некои училишта овие ученици учеле и црковно пеење и некои молитви. Тоа била сета наука што ја давале взаимните училишта.

Учењето во взаимните училишта траело по две, а и по три и четири години, зависно од способностите на учениците да го совладаат предвидениот учебен материјал. ~~Хххх~~ И во взаимните училишта азбуката и читањето се учеле по буквената метода; времето употребено на тоа во нив се приближувало до времето потребно да се научи ~~хххххх~~ читање и пишување во келијните училишта[14].

Во приготовителните училишта, кои биле одделни училишта, или ги претставувале горните одделенија на взаимните училишта /што бил чест случај/, се давале основни познавања од следниве науки: граматика, географија, историја, свештена историја и краснопис. Во некои взаимни-односно приготовителни училишта, не се предавале сите овие предмети, а во други училишта се предавале и други предмети.

За да имаме претстава за тоа кои предмети, главно, се предавале во основните училишта, донесуваме некои од училишните програми на одделни училишта и од различно време.

Во взаимното училиште во Велес, што го основал 1838 или 1839 г., Џинот ги предавал следниве предмети: "Буквар, Св. Историја, Црквена Историја, Оглашение вери, Географија, Всеобштаја Историја, Црквена оправа, Толкование все свјаштенописание, Митологија итд..."15/

Во Скопското взаимно училиште, 1848 г., тој предавал: Буквар, Св. Историја, Црк.Историја, Прислловици, Рачуница и Дипиографија, Географија, Граматика, Всеобштаја Историја, Митологија, Фисика, Класически списанија итд. итд...16

За 1852 г. Џинот објавил во "Цариградскиј вестник" бр. 68 полна /разработена/ училишна програма по која работел во таа година во скопското взаимно училиште.x

За време на учителствувањето на Никола Самсовлијета /од 1847-1850 г./, во училиштето во источниот дел на Велес, се предавале овие предмети: граматика, географија, историја, свештена историја, аритметика, краснопис и нешто за трговијата, записи, сметки и др.17/

---

x Во целост, како што е објавена во споменатиот весник, училишната програма ја донесуваме во прилогот кон нашава работа под бр. 42, стр. 330-331

За време на учителствувањето на Васил Курдалев во Прилеп /од 1859-1864 г./, во училиштето се изучувале: граматика, свештена историја, числителница, земјопис и катихизис[18].

Во учебната ~~xxxxxxxxx~~ 1864/65 г. Арсени Костенцев ги вовел во ваташкото училиште овие предмети: Прво познание, Свештена историја, Катихизис, Земјопис, Б'лгарска кратка историја, краснопис и др.[19]

Во 1865 г. тетовското основно училиште имало четири одделенија и во нив се изучувале следниве предмети:

I одделение: "... буквар, писање и рачун од један на до хиљада...,

II одделение: "... часослов, читанка прва, св. историја, знања прва, рачуница и молитва и писмо к рачун четири вида прости, ..."

III одделение: "... псалтир, друга читанка, кратки катехизис, мали земљопис с круг., писмениј состав, рачун четири броја разнонарецениј и краснописание..."

IV одделение: "... псалтир 20 катизма на изус, трећа читанка, мали земљопис турског цар, рачун разбиенне, историја Срб., Граматика мала и краснописание..."[20]

Во 1866 г. взаимното училиште во Прилеп имало две одделенија. Во првото одделение се изучувало читање и пишување /по взаимната метода, а во второто - свештена историја, први познанија, четири дејствија од числителницата, читанка и краснопис[21].

Од 60-те години на минатиот век во основните училишта на Северна и Западна Македонија /Азот, Поречс, Дримкол/ се предавало, главно, по учебниците добиени од Србија. Тоа биле: "Штица, Србски Буквар, Прва Читанка, Друга читанка, Трећа читанка, Собрани Молитви, Мали катихизис, Мала Свештена Историја, Мали

обшти земьопис, Мали земьопис Србије и Турске, Мала Србска Граматика, Мала Историја Србскога Народа, Писмени састави, Србска Прегледница, Атлас за основну школу, Срицателна таблица итд." 22/.

Од 1871-1872 г. во прилепското взаимно училиште се работело по следнава училишна програма:

I одделение: "баштин јазик - речи"

II одделение:

1. пододдделение: "баштин јазик" - другите делови, читање, пишување и сметање.

2. пододделение: читање на полезни книшки со разјаснување на прочитаното и вежбање во устно искажување, Краснопис и практично изучување на четирите основни операции по сметање.

IIIодделение /"преуготовително"/: Основи од Б'лгарската граматика, Основни уроци од Земјопис, Числителница, Закон Божи /Св. Историја и Катихизис/, вежбања во читања со разјаснувања и краснопис 23/.

Во учебната 1872/73 г. во централното училиште во Солун учениците /биле разделени на две одделенија/ учеле: "... закон Божи I част, б'лг. език, граматика I част и началото на II част, народна история, кратки познанија от всеобща история, земеописание с кратки познанија от "естественица" /естествознание/, османска история, "сметница" /аритметика/ I и II ч., свещена история /Ветхи и Нови завет/, Френски език /четене, превод и начало от граматиката/ и "писмоупражнение" /словесност/..."

Во вардарското училиште учеле: "... четене, писане, свещена история /Ветхи и нови завет/, кратки познания по география и малко р'коделие..." 24/

Различни биле училишните програми по кои работеле и женските основни училишта.

Во првото женско основно училиште во Македонија, кое го отворила бугарската учителка Недела Петкова во Прилеп, 1865 г., се изучувале овие предмети: свештена историја, први знаења, сметање, краснопис, шиење и пеење[25]. Овие предмети се изучувале, главно, и во другите женски училишта што ги отворила Недела Петкова и нејзината ќерка во Македонија /Охрид, Солун, Воден/.

Во 1867 г. за општа градска учителка во Велес била погодена Србинката Марија. Оваа учителка предавала во женското училиште со "ревност и усердие" последнава училишна програма:

I клас:

1. Познавање букви, срегавање и читање из сербский језик;

2. Молитви на изуст;

3. Писување на таблица по една дума;

4. Писување по прегледалници, броење и р'коделие.

II клас:

1. Читање из Букваря и из пeрва Читанка;

2. Писување на таблица;

3. Молитви на изуст;

4. Писување по преглед;

5. Броење и с'бирање на изуст и р'коделие.

III клас:

1. Друга читанка и трекја читанка на книга;

2. Прво знање на изуст до крај пjата глава и от шестата глава за српската Историја до седма и големи молитви на изуст;

3. Ситно писување по една бележка;

4. От числителница првите прости дејствија: т.е. с'бирање, изваждање и умножение и р'коделие[26/].

x x

x

По уште поразлични училишни програми работеле главните /класни/училишта. Секое класно училиште имало своја училишна програма и таа често се менувала. Класните учители биле со различна подготовка и предавале она што знаеле и умееле, најчесто предметите што ги учеле во училиштето кое го завршиле. Оттука во различни класни училишта, па и во еден ист клас, се учеле различни предмети и во различен обем.

Во двокласното училиште во Велес /источната страна/, кое го основал Јован Нешковиќ, се предавало следниве предмети:

I клас: Граматика[27/], историја, земјопис, естествена историја, стокознание, аритметика и германски јазик.

II клас: Покрај предметите од I клас се предавале уште и: трговски сметки, книговодство, записи, контракти /договори/, писмоводство и германски јазик[28/].

Во другото класно училиште во Велес /западната страна/, основано истата година од бугарскиот учител Георги Икономов, се учеле: аритметика, граматика, всеобшта историја, б'лгарска историја и крат'к катехизис[29/].

1865 г. во двокласното училиште во Кукуш се предавате овие предмети: б'лгарска граматика, б'л. историја, всеобшта историја, закон божиј /св. историја и катехизис/, землеописание, числителница, по малку старо - б'лгарско или црковно чтение, краснописание и начала от гр'цкиј и турскиј език

Подоцна, 1867 г., во ова исто училиште се изучувале:

III клас: Б'лгарска граматика, Б'лгарска историја, Пространна числителница, Гражданско землеописание, Пространиј катехизис и Грбцкиј јазик.

II клас: Исти овие предмети само во помал% обем и "Св. Битописание"[31].

1868 г. во двокласното училиште во Прилеп предметите биле распределени по клупи, т.е. во секоја клупа се изучувале одделни предмети и тоа:

I клупа: Начала от Физика, Физиологија, Всеобшта историја, Алгебра, Турскиј и Грбцкиј език;

II клупа: Катехизис, Гражд. землеописание, Числителница, Граматика, Турскиј и Грбцкиј език;

III клупа: Б'лг. граматика;

IV клупа: Кратка б'лг. граматика, Кратко землеописание, Битописание[32].

1872/73 уч. година ова училиште станало четирикласно и тогаш во него се изучувале овие предмети:

1. Б'лгарска Граматика; 2. Б'лгарска История; 3. Землеописание Гражданско и Изчислително; 4. Числителница; 5. Закон Божиј /Св. История и Катехизис/; 6. Всеобшта История; 7. Физика; 8. Јазиците Турскиј и Грбцкиј[33].

Meг'утоа класни училишта со поширок круг предмети, кои давале заскруглено и специјално образование, биле класните училишта на Ј. Ковачев во Штип и Прилеп. Во штипското класно училиште не постоела некоја строга распределба на одделенија и се предавале овие предмети: Вероучение, Библиведение, Ц'рковна историја, Педагогија, География, Естествоведение, Б'лг. историја, Всеобшта историја, Политическа

икономија, Б'лг. език, Словесност, Аритметика и Геометрија[34].

А во прилепското класно училиште, пак, се изучувале: 1. Б'лгарска граматика и славјански превод; 2. Аритметика и Бухгалтерија; 3. Чертание и практическа геометрија; 4. География в св'рзка с Естествена историја; 5. Популарна физика ; 6. Б'лгарска историја с обшт преглед в'рху всеобшта историја; 7. Обшта ц'рковна историја с предисловие /богослужение/; 8. Пространен катихизис с в'ведение в светото писание; 9. Методика за п'рвоначално обучение; 10. Турски език; 11. ~~Ж~~ Гр'цки език и 12. Псалтика /пениjа/[35].

Од овој краток преглед на училишните програми на некои класни училишта се гледа дека во нив се предавале многу различни предмети. Тукуречи програмата на секое класно училиште се разликувала од програмата на другото класно училиште. Од општообразовните предмети најчесто биле застапени граматика, историја, општа историја, географија , аритметика, физика и др., а од црковните предмети катехизис, црковна историја, и закон божи, што било вообичаено за тоа време. Исто така, во скоро секое класно училиште се учеле турски и грчки јазик и тоа од практични причини. Турскиот јазик бил официјален јазик во Турската империја, па и во Македонија како нејзина провинција, а знаењето на грчкиот јазик било неопходно во трговијата. Од исти причини некаде се учел и германски јазик.Но освен овие предмети во некои класни училишта се учеле и чисто стручни предмети. На пример, во "Трговското училиште" на Ј. Веиковиќ во Велес освен општообразовни предемети се изучувале и трговско сметководство, книговодство и стокознаење, а во класните училишта на Ј. Ковачев богословија, педагогија, дидактика и методика.

воведувањето на овие предмети во програмите на одделни класни училишта се наложувало поради тоа што во она време не постоеле специјални училишта /трговски, педагошки, богословски/, кои би подготвувале соодветен кадар /со трговски знаења, основни учители, свештеници/, за каков се чувствувала голема потреба. Меѓутоа, изучувањето на предмети од ваков карактер, како што е познато, нужно претпоставува соодветна возраст, а не ученици од нижите класови. Тоа ни покажува колку тогашните учители не се сообразувале со можностите и способностите на учениците. Паѓа во очи и фактот дека во училишните програми на тогашните класни училишта не биле застапени таканаречените уметничко-образовни предмети: фискултура, цртање, пеење, краснопис и др.

Наставата во класните училишта не била предметна, туку класна /одделенска/, како и наставата во основните училишта. Бидејќи немало доволно класни учители, еден или двајца учители ги предавале сите предмети во училиштето. Тие имале голем број часови и прекумерно работеле. На пример, во 1856 г. со двокласното и взаимното училиште во Велес /источната страна/ раководел еден учител /Ј. Нешковиќ/. Истата година со другото класно училиште во овој град /западната страна/ раководел исто еден учител /Г. Икономов/. Во 1866 г. во двокласното училиште во Прилеп предавал само еден учител /П.Г. Кинчорев/. Во ~~1872/73~~ 1872/73 уч. година во четирикласното училиште во Прилеп имало само два учитела. Едниот предавал граматика, земјопис, числителница, физика и турски јазик, а другиот бугарска и општа историја, црковните науки и грчки јазик[36]. Во некои класни училишта работеле и повеќе учители. Во четирикласното училиште на В. Попович во Велес /1870-1873 г./ и класните училишта на Ј. Ковачев во Штип и Прилеп имало по четири класни учители, но и тие предавале по неколку предмети. Реткост била бројот на класните учители да го надминува бројот на класовите во училиштето.

2. Наставни методи

Сета тежест на наставата во XVIII и првата половина на XIX век била насочена кон здобивањето на вештината на читањето. Тоа се изведувало по старата буквена метода, позната во педагошката литература под името номинална метода. Читањето по оваа метода почнувало со изучувањето на буквите. Основен елемент од кој се поаѓало во запознавањето на буквите било името, односно знакот на буквата, а не нејзиниот глас. Азбуката по имињата на буквите се изучувала вака:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| аз | - | а | мислите | - | м |
| буки | - | б | наш | - | н |
| веди | - | в | он | - | о |
| глагол | - | г | покој | - | п |
| добро | - | д | рци | - | р |
| ест | - | е | слово | - | с |
| живете | - | ж | тврдо | - | т |
| земља | - | з | ферт | - | ф |
| иже | - | и | хер | - | х |
| како | - | к | черв | - | ч |
| људи | - | л | итн. | | |

Учениците ги изучувале имињата на буквите по азбучниот ред, почнувајќи со изразот "Христе Боже помагај", - аз - а, буки - б, веди - в, итн., па до "титла", "ижица" и "Амин", со кој израз завршувала славјанската азбука. Потоа азбуката се учел во обрнат ред на буквите, почнувајќи ~~ги~~ со "Амин", "ижица" и "титла" и завршувајќи со "Христе Боже помагај"[37/]. Учениците се запознавале со знаците на малите и големите букви - ракописните и печатните. Тоа била првата фаза на учењето на читање по оваа метода, која траела по неколку месеци, а често цела година.

Кога учениците би ја усвоиле целата азбука, јасно распознавајќи ги облиците на буквите, поминувале на срицање на слогови по имињата на буквите.

Срицањето почнувало со слогови составени од две букви. Тоа обично биле слогови составени од секоја согласка и секоја самогласка по азбучниот ред:

ба, ва, ге...; бе, ве, ге...; би, ви, ги...; бо, во, го...; бу, ву, гу...; итн.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Слогот | "ба" | се срицал: | буки - аз = ба |
| " | "ва" " | " | веди - аз = ва |
| " | "га" " | " | глагол-аз = га |
| Слогот | "бе" | се срицал: | буки - ест = бе |
| " | "ве" " | " | веди - ест = ве |
| " | "ге" " | " | глагол-ест = ге |
| Слогот | "би" | се срицал: | буки - иже = би |
| " | "ви" " | " | веди - иже = ви |
| " | "ги" " | " | глагол-иже = ги |

итн.

Според податоците на Ст. Симиќ[38/], во кратовските келии срицањето почнувало со двебуквени слогови составени прво од согласката "б" и присоединети на неа самогласки по азбучниот ред: ба, бе, би, бо, бу..., потоа од согласката "в" и самогласките: ва, ве, ви, во, ву..., па од согласката "г" и самогласките: га, ге, ги, го, гу..., итн.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Слогот | "ба" | се срицал: | буки - аз = ба |
| " | "бе" " | " | буки - ест = бе |
| " | "би" " | " | буки - иже = би |

Во некои келии во Кратовско овие слогови се срицале и вака: буке - ба, буке - бе, буке - би, итн.

Или: букем - ба, букем - бе, букем - би, итн.

Па и: букем - баз, букем - без, букем - биз, итн.

По срицањето на две буквени слогови, учениците учеле да срицаат зборови по слоговите од кои тие биле составени. Прво еднослoжни зборови, па двесложни, трисложни итн. Да би го прочитале по оваа метода, на пример, зборот "баба", тие прво го срицале по имињата на буквите првиот слог: буки /буква б/, аз /а/ и искажувале "ба", потоа го срицале вториот слог: буки /б/, аз /а/ и искажувале "ба" и најпосле го срицале целиот збор ба - ба = баба.

Зборот "книга" се читал вака: како - наш - иже = = "кни" /прв слог/, ~~лјуди~~ глагол - аз = га - иже = "ли" /втор слог/ - кни - га = = книга.

Зборот "молитва": мислите - он = "мо" /прв слог/, лјуди - иже = "ли" /втор слог/, тврдо - веди - аз = "тва" /трет слог/, мо - ли - тва = молитва.

Со усвојувањето на срицањето на зборови завршувала втората фаза на учењето на читање по оваа метода, која исто така долго траела. На послабите ученици им било потребно по две и три години за да ја совладаат техниката на срицањето.

Во третата - последната фаза учениците учеле да срицаат кратки реченици, потоа кратки текстови од богослужбените книги[39/]. Таа била најтешка фаза, сврзана со големи тешкотии што учениците требало да ги совладаат. За да прочитаат, на пример, една реченица, тие претходно морале сите зборови по ред во неа да ги срицаат по слогови, а овие по имињата на буквите од кои биле составени, па потоа зборовите ги читале како говорни целини во реченицата. А за да се прочита, пак, еден текст од неколку реченици, секоја реченица по ред во текстот морала да помине низ иста постапка на срицањето. Може тогаш да се замисли какви маки им задавал на учениците ваквиот начин на читање и колку време тие морале да употребат додека би научиле

~~би научиле~~ да читаат. Навистина, тие морале да вложат извонреден напор за да научат да читаат по номиналната метода. Се учело не за да се разбере она што се читало - тоа и не се барал од нив, туку да знаат тоа да го повторат. За тоа учениците морале безброј пати да го повторуваат она што го учеле - сѐ додека не го научат напамет, за да можат да го повторат онака како што тоа од нив го изискувал учителот. Ваква постапка, која се опирала едино на механичкото помнење на учениците, била општа постапка во работата на келијните училишта. Поради ваквиот начин на учење голем број ученици не успевале да ги завршат келијните науки.

Пред завршувањето на читањето - во неговата последна фаза, учениците се запознавале и со знаците на титлите /скратеници/, акцентите и интерпункцијата. Во кратовските келии овие знаци се предавале вака:

Оксіа / ˊ /, варіа / ˋ /, комора / ⌒ /, титла / ~ /, слово титла / ҁ /, добро под титла / д /, онче под титла / ѡ /, запета / , /, двоточје / : /, точка / . /, вопросителна / ; /, удивителна / ! / и уместителна / /, т.е. знак за заграда[40/].

Но и овие знаци учениците ги учеле напамет, не сфаќајќи го нивното значење, ниту нивната практична примена.

До половината на XIX век почетното читање се учело од ракописни букварм, составени од самите учители. До ова време тешко можело да се дојде до печатени буквари и нивната употреба во училиштата била сосем ретка. Букварр претставувала свеска направена од хартија, во која учителот на секој ученик прво му ја испишувал азбуката, а потоа повремено одделни уроци[41/]. По азбуката доаѓала партијата на двебуквени слогови /обично секоја согласка со по една самогласка образувала слогови на еден урок/ па еднос ложни, двесложни, трисложни и многусложни зборови, реченици и на крајот кратки богослужбени текстови /молитви/. По

изучувањето на букварот, учениците поминувале на читање од часословот, псалтирот и другите црковни книги.

Номиналната метода долго време суверено владеела во нашите училишта. По неа букварската настава се изведувала и во взаимните училишта. Навистина, во некои взаимни училишта наместо аз, буки, веди итн., буквите се именувале со а, бе, ве[42] итн., но со тоа ништо не се придонесувало на подобрувањето на методиката на работата во изведувањето на букварската настава, ниту се олеснувала работата на учениците, бидејќи и понатаму елемент што се земал при обработувањето на буквите не бил гласот, туку името на буквата /таа се именувала заедно со самогласната буква - бе, ве, ге итн./, а постапката останала иста: срицање на слогови по имињата на буквите, потоа читање на цели зборови и реченици.

Методски промени, кои радикално го измениле изведувањето на оваа настава, се внесуваат со воведувањето на гласовната метода. Како што е познато, при обработувањето на буквите оваа метода поаѓа од гласот како реален елемент во јазикот, а не од името на буквата, односно нејзиниот знак кој е само писмен симбол за гласот. По тоа таа и го добила своето име гласовна /звучна/ метода. Нејзината појава направи права револуција во дотогашните разбирања за изведувањето на букварската настава, бидејќи нејзината предност над номиналната метода беше сосем очигледна и предизвика големи промени во организацијата на наставната работа во основните училишта.

Гласовната метода ја пронашол кон крајот на XVIII век германскиот учител Стефани[43], која брзо нашла примена во основните училишта во Германија, а оттука - во почетокот на XIX век и во училиштата и во другите европски земји. Кај нас таа се пренесе од Србија и Русија. Во Србија имало настојувања за воведувањето и во 30-те години на минатиот век. По оваа метода

Вук Караџиќ составил и буквар[44/] /"Оглед српског буквара, Даница за 1827 г./ и во предговорот на истиот тој исцрпно ја опишува, истакнувајќи ги нејзините предности над номиналната метода, по која сé уште се работело во српските училишта. Службено новата гласовна метода била воведена во училиштата во Србија дури во 40-те години на минатиот век. Во Стеријиното "Наставленије" едно специјално методско упатство бара наставата на почетното читање и пишување да не се изведува по старата метода на срицањето, туку по новата гласовна метода. "При срицању употребљаваће се само гласови и тонови писмена, изоставлјајући наименовања они /аз, буки, веди итд./ којим се учење отешћава"[45/].

Во Македонија гласовната метода проникнала преку српските учители и учителите Македонци кои своето образование го добиле во српските училишта. Веројатно уште во 50-те години на минатиот век букварската настава во некои наши училишта се изведувала по оваа метода.

Во Бугарија за прв пат гласовната метода била воведена 1868 г. во Габрово. Ја вовел веќе споменатиот наш учител - руски воспитаник , Јосиф Ковачев, кој по враќањето си од Русија кратко време учителствувал во овој бугарски град[46/]. Потоа се установил за учител во својот роден град Штип и тука истата година за прв пат ја вовел гласовната метода[47/]. Овде тој организирал педагошко-методски курс за учителите коишто сакале да ја усвојат новата метода. Во Штип се стекле голем број учители од Македонија /Штип, Велес, Тиквеш, Прилеп и др./ и Бугарија /Габрово, Софија, Плевен, Ловеч и др./[48/], кои по завршувањето на курсот ја примениле гласовната метода во училиштата во своите места. Еден од ковачевите курсисти бил и учителот Арсени Костенцев. Тој во 1870 г. престојувал во Штип три месеци за да ја изучи гласовната метода, потоа отишол за учител во Неготино, каде ја вовел оваа метода[49/]. Ист таков

курс Ковачев организирал 1874 година во Прилеп[50] и по таков начин придонесол новата гласовна метода да најде практична примена и во училиштата во овој дел на Македонија. Воопшто, тој имал големи заслуги за ширењето на новите педагошко-методски разбирања и за педагошко-методското унапредување на наставата во тогашните училишта во Македонија.

Но освен Ј. Ковачев, гласовната метода од Русија ја пренеле и други учители. 1868 г. крушовскиот учител Иван В. Шумков престојувал извесно време во Русија и на враќањето се задржал во Кишињев, каде ја запознал гласовната метода и истата година ја вовел во училиштето во Крушово[51]. 1870 г. гласовната метода во училиштата во Велес[52] ја вовел учителот Васил Поповиќ, кој бил родом од Болград /Бесарабија/.

Распространувањето на гласовната метода во Македонија одело бавно. До крајот на 70-те години на минатиот век само мал број учители и тоа, главно, во градовите ја применувале оваа метода. Голем број учители уште не биле упатени во тоа како по неа се изведува наставата на почетното читање и пишување, а и наидувала на отпор кај конзервативните келијни даскали, та номиналната метода уште долго време била во употреба во нашите училишта, во некои од нив дури до крајот на XIX век.

За методиката на работата во наставата на другите предмети немаме податоци. Од ова време не постои некое општо дидактичко упатство или специјални методски упатства за изведувањето на наставата на одделни предмети, врз основа на кои би можеле да заклучиме за употребата на овие или оние методи во наставата. Мнозина од тогашните учители немале доволно ни стручна, а камоли и педагошко-методска подготовка, бидејќи во тоа време немало специјални педагошки училишта кои би подготвувале учители, та наставата во училиштата во методски поглед

била многу неудначена и се движела во рамките на она што одделни учители знаеле и умееле да применат. Во своите спомени за взаимното училиште во Прилеп, Јордан Кусев пишува: "Материјал'т, којто ни се преподаваше бе м'чен, не по силите ни, защото имаше безп'тица в програмата и начина на обучението"[53/].

Ни во класните училишта состојбата на наставата не била подобра. Недоволно стручно и методски подготвени, а и преоптеретени со голем број предмети и часови, класните учители имале големи тешкотии во изведувањето на наставата. Особена тешкотија за нив и учениците претставувало тоа што тогаш немало добри и во доволен број учебни раководства. Во употреба биле различни учебници, кои често не одговарале на возраста на учениците и до кои инаку тешко можело да се дојде. За тоа учителите биле принудени своите предавања да им ги диктираат на учениците. Целокупниот наставен механизам се сведувал на соопштување на знаења, задавање на уроци, повторување и запомнување. Таква настава, се разбира, била особено тешка за учениците. Тие биле принудени од своите белешки диктираните предавања да ги учат збор по збор напамет, без разјаснување од страна на учителите, без употреба на нагледни средства, учебни помагала, без вежбања и сето она што би можело да им помогне правилно да го усвојат наставниот материјал. Во 50-те и 60-те години на минатиот век, поради немање на учебници, наставниците скоро сите свои предавања ги диктирале на учениците. Во некои класни училишта ваква практика постоела дури и во 70-те години на минатиот век. На пример во класните училишта на Ј. Ковачев во Штип[54/] и Прилеп[55/] учебниците биле исфрлени од употреба и учениците учеле од белешките составени по неговите предавања.

./.

3. Наставни средства

Освен црковните книги и најосновниот прибор неопходен на учениците за вежбање во пишување, други наставни средства во келијните училишта не се употребувале. Во порано време пишување не се учело во келиите или сосем ретко. Но откако почнале да се развиваат занаетите и трговијата на него му се обрнува сѐ поголемо внимание. Знаењето на пишување станало неопходно за обавување на некој занает или за водење на трговија.

Во келијните училишта учениците учеле да пишуваат на различни предмети. Во XVIII и првите децении на XIX век најчесто биле во употреба штички, кои имале форма на правоаголник или триаголник со дршка[56]. На нив учениците се вежбале да пишуваат и читаат букви, срички, зборови и др. За писалки употребувале зашилени тврди предмети кои оставале следа, обично некој мек камен или јаглен[57]. Штом еден урок би го научиле, учениците ја истружувале штичката за да можат на неа да напишат нов урок[58]. Некаде штичките ги премачкувале со восок и по него учениците пишувале со шило. Во Велес наместо штички употребувале говедски плешки[59] и пергаменти[60], а во други места штавени кожи. Но освен на овие, учениците учеле да пишуваат и на други предмети. Во Злетово, на пример, учениците се вежбале да пишуваат на надгробните плочи, на кртовините, на песокот и на други предмети[61]. Во Кратово, пак, кога учениците излегувале в полето, изрежувале со врвот на ножињата букви на кориите на дрвјата, на кориите на лубениците, па дури и на лисјата од разни растенија.[62] Од почетокот на XIX век во кратовските келии за пишување почнале да се употребуваат камени таблици /плочи/[63]. Во прво време тие претставувале реткост, но подоцна како попрактични од другите

средства за пишување многу се барале и се задржале долго време во употреба во нашите училишта. На таблиците учениците пишувале со камени писалки /крехули, глафур, моливо, кондил и др./[64] Сѐ до половината на XIX век употребата на хартија и моливи во училиштата била сосем ретка. До нив тешко можело да се дојде, а биле и многу скапи и се сметале за луксуз. Можеле да ги купат само најбогатите деца[65]. Од ова време нивната употреба во училиштата станала сѐ почеста. Во келијните училишта за пишување се употребувало и мастило - црно, црвено и во други бои. Црно мастило правеле од чад, јаглен, барут и др., а црвено од плодовите на некои растенија. Со црвено мастило се пишувале почетните букви на молитви и на други црковни текстови и изведувале различни шари, особено околу иницијалите[66].

Учила келијните училишта немале. Некои од нив употребувале словарици што ги изработувале самите учители. На пример, беровските келијни учители на штички ги цртале печатните букви од азбуката /на една штичка по една буква/. Ваква словарица висела на предниот ѕид на училиштата. По образецот на буквите од словарицата учениците почетници се вежбале да пишуваат соодветни букви на песочницата[67].

Взаимните училишта располагале со повеќе помагала отколку келијните училишта. Системот на учењето во нив бил поспецифичен и изискувал поинакви наставни средства. Кон секое взаимно училиште припаѓале следниве учебни помагала: песочници, стргалка, телиграфи, взаимни таблици, полукрузи и показалки[68]. Без нив воопшто не можело да се замисли изведувањето на наставата во взаимните училишта.

Песочниците - две на број, биле всушност ялуци озгора коешто издлабени и отстрана орамени, во кои се држел ситен просеен песок. Во Кратово и Берово песочниците се викале "коритница", зашто личеле на корито[69]. На песочниците помалите уче-

ници се вежбале со кажипретот да пишуваат по песокот букви или цифри по образецот на таквите напишани од учителот на таблата. Целта била учениците да се здобијат со основни навики за пишување, "да ги прекршат прстите".

Стргалката била обична штичка /летвичка/ со која се израмнувал песокот на песочницата за да можат учениците одново да пишуваат[70].

Телиграф се викал еден прав, изделан и измазнет стап, закрепен за едната страна на секоја клупа, кој на својот горен крај завршувал со една штичка во форма на лопатка или круг. На едната страна на овој круг бил напишан бројот на клупата со цифра, а на другата страна со буква. Место буквата некогаш бил напишан зборот "исправи!"[71]. Телиграфот бил така закрепен за клупата, што можел да се обрнува кон естрадата /на која седел учителот и главниот показувач/ со страната на која бил напишан бројот на клупата - кога учениците почнувале да работат нов урок, или со страната на која бил напишан зборот"исправи!" , - кога по командата на главниот показувач неговите помошници требало да им ги прегледаат уроците на ~~на~~ учениците и да им ги поправат.

Взаимните таблици биле подебели картони, долги 1/2 аршин, а широки 1/4 аршин, на кои биле залепени хартии со напечатени букви, срички, едносложни, двосложни и многусложни зборови, реченици, кратки приказни итн. Взаимните училишта имале до 70 такви таблици. Секоја таблица имала претенче за кое се закачувала за една железна кукичка на ѕидот. Под секоја таблица висел закачен на ѕидот по еден железен полукруг /обрач/[72]. Кога имале час по читање учениците излегувале од клупите, го откачувале железниот полукруг, се наредувале околу него и под раководството на еден показувач почнувале

да читаат од одредена таблица. По свршувањето на читањето тие го закачувале полукругот на своето место и се враќале во своите клупи. Во взаимното училиште во Прилеп таблиците /плакатите/ се наоѓале одстрана на клупите, издигнати над нив на штици. Кога требало да читаат, учениците излегувале од клупите и образувале полукруг околу таблиците[73].

<u>Показалките</u> биле дрвени прачки, кои служеле за покажување на буквите и цифрите на таблиците, за да не ги фаќаат и валкаат таблиците учениците со прстите.[74]

Освен овие, во некои взаимни училишта се употребувале и други помагала. Но за употребата на нагледни средства воопшто не може да стане збор. Знаењата учениците ги усвојувале по механички пат, за тоа и вербализмот царувал во овие училишта.

Во наставата по сметање како нагледни средства се употребувале главно зрна на грав и пченка. Немаме податоци за тоа дека во некои училишта се употребувале и сметалки.

Вакви наставни средства се употребувале во нашите училишта сè додека наставата во нив се ограничувала на учење на читање, пишување и сметање. Откако пак во нив почнале да се обработуваат и такви науки како историја, земјопис и природните науки, сè повеќе се употребувале и други наставни средства. Од 50-те и 60-те години на минатиот век во нашите училишта сè повеќе можат да се видат географски и историски карти, глобуси, планиглоби, географски и природни атласи, "срицателни штици", "прегледалици"за пишување и цртање и др. Од ова време некои наши училишта покрај учебници и книги добиваат од Србија и географски карти на Србија, Европа, Азија, Северна Америка и др.[75] Со географски карти и други наставни средства нашите училишта се снабдувале од 60-те години и од Дановата книжарница во Велес, а и од други места.

## 4. Организацијa на наставната работа

Во келијните училишта наставата била претежно индивидуална. Келијниот учител не работел со сите ученици едновремено, туку со секој ученик поодделно. Работата на учителот во келијното училиште повеќе се сведувала на задавање задачи на учениците одошто во објаснување на наставното градиво. За некоја посистематска работа со учениците тој и немал време, бидејќи за време на наставата работел на занаетот. Секој ученик го учел својот урок и штом би го научил излегувал пред учителот за да го испраша и за да му зададе нов урок. "Ђаци су учили своје лекције на глас. Сваки је викао колико је могао, а за то време учитељ је радио свој приватни посао. Чим се приближи време ручку, учитељ нареди ученицима да устају да их преслиша. Кад који устане, приблажи се учитељу, застане пред њим, затвори књигу и , држећи је обема рукама пред прсима, изговара лекцију, за тим учитељ свакоме, ко је лепо научио, зада нов задатак или урок за сутра[76]. Така работел со своите ученици и даскалот Аџи Костадин во село Варош /Прилеп/, кај кого учел Марко Цепенков. Во својата автобиографија тој за тоа пишува: "Коа не викнеше пред него даскалот и ќе не курдисаше на коленици да ја речиме матимата. Кој ја научил матимата арно, ќе му предадеше друга матима: "От тука до тука да земиш ти, и от тука до тука да земиш ти, ќе му рече на друг, а па ти не го знаиш арно, за тоа ќе го учиш уште".[77] Ваков, индивидуален облик на организација на наставната работа се применувал и во грчките келии, кои во втората половина на XVIII и првата половина на XIX век биле доста раширени во Македонија и од кои тој се пренел и во нашите келијни училишта. Григор Прличев вака ја опишува работата на својот учител во грчкото

келијно училиште во Охрид: "Учителот, погоден за 300 гроша годишна плака, седеше и шиеше. Кога идеа учениците кај него да си ја прочитаат лекцијата од октоихот, или псалтирот, или орелојот, за да ги алакса /да им зададе друга лекција/ учителот си го продолжуваше шиењето. Секој ученик, кога ќе си ја дочиташе лекцијата, го чекаше решението на учителот, којшто му велеше: "Земи го другото" или ""Не!"[78]

Некои келијни учители имале и помошници. Нивната појава се забележува во почетокот на XIX век, од кога почнаа да се шират световните келии и да се зголемува бројот на учениците во нив. Во некои келии имало по 30, 40 па и повеќе ученици и келијните учители не биле во состојба да учат така голем број. За тоа тие од најарните ученици назначале свои помошници, кои им помагале во училишната работа.

Наставата во келијните училишта не била одделенска. Учениците се разликувале главно по книгите што ги изучувале. Така, учениците кои го изучувале часословот се викале часословци, псалтирот - псалтирци, месецословот - месецословци, апостолот - апостолци итн. Успехот во училиштето зависел главно од личното залагање на учениците. Поспособните ученици побрзо напредувале, а послабите заостанувале. На последните често им било потребно по неколку години за да ја совладаат само азбуката, за да го изучат часословот, или некоја друга црковна книга.

Со појавата, пак, на световните, взаемни училишта, од основа се изменила организацијата на наставната работа. Новоотворените училишта, во кои наставата била бесплатна, привлекувале голем број ученици. Во некои од нив учеле по 200, па дури и во 300 ученици. Со таков голем број ученици, се разбира, не можел да раководи само еден учител. Неопходни биле

помошници и взаемниот учител такви назначувал од своите најарни ученици. Нивниот број бил различен, зависно од бројот на учениците и имале различни должности. Едни учествувале во изведувањето на наставата, други внимавале на редот и дисциплината во училиштето, трети на чистотата итн.

За секој наставен предмет учителот назначувал по еден главен свој помошник, или како понкаку се викал главен покажувач или главен надзирувач. Тој се избирал од најсилните и најарни ученици, кои го достигнале звањето калфа. Негова должност била по упатствата на учителот да раководи со наставата на предметот за кој бил назначен за едно одредено време и да се грижи за редот, дисциплината и чистотата во училиштето.

Главниот покажувач имал свои помошници. Тие се назначувале од оние ученици, кои уште не биле произведени во звањето калфа. Од нив за секој наставен предмет се одредувале толку помошници на главниот покажувач, колку имало клупи во училиштото. Секоја клупа имала свој покажувач. Штом би почнала наставата помошниците предавале на учениците од својата клупа она што главниот покажувач им покажувал. Тие внимателно го следеле поведението и успехот на своите ученици и за тоа го известувале главниот покажувач, кој мирните и трудољубиви ученици ги наградувал, а немирните ги предлагал на учителот за казнување.

Поведението на учениците во взаемните училишта било под вниманието на одделни помошници, наречени надзирувачи на благочинието. И тие се назначувале од учениците кои уште не биле калфи. Секоја клупа имала по еден надзирувач кој го следел поведението на учениците за време на наставата и надвор од училиштето – на улицата, во семејството, црквата и други места. Тие ги забележувале немирните и непослушни ученици и оние кои отсуствувале од црквата во неделни и празнични денови и ги доста-

вување на главниот покажувач за наказување.

Од истите ученици - кои уште не биле произведени во калфи-се назначувале и дверници. Така се викале поради тоа што тие /двајца на број/ обично стојале кај вратата на училиштето и внимавале кои ученици влегуваат и излегуваат. Нивна должност била да ги забележуваат учениците што задоцнувале и да ги пуштаат надвор по ред.

Наставата во взаемните училишта до тој степен била механизирана, што поминувала во дресирање. Од влегувањето на учениците во училиштето, па до нивното излегување од него, сѐ се одвивало по еден утврден образцов ред и тоа по командата на главниот покажувач. Тој давал знак кога да почне и кога да заврши наставата. На негов знак и под негово раководство неговите помошници почнувале да предаваат на учениците, ги проверувале нивните знаења, им задавале нови уроци и др. Взаемниот учител имал само општ надзор на работата во училиштето. Тој работел главно со главните покажувачи и нивните помошници. Додека едните биле ангажирани во наставата, другите тој ги подготвувал за следниот час. Тоа е ланкастерски систем на взаемно учење.

Во споредба со келијните училишта, взаемните претставуваат чекор напред во развитокот на школството во Македонија. Наставата во нив била световна и бесплатна, поради што тие привлекле голем број ученици и станале вистински народни училишта. Меѓутоа и взаемните училишта имале свои недостатоци. Основна нивна мана била што со работата на учениците не раководел непосредно учителот, туку неговите помошници, кои и сами недоволно подготвени не можеле особено да им помогнат на учениците во усвојувањето и продлабочувањето на наставното градиво. Освен тоа, организацијата и методиката на работата во нив била таква, што изискувала доста време за совладување и на најосновни знаења.

За да научат, на пример, да пишуваат, учениците најпрвин вежбале на песочниците, потоа на таблиците и најпосле на хартија со моливи и мастило. Долго време тие се задржувале и на изучувањето на азбуката, на взаимните таблици и др. Воопшто, за времето проведено на учење во взаимните училишта, учениците добивале многу ограничени знаења. Во своите спомени за прилепското взаимно училиште, Јордан Кусев за тоа пишува: "Всека година миназахме в друга стаја, което значеше, че минавахме в по-горно отделение. Всека година менавахме стаите, без да забелјазваме некакво увеличение на знанието ни"79/.

И во взаимните училишта наставата не била одделенска. Во нив учениците се разликувале по клупите во кои биле распоредени, бидејки секоја од нив претставувала одреден степен на учење - понизок или повисок. Во првите клупи седеле најмладите ученици - кои се наоѓале во почетната фаза на учението, зад нив ученици кои повеќе напредниле во учењето од нив, а во последните клупи најстарите ученици - кои се наоѓале во завршната фаза на взаимното учење. Како тие напредувале во изучувањето на взаимните науки, така поминувале од клупата на понижниот степен на учењето во клупата на повисокиот степен на учењето. Од најарните ученици, кои седеле во последните клупи, взаимниот учител назначувал свои помошници.

Порадикални промени во организацијата на наставата на почетното читање и пишување настанале со воведувањето на гласовната метода. Оваа метода овозможила еден учител успешно да работи едновремено со многу ученици. По таков начин станале излишни помошниците на учителот, без кои инаку не можело да се замисли изведувањето на наставата во взаимните училишта. Таму каде била воведена гласовната метода, взаимните училишта биле заменети со одделенија. Отпрвин биле формирани одделенија

со едногодишен курс за најмалите деца, наречени "звукари", а потоа постепено од взаимните училишта, кои имале одреден број клупи - со многустепени учења, се развиле основни училишта со 3-4 одделенија, секое со едногодишен курс[80/].

5. Работното време во училиштата

Сите училишта немале еднообразно и утврдено работно време - годишно и дневно. Градските келијни училишта работеле непрекинато низ целата календарска година, освен во неделните и празничните денови[81/]. Селските келии ја прекинувале работата и за време на големите земјоделски работи во пролет и лето. Нови ученици се примале во секое време кога училиштата работеле[82/]. Во некои градски келии /кратовските/ било уобичаено нови ученици да се примаат на чисти понеделник - првиот ден од големиот пост, а по некогаш и на чиста среда[83/]. Наставата во келијните училишта била целодневна, т.е. се изведувала и пред и попладне секој работен ден. Почнувала рано наутро и траела непрекинато без меѓучасовен одмор до пладне, кога учениците се пуштале ~~ххх~~ 1 - 1 $^{1}/_{2}$ саати заради ручек и за да се одморат[84/]. За време на наставата учениците можеле по потреба да излегуваат надвор, но никогаш истовремено не се пуштале по два ученика, туку само по еден[85/]. Во летно време поручек учителот и учениците спиеле, обично 1 - 2 саата[86/]. Потоа наставата продолжувала и траела пак непрекинато до залезот на сонцето. Таков бил дневниот режим во скоро сите келијни училишта.

Взаимните и главните училишта, исто така, немале еднообразно работно време. Тие многу се разликувале по својот годишен и дневен ред на работата. Почетокот и крајот на учебната година не биле точно одредени. Едни училишта ја почнувале учебната година во едно време, други во друго, а ја завршувале во

сосем различно време. Тоа се гледа од многубројни дописки објавени во тогашниот печат, во кој се известува за одржаните испити во ова или она училиште на крајот на учебната година. На пример, во Кукуш 1867 г. испитите во главното училиште се одржале на 11 мај, а во взаимното училиште на 26 мај[87]. Истата година во женското училиште во Прилеп испитите се одржале на 23 јули[88]. 1868 г. во Охрид испитите во взаимното и женското училиште се одржале во почетокот на м. март[89], во главното училиште во Прилеп на 21 јули[90], а во главното и взаимно училиште во Велес кон крајот на м. март.[91] Во тоа време летниот одмор уште не бил воведен и училиштата непрекинато работеле. Штом би се завршила старата, веднаш почнувала новата учебна година. Во Охрид, на пример, учебната година почнувала обично во м. април и свршувала во истиот месец идната година. Меѓутоа учебната 1855/56 г. продолжила до 6 мај и веднаш по тој ден почнала новета учебна година[92]. 1868 г. во женското училиште во Велес испитите се одржале во м. мај, по 12-месечна непрекината работа[93].

И во взаимните училишта наставата била целодневна. Дневната училишна работа не била поделена на часови, туку се изведувала непрекинато и пред и попладне, како и во келиjните училишта. По свршувањето на наставата на првиот предмет /прв урок/ која траела 1 - 1 1/2 саат, веднаш почнувала наставата на вториот предмет /втор урок/, која траела исто колку и првиот урок. По свршувањето на вториот урок учениците се пуштале дома[94]. Попладне наставата се состоела исто така од два урока, предвидени со распоредот на работата за тој ден. Целодневна настава имале и главните училишта. На пример, во главното училиште во Прилеп за време учителствувањето во него на учителот Н.Г.Бничеров наставата се состоела од два часа предпладне и два часа попладне. "Програмата предвиждаше зaран по един урок и краснописание, по пладне с'што един урок и турски език"[95].

Ваква работно време имале училиштата до кон крајот на 60-те и почетокот на 70-те години на минатиот век. Од ова време во некои наши училишта почнуваат да се применуваат посовремени наставни методи и наставни средства, кои предизвикуваат промени во организацијата на училишната работа и училишното работно време. Дневната училишна работа во нив се организира така, што таа се изведува на часови, со кратки одмори помеѓу нив. Часот се прифаќа како основна форма на организацијата на училишната работа, кој од своја страна изискува одделенски систем, т.е. работа со одредена група ученици, која има постојан состав. Исто така се поминува на поситемно планирање на дневното и годишното училишно работно време. Сето тоа знатно придонесло на подобрувањето на изведувањето на наставата.

## 6. Учебници и книги

Напред веќе спомнавме дека едини учебници во келијните училишта биле црковните книги. Но и до нив тешко можело да се дојде. Воопшто, до половината на минатиот век печатните книги претставувале реткост, а биле и многу скапи. Училиштата се снабдувале со книги главно преку трговците, кои ги донесувале од Света Гора /руско издание/, Русија, Будим, Беч, Нови Сад, Белград[96], а се продавале и на познатите тогаш панаѓури во Узунцеово[97], Сер, Прилеп[98] и др. Бидејќи биле ретки и скапи, книгите многу се ценеле и чувале како светињи. Од нив учеле по неколку генерации. Честа била појава книгите да се препишуваат и учениците да учат од нивните преписи[99]. Црковните книги служеле како учебници во нашите училишта сè до половината на XIX век, а и подоцна - дури и до крајот на тој век, особено во училиштата во кои уште се задржала келијната настава. Но и во некои световни училишта некои од црковните книги /часослов, псалтир и

др./ се употребувале како учебници извесно време и во втората половина на XIX век.[100/]

Книги со световна содржина се појавуваат во нашите училишта кон половината на минатиот век, а и нешто порано, главно од она време од кога почнува да проникнува световната просвета кај нас. Првите такви книги биле српски. Во тоа време Србија била една од славјанските земји на Балканскиот Полуостров која имала своја држава и организиран политички и просветно-културен живот. Сосем е природно што таа како слободна славјанска земја имала големо влијание на просветно-културниот развиток и воопшто на духовната преродба на другите поробени словенски народи под турската власт. Тоа влијание проникнало благодарение на трговските врски кои кон половината на минатие век оживуваат. Македонските трговци се тие кои ги доведуваат првите српски учители во Македонија. Овие учители во местата каде учителствуваат воведуваат во училиштата српски учебници. Така, во Велес, од 1843 до 1860 г. еден по друг учителствувале петорица српски учители: Спиридон Јовановиќ, Сава Радојчиќ, Аксентије Будимировиќ, Јован Нешковиќ и Ѓорѓи Миletиќ. Сите тие предавале во велешките училишта по српски учебници. Во една дописка од Велес од 10.VII. 1859 г., во која се известува дека главен учител бил Србинот Јован Нешковиќ, за учебниците по кои тогаш се работело во велешките училишта се вели: "Разни книги тува в училишта-та имаме. Те са повече Сербски книги мочно методически и полезни"[101/]. Според Ј.Х.Василевиќ српски книги најпрвин се појавиле во Тиквешката област - уште во почетокот на 30-те години на минатиот век. А подоцна - во 40-те години и во Велес, Скопје, Прилеп, Тетово и Гостивар[102/]. Во последниов град покрај "Србски Буквар" имало и други српски учебници[103/]. Со српски учебници се служел во своите училишта во Велес и Скопје и Јордан Константинов Џинот. Во училишната програма за 1852 г., по која тој работел во скоп-

окото училиште, за средните деца се предвидува да изучуваат "Букварь... Пример добродетели...", а за првите деца /понапреднатите во науката - б.н./ "Граматика Мразовича Захариевича... Словјанска граматика..."[104] и др. И во другите наши градови првите славјански световни книги за кои се знаело биле српски. Во својата автобиографија /1864 г./ Кузман Шапкарев споменува дека како учител во грчкото взаимно училиште во Охрид, 1855 г., од својот подучител Константин Хр. Узунов за прв пат добил "с'рбски буквар /зашто тога Б'лгарски немаше в нашиве ст'рни нито мислеше некој за б'лгарски..."[105] Подоцна, 1857 г., кога бил учител во Струга, Кузман Шапкарев добил од Д. Миладинов 15 српски буквари[106]. Овие буквари и други училишни книги Д. Миладинов ги донел по враќањето си од патувањето по Херцеговина, Босна, Војводина и Србија кон крајот на 1856 г. Тогаш тој донел и еден егземплар од книгата "Српска граматика за гимназијалну младеж княжевства Србије" од Владимир Вујиќ[107]. Со овие книги се служел веројатно и самиот Д. Миладинов, бидејќи за време на учителствувањето свое во прилепското училиште тој предавал и српски јазик[108]. Српски книги се употребувале во училиштата во Прилеп и подоцна. Тоа дознаваме од англеските патепиcки Макензи и Ирби кои го посетиле Прилеп во 1863 г. Тогаш во Прилеп главен учител бил некој Србин. Тој им соопштил дека неговите ученици знаат да читаат и српски и бугарски. Учениците многу ја барале историјата на Србија[109]. И бугарскиот учител Н.Г. Енчерев, во своите спомени за Прилеп, раскрава дека првите книги со граѓански букви во Прилеп и другите места биле пренесувани од Србија[110]. Во ова време некои наши црковно-училишни општини бараат и добиваат од српската влада за своите училишта учебници и материјална помош.

Меѓутоа, поголеми количини на учебници и книги добиваат македонските училишта од Србија од крајот на 60-те и почетокот

на 70-те години на минатиот век. Тоа е време кога српското просветно влијание во Македонија добива поодреден и попланомерен карактер. Соочена со присуството и на бугарската просветна пропаганда која во ова време почнува да проникнува во Македонија, српската буржоазија презема мерки за сузбивање на нејзиното влијание и за зајакнување на своите позиции во Македонија. Како поконкретен акт во оваа смисла српската влада при министерството за надворешни работи и министерството за просвета основа специјален фонд за помагање и издржување на училиштата на "еднородните браќа" во Турција. Од овој фонд се финансира печатењето на учебници и книги кои се испраќаат и за училиштата во Македонија[111/]. Учебници и книги добиваат голем број училишта во Северна и Западна Македонија. Заправо во прво време српските учебници биле едини световни книги по кои се работело во овие училишта. Јован Ристиќ истакнува дека во времето од 1868 до 1872 г. околу 46 училишта во Македонија покрај плати за учителите добивале бесплатно од српската влада и училишни книги, а пет училишта добивале бесплатно само учебници[112/]. За оваа помош што македонските училишта ја добивале од српската влада во книги и учебници од крајот на 50-те до крајот на 70-те години на минатиот век постојат многубројни документи кои се чуваат во Државниот Архив на НРС[113/]. Од нив се гледа дека за училиштата во Македонија се испраќале учебници и книги по кои тогаш, главно, работеле и српските училишта и тоа: Штица, Србски буквар, Прва знања, Прва читанка, Друга читанка, Трећа читанка, Собрани молитви, Мали катихизис, Мала свештена историја, Мали општи земљопис, Мали земљопис Србије и Турске, Мала српска граматика, Мала историја српског народа, Мала рачуница, Писмени састави, Србска Прегледница, Срицателна таблица и др. Покрај овие основно-школски учебници, некои наши училишта добивале и гимназиски учебници и тоа: Читанка /Ст. Новаковиќ/, Српска граматика за гимназије /В. Вујиќ/, Срп-

ока синтакса /Ст. Новаковиќ/, Историја српске књижевности /Ст. Новаковиќ/, Немачки буквар, Француски буквар, Немачка граматика, Француска граматика, Географија /Л. Драгашевиќ, Мишковиќ/, Математичка географија, Трговачки земљопис, Земља на којој живимо /Д. Павловиќ/, Историја Срба /Кротиќ/, Општа историја /Иловарски, Дукиќ/, Ботаника /К. Црногорац, Панчиќ/, Зоологија /К. Црногорац, Панчиќ/, Минералогија и геологија /Панчиќ/, Рачуница за гимназије I и II део /Павловиќ/, Практична геометрија, Планиметрија, Физика /Павловиќ/ Радовановиќ, Е. Јосимовиќ, Михајловиќ/, Наука о чувању здравља, Теорија прозе /Вујиќ/, Теорија поезије /Малетиќ/, Реторика /Малетиќ/, Наука о васпитању /Д. Матиќ/, Етика /Д. Обрадовиќ/ и др.

Освен српски во нашите училишта биле во употреба и бугарски учебници. Во некои наши училишта тие се појавуваат уште во првата половина на XIX век. На пример, во прворечкото училиште во Велес извесно време бил во употреба Бероновиот буквар, печатен во Брашов 1824 г. и букварот на Василиј Неновиќ, печатен во Будим 1826 г. Според Хр. Чочков по неколку егземплари од овие буквари донеле велешките трговци истата година кога тие биле издадени[114/]. Неколку години подоцна велешките трговци донеле од Белград и околу 66 взаимни таблици на Неофит Рилски, издадени од него 1835 г. во Крагујевац[115/]. Но, потребно е да се напомене дека употребата на овие буквари во нашите училишта во посоченото време претставува само одделни случаи, зашто тие се печатени во ограничен тираж и од нив во Македонија е внесен мал број. Тоа исто може да се каже и за "Буквар болгарскиј за начални-те оучилишта", издаден во Цариград 1849 г. Многу пораспространета од нив бугарска книга во Македонија била "Христоматијата" на Неофит Рилски. Таа е и од подоцен период, издадена е 1852 г.[116/] Колку што е познато со неа се служеле во

своите училишта во Охрид Никола Мустрев и Григор Прличев,[117] била во употреба во велешките училишта[118], а и во други наши училишта во тоа време.[119] х

Во поголем број бугарски учебници и книги проникнуваат во Македонија по Кримската војна. Од ова време почнува организирана бугарска пропаганда, која се засилува во 60-те години и доаѓаат првите бугарски учители кај нас, кои наместо дотогашните воведуваат во нашите училишта бугарски учебници. Така, во Велес /во училиштето на западната страна/ бугарски учебници вовел учителот Горги Икономов, во Скопје /во училиштето во кое порано учителствувал Цинот/ - Стојан Костов; во Прилеп - Георги Курдалев. Последниот пред да стане учител продавал на прилепскиот панаѓур книги од Дановата книжарница во Пловдив. По него долго време учителствувал Никола Еничерев, кој многу придонесол на распространувањето на бугарската книга во Прилеп. И во други наши училишта бугарските учители воделе во наставата бугарски учебници и бугарскиот јазик. Особена пак улога во распространувањето на бугарски учебници и книги во Македонија одиграла Дановата книжарница во Велес. Од 60-те години таа снабдувала со учебници и книги голем број училишта во овој дел на Македонија. Подоцна - од 70-те години, оваа книжарница имала уште две свои филијали во Македонија - Прилеп и Солун. Но покрај Дановите изданија, во ова време во нашите училишта биле прилично застапени и учебници издадени од книжарницата на Драган В. Манчов во Пловдив, а исто така и учебниците на Тодор Икономов /читанка за I, II, III и IV одделение/, на Наумов, Батанџиев /буквар и читанка/ и други учебници и прирачници издадени од К.Г.Самарџиев во Солун. Овие учебници се пронајдени во остатоците од библиотеката на К. Шапкарев[120]. Од крајот на 60-те години голема активност на распространувањето на бугарската книга и печат развива

"Цариградското Читалиште", а во почетокот на 70-те години и "Македонската б'лгарска дружина" од Цариград, која во Македонија испраќа учители и учебници и материјално ги помага македонските училишта[121].

Покрај овие - на српски и бугарски јазик учебници, во нашите училишта се користеле и учебници на руски, грчки и други странски јазици. Меѓу нив има и методски прирачници и помагала /упатства за буквари, методики, речници и др./, кои им служеле на нашите учители во нивната училишна работа. Некои од овие книги, како што е познато, сочувани се во остатоците од библиотеките на нашите преродбенски учители - Јордан Константинов - Џинот[122], Кузман Шапкарев и Григор Прличев[123].

Во училишните програми на нашите учители свое одредено место имале и Езоповите басни. Тие обично се употребувале како лектира во училиштата и многу радо се читале. Познато е дека во раковиски текстови - превод од грчки, езоповите басни се користеле во штипското училиште од дидаскалот Трајко Јоан уште во првата четвртина на XIX век[124]. Во првата половина на минатиот век тие биле во употреба и во велешките училишта[125], а ги толкувал и Џинот во скопското училиште[126].

x x
x

За нас, пак, од особен интерес се учебниците издадени од македонските учебникари, кои своевремено одиграле значајна улога во развитокот на македонската просвета и националното будење на македонскиот народ. Но пред нив треба да ги спомонеме книгите што ги издал нашиот заслужен печатар од првата половина на XIX век - архимандритот Теодосиј Синаитски. Тоа се неколку книги напечатени во неговата типографија во Солун во времето од 1838 - 1842/43 година, од кои "Началное учение со

молитви утренија...", тријазичниот речник, како и Таблица перваја од Џинот /за која исто така се смета дека биле напечатена во неговата типографија/, биле во употреба во македонските училишта како учебници. Напишани на жив македонски јазик и распространети на македонски терен, тие многу придонесле на ширењето на просветата и биле важно средство во борбата за исфрлување на грчкиот јазик од македонските училишта и цркви. Со овие неколку изданија нашиот печатар ни се претставува како основноположник на македонската учебна книжнина од поново време.

Од 1857 до 1875 г. биле издадени 15 македонски учебници, составени од Партениј Зографски, Кузман Шапкарев, Димитар В. Македонски и Горги Пулевски[127/].

Првите македонски учебници ги издал Партениј Зографски. Тоа се: 1. Кратка Свјаштена историја на Ветхо- и - Новозаветна-та Цбрков, преведена од Архимандрита Партенија Зографскиј, Цариград - Галата. У книгопечатница-та на Д. Цанков и Б. Марков, 1857 г. /in 16-o обр. 108/; 2. Началное учение за деца-та, напечатено от Архимандрита Партенија Зографскаго. Иста печатница, 1858 / in 8-o обр. 38 /128/.

Партениевиот следбеник - Кузман Шапкарев издал 8 учника и тоа: 1. Кратка свјашенна Повестница от Ветхијт и Новиј завет и Кратко Св. Оглашение /Катихизис/, с. 62, 8° ; 2. Кратко землеописание, с. 64, 8°; 3. Б'лгарскиј Буквар, с. 64, 8°; 4. Голема Б'лгарска Читанка, с. 138, 8°; 5. Пбрвоначјални познаниј за Малечки детца, с. 62, 8°; 6. Нар'чно св. Благовествование, с. 146, 8°; 7. Нар'чниј Св. Посланичник, с. 144, 8°; 8. Мајчин јазик, Буквар, с. 40, 8° 129.

Пред К. Шапкарев учебници почнал да издава Димитар В. Македонски. Тој издал 3 учебника: 1. Кратка Свјаштенна Исто-

рија за училиштата по Македонија, Царијград, в печатницата на Македонија, 1867, 8$^{0}$ м. с. 32; 2. Буквар за употребление в Македонскиј-те училишта, 1867; 3. Скратен православен катихизис. Превод од гр'цки, Цариград, печатница на в. Македонија, 1867[130/].

Ѓорѓи Пулевски издал два учебника: 1. Речник от четири јазика. I Српско - аллбански. II Арбански - арнаутски. III Турски. IV Грчки. Скроена и написана от Ђорђа М. Пулевски, архитекта у Галичник округие дибранско 1872 годинe. I ва част6. Београд 1873; 2. Речник од три јазика. с. Македонски, арбански и турски. Книга II. Написао Ђорђе М. Пулевски. Мијак галички. у Београд. 1875[131/].

Овие учебници доаѓаат да задоволат една ~~према~~ општествена потреба - македонските деца во своите училишта да учат од учебници напишани на својот мајчин јазик. Нивната појава не е случајна. Напротив, таа е резултат на движењето кое во ова време сè повеќе се развива за воведување на македонски учебници во македонските училишта. Ова движење има своја општествена основа и е непосреден израз на настроенијата и стремежите на тогашното наше граѓанство за самостоен просветно-културен развиток. Тоа се јавува како опизиција против воведувањето на бугарски книги и бугарскиот јазик во македонските училишта. Бугарските учебници - поради јазикот, биле тешки и неразбирливи за македонските деца. Тоа го увидуваат нашите учебникари и тоа е она што ги поттикнува да состават специјални учебници за македонските училишта. Но, издавајќи ги своите учебници тие не само што сакале на македонските деца да им овозможат да учат на разбирлив јазик, туку и да укажат на тоа дека во своите училишта тие треба да учат пред сè на својот народен јазик. Тоа е нивна основна цел, која сосем одредено и јасно се содржи во искажаната од Партенија во неговото "Начално учение" мисла: "Учи напред книга

на свој-от јазик, после, ако имаш време, учи и на други јазици".[132] А исто така и во предговорот кон големата читанка на К. Шапкарев: "Младенчињата са оште много крехки, та не можат да приемат и да сьевјат некоја друга по-тв'рда и по-далечна храна, освен најближното мяеко на естествената си и домашна дојница".[133]

Воведувањето на македонски учебници во нашите училишта е појава од извонредно културно и историско значење за македонскиот народ. Тоа претставува пресврт во работата на македонските училишта и понатамошниот развиток на македонската просвета. За тоа ни говори одзивот на кој наишле овие учебници кај македонскиот народ. Со каква радост биле примени Партениевите учебници во Кукуш воведени од Д. Миладинов, не обавестува неговиот помошник Рајко Жинзифов: "Родителите не можеа да се нарадуваат кога ги слушаа своите деца да им читаат од Свештената историја на Отец Партенија, којшто попосле стана владика по барање од Кукушаните, и ним не им требаше да прашат што е напишано во книгата, зашто сами го разбираа тоа што се читаше".[134/] Од една друга дописка, пак, дознаваме дека учебниците на К. Шапкарев "скоро се распрснале по цела јужна и средна Македонија и за малко време се исцрпиле, та станало нужда и за второ нивно издание. Тие направиле цел преврат по оние места на областа, во кои дотогаш во училиштата владеел грчкиот јазик".[135/] Каков интерес постоел за Шапкаревите учебници може да се заклучи и од бројот на спомошниците што тие ги имале. На пример, во книгата "Нар'чниј Св. Посланичник", Цариград, 1870, на стр. 134-144, е даден список "На Родољубивите спомоштествователи за Евангелскиј-т и Апостолскиј-т Сборници", според кој за овие книги имало 1270 спомошници и тоа: Кукуш - 465, околни села - 57, Казза Карадак - 158, Казза гевгелиска - 82, Охрид - 124, Паланка Струга - - 30, околни села - 47, Ресен - 18, Битола - 51, Прилеп - 6,

Кавадарци - 25, Ваташа - 19, Неготино - 12, с. Прждево - 6, Штипе - 21, с. Мировци - 2, Дојран - 12, с. Пороj Долни - 12, с. Пороj Горни - 18, Сер - 20, Солун /и селата/ - 16, округ воденски - 74 [136]

Но не само Шапкаревите, туку и учебниците на другите македонски учебникари наоѓале на сесрден прием кај нашиот народ. Да споменеме патем дека од книгата "Кратка Свјаштенна историја" /1867/ на Д. Македонски биле откупени 1440 егземплара [137]. Тоа е навистина импозантен број на претплатници што можела да има една книга во тоа време.

Додека учебниците на македонските учебникари наоѓале на таков извонреден одзив кај нашиот народ, бугарските учебници биле нерадо примани. Заради тоа уште во почетокот на 60-те години наоѓаме негодување во тогашниот бугарски печат. Во една дописка под наслов "Родолјубив с'вет", објавена во "Цариградскиј вестник" од 1 декември 1862 г., некој Т. Ненов М'настирскиј вака се обрнува до Македонците: "Молја ви се братија Македонци! Ви ми сја чине, че с горделиво презрение гљадате Вашите братија: Б'лгаре и Тракијци, като им неудобревате учебните книги, а тичате с прев'сходна б'рзина кам С'рбиз'ма" [138]. Нешто подоцна /крајот на 60-те години/ на отпор наоѓаат кај солунската општина бугарските учебници што бесплатно и ги испратило "Цариградското Читалиште". Наместо од нив децата учеле од македонски учебници /на Д. Македонски/, макар што последните морале да ги купуваат [139]. Есента 1870 г. ресенските граѓани му ги вратиле на Хр. Г. Данов тукушто пристигнатите негови учебници од Велес и ги вовеле во училиштето Шапкаревите учебници [140]. Ваков однос спрема бугарските учебници и книги не е редок и во другите наши градови. Македонскиот народ веќе национално сосбуден отворено ја пројавува својата македонска свест

и бара во неговите училишта да се учи на неговиот јазик.

Сите погоре спомenати македонски учебници имаат за своја јазична основа западно-македонските говори. Во некои од нив се внесени и други јазични црти, кои имаат поопшт карактер, за да можат да се употребуваат и во други македонски краишта. За тоа подробно се говори во веќе спомената работа на проф. Бл. Конески. Ние ќе фрлиме општ критичкн поглед само на некои од овие учебници /кои имавме можност да ги разгледаме/ и ќе се задржиме главно на нивната педагошко-методска страна.

## Буквари

Од 1838 до 1875 г. во македонските училишта биле во употреба 8 буквара издадени од Македонци. Тоа се:

1. Началное учение со молитви утрениjа славјаноболгарскиј и греческија. Напечата сја во град Солун со нанов тип при Х. папа Теодосија архимандрита Синаитского. 1838. 14 л. Славјански шрифт.

2. изд. 1841.

2. Началное учение за деца-та, напечатено от Архимандрита Партенија Зографского Цариград, 1858 / in 8-о, обр.38/.

3. Букварь слoвено-б'лгарски заради училиште на Скопско Черногорско село Кучевиста. Напечатан с иждивение архимандрита Натанаила Зографского. Букурешт. 1865. 44 с. 1 образ. 16°.

4. Б'лгарскиј буквар. Чјаст А или Взаимно учителни таблици на наречие по вразумително на македонските б'лгари. Нарецил Един Македонец /Кузман Шапкарев/. Цариград, 1868. 64 с. 8°.

5. Букварь за употребение в македонски-те училища /от Дим.ий В. Македонски/. Цариград, 1867.

6. Мајчин јазик, Букварче или Првоначалнни уроци

по нај лесна метода наредени. Издава Книжјарницата на Брат. А. П. Шјапкареви. Солун, 1874, 16 с. 16°

3 изд. преработено, 1874.

7. Буквар по нагледна и гласна метода от Й.Ковачев. С 15 картини и 3 образа в текста. Виена, 1874.

8. Б'лгарски буквар по звучната метода за народните школи от Й. А. Ковачева. Со 17 нагледни картини и 48 шарки. Виен 1875, 56 с. 8° [141].

Прв наш буквар што се употребувал како учебник во нашите училишта бил "Началное учение со молитви утренија..." издаден од Теодосија Синаетски, 1838 г., во Солун. Тов е првата книга напечатена во неговата печатница. Авторот на ова букварче е архимандритот Анатолија Зографски од Лазорпо. Букварчето е мала книшка /обична осмина формат/ и има 14 листови. Печатена е со црковно-славјански шрифт. И двете изданија од оваа книшка денес веќе се библиографска реткост. Се знае само за два нејзини примерока [142].

Партениевото "Началное учение за децата" е исто книшка од мал формат. Содржи 38 страници. Таа се состои од два дела - букварниот и кон него прибавениот дел од четива кој служел како читанка. Првиот - букварниот дел е сосем краток, има само 9 страници. На првата страница е дадена црковната азбука, а на втората наизменично црковната и граѓанската азбука. Потоа следат слогови составени од две и три букви и зборови - двосложни, трисложни и четирисложни. Тие се дадени по извесна постапност - слоговите со црковен и граѓански шрифт, а зборовите само со граѓански шрифт. На 7 страна пак се дава црковната азбука, само сега со имињата на буквите /аз - а, буки - бе, веди - в итн./, што ни укажува дека по овој буквар читањето се учело по буквената /номинална/ метода. Букварниот дел завршува со скратеници за некои зборови дадени по азбучниот ред

и со знаците за акцентите, скратениците и интерпункцијата. Во него нема реченици ниту примери од раковисното писмо. Вториот дел од букварот е пообемен, има 19 страници и содржи различни богослужбени текстови: молитви, символ на православната вера, тропари, десет божји заповеди, нравоучителни совети и др. На последните три страни е дадена црковната азбука со имињата на буквите на грчки јазик и граѓанската азбука со упатства на грчки јазик за нејзината употреба - со цел да се помогне на оние "Бугари, што знајат да пејат /читат/ толко по г'рчки и сакаат да се учат и по бугарски"[143]. Текстот во вториот дел на "Началное учение", освен нравоучителните совети /30-35 стр./ е даден со црковен шрифт. Содржината на материјалот е исклучиво религиозна. Нема ни едно четиво од природно-научен карактер. Но, таква е содржината на четивата и во другите буквари од тоа време. Нивните автори сѐ уште биле под влијанието на црковно-славјанската традиција, а Партениј до толку повеќе како духовно лице.

"Мајчин јазик" на К. Шапкарев е исто така мала книшка, има 16 страници. Тоа е кратко букварче, кое содржи само букварен дел, а не и читанка. Целиот материјал во него е обработен во 13 урока. Во првиот урок се предаваат само самогласните букви, во вториот - согласните букви, а во третиот сите букви од граѓанската азбука. Знаењето на буквите е неопходно за составување на слогови, а и за срицање на зборови по слогови. Тоа го изискува методиката на изведувањето на букварската настава по слоговната метода. Приведувајќи примери за читање, Шапкарев поаѓа од принципот на постепеноста, т.е. од полесното кон потешкото. Примерите за читање тој ги започнува со слогови составени најпрвин од сите самогласки по ред /како прва буква во слогот/ со првата согласна буква по азбучниот ред - б /како втора буква во слогот/ : аб, еб, иб, уб, јуб,

јаб, Жб, ѩб, потоа слогови во кои согласката б е прва буква, а самогласките втори букви во слоговите: ба, бе, би, бо, бу, бју, бја, бѫ и бѩ. Иста е постапката при образувањето на слогови на самогласките и со другите согласки по азбучниот ред, која во букварот се спроведува докрај. По слоговите образувани од самогласките со кои да е две согласки, се приведуваат за читање примери од двосложни зборови, образувани од исти такви слогови. На пример, по слоговите составени од самогласките со согласките б и в се приведуваат за читање следниве двосложни зборови:

А - ба, е - ва, е - во, о - ва

Ба - ба, ба - бо, ба - би, бу - ба

Ва - да, во - да, ва - ди, во - ди. /урок 4/

Спроведувајќи го принципот на постапноста, макар не секогаш доследно, во следните уроци на букварчето од слогови составени од две букви, Шапкарев минава на слогови составени од три букви, потоа на еднослoжни и двосложни зборови. Но и тука, било да се тоа слогови составени од 3 букви или еднослож-ни и двосложни зборови, примерите за читање се даваат по азбучниот ред на буквата со која слогот или зборот почнува. Ќе наведеме некои од тие примери.

Слогови составени од три букви /две согласки и една самогласка/:

Бла, бле, бди, бдо, бзу итн.

Вра, вле, вни, взо, вру итн.

Гна, гри, гли, гро, гнју итн.

Дна, дне, дри, дво, днју итн. /урок 8/

Еднoсложни зборови:

К Кал, кел, кир, кош, кум итн.

Л Лад, лед, лик, лош, луд итн.

М Мал, мед, мир, мор, мух итн. /урок 9/

Двосложни зборови:

Колко, кирко, карта, карпус

Лакӣт, лимон, лошак, лјутиц

Мазник, мирно, момче, м'жбт /урок 9/

Во овој дел на букварот кон некои уроци придодадени се и искористени за четива и некои народни песни: "Мотивила, вила" /урок 8/; "Кукавица кука" /урок 9/; "Ци, ци, ци, ци, лобога" /урок 10/; "Сива, сива г'л'бица" /урок 11/; "Комар беј се женеше" /урок 12/. А исто така и некои пословици, на пример: "На ветко село нов закон"; "К'шта без жена и м'ж без пари"; "Видела камилата уши, сакала и рогове; "Храни куче да те лаит"; "Гладна мечка хоро не играет" /урок 8/. И: "што ке солиш това ке обркаш"; "Страдна мајка за кељаго сина"; "Ни лук јал ни лук мирисал" /урок 12/. Овие четива многу придонесле на чистоќата на јазикот во букварот. Тоа е она по што тоа се одликува од другите македонски учебници. Меѓутоа паѓа во очи дека освен споменатите четива, во него нема никакви други четива. А за дејствително усвојување техниката на читање потребен е многу поголем материјал за читање. Тоа е најголем недостаток на букварчето. Сепак, во споредба со Партениевото "Началное учение" Шапкаревиот "Мајчин јазик" и по својата содржина и во методски поглед е понапредан учебник и претставува чекор напред во нашата учебна книжнина. Букварниот дел во Партениевото "Началное учение" има само 7 страници, а Шапкаревото букварче содржи 16 страници; четивниот материјал во Партениевото букварче во поголемиот свој дел има религиозен карактер, а Шапкаревиот "Мајчин јазик" по својата содржина претставува наполно световна книга.

Истата, 1874 г., излегло од печат и второ издание на Шапкаревото букварче "Мајчин јазик". На надворешната страна

од задниот лист на корицата на првото издание на букварчето Шапкарев соопштува дека се наоѓа во печат "... цел курс Мајчин јазик за пѐрвоначјалните училишта по звучната метода..." Дали е тоа сосем нов буквар, во кој материјалот е обработен и среден по гласовната метода, или е само второ преработено издание на "Мајчин јазик", би можело да се утврди при една споредба на двете изданија на букварчето.

Подобри буквари, поставени на посолидна методска основа и технички подобро опремени, се појавуваат кај нас во средината на ~~седмата~~ осмата деценија на минатиот век. Тоа се пред сѐ букварите издадени од Јосиф Ковачев - 1874 и 1875 г. Во нив буквите се обработени по гласовната метода. Според Мањо Стојанов откривањето на буквите во нив е постепено и сообразено на нивните фонетски особини. Гласовите се нагледно прикажани со соодветни слики. Покрај печатните се дадени и ракописни букви, но со претходно покажување на нивните елементи. Четивниот материјал во нив е подбран од детскиот свет[144/]. Овие буквари Ковачев ги издал веројатно за употреба во македонските училишта, бидејќи во времето кога ги издал тој бил учител во Прилеп /1874 - 1878 г./.

## Читанки

Од македонските учебникари читанки издал само Кузман Шапкарев. Тоа се: "Големата Б'лгарска Читанка" и "Пѐрвоначјални познанија за Малечки детца". Треба да ги спомнеме и Пулевите речници "Речник от четири јазика" и "Речник од три јазика", кои исто така се употребувале како читанки во македонските училишта. Меѓутоа, споменатите читанки не се како нашите современи читанки - сборници од одбрани уметнички и научно-популарни че-

тива. Такви читанки во тоа време не биле познати. Тоа се еден вид мали детски енциклопедии - зборници на четива од различните области на знаењето - природознанието, географијата, историјата и други науки, во кои не изостануваат морални поуки и религиозни раскази. Училиштата тогаш не работеле по некои диференцирани училишни програми, ниту имале учебници за секој одделен предмет. И ваквите читанки, наречени "детски енциклопедии", служеле и во наставата на другите предмети. Во тоа време такви читанки биле во употреба и во училиштата на соседните земји - Грција, Србија и Бугарија. Своите читанки Шапкарев ги составил по образецот на бугарските читанки.

Големата читанка е пообемен учебник /138 страници/, кој се состои од три дела. Секој од нив содржи по неколку глави. Во првиот дел материјалот е подбран, главно, од областа на општествениот живот и религијата. Тоа се четива за бога, за верата, за воспитанието на децата, за родителите и отечеството, нравоучителни поуки и др. Основна тенденција на содржината на читанката во овој дел е кај децата да се воспитаат добродетели што ги препорачува христијанската етика и нивното поведение да биде во склад со духот и разбирањата на моралот на тогашното граѓанско општество. Вториот дел има три глави. Во првата глава се говори за "Откритието на Америка", во втората глава се дадени "Житија на некои славни м'жи Б'лгари и друзи", а во третата глава примери за писма. Интересно е да се спомене дека за "славни м'жи Б'лгари" се прогласени и Александар Велики, Константин Велики и Јустинијан Велики. Како што е познато и Пулевски во"Речник од три јазика" го зема Александра Велики за славено-македонски цар[145]. Тоа ни укажува какви биле историските познанија на нашите учебникари во ова време. Третиот дел на читанката содржи "Апостолски чтенија"

за поглавните црковни празници во годината. Читанката нема ниедно уметничко четиво, ниту народни песни и приказни. Авторите ги замислувале читанките како учебници ~~кои~~ што треба да даваат само знаења и морално да поучуваат. Таква е и "Големата читанка" на К. Шапкарев. Во неа дури повеќе има нравоучителни одошто научни четива.

Многу покорисна и попрактична, по својата содржина наполно световна книга е "Првоначјални познанија за Малечки детца". Оваа книга е навистина мала детска енциклопедија, која содржи основни знаења од различните области на науката - религијата, природознанието, географијата, историјата и др.науки. Целиот четивен материјал во неа распределен е во 8 глави. Првата глава содржи четива за бога, верата, нравоучението и воспитанието; втората глава за човекот /неговото потекло/, чулата, човечките раси, јазиците, човекот како разумно суштество, неговите потреби и др.; третата глава за времето /годината, годишните времиња, месеците и дните/; четвртата глава за небесните тела /сонцето, месечината и земјата/; петтата глава за животните, растенијата и рудите и металите; шестата глава за парите и мерите; седмата глава за "Волжските " и "Крај Дунавските Б'лгари" и осмата глава за отечеството и за должностите кон власта и законот. Материјалот е обработен во форма на прашања и одговори, како обично се практикувало во тоа време. Начинот на излагањето е лесен и разбирлив за учениците. Меѓутоа, како и во "Големата читанка" и во "Првоначјалните познанија" нема никакви илустрации за опишуваните предмети и појави.

Со учебниците на К. Шапкарев и другите македонски учебникари бил запознат и Пулевски. По нивниот пример тој составил и свои учебници. Текстот од "Првоначјалните познанија" на К. Шапкарев Пулевски наполно го искористил во својот "Речник

од три јазика ", што се гледа при една споредба на овие два учебника [146].

Покрај овие учебници, за кои дадовме краток критички преглед, во употреба во македонските училишта биле и понапред споменатите учебници на македонските учебникари. Како лектира во училиштата служеле и од Шапкарева издадените "Нар'чно Св. Благовествованиє" и "Нар'чниј Св. Посланичник". Македонските учебници не се оригинални. Тие се или превод на грчки учебници или составени по образецот на бугарските учебници од тоа време. За сочинување наполно оригинални учебници македонските учебникари немале доволно методски и педагошки познавања. Но и бугарските учебници од ова време не се оригинални. Голем број од нив-околу 70% претставуваат превод или преработка на грчки, српски, руски и други учебници [147].

Во главните училишта биле во употреба српски учебници и бугарски учебници преведени од руски автори.

## 7. Јазикот во нашите училишта

Говорејќи за манастирските училишта спомнавме дека тие биле центри на црковната просвета, во кои се одгледувала црковно-словенската традиција. Во нив, како и во другите училишта во кои се учеле црковни предмети, наставен јазик бил црковно-словенскиот. Тој долго време бил писмен јазик во келијните училишта. Меѓутоа од почетокот на XIX век народниот јазик сѐ повеќе наоѓа примена во наставата на келијните училишта и постепено го потиснува црковно-словенскиот јазик, чија функција најпосле се сведува на тоа да служи само на целите на богослужбата. Веќе во приватните, а уште повеќе во општинските келијни училишта - во текот на првата половина на XIX век, народниот јазик доволно се затврдува во писменоста и се

наложува како наставен јазик. Во ова време нараснува потребата за писменост на народен јазик, која ќе му биде разбрана на народот и ќе му служи на неговите практични цели, со оглед на сѐ позасилениот развиток на трговијата и занаетите. За тоа во овие училишта покрај црковни предмети се учеле и практични писмени работи неопходни за писмено општење во секидневниот живот, како обрасци на писма за водење на кореспонденција, обрасци на сметки, признаници /темесуци/ и др. Текстот на овие обрасци бил пишуван на народен јазик. Од првата половина на XIX век постојат многубројни вакви и други различни писмени текстови /записи, натписи, белешки, преписи, договори, одломки од црковно-училишни, трговски и занаетчиски книги и др./ кои јасно ни укажуваат дека во ова време народниот јазик бил во употреба во училиштата и секидневната писмена практика. Ние ќе приведеме неколку такви текстови.

Еве, најпрвин, еден текст - договор за ортаклук меѓу двајца трговци од 1814 г., напишан на велешки говор:

"Отъ денесъка овъде покажујамъкако се чиниме оръташ сосъ Х/аџи/ Тасета. И турилъ х/аџи/ Тасе капеталъ 5000 гроша броени пари да работатъ. Насреде отъ овиа пари, што ке имъ дъде госпотъ - или ћаръ или зараръ братъски да делатъ наполу. И имаме зборъ за четири години да работиме заедно оръташикъ. Отъ како ке се свиръши това време ако сака и еденъ и други пак можатъ за повеке време да останат. Затова правиме две писма едно како друго да се знае.

1814 јануариа 5, Башиносело

Ас Хачи Тасе су капл

Јас Мано х Петко

Како е горе згрешено не сме покажале отъ овиа капетал што требатъ повеке пари или десетъ ~~хххххххх~~ хилъјади

ияи двасетѐ да стои добир х Тасе секои патѐ и да работатѐ сосѐ фонде по 50 пари на месецѐ на стото"[148].

На едно Евангелие на црквата „Св. Воведение" во с. Шлегово /Кратовско/, напечатено во Москва 1704 г., стои запис:

"Сиа книга Евангелиа Станкова купи гу месец август у ден от 16 /1816/ на папа Атанаса от Шлегова за душа Станко от Бајрица за гроша 10: "[149]

Во едно старопечатно Евангелие, кое се чувало во архивата на прилепската црковна општина, стои ваква забелешка:

„Стихъ Еѵліинъ Воскресныхъ и стра-
стей Гда нашего Іиса Хрста Духовника Кѵръ
Віссаріона сретиса во ѡкг (1823), оардии во гра-
дѣ Прилепѣ Македонскавмъ Хрисѣ ходиси Кон-
стандиновичъ оучитель Прилепскій "[150].

На минејот за м. август во црквата „Св. Јован" во Кратово е забележено:

"Весно буди когда се купиха: 12: минеи за кратовска црква: хрем оусекновение С'таго Јоана претечи: в лета: 1825 јуниа: 8 ден: Тогда беха служители црковни С штеници: папа Симон: папа Георгиј: папа Нико: папа Трифон: папа Димитриј: в това времја беше чорбаџи кир Траичо: епитроп беше Стоичо Мито"[151].

Од 1837 г. постои еден документ - правен акт, напишан на прилепскиот говор, со кој граѓаните на Прилеп му продале на својот сограѓанин поп Цветко едно црковно место за 800 гроша. Тој гласи:

"Настојаштим си писанием бивает јувленно всем и вејакому, царскому суду тврдо творим како ми градоначалници, и свјаштенници, и прочии вси христијани от град прилеп, собра-

хомеја самопроизволно. от куките вак'вскии, што беше прежде церквата. Мало место продаваме на попа Цветка комшиа при попа Ангелета, и до јазот, и от сокак до реката за гроша осмстотини. того ради даем ему сију нашу руку подписаннују имени.

Јакоже зде отдоле јавно видитеја и подписанно и верно всем и тврдо да будет во век века. и достоверними свидетели во известнеишее оутверждение поставлјаем, и зде под писумеја.

1837: мца ~~[illegible]~~ мај 15
подписашта сја градоначалници
логодети Хаџи Христо епитроп
Здраве Христе Хаџи Кочо
Јосео Крапче
следуваат и други потписи

И свјаштенници:
Иконом папа Христо
јас поп Павле
папа Ангеле 152/
следуваат и други потписи

Од повеќе кратки записи во еден вечен Месецослов, некогаш сопственост на кратовскиот прота Јован Максимовиќ, напишани на кратовскиот говор, изнесуваме неколку. Пишувачот на овие записи соопштува некои настани значајни за животот на неговото семејство.

"Сиако буди како доиде Јован от станбол на: 1844. години. Таја година сапунџиски дукјак отворимо, ристо се жени на: 1846 години месеца август. Евра се роди на 1847. месеца август. Димитрија се роди на 1849 на ден митров. Татко ми умре на 1848 месеца август дена: 27. Максим големата болес беше на 1848 год., сипаница на 1849. Нације се жени на 1850. на ден митров. Горгија мајстор искочи на 1850 месец маие..."153/

Од преписката на црковните настојатели во Прилеп со селските првенци од околијата, изнесуваме едно писмо, напишано на прилепскиот говор со следнава содржина:

"Благоговенниј свештеници, честни старци и вси

други благословени Христиани зелат на Г-да милни. Да имате молитва от Бга и Матерб его Пр тија Бци и от нас благослов и проштение. Разберете оти сме ги пратили овија два човека: перви поп Андреја и втори дјак да прошетат по селата за помошт на хапсанота. Така вие попове и мирски лјуде да ги пречекате сос милостб и со радостб и да ги дарувате колку дарувал Бог да дарувете за хапсаната. Така имате изин от от владика от лоботета Х. Христета и от воите чорбаджии. Да ги дарувете тако Пр стаја Б-ца да ви дарувет от едното хилјада. 1842 г. Прилеп. Епитропи ц'рковни: Атанас Х. Илија, Георги Х. Кочов, Диаманди Маджир" 184/.

1843 г. била основана брзоречната училишна општина во Велес. Ја основал Ангелко Палашев, еден од најобразованите луге во тоа време во Велес. Тој тогаш бил и училишен настојател и ја водел општинската книга. Ги извлекуваме од неа овие редови: "Аз грешниј и раб Божиј Ангелко Палашов зрителб и настојателб словено-болгарскиј училиште пр'церечком свјатаго Георгија самописца начна водити рачун сос страх Божиј и да будет Милостб и благодат верху мја Божиј будиј амин.

месец април 23-а лето 1847-о

Велес Город".

Во истата книга Палашев потоа напишал следново: "Вом миа отца и сина и свјатаго Духа: амин! Со милости Божију миј же двама епитропи училиштних словено-болгарского стаго Георгија Самописца за грешниј Анѓелко Палашев и Х. Мишко П. Стојанович влегохми епитропи да служим на нашево училиште с душом и с телом сос тим уставот /заглавиет/ на годину рачун предавати со страх Божиј потомже за во будуште другу годину друѓиј епитропи да се постават со обштинско избиранѣ да будет то есте дт има штогод понјатие од наука училиштна и тако далѣ! И от една година виде епитроп да не буде! Него како дојѓе годината да моли обштине

училиштна рачун да си предаде со страх Божиј. да покаже приход и з'ход...

Велез у 30-ј април

лето 1847-е

Печ. Велеското

Б'лгарск. училиште

1845.[155]

Приведуваме и една кратка одломка од тефтерот на некој велешки кујунџија, кој своите изработки ги продавал по велешките села. Според Ј.Х.Васиљевиќ, овој тефтер е од првата половина на XIX век, а свршува со 1868 г. Пишуван е на велешкиот говор:

"Село Мокрени. У Кутлиновци Секуле, Несторица за обетки п. 100. Велко совачот за белегијата што ми прати по митконица. Наза Кутлиновска за пр6стен... Алексовица Вена за пр6стен Анђеле Вули за пафти. У дима ћирачија што прати обетки... Кита за петелки... Менка за обетки... Стефан6 што му прати петелки по ананѓелета на тои момче... Стефан6 ми даде 1 минц6. напрет му прати 4 рала петелки от Нино сребро за преза..."[156]

Една тапија за воденица, од 1840-тите години, од македонското село Росоки, гласи:

"Да се знает мие селяни му дадоф'ме изин сар'жове Брадина да направит воденица спрати ваковвската, тако видиме мунасип да немат ћедер нешто кр6сте креиниич и потот. да немат ћедер јазот пот пот. таке да се знает даде гроша на тии петра гроша :

шаит митре кодро, шаит ристе папуџиа, шаит трајан филсои /?/ от лазарополе, петре пушка од лазарополе, ђурчин чогар, шаит дамјан јодроски, ш. мел'че јурук, ш. сил'јан бач, шаит петре севиħ, јод ро јодроски, кипро гошлен, вел'че тане ср'биноси, опосе сушица, шаит јосиф бут, шаит веле тутиħ, шаит митре тутиħ, шаит кр6сте

кр

краник"[157/].

Еве и една тапија за нива од 1859, од Берово:

1859: Ноемврија 6:де

Става услозно писмо знано буди всем какво аз долу подписанији придох за својата нужда и потреба при отца попа стојана и узох гроша 800 осем стотини: и му дадох Нивата под селото што збира 6 : бучуги семе. За тија осем стотина гроша дадох му ја да си ја има за своја вечно. а сега му давам тове сенет пред тија трима свидетели: и му давам своерумни сенет свидетели стоичо томо /чамо?/ станко печин."[158/]

Основно обележје на сите овие текстови е, како што од нив се гледа, македонскиот народен јазик, на кој што тие се напишани. Секој од нив носи јасен израз на народниот говор на крајот од каде што потекнува. Некои од нив се напишани наполно на народен јазик, а некои во помала или поголема мерка и со примеси од црковно-словенскиот јазик. Но тоа е сосем разбирливо, ако се има предвид дека влијанието на црковно-словенската традиција во ова време сѐ уште било силно и наоѓало одраз во писмената практика на луѓето. Меѓутоа употребата на народниот јазик во текот на првата половина на XIX век е сѐ поширока и тој постепено се затврдува како јазик на народната писменост и просвета. Во почетокот на XIX век на него се напечатени и првите дела на македонската преродбенска книжнина - книгите од Јоаким Крчовс и Кирил Пејчиновиќ. Макар што се тие книги со религиозно-поучна содржина, беа радо читани и извонредно многу придонесоа народниот јазик да проникне широко во народот, зашто го налагаа со авторитетот на печатен текст[159/].

Во првата половина на XIX век во Македонија веќе постоеше востановена народна писменост, заснована на одделните народни говори, која имаше своја примена во училишната настава

и секојдневната писмена практика, за што доволно јасно ни говорат напред изнесените текстови. Спрема тоа, сосем е незасновано и неодрживо тврдењето на некои бугарски автори /А.Шопов[160], J. Иванов[161], А. Ишърков[162]/ и др./ дека во ова време наставен јазик во училиштата во Македонија бил "т'ј наречениjат славјано-б'лгарски", односно "б'лгарски" јазик. Потребно е да одбележиме дека во ова време ни бугарскиот јазик не беше уште оформен како општ народен јазик и дека наставата во тогашните бугарски келијни училишта отпрвин се изведуваше на црковнословенскиот јазик, а подоцна на одделните бугарски говори. Во својата книга "Просветне и политичке прилике..." J. Х. Васиљевиќ изрично подвлекува дека во овој период наставен јазик во нашите училишта бил месниот народен говор[163].
За потврда на ова свое мислење тој приложува во споменатата книга голем број текстови од различни краишта на Македонија[164].
Но, тоа се потврдува и со фактот што до средината на минатиот век во Македонија немало бугарски учители, туку учители домородци - Македонци, кои наставата во училиштата ја изведуваа само на родниот си македонски јазик.

Меѓутоа не само во првата половина на минатиот век, туку и подоцна наставата во нашите училишта се изведувала на одделните народни говори. Зашто во ова време не постоел еден општ македонски литературен јазик, што би можел да се наложи и како единствен наставен јазик во училиштата. Потребата за таков еден унифициран народен јазик, што ќе ги замести одделните народни говори во училиштата и во писменоста, ќе се согледа подоцна - кон крајот на 50-те и во 60-те години на минатиот век, во времето на народното раздвижување против Цариградската патријаршија и употребата на грчкиот јазик во црквите и училиштата, кога јазичното прашање ќе се постави веќе како назреано прашање за решавање.[165]

Во ова време се изнесоа главно две тенденции, две гледишта по прашањето каков треба да биде наставниот јазик во нашите училишта и воопшто македонскиот литературен јазик. И двете овие гледишта се израз на две стремења во тогашниот наш општествен живот и се јавуваат како опозиција против воведувањето на бугарскиот јазик во македонските училишта.

Едното од овие гледишта ја застапувало тезата дека е потребно да се изгради општ, заеднички литературен јазик со Бугарите, но таков јазик, кој ќе биде подеднакво заснован врз јазичните особености на бугарските и македонските народни говори. Таков, таканаречен "среден" бугарско-македонски јазик требало да се воведе и во македонските училишта. Ова гледиште имало своја одредена општествена основа. Тоа го изразувало сфаќањето во јазичното прашање на оној дел од нашето граѓанство и од интелигенцијата, што се застапувал за општа бугарско-македонска кауза во борбата против Цариградската патријаршија. Нашето граѓанство било уверено дека само со здружени сили со бугарското граѓанство може да се постигне наполна победа над грцизмот. Меѓутоа, прифаќајќи ја оваа борба за извојување на заедничка самостојна црква, тоа нужно претпоставувало дека таа ќе биде демократски организирана и дека во нејзината самоуправа ќе учествува како рамноправен партнер. Имено ваквите тенденции се изразуваат од македонска страна во бугарскиот цариградски печат во времето кога се решавало црковното прашање. Нашето граѓанство било особено заинтересирано да ги сочува дотогаш здобиените економски и општествени позиции во Македонија и понатаму за себе, плашејќи се да не му ги преземе посилното бугарско граѓанство. Вака поставени работите на економско-општествен план, нужно се пренесувале и на просветно-културното поле и недвосмислено се изразувале во барањето јазичното прашан

да се реши по тој начин, што да претставува компромис, т.е. да се изгради еден "среден" бугарско-македонски јазик, за да биде задоволена и едната и другата страна[166/].

Ова гледиште прв го формулирал Партениј Зографски. Тој прв од нашите преродбеници свесно се застапувал за компромисно решение на јазичното прашање, стремејќи се општиот литературен јазик да носи обележје и на македонските народни говори. Ова негово становиште најде и практична примена во неговите учебници. Како што е познато, тие за своја јазична основа ги имаат западно-македонските говори, но во нив не изостануваат и црти од бугарскиот јазик[167/]. Тој имаше во план да издаде и граматика за јазикот каков што го замислуваше. Нејзината појава несомнено в'е одиграше голема улога во оформувањето на литературниот јазик и воопшто на просветно-културниот развиток кај нас тогаш[168/]. Партениј беше образован филолог и на своите погледи за јазикот можеше да им даде и извесна теоретска обоснованост. Таков имено тој ни се претставува во своите статии во кои се произнесува за устројството на заедничкиот литературен јазик. За теоретската основа и воопшто за системата на неговите погледи за јазикот подробно се говори во книгата на проф. Бл. Конески "Македонските учебници од XIX век"[169]. Ние ќе се задржиме само на некои одделни негови мисли, кои јасно го илустрираат неговото становиште во однос на устројството на општиот писмен јазик што требало да се употребува во Македонија. Во статијата "Мисли за болгарскиј-от јазик", во која ги сумира своите погледи изнесени порано по прашањето за јазикот, тој вели: "И другиј пот сме кажале, пак сега кажуваме, што за да может да се составит еден општиј писменниј јазик п'рво е потребно да излезат на јаве сите местни наречија и идиотизми на јазикот ни, в'рху које општијот јазик имат да се зиздат; догде се не направит тоа нешто никој не может и нешат право да

судит и да редит за обштиј писменниј језик, основуваешти се на едно толко, кое и да е оно наречие; и секое подобно суденбе, и реденбе, како не полно, тба е суетно и безплодно"[170]. Овде, како што се гледа, е наполно изразен неговиот став дека при создавањето на општиот писмен јазик е неопходно да се земат предвид и македонските говори, без кои инаку "... секое ... суденбе, и реденбе" би било "... суетно и безплодно." Но тој не само што не можел да го замисли устројството на општиот писмен јазик без македонските говори, туку дури сметал дека тие треба да послужат за негова главна основа. "Македонското наречие не толко не требет и не может да бидет исклјученно от обштијот писменниј језик, но добро тба беше ако оно сја примаше за главна негова основа; по тая причина что оно е по-пълнозвучно, по плавно и по стројно, и в много други отношенија по пълно и побогато. Представители на тоја наречие се југозападните страни на Македонија"[171].

Ваквото становиште на Партенија по прашањето за јазикот било директно спротивно на тезата застапувана од бугарска страна - општиот литературен јазик да се изгради исклучиво врз основа на источно-бугарските говори. Партениј изгледа не можел да се сообрази со фактот дека неговото гледиште за устројството на општиот писмен јазик, по својата структура вештачки јазик, беше противно на природниот развиток на бугарскиот литературен јазик и дека како такво е неприфатливо за бугарската страна. За тоа и статиите и учебниците негови беа дочекани со остра реакција во тогашниот бугарски цариградски печат. Во една статија, објавена во "Цареградскиј вестник", на неговите погледи за јазикот се реагира со следниве зборови: "Ми познаваме че тој, кој то ни с'вјатува в Ц. Вестник да в'ведем члена о, нему ако сја види противен стариј член т, то ште му сја види и личното

местоимение аз и спомагателниј глагол шт' штеш ште. Нему поправо ште сја види ја вместо аз, кбем /както и пише/вместо штем бих и др. които изреченија са своиствении на ср'бскиј јазик"[172]. За јазикот пак во неговите учебници во "Б'лгарски книжици" се вели дека претставува "една размеса от Б'лгарски и Ср'бски ", односно "Б'лгарско-Ср'бско наречие"[173].

Но и покрај острите напади против него во печатот, Партениј докрај остана доследен на своето становиште - да се создаде општ литературен јазик, но таков јазик, којшто ќе претставува компромис меѓу бугарските и македонските говори. Овој стремеж општиот јазик непремено да носи белег и на македонското наречје не беше само негов, туку и на средината што ја претставуваше, на кој тој само му даде виден израз. Партениј никако не можел да се согласи со тоа во Македонија да се воведе јазик далечен на македонскиот народ, каков што бил бугарскиот, наместо неговиот роден јазик, чие наречје "... е по-п'лнозвучно, по плавно и по стројно, и в много отношенија по п'лно и по-богато..." Во натурањето на бугарскиот јазик од бугарска страна тој гледал само "обида велика" за македонскиот народ, од кое "ништо не ште да бидет"[175].

Во своето настојување јазичното прашање да се реши во прилог на неговата теза, Партениј не бил осамен. Тој секако во тоа ја имал поддршката на Д. Миладинов и на луѓето од неговио круг. За тоа говори пред сè фактот што Партениј не само што бил ученик на Д. Миладинов, туку и одржувал со него блиски односи. Порано споменавме дека како учител во Кукуш Д. Миладинов ги учел децата по Партениевите учебници и дека доста негови учебници му пратил и на К. Шапкарев во Струга. Но и кај другите наши преродбеници - книжевни работници од ова време постоело извесно противставување да го применуваат бугарскиот литературен јазик во својата книжевна практика. Додека К. Миладинов своите

песни ги пишувал на струшкиот народен јазик, а Р. Жинзифов на јазикот создаден по рецептот на П. Зографски /комбинирање на македонски и бугарски јазични црти/, Г. Прличев макар што беше одел во Цариград за да го изучи бугарскиот јазик, се занесувал со фикс-идејата да создаде јазик општославјански"[176/]. Несомнено општата опозиција што постоела кај нас против воведувањето на бугарскиот литературен јазик сѐ повеќе го зацврстувала Партенија во неговото становиште за решение на јазичното прашање и тој не отстапувал од него. Голема поддршка за своето становиште тој имал пред сѐ во фактот што неговите учебници нашле широк одзив кај нашиот народ. Поттикнат од овој успех, и покрај сотрата критика на неговите погледи за создавање на "општ" јазик, тој и понатаму непоколебливо се застапувал за нив. Во 1860 г. тој дури работел на отворањето на печатница во Солун /славјански оддел при грчката печатница на Кирјак Држилович/ за да се печатат во неа книги "на македонскиј јазик за овдешните жители"[177/]. Во неа требало да се препечати и неговото "Началное учение" и тоа во 4000 егземплари[178/].

Следбеник на Партениевата теза по прашањето за јазикот бил и К. Шапкарев. Тој своето мислење за тоа го изнесе во предговорите кон своите учебници, а и во печатот. Но, за разлика од Партенија, кај него во тој поглед се забележуваат извесни противречности и недоследности. Така, во предговорот кон читанката /1868/ тој наполно се застапува за еден "општ", заеднички јазик со Бугарите. Според него, "општиот" јазик треба да има обележје на македонските и бугарските говори, т.е. во него "Западно-Македонското" наречје да биде "смешано со денешното писменно Б'лгарско наречие"[179/]. Меѓутоа во предговорот кон книгата "~~С'вето благовествание~~ Св. Благовествование", издадена една година подоцна /1869/, тој на своите учебници им наменува поинаква задача: пре-

ку нив да им го доближи на Македонците бугарскиот јазик. "Това пак сторих - вели Шапкарев, следвающем предначбртаната ми мисља за постепенното зближение Македонското до едно пообште наречие и с'ставјанието едно обште правописание"[180]. Подоцна, во една статија во "Македонија" тој повторно ќе застане на становиштето застапувано во првиот предговор, за да се повлече потоа пак на позициите застапувани во вториот предговор, присилен на тоа поради острниот напад што се водеше против него во Цариградскиот печат[181]. Ваквото, колебливо држање на К. Шапкарев во дискусијата што се водела за литературниот јазик во бугарските весници во 60-те години е карактеристично за него како човек. Меѓутоа дека тој бил вистински следбеник на Партениевата теза за решение на јазичното прашање и дека останал на неговите позиции се потврдува со фактот што јазикот во последната негова книжка "Мајчин јазик" /1874/ е "Западно-Македонско, смешано с денешното писменно Б'лгарско наречие". Дури во неа македонскиот јазик е почист одошто во неговите поранешни книги[182].

Како Шапкарев, така и другите наши учители во ова време можеа да се уверат од својата училишна практика дека за македонските деца е полесно и поприродно наставата да се води на нивниот мајчин јазик одошто на бугарски, кој е за нив далечен јазик. Тоа бил и непосредниот повод за појавата на македонските учебници. Но произлегувајќи од едно становиште, општествената основа на кое ни е позната, тие се застапуваа за создавање на еден "среден" бугарско-македонски јазик, сметајќи го ваквото - компромисно решение за литературниот јазик како најприфатливо за едната и другата страна. Партениј и Шапкарев имале во план, а кукушкиот учител Венијамин Мачуковски дури се обидел и да издаде граматика за овој јазик[183].

Меѓутоа, многу порадикално становиште од Партениевото и на неговите следбеници за решение на јазичното прашање имале македонистите - поборниците за самостоен национален развиток на македонскиот народ. Нивното гледиште било дека македонскиот народ треба да има свој литературен јазик, одделен од бугарскиот, бидејќи и тој е одделен словенски народ[184/].

Тие заправо биле најголемите противници на проникнувањето на бугарскиот литературен јазик во Македонија, а нивното влијание се чувствувало во народот. За тоа говори и Шапкарев во предговорот кон својата книга "Св. Благовествование". "У нас - вели тој, /до к'де што бил изгонен Б'лгарскијт јазик/ сја разумеват че никој от најмалијт до најголемијт, не знаат да четет Б'лгарски, та како би могло да сја в'ведет лесно? Но полошето е това што, между нашите имат и такви људие, кои, освен што не знајат и не сакајат да сја научјат, ами еште бидештем от една стрбна убедени на това, што нашли, а от друга пак упражнеештем влијание вбрх народ'т, не малко пречјат и на другите говореештем им всекакви изговори. Една от многото им предр'чни пречки е и следујаштава,- оти Цбрковнијт Б. јазик бил Сербскиј /!?/ та не сми могли да го разумеваме!/ еште и от Правителството бил /?!/ уж запрен /?!/. А за денешното В'сточно-Б'лгарско наречие, - оти било "Шопско", а пак Шоп у нас значит најпростијт дебелак, та велјат, Шопје ли ке сја чиниме?"[185/].

Движењето на македонистите било прилично развиено во 60-те и 70-те години на минатиот век. За неговиот опсег и тенденциите на неговиот развиток ние дознаваме и од една статија на П.Р.Славејков, објавена во в. "Македонија" под наслов "Македонскијт В'прос"[186/]. Во неа тој фрла одредена светлина на погледите на македонистите, кои биле од суштествено значење за самостојниот национален развиток на македонскиот народ, како

за литературниот јазик, за учебниците, за македонскиот народ како нација и др. На нивното движење Славејков гледал многу посериозно одошто некои бугарски весници, кај кои постоела тенденција тоа да се претстави како работа само на "частни некои лица". "Така и мислјахми ниј до преди една две години - вели во споменатата статија Славејков, когато нови разговори с някои македонци ни показаха, че работата не е само голи думи, но мисъл която мнозина искат да прекарат в живот:т"[187].

Идеите на македонистите го изразува она што беше се веќе зародило кај нашиот народ, кој преку нив најодредено го манифестираше својот стремеж за самостоен национален развиток. Најнепосреден, пак, изразител на неговите стремежи беше македонистот Ѓорѓи Пулевски. Во својата книга "Речник од три јазика" тој ја истакнува неопходноста македонскиот народ да има свој литературен јазик. Иако необразован, самоук, тој наполно сфаќа какво големо значење ќе има таквиот јазик за општонационалниот и просветно-културниот развиток на македонскиот народ. За тоа тој се застапува на неговата изградба да работат "људи учени, кои го познавајет јазикот мајчин чисто". Такви, стручно подготвени луѓе "да се зберет од сви напред речени народности" /мисли на македонските племиња/ и да состават граматика /"Речница"/ за општиот македонски литературен јазик, која "пак да остане као... света книга за сиве школа, а и за други книги писање"[188]. Пулевски дури се обидел сам да сочини таква граматика /"Слогница речовска", Софија, 1880 г./, но за тоа немал стручни познавања и таа "остана само како виден знак на стремежот да се пристапи кон оформувањето на писмениот македонски јазик"[189].

Во времето кога се изнесоа овие становишта по прашањето за литературниот јазик - кон 60-те и 70-те години на

минатиот век, како стремежа на тогашниот наш општествен живот, не се дојде до неговото конечно решение. Од 70-те години нагло почна да се влошува економската положба на нашето граѓанство, на оная наша општествена средина што беше носител на народниот развиток и на неговите стремежи. Од ова време почнаа позасилено и поорганизирано да ја развиваат својата просветна и политичка пропаганда во Македонија буржуазиите на трите соседни земји - грчката, српската и бугарската. Тие спроведоа насилна акција за однароднување на македонскиот народ по пат на наметнување на својот јазик преку своите училишта во Македонија. Меѓутоа, макар што македонскиот народ во еден подолг период беше изложен на влијанијата на овие пропаганди, ниедно од нив не успеа подлабоко да го зафати неговиот просветно-културен живот[190]. Идеите што беа се зародиле во времето на преродбата за создавање на македонски литературен јазик, носители на кои беа македонистите, конечно восторжествуваа, но во поинакви историски околности, во условите на слободен национален и просветно-културен живот на македонскиот народ во заедница со другите братски народи на ФНРЈ.

## 8. Ученици

Состав и возраст. Во литературата што ја изучуваме податоците за учениците се многу скудни и несигурни. Меѓутоа и врз основа на такви - еднострани податоци, сепак можеме да си создадеме извесна претстава за тоа каков бил составот на учениците во нашите училишта. Некои од овие податоци ни укажуваат дека сѐ до половината на XIX век во училиштата учеле само машки деца, а сосем ретко и по исклучок и по некое женско дете и тоа, главно, во училиштата на поголемите и поразвиените градови. Во тогашното општество, со уште неразвиено производ-

ство и примитивни општествени односи, тешко си пробивале пат сфаќањата за неопходноста за образование и на женските деца. Дури од половината на XIX век во некои наши градови почнуваат да се отвораат специјални женски училишта. Мешани училишта, во кои заедно учеле машки и женски деца, во ова време не се среќаваат или се среќаваат сосем ретко. Такви училишта се појавуваат подоцна и тоа во оние наши градови, во кои општините не биле во состојба покрај машки да издржуваат и специјални основни женски училишта /Солун/[191], или класни женски училишта /Велес/[192], а постоел интерес кај граѓаните за образование и на женските деца. Меѓутоа, за голем број градски, а да не говориме и за селски женски деца, вратите на училиштата останале затворени и низ втората половина на XIX век. Такви биле моралните сфаќања на тогашното граѓанско општество.

Ни во однос на возраста на учениците училиштата немале некои одредени изискувања и прописи. До половината на минатиот век во нашите училишта можеле да се видат ученици од најразлична возраст. Во нив имало деца од 7-8 години, но и младинци од 18-20 години[193]. Таков состав на учениците по возраста се одржал во келијните и селските училишта дури до 70-те години на минатиот век[194]. Голема разлика во однос на возраста на учениците постоела и во взаимните училишта. Покрај деца од 6, 7, 8 и 9 години, во нив учеле и многу повозрасни деца. Организацијата на наставата во взаимните училишта била таква, што оневозможувала одделенски систем на работа. Но, доколку во некои взаимни училишта постоеле и одделенија, тие не биле формирани од ученици од една иста возраст. Заради ваквиот состав на учениците тешко можела да се изведува наставата и да се одржува редот и дисциплината во училиштата. За тоа наоѓаме доста
точно податоци во личните спомени на учителите и бившите ученици од тоа време. Одделенија

со состав на ученици од една иста возраст почнуваат да се отвораат во нашите училишта кон крајот на 60-те и почетокот на 70-те години. Нив ги формираат учители кои образованието си го добиле во педагошките училишта и духовните семинарии во Србија и Русија каде што имале можност да се запознаат со одделенскиот систем на наставната работа, заснован врз современи педагошки и психолошки изискувања.

<u>Бројната состојба на учениците</u>. Во првата половина на XIX век во Македонија има мал број училишта и ученици. Училиштата се црковни и во нив учат, главно, оние кои сакаат да станат свештеници и калугери. Во ова време општествениот живот е сѐ уште неразвиен и не се чувствува особена потреба за писменост кај населението. Тоа особено се однесува на селското население, за кое училиштето и учењето немаат никаква практична вредност за неговиот живот и работа. Меѓутоа, развитокот на градовите и нивниот економски напредок сѐ повеќе ја истакнува потребата за отворање на нови училишта во кои ќе можат да се добијат знаења неопходни за практичната работа на тогашниот граѓанин. Такви, нови училишта, во кои се добиваат световни, реални знаења, почнуваат да се отвораат во Македонија кон половината на минатиот век и од ова време нивниот број постојано растел, а исто така и бројот на учениците во нив. Поради световниот карактер и бесплатната настава овие училишта привлекле голем број ученици. Каков , пак, бил дејствителниот број на учениците што ги посетувале овие училишта, не е сосем извесно. Податоците за тоа се прилично непотполни. За жалост, не постои некоја статистика која би ни овозможила да го проследиме движењето на бројот на учениците во училиштата последователно по години за еден период и да донесеме соодветен заклучок. Заради тоа сме упатени на оние извори што не информираат за бројот на учениците само

во одделни училишта и тоа за некои години, така што е невозможно да се даде еден целостен преглед на бројната состојба на учениците во сите училишта на Македонија за еден одреден временски период. Тоа е невозможно и заради тоа што податоците со кои располагаме не се сосем веродостојни, зашто бројот на учениците тие ни го покажуваат заокружен или двоен – 4 – 500, 150 – 180, 50 – 65 и др.

Долниот преглед на бројната состојба на учениците во некои градски училишта за некои години го даваме за да имаме приближна слика за тоа како се движел бројот на учениците во нашите училишта во времето од 1849–1876 г.

| Градски училишта | Училиш-на година | Број на учителите | Број на на учениците | Број на ученичките | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Велес[195] /маалата "Прцорек"/ | 1849 | 1 | 40 | | |
| Куманово[196] | " | 1 | 150 | | |
| Скопје[197] | " | 1 | 120 | | |
| Велес[198] | 1850 | – | 700 /?/ | | |
| Скопје[199] | 1851 | 1 | 209 | | |
| Куманово[200] | 1852 | 1 | 200 | | |
| Велес[201] | 1857 | 2 | 212 | | |
| " /Главното у-ше/ | " | 1 | 40 | | |
| Скопје[202] | 8 | 3 | 120 | | /Три училишта: кај црквата Св.Богор[одица] – 70 уч.; од десната стран[а] на р. Вардар – 30 уч.и во "Ча[ј]ир" – 20 уч./ |
| Скопје[203] | 1858 | 1 | 110 | | Училиштето при црк."Св.Петар" |
| Охрид[204] | 1860 | 1 | 40 | | Учил.во маала "Кошишта" |

| Градски училишта | Училишна година | Број на учителите | Број на учениците | Број на ученичките | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Охрид[205] | 1860 | 1 | 300 | | Муструвото училиште |
| Скопје[206] | 1863 | 3 | 220 | | Едното 100 уч. а другите две по 60 уч. |
| Прилеп[207] | " | 2 | 400 | | 2 училишта |
| Велес[208] | " | 2 | 500 | | 2 училишта |
| Тетово[209] | 1865 | 1 | 161 | | |
| Битола[210] | 1865/66 | 1 | 200 | | |
| Прилеп /жен.учил./ | " | 1 | | 130 | |
| Прилеп[211] " " | 1866/67 | 1 | | 80 | |
| Прилеп[212] /маш.учил. | | 2 | 300 | | |
| Прилеп[213] " " | 1867 | - | 4-500 | | |
| Кр.Паланка[214] | " | 1 | 80 | | |
| Битола[215] | " | 1 | 45 | | |
| Штип[216] | " | | 250 | | |
| Радовиш[217] | " | | 120 | | |
| Охрид[218] | 1868 | 1 | 250 | | |
| Охрид[219] /жен. учил/ | 1868 | | | 190 | |
| Битола[220] | " | 2 | 80 | | |
| Крушово[221] | 1868/69 | 2 | 50 | | |
| Солун[222] | " | 1 | 79 | 24 | |
| Кукуш[223] | 1869 | 2 | 350 | | /2 училишта/ |
| Неготино[224] | " | | 80 | | |
| Солун[225] | " | | 100 | | /ученици и ученички/ |
| Солун[226] /жен. учил./ | 1870 | | | 36 | |
| Велес /Прцорек/ | " | | 180-200 | | |
| Велес /зап.стр./ | " | | 150-180 | | |
| Велес /жен.учил. во Прцорек/ | " | | | 60-70 | |

| Градски училишта | Училишна година | Број на учителите | Број на учениците | Број на ученичките | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Велес[227] /глав.у-ште/ | 1870 | | 110-130 | | |
| Кукуш[228] | 1870/71 | 3 | 300 | | |
| Кукуш[229] /жен.у-ште/ | | | | 50 | |
| Дојран[230] | 1871 | 3 | 100-120 | | /3 училишта/ |
| Кичево[231] | " | | 50-60 | | |
| Солун/централно у-ште/ | 1872/73 | 1 | 25 | | |
| Солун[232] /Вардарското у-ште/ | " | 1 | 25 | | |
| Крушово[233] | 1873 | | 60 | | |
| Кичево[234] | 1873 | | 50-60 | | |
| Кичево[235] | 1873 | | 75 | | |
| Прилеп /маш. у-ште/ | " | 5 | 500 | | |
| Прилеп[236] /жен. у-ште/ | " | 1 | | 60 | |
| Солун[237] | 1874 | | 60 - 70 | | /Вардарското училиште/ |
| Прилеп[238] | 1874/75 | 10 | 660 | | |
| Кичево[239] | 1875 | | 60 | | |
| Кичево[240] | 1876 | | 40 | | |

1873 г. бугарскиот учител С. Бобчев пропатувал низ Македонија и установил дека во времето од 1870-1872 г. во Македонија имало околу 117-120 училишта, 150-165 учители и 10.000 - 12000 ученици[241]. Немаме можност да ги провериме овие податоци. Но ако ги земеме за приближно точни, тогаш би можеле да установиме каков бил просечниот број на учениците во едно училиште во ова време. Според

податоците на Бобчева на секое училиште доаѓа просечно по 90-100 ученици, а на еден учител по 70 - 75 ученици. Се разбира, бројот на учениците во селските училишта бил знатно помал од бројот на учениците во градските училишта. Додека бројот на учениците во селските училишта се движел обично меѓу 10 и 30 ученици и ретко го надминувал бројот од 50 - 60 ученици, во градските училишта, како што тоа ни го покажува и горниот преглед, бројот на учениците бил многу поголем и се движел меѓу 100 и 200. Некои градски училишта имале и над 200 ученици. Воопшто, бројот на учениците во градските училишта секогаш бил многу поголем во однос на бројот на учениците во селските училишта и за тоа просечниот број од 90-100 ученици за едно училиште ни се покажува релативно висок.

Меѓутоа, бројот на учиниците во текот на училишната година не бил постојан, бидејќи учениците нередовно ги посетувале училиштата. Тој растел или опаѓал зависно од годишното време. Селските училишта, на пример, биле многу повеќе посетувани зимно[240] одошто летно време, кога родителите ги задржувале своите деца за да им помагаат во земјоделските работи. Исто така и во градовите - од исти причини, била честа појава учениците да отсуствуваат од училиштата, поради што тие не успевале да го совладаат наставното градиво во целина. Главниот учител на велешките училишта на крајот на една учебна година констатирал дека заради "... нередовното посещение на учениците в училищата множина от тех които с'учили през годината не можиха да се подготвјат[243]. Покрај овие, има и други причини заради кои учениците нередовно ги посетувале училиштата. Една од нив се крие во самиот карактер на тогашните училишта. Макар што од половината на минатиот век во нив почнала да се воведува световна настава и до крајот на 60-те години повеќето од градските училишта станале световни, тие во

себе задржале многу што од старата келијна настава и по својата суштост се уште биле недоволно практични за да ги задоволат потребите на населението. Здобивањето на првата писменост по стариот метод на срицањето било многу тешко за учениците и траело долго време. Сразмерно на времето поминато во училиштето учениците добивале недоволни знаења. Тоа е и главната причина што учениците го напуштале училиштето пред да го завршат. И ако се запишувал голем број ученици, од нив мал број успевале да го завршат училиштето.

Награди и казни. Наградите и казните, особено последните, многу се употребувале и во келијните и во взаимните училишта. За тогашниот учител казните биле не само обично дисциплинско средство, туку и силно средство на наставата, најсигурно средство за постигање успех во училиштето. Учениците се казнувале не само заради нарушувањето на училишниот ред, направениот дисциплински прекршок или испад и воопшто заради лошото поведение, туку и заради покажаниот слаб успех. И за најмала пројавена вина или грешка во учењето учителите немилосрдно ги казнувале своите ученици. Во спомените на учениците што учеле во келијните и взаимните училишта подробно се опишуваат жестокостите со кои учителите ги казнувале учениците. Тие жестокости често добивале таков карактер, што училиштето го претварале во право мачилиште за децата, поради што тие бегале од него и се криеле по ридовите и лозјата и не сакале да се вратат дома. Зашто не само учителите, туку и нивните родители биле немилосрдни спрема нив. Ст. Симиќ раскажува, како во Кратово, кога таткото требало да го доведе своето дете на училиште го предавал на даскалот со следниве зборови: "Месо ти давам, коски да ми вратиш!"[244] Што значело дека учителот може да го тепа неговото дете колку што сака, ако тоа не биде како што треба - вредно и послушно. Така било и во другите училишта во Македонија.

Со десетини години татковците со истите зборови ги предавале своите деца на учителите, кога за првпат ги доведувале на училиштето. Протести и оплакувања од страна на родителите против жестокостите на учителите, против употребата на такви казни, кои го нарушуваат здравјето на децата и ја унижуваат нивната личност, се среќаваат од втората половина на XIX век, но сосем ретко. Казната и понатаму се употребувала во нашите училишта како средство за одмазда и насилие, за унижување на детската личност, како неопходно средство и "свето" право на учителот, без кое не можело да се замисли успешното раководење со работата во училиштето.

Во примената на казните не постоела некоја постојаност. Казната се одредувала спрема тежината на дисциплинскиот прекршок или моралниот престап и нагаѓањето на учителот. Се применувале најразлични видови казни - морални и физички. За помали прекршоци и грешки - невнимание, немирство на часот, учениците се казнувале со опомена, прекор или со котргнување на увото, стоење надвор од клупата[245/] и сл. Тоа биле и најчесто употребувани казни. За направени поголеми дисциплински прекршоци и истапи - нарушувањето на училишниот ред, постојано немирство и пречење на другите ученици да ја следат наставата, непослушност, незнаење на урокот, учениците се казнувале со стоење на една нога, клечење на ситни камчиња или зрна од пченка под колената, шлакање, тепање со прачка по рацете, по задникот[246/] и др. Но освен овие, се применувани и други извонредно тешки казни, кои за нас денес се просто неофатливи. Тоа биле казни применувани со една нарочна направа, наречена "фалака" и јавни исмејувања и подбиви, со кои се казнувале оние ученици, кои направиле некој морален престап или поголем дисциплински истап - било да извршиле кражба, да го навредиле учителот или родителите, или да избегале од училиштето. Казните

со фалаката биле многу жестоки и им влевале на учениците особен страв. Фалака се викала една подебела дрвена дршка - долга околу $1^1/2$ метар, која на средината имала две дупки, на растојание на околу 30 см. помеѓу нив. Низ дупките бил провлечен и заврзан канап или синџир. Осудениот ученик на казна со фалака учителот би го натерал да легне со грбот на земја и да ги провлече нозете низ дупките на фалаката, која за краевите ѝ, издигнати погоре, ја држеле два посилни ученика. Штом виновниот ученик би ги провлекол нозете низ дупките, канапот го затегнувале и замотувале околу фалаката, за да не може да ги извлече нозете. Потоа учителот со сета жестина ударал по босите табани на ученикот и тепајќи би искршил по неколку дренови прачки. Од нанесените удари ученикот имал такви болки, што не можел лесно повторно да се исправи на нозете[247]. Во некои училишта /Берово/ казната со фалака уште подрастично се применувала. Учителот ударал по босите стапала на виновниот ученик сѐ додека не би му ги раскрвавил[248]. За престапи за кои повозрасните ученици се казнувале со фалака, помалите ученици ги ~~изложувале~~ изложувале на општо исмејување и подбивање. На виновниот ученик би му го нацрниле лицето со чад или мастило и таков би го оставиле да стои до вратата во училницата. Кога учениците се пуштале од училиштето на ручек или навечер, секој од нив би го плукнал во лицето и би му удрил по една шлаканица[249]. За поголеми морални престапи осудениот ученик го изложувале и на јавни исмејувања и подбивања. Нацрнет и со прикачен бел лист на градите му, на кои со ~~црни~~ големи букви било испишано "магаре", "крадец", "лажец" и др., таквиот ученик го воделе по улиците на градот, за да го засрамат и унижат[250]. Во Кратово осудениот ученик за некој морален престап би го нацрниле и натерале да ја јава фалаката или каков подебел стап, или да јава на магаре со лицето свртено назад држејќи му го опашот и така го воделе

по улиците на градот[251/]. За неморално поведение во некои училишта учениците се казнувале со уште потешки казни. Во Ваташа и Берово, на пример, учениците се казнувале и со распнување[252/]. На ученикот кој имал многу лошо поведение учителот му провлекувал низ едниот и другиот ракав каков подебел стап и во таква положба го оставал да стои подолго време. А во Кратово, за направен поголем морален престап, по исклучок, учениците се казнувале и со бесење со главата надолу[253/]. Освен овие, во нашите училишта се употребувале и други казни, какви што фантазијата на одделниот учител можела да измисли. Многу често учениците се казнувале и со затвор, и тоа на цел ден и без храна. Со затвор се казнувале обично учениците кои покажувале слаб успех во учењето и бегале од училиштето. За затвор служел обично малиот простор испод учителевиот трон, или специјално оградено место за тоа во училницата[254/].

Но макар што постоела строгост во казнувањето на учениците, застрашувањето со казни ниту довело до ред во училиштето, ниту го подобрило успехот во наставата. По својата суштост тогашните училишта биле сосем непрактични. Учењето во нив било многу тешко и не разбудувало скоро никаков интерес кај учениците. Тоа всушност била основната причина за кршењето на редот и дисциплината во училиштето од страна на учениците. Келијниот учител не работел со сите ученици во одделението, туку со секој ученик одделно и тоа повремено. И додека тој работел со некој од учениците, или работел на занаетот, останатите ученици се задевале еден со друг и оддавале на немирлук. За да би го воспоставил нарушениот ред, учителот ги казнувал учениците. Во својата автобиографија Марко Цепенков подробно опишува како неговиот келиен учител одареме наверме ги тепал сите ученици заради тоа што биле немирни. "Често ќе стануеше даскало и ќе врвеше покрај нас, та ќе не удираше по плеќи со

прато и ке ни вели. "А пејте бре, пејте, а пејте."

Откоа ке се завртеше даскало околу наоколу и ке ни удри по еден прат по плеки /пусто ребрење што се ребрев, коа ке се приближеше даскало до мене, чекајки да ми го удри прато по плеки, за прав бога. Многу мака ми беше оти да ме удира без кабает, арно ама адетот му беше такоф, тики истеристаше, ке траиш и прат ке јадиш и по рака со прачка ке јадиш, бре и валака ке те тепет даскалот, пак ке траиш/ и ке си седнеше на тезгето и ке почнеше да си повезуа некоа книга, али да препишуа нешто со штампечки слова. А пак ние децата, ке почнефме да си праиме муабет, да се задевафме и да се клеветафме на даскалот.

- Даскале, ева ме окара, му велеше едно; друго, даскале, ова се задева; трето, даскале, ова ми го грабна орлоото перо и друго, друго.

На тие давии от децата, даскало ке му викнеше от кај што седи на тоа што се задева: "Бре гаоле, бре, седи мадру, ке те клаам во валака." По рака ке му се валеше да го тепа или на една нога да седи и друго што ке му текнеше, тоа ке му речеше, или не му речеше и ке му го стореше."255/

Истите овие казни дури уште посестоки, се применувале и во взаимните училишта. Основна задача на взаимните училишта била кај децата да воспитуваат добродетели кои биле идеал на тогашното наше граѓанство - да бидат питоми, кротки, послушни и учтиви. Од друга страна тоа се наложувало и од фактот, што взаимните училишта станале масовни, во нив учеле по 100 и 200 ученици, со кои не можел да раководи само еден учител, а тешко се подавале на дисциплинирање. Само при еден строг, дури и суров режим, каков што бил заведен во овие училишта, можело да се воспитаат горните особини. Учениците биле принудени да го извршуваат секој и најнезначителен гест, секоја макар и најдребна возло

жена работа која спаѓала во системот на општата работа на часот. Тие до тој степен биле дресирани, што под отсечната команда на главниот надзирател или учителот, се движеле како вистински механички кукли[256/]. А ученици со вакво поведение можеле да се воспитаат само со примената на ригорозни, драстични дисциплински мерки. Исмејувањето, заканувањето, клечењето, тепањето, затворот - биле најобични средства за воспитување на дисциплинирано поведение.

Но, покрај казнетите мерки, во взаимните училишта се применувал и цел еден систем на морални награди. Тие биле воведени во нашите училишта заедно со воведувањето во нив на взаимниот систем на учење, како специјални мерки за да се поттикнат учениците на ~~жжжж~~ подобро учење и поведение. Прва мерка на поттикнување во овој систем била што името на пројавениот учени во учењето или поведението гласно се изнесувало од главниот надзирател или учителот пред целото одделение за пофалба; втора - името на ученикот се запишувало на таблата за пофалените и истакнати ученици со соодветно квалификување - "вниматален", "смирен", "благочинен" и др.; трета - учениците се наградувале со специјални табелки, кои инаку се викале "билети", "кавалерии" "медалји"[257/] и др. Тие биле направени од картон или жолт плех и имале триаголна, четириаголна или округла форма, наоколу украсени со шарена хартија, на средината на кои биле испишани зборовите: "прилежен", "благочинен", "благонравен", "внимателен", "смирен"[258/] и др. Со медалји се наградувале оние ученици, кои во текот на дневната работа во училиштето покажале усрдност, трудољубје, внимателност или со нешто друго се одликувале. Медалјите учениците ги носеле обесени на вратот на специјални врвци /ганделки/. Учениците, пак, што пројавувале извонредна усрдност и трудољубје, или големи способности, биле почествувани на особен начин. Нив свечено ги воделе низ градот со медалјите обе-

сени на вратот, придружени од своите соученици, надзирателите и учителот, кои пееле песни и им извикувале пофалби[259/].

Во некои значни училишта бил заведен обичај, на крајот на учебната година - на главниот испит, одличните ученици да се наградуваат со прибор за пишување /пера, моливи, мастило, хартија/, книга и др.[260/]

9. Учители

Образованието на учителите. Учителствувањето како професија, како специјално и едино занимање на луѓето до средината на минатиот век во Македонија било реткост. Професионални учители тогаш немало. Во келијните училишта - какви што само имале во овој период кај нас, учители најчесто биле свештеници и калугери[261/], а негде и световни лица. Меѓутоа, со учителствување тие се занимале по неопходност и тоа само како со второстепено и случајно занимање, кое го вршеле покрај својата главна и редовна работа. А главната работа на свештеникот била во црквата, на калугерот во манастирот, на световното лице занаетот. Во ова време ретко можело да се сретнат луѓе на кои учителствувањето им било едино и главно занимање. Образованието на келијните учители било многу ограничено. Сите тие биле воспитаници на келијните училишта - манастирските и градските, во кои одвај можеле да се здобијат со елементарна писменост. Нивните знаења биле многу скудни и не излегувале надвор од кориците на часословот и псалтирот, или светчето и апостолот. Такви кети знаења тие ги пренесувале и на своите ученици.

Како специјално занимање, како постојана професија, учителствувањето се воспоставува кај нас со појавата на световните училишта. Потребата за такви учители, на кои учителствувањето ќе им биде едино занимање, се наложувала од самиот карактер на овие

училишта. Зашто, за разлика од келијните, во световните училишта се изучувале нови, световни науки и учеле многу поголем број ученици. Освен тоа, организацијата и методиката на наставната работа во нив биле многу посложени. Сето тоа изискувало со наставата во овие училишта да раководат лица специјално подготвени за тоа. Од друга страна, световните училишта станале општонародни, за работата на кои бил заинтересиран целиот народ. Световниот учител бил платено лице - примал редовна месечна или годишна плата од училишната општина, на која и бил непосредно одговорен за својата работа во училиштето и, освен учителствувањето, тој не смеел да има и друго занимање. А платата, макар што била скромна, сепак ги задоволувала неговите потреби, та не се наложувало тој да бара и други извори за своето издржување, како што тоа било неопходно за келијниот учител. По таков начин, со појавата на световните училишта кај нас се појавува и учителствувањето како професија, како специјално и едино занимање на одделни луѓе. Тоа било од големо значење за понатамошниот развиток на нашето школство.

По своето образование првите световни учители кај нас многу не се разликувале од келијните учители. Голем број од нив биле келијни воспитаници, кои по сила на околностите станале световни учители. Во најдобар случај тоа биле лица што ги завршиле класичните училишта, но и тие освен најосновните знаења од науките што ги учеле во овие училишта, друго и немале што да им предадат на своите ученици. Во 50-те и 60-те години на минатиот век некои од нашите поразвиени градови што пројавуат стремеж да ги унапредат своите училишта, доведуваат поподготвени учители од соседните славјански земји. Меѓутоа, тоа биле само одделни појави и макар што овие учители многу придонесле за осовременувањето на училишната настава во местата каде што учителствувале, сепак тие не можеле битно да влијаат на изменувањето на

општата состојба во која се наоѓало нашето школство тогаш. Мнозинството на основните учители, особено по селата, биле неподготвени за учителско звање. Во една своја дописка во "Цариградски вестник", од 1859 г., Ј.Х. Константинов Џинот соопштува дека од тројцата учители што таа година учителствувале во Црцоречкото училиште во Велес, едниот бил полузналец, а другите два прости учители[262]. Шапкарев, пак, во својата автобиографија за еден од своите колеги вели дека одвај можел и името да си го потпише[263]. Такви појави не биле ретки меѓу нашето учителство во тоа време. Посолидна општообразовна подготовка имале само оние учители, што завршиле средни или виши училишта во странство. А такви учители биле малцина кај нас тогаш.

Од оној мал број поиздигнати просветни и културни работници, што оставија трага во културната историја на нашиот народ, ние ги споменуваме: Јордан Х. Константинов Џинот, Димитриј Миладинов, Рајко Жинзифов, Партениј Зографски, Константин Миладинов, Гр. Прличев, Кузман Шапкарев и Димитар Македонски. Како народни просветители и општествени дејци во еден период така значаен во животот на нашиот народ, тие многу придонесле за неговиот напредок.

Јордан Х. Константинов Џинот е еден од ретките наши преродбенски учители, кој по пат на самообразование и самопрегорна работа успеал да се издигне над нивото на образованието на тогашните учители и да се здобие со завидна култура на времето. Но тој извесно време поминал на учење во Самоков и Солун, престојувал на грчките острови Хиос и Патмос - тогаш прочуени центри на новогрчката просвета, а исто така и во Србија и Романија, каде што се запознал со напредните училишни реформи. Престојувањето во овие земји имало несомнено големо влијание на неговата понатамошна просветителска дејност.

Меѓутоа, Д. Миладинов и дрегите напред споменати културни работници од средината на XIX век се школувале во по-

инакви услови. Тие биле грчки воспитаници и токму заради тоа имале и добро образование. Зашто грчките училишта во Македонија тогаш биле најуредени и имале најдобар наставнички кадар. Тоа особено се однесува за Охрид, Струга и Битола, кои во тоа време биле сестрано повлијаени од грцизмот. Колку било силно грчкото духовно влијание во овие наши градови се гледа и од фактот, што во првата половина на минатиот век во нив постоеле само грчки училишта. Во Охрид, на пример, елинското класно училиште било основано 1802 г., а взаимното /световно/ училиште 1841 г. Но покрај овие, во него работеле и неколку келијни грчки училишта[264/]. Во овие училишта во Охрид го добиле своето прво образование Д. Миладинов, П. Зографски, К. Миладинов, Г. Прличев и К. Шапкарев. Д. Миладинов го продолжил образованието си и во Јанина, а К. Миладинов и Г. Прличев и во Атина, зашто "... тогаш името на Атина и Јанино звучеше у нас"[265/]. Во својата автобиографија Г. Прличев со голема горчина наспоменува што тогаш не се нашол ниеден да го посоветува наместо во Атина да оди да учи во Русија.[266/] Воспитани во грчките училишта во духот на елинизмот, тие како грчки учители ќе бидат фанатични спроводници на грчкиот јазик, грчката образованост и култура кај нас. Д. Миладинов бил еден од најподготвените учители во тоа време и многу придонесол на ширењето на грчката просвета и воопшто на издигањето на грчките училишта во некои наши градови, особено во Охрид. "Меѓу десетте учители што се изменија во време на моето ученикување во Охрид - пишува Г. Прличев, ниеден не им беше толку полезен на учениците колку Миладинов. Тој во секоја поставка имаше нешто привлечно. Речта му течеше од устата како мед. Свештен оган му гореше во очите..."[267/] Тоа исто за него говори во својата автобиографија и К. Шапкарев: "... Сполучи да добие почтеното и желаемо име "доб'р учител" как'в не беше дош'л пред него в Охридското училиште /можит да се речит че и тога

до сега не е дошбл друг како него..."[268] И, ете, овие, длабоко елинистички настроени тогаш наши луѓе, во времето кога ќе се поведе борба против грцизмот, постепено и сѐ поодредено ќе ја доживеат својата преориентација кон славјанизмот и ќе станат свесни будители на својот народ, идејни носители на неговите напредни стремежи. Се разбира, секој од нив оваа метаморфоза, својот генетички прелом, ќе го доживее во овие или оние околности и на свој особен начин. Меѓутоа, потребно е да се наспомене дека оваа нивна преориентација е тесно поврзана со промените во економскиот и општествениот живот што настанаа кај нас кон средината на минатиот век. Тоа е време кога нашиот народ ја отпочнува борбата против Цариградската патријаршија, во која и нашето учителство како скоро единствен претставник на тогашнат наша интелигенција мораше да се определува[269]. Но, освен оваа, основна и општа причина, на нивното возродување делувале и други - надворешни причини и подбуди. За Д. Миладинов таква подбуда можеле да биде средбата негова со рускиот научник Виктор Григорович 1845 г.[270], дописките на Ј.Х.Константинов Џинот во Цариградски весник[271], а исто така и неговите врски со Рачински[27 Сепак, тој својот дефинитивен пресврт ќе го доживее подоцна - во 1855/56 г., за време на своето престојување во Херцеговина, Босна, Војводина и Србија[273]. Странствувањето во овие југословенски земји наполно ќе го пероди Миладинова и по враќањето си во својата татковина тој ќе стане вистински народен будител, свесен и пламенен борец против фанариотското духовно рeство. Овој пресврт, така карактеристичен во неговиот живот, најубаво го опишува неговиот ученик и следбеник К. Шапкарев: "... нека кажиме че до некое време, именно дури не беше учителствувал в Магарово, или може малу нешто и понапред, беше страшен Елинист фанатик за Грьцизм'м'т може и многу да е повредил Б'лгарската народност. Но от тога, не знам по која причина, в'збудило се е

било малку чувство народности, а кога беше в Битолја беше доволно славјанист и на п'ти дури фанатик. След Битолја направи едно обхожденіе по Ерцеговина и Босна и Сербија чрез Мостарскиј т Владика, а кога се врати от тамо на 1856-1857 се погоди в Прилеп за Елински учител... От тогава се преправил беше от Савел на Павел, беше се в'зродило у него едно ненаситно родолјубие, до толкова што - то дури до фанатиз'м допираше. Но как да е, това негово родолјубие многу спомогна на заспалиј т ни до тога народ, којто ни гри[x] не знаеше, нито нешто чувствуваше за народност"[274/]

Периодот од животот на Д. Миладинов по 1856/56 г. е инспириран со сестрана народна дејност. Тој неуморно работи на просветувањето и националното будење на својот народ. Длабоко народен човек, кој живо ги чувствува народните болки и страдања под фанариотското ропство, тој е на чело на движењето против тоа ропство. Но не само против грчкото духовенство, тој е исто така немилосрден и во борбата против гркоманството. Во едно свое писмо до Јанаки Стрезов од 1859 г., во кое ја осудува тогашната гркоманска дејност на Г. Прличев, сите оние што биле во служба на грцизмот тој ги наречува "апостоли отстапници на својата народност, отечество и родители", што се "со тврда решеност и убеденост да ја изродат словенската храбра крв и да создадат грчки пеперуги со тифусен дух..."[275/] Со вакеа своја дејност на вистински народен трудбеник Д. Миладинов на директен или индиректен начин ќе влијае на многубројни свои ученици и ќе пробуди кај нив интерес кон народното дело. Неговото влијание за некои од нив, како за Р. Жинзифов, К. Миладинов, Г. Прличев, К. Шапкарев и др., ќе биде решавачко во нивниот живот. По негов совет брат му Константин, сотрудникот му Р. Жинзифов и многу други ќе одат да учат во Москва. Под директниот впечаток од смртта на браката Миладиновци во цариградските зандани, Г.Прли-

x Старогрчки израз = ни збор.

чев - оној исти Прличев, којшто во 1859 г. беше така остро критикуван од Д. Миладинов за гркоманство, ќе ја доживее својата Метаморфоза и ќе се врати дома од Атина "со тврдо решение да гине или да одмазди за Миладиновци."

Некои од нашите преродбенски учители во својата дејност пројавувале колебливост и недоследност. Но тоа е сосем разбирливо ако се имаат предвид условите во кои работеле тие наши народни просветители. Постојано во борба за одржување на својата егзистенција, прогонувани од грчките владици и денунцирани од нив пред турската власт, поради што често биле затворани, во времето кога кај нас почнуваат да дејствуваат различни пропаганди - сето тоа многу влијаело на ваквото нивно држање. Но и покрај оваа нивна црта на приспособеченство - карактеристична и за нашиот граѓанин во тоа време[276], значењето на нивната улога во преродбата на нашиот народ нималу не се намалува. "Тие ја носат - верно - сета ограниченост на нивното време и на нивната средина, но доста им е на скромните даскали таа историска заслуга, што ја возродија славјанската просвета во Македонија, во земјата каде што некогаш таа просвета и се беше зародила."[277]

Нивното преродбенско дело ќе го продолжи новата генерација на учители кои образованието го добиле во Русија и соседните славјански земји во 60-те години на минатиот век и тие што кон крајот на 60-те и почетокот на 70-те години излегуваат од педагошките училишта на Ј. Ковачев во Штип и Прилеп, кои возродената славјанска просвета ќе ја шират низ сите краишта на Македонија.

Материјалната положба на учителите. За својата работа учителите биле слабо наградувани. Нивните плати не само што биле многу мали, туку и непостојани. Најниски плати имале ќелијните учители. Во првата половина на минатиот век тие се движеле од

70-100 до 500-600 гроша, а сосем ретко ја достигнувало сумата од 1000 гроша годишно. Во Кратово, на пример, келијните учители примале обично по 300, 400, 500 и 600 гроша годишна плата[278/]. Во сличен износ примале плати келијните учители и во другите наши градови. Повисоки плати имале само попрочуените учители. Првиот општински учител во Велес, даскал Митре, имал во 1832 г. 1000 гроша годишна плата, а неговите помошници по 500 гроша[279/]. Георги Трајков, кој учителствувал во Велес во 1840 г., примал од црковно-училишната општина 1000 гроша, а учителите Јанко Менкаџија и Андон Кирков по 900 гроша годишно[280/]. Значно помали биле ~~помали~~ платите на селските учители. Тие не изнесувале повеќе од 100, 200 и 300 гроша годишно, но за тоа добивале од селаните стан, храна и огрев[281/]. Некои од нив својата работа ја наплатувале само во натура: во жито, пченка, грав и др.[282/] Келијниот учител го плаќал оној, којшто го издржувал училиштето - манастирот, селото, црковно-училишната општина или родителите на децата ако тој бил приватен учител и држел свое училиште. Условите и времето на плаќањето се одредувале по погодба. Најчесто тие се исплатувале на крајот на годината, а во некои места и седмично, месечно или за времето од еден до друг празник. Во Велес, на пример, учениците им плаќале на своите приватни учители на крајот на седмицата, обично во сабота и за тоа плаќањето се викало "Саботница". Освен тоа секој ученик бил должен да плати нешто и за чистењето на училиштето, а зимно време да донесува и дрва за огрев[283/]. Во Кратово, пак, роковите за исплатување на учителите биле поголемите христијански празници, како: Ѓорѓовден, Петровден, Крстовден, Митровден, Божиќ[284/] и др.

Покрај платите, келијните учители добивале повремено од учениковите родители и различни подароци. Вообичаено било кога детето за првпат се поведе на училиште да му се однесе на учителот некаков подарок - кошула, гаќи, рало чорапи, марамче, јадење

и пијалок.[285/] Кога Г. Прличев научил слободно да чита, дедо му го одвел на училиште и, според обичајот, му однел на учителот - Апостоле, еден сантар локуми и една шарена крпа[286/]. Учителот го дарувале кога детето би научило да чита, а исто така, кога тоа би го изучило часословот, псалтирот, светчето и другите книги[287/]. Таков обичај постоел скоро во сите наши училишта во тоа време. Келијникот учител добивал подароци во пари и натура и во други околности. Кога, на пример, му помагал на свештеникот во богослужбата, во црквата и надвор од неа, исто така со нешто го дарувале. Во Кратово при крштавањето на децата му давале на даскалот 1 - 2 гроша, на венчавање 3 - 4 гроша, а за маслосвет, парастос и слично 3 - 5 гроша[288/]. Тој добивал подароци и од своите поранешни ученици кога тие, на пример, би отвориле свој дуќан, занаетчиска работилница, кога би се жениле или ракоположиле за свештеници[289/].

Сепак, платите и наградите што ги добивале келијните учители биле многу скромни и недоволни за нивниот опстанок. Затоа тие биле принудени да работаат и на некој занает. Најчести занаети со кои се занимале келијните учители биле: терзиски, ќурчиски, мутавџиски и книгоповрзувачки[290/]. Работите од својот занает тие ги вршеле во училиштата за време на наставата, додека учениците ги учеле своите уроци. За време на наставата во училиштето доаѓале одвреме - навреме и муштерии за да купат или порачаат некој од производите што ги изработувал даскалот. Поради ваквиот карактер училиштата на приватните келијни учители повеќе имале изглед на занаетчиски работилници отколку на училишта[291/].

Ни на световните учители материјалната положба не им била многу завидна. Дејствително, тие примале знатно поголеми плати од келијните учители, но сепак не им биле доволни за нив-

ните потреби. Во особена тешка положба биле селските учители, кои примале многу помали плати од градските учители. Додека просечната плата на селскиот основен учител била околу 500 - 600 гроша годишно, на градскиот основен учител таа изнесувала 2000 - 3000 гроша годишно. Но и платите на градските учители биле многу различни. Основните учители имале помали плати од класните учители, учителките биле послабо платени од учителите а странските учители биле подобро платени од учителите домородци. Висината на учителските плати зависела, главно, од подготовката на самите учители, а и од материјалната состојба на училишните општини. Поподготвените и поспособните учители биле позкапо платени. Затоа такви учители можеле да доведат само побогатите училишни општини. Како што е познато, таков бил случајот со Велес, Скопје и Прилеп, во кои напредокот на учебното дело кон средината на минатиот век се должи тоиму на тоа, што тие можеле да плаќаат подобри учители од другите наши градови. Ова општо мислење за учителските плати ние ќе го потврдиме со неколку податоци.

Од една сметка на прцоречката училишна општина во Велес за 1853 и 1854 г. се гледа дека во 1853 г. учителот Георгија Даскалот за две години примил 5301 грош, а учителката Ивца Козарска за исто тоа време примила 510 гроша; во 1854 г. Митре Даскалот примил 1060 гроша , а две учителки заедно 600 гроша; во 1855 г. за 6 месеци работа на бугарскиот учител Дамаскин Даскалот општината му платила 2540 гроша[292/]. Во 1848 г. Ј.Х. Константинов Џинот се погодил за учител во Скопје за 5000 гроша годишна плата[293/]. Како учител во грчкото взаимно училиште во Охрид од 1855-1856 г. К. Шапкарев примал 2000 гроша годишна плата, а неговиот вујко - Јанаки Стрезов, како учител во елинското класно училиште, примал 4000 гроша[294/]. Во 1856 г. за главен учител на прцоречкото училиште во Велес дошол српскиот учите

Јован Нешковиќ. Тој заедно со својата жена, која била учителка во женското училиште, земал 10.000 гроша годишна плата[295]. Од 1857 до 1862 г. во училиштето на западната страна на Велес учителствувал бугарскиот учител Ѓорѓи Икономов за 10000 гроша годишно[296]. Како главен учител во Прилеп бугарскиот учител Никола Г. Кинчерев имал 8-9000 гроша годишна плата[297]. Од 1870-1873 г. главен учител на училиштата и на двете општини во Велес бил Васил Попович од Болгород /Бесарабија/, со годишна плата од 12000 гроша[298]. Од 1874 до 1877/78 г. како учител и директор на сите училишта во Прилеп Јосиф Ковачев имал 120 турски лири годишна плата и "кукја наем о ц'рковна плата."[299]

Еве како бил наградуван за време на своето учителствување во различни градови на Македонија нашиот преродбенски учител К. Шапкарев. Како учител во Охрид 1854 г. примил 800 гроша, а 1855 - 1856 г. 2000 гроша годишна плата; во Струга три години по 3.000 - 3.500 гроша; во Охрид две години, од 1859 - 1861 г., по 45 турски лири; во Прилеп четири години по 4000 - 5000 гроша; во Кукуш седум години по 65-72 турски лири; во Приле и Битола, од 1872 - 1874 г., по 72 турски лири; во Солун, Кукуш и Цариград по 120 - 160 т. лири[300]. Приближно вакви биле платит и на другите наши преродбенски учители.

Меѓутоа, не само поради малите плати положбата на тогашните учители била тешка. И условите во кои работеле тие биле многу тешки за нив. Учителите биле беззаштитно изложени не само на каприците на грчките владици, туку и на каприците на месните чорбаџии. Последните се мешале во работата на училишните настојатели и си ја наложувале волјата при назначувањето или отпуштањето на учителите. Поради каприците и подбуцнувањата на велешките чорбаџии кај грчките владици, Џинот морал неколку пати да го напушта своето училиште и родниот си град. И како учител во Скопје, поради истите причини, тој морал исто така неколку

нати да го напушта и овој град. Во својата автобиографија К. Шапкарев расправа како тогаш и учителите се главувале како говедари и како тоа зависело од волјата на чорбаџиите. Кога тој поради неразбирањето на градските првенци бил принуден да го напушти Охрид, 1856 г., очекувајќи во Битола да се назначи за учител во Велес или во Струга "охриѓјанци а особито Георѓе Г'рдан гледаеатем ме без работа, ми велеха "шетај сега без работа како говедар."301/ Воопшто, сменувањето на учителите не било ретка појава, а и самите учители често ги напуштале своите учителски места и барале други со поголема плата. Тоа, пак, многу лошо се одразувало на работата на училиштата.

## 10. Училишни згради и училишен намештај

Во првата половина на минатиот век во Македонија немало или сосем ретко можеле да се видат згради специјално подигнати за училишта. Во ова време училиштата биле сместени во манастирски, црковни и приватни згради.

До 30-те години на минатиот век училиштата во градовите биле, главно, во манастирските метоси, а од ова време и во црковни згради302/. По Једренскиот мир, со кој на православната црква ѝ биле загарантирани извесни привилегии од турската влада, почнале да се обновуваат црквите разурнати за време на нередите во Турција кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век и да се подигнуваат нови цркви. Покрај обновените и новоподигнатите цркви, во црковните дворови, во исто време се подигнувале и згради за училишта. Зашто тука тие биле најарно заштитени од Турците, кои ги третирале како верски установи303/. Но освен во манастирските метоси и во црковните згради, во ова време келијни училишта имало и по куќите на приватните келијни учители. Од 30-те години на минатиот век овие училишта биле прилично распространети во Македонија, а во некои места тие се задржале дури до крајот на

тој век. Меѓутоа, зградите во кои работеле келиjните училишта имале многу скромна опстановка и не одговарале на својата намена. Во релативно подобра положба биле само манастирските училишта и тоа оние во поголемите и побогатите манастири, кои имале поразвиен просветно-културен живот, како Лесновскиот, Слепченскиот, Бигорскиот и др. Попските и приватните келиjни училишта, особено селските, работеле во такви простории, кои често немале ни најелементарни хигиенски услови. За илустрација ке наведеме неколку податоци.

Во Кратово низ првата половина на минатиот век, а и подоцна, келиjните училишта работеле во црковни згради и приватни куќи[304]. Според Ст. Симиќ, тоа најчесто биле мали, приземни згради /плетари/, а ретко еднокатни згради, кои се состоеле од една или две ниски соби со мали прозорци, поради што биле мрачни, особено во зимно време, кога на прозорците залепувало хартија[x]. Подот и ѕидовите на собите им биле измачкани со кал. Во вакви згради работеле келиjните училишта во "Рибарска" и "Царинна маала" во Кратово[305]. Но во исто такви згради и во згради со многу полоша опстановка работеле келиjните училишта и во други места. На пример, келиjното училиште на даскал Риоте Думбалоски во с. Варош /Прилеп/, кое се наоѓало во метохот на манастирот Слепче, работело во една визба. К. Црнушанов вака го опишува: "Далеч от всека хигиена, стаята за учение е представлявала една широка изба. В нея имало пет камари по стените в които кокошките на учителя носели яйца. През хубавите дни, когато вратата к'м двора е отворена, ште се покаже от време на време некоя от кокошките, ште се поколебае на вратата и най-после ште се реши и ште хвр'кне с крес'к к'м некоя от камарите, к'дето ште носи яйцето. Облак прах, вдигнат от замаха на крилете и, ште покрие учениците. Щом ште снесе яйцето

---

[x] Негде хартијата на прозорците се премачкувала со зејтин за да пропушта повеќе дневна светлост.

си, тја ште стане, ште крјака и нај-после "прррр", ште хвр'кне с крзо'к к'м вратата и ште се изгуби в двора. Отново облак прах ште се вдигне в "учебната стаја"[306]. Вакве биле, главно, опстановката и на другите келијни училишта во тоа време во Прилеп.

Еднаш кога грчкиот владика Венедикт го инспектирал грчкото училиште во Прилеп, кое во тоа време се сметало за модерно училиште, и останал недоволен од редот во него, тој го посетил и келијното училиште на даскал Гиште. Но штом влегол во училиштето, тој занемел од грозотата на опстановката во него и веднаш излегол надвор, брборејќи: "Добле, добле, много добле!" Сакал да каже дека училиштето е многу добро наредено и дека на македонските деца не им треба подобро училиште[307].

Во уште полоша состојба - во однос на училишните згради, биле селските келијни училишта. Заправо тие и немале некои свои постојани простории, какви сепак имале градските келијни училишта. Во голем број села во првата половина на минатиот век, келијните училишта работеле во визби, кошари, амбари и на чардаци[308]. Ретки биле тие села кои имале подигнати згради исклучиво за училишни потреби.

Во летно време келијните учители ги учеле децата надвор - во природата, под открието небо, каде што најарно се чувствувале[309].

Келијните училишта немале тукуречи никаков намештај - ни клупи, ни маси, ни столици[310], ниту што друго што би им го олеснило учењето на учениците. Опстановката во нив била многу окромна. Учениците седеле вкрс нозе на земја на една рогозина[311], или на голи штици на душемето, а даскалот испред нив на нешто поиздигнат подиум - на сламарица, овча кожа или

на некоја друга постилка[312], исто вкрс нозе. Тука тој работел на занаетот и оттука одвреме навреме ги надгледувал своите ученици како работат, а ови тихо - наглас, ги учеле своите уроци. Во својата автобиографија Марко Цепенков вака ја опишува опстановката на келијното училиште на даскал Аџи Костадина Димчуста, од с. Варош /Прилеп/, во кое и тој учел: "Даскалницата беше еден чардак, кај што учефме сите поседнати на голи штици, фкрс нозе, едно до друго децата, а пак даскалот, седнат на едно тезго от терзија и тој фкрс нозе; со еден долг прат в рака, да досига баеги скраа и да не тепа, ако не пеи некое али разлаање"[313]. Во келијните училишта во други места учениците седеле на миндери или на ниски клупи од штици покрај ѕидовите на училницата[314]. За постилка ставале парче од рогозина, черга, мутав, килим[315] и др. Бидејќи немале на што да пишуваат, учениците пишувале на едното колено. Во тоа време само за таков начин на пишување и се знаело. "За да пишуваат, учениците го креваа десното колено и на него ја ставаа хартијата; а левото колено, свиено, им се опираше на душемето..."[316]. Еднаш навикнати така да пишуваат, келијните воспитаници и подоцна во животот пишувале на коленото. Познато е, на пример, дека Џинот пишувал на коленото седејќи на миндерот скрстени нозе "алатурка"[317], а исто така и Г. Прличев, "с писалка в р'ка и хартија на колено"[318]. Таков начин на пишување долго време се практикувал во келијните училишта и се предавал од генерација на генерација.

Воопшто, келијните училишта работеле во многу примитивни услови. Но работејќи и во такви услови - во времето кога кај нас не постоеле никакви други училишта, тие одиграле значајна улога во ширењето на црковно-славјанската просвета и во просветувањето на македонскиот народ.

Световните училишта работеле во знатно подобри услови

од келијните училишта. Но и нивните потреби биле поинакви, со оглед на нивниот карактер и нивните цели и задачи. Тие биле општествени институции, создадени за потребите на занаетчиите и трговците. Затоа во нив учел многу поголем број ученици одошто во келијните училишта, поради што им биле неопходни поголеми згради, со повеќе простории за училници. Заинтересирано за напредокот на овие училишта, нашето граѓанство одделува значајни средства за нивното издржување и за подигнувањето на нови училишни згради. Ваквата негова активност особено доаѓа до израз во 50-те години на минатиот век и подоцна, во времето на општиот економски и општествен подем на нашите градови, кога тоа се стреми да се афирмира и на просветно-културното поле. Токму во ова време во многу наши градови се појавуваат големи, пространи и убави училишта. Такво училиште, на пример, било подигнато во Прилеп уште во 1843 г. Тоа била голема, двокатна зграда, која зафаќала простор од 672 $м^2$/28 x 24 м/. На секој кат имала по 4 соби, а помеѓу нив и по еден голем салон. Собите на првиот кат служеле за училници, а на вториот кат - едната служела како приемна за владиката, другите за потребите на општината[319/]. Исто такво - големо и убаво училиште, било соградено 1848 г. во Скопје - во дворот на црквата Св. Богородица, пред да дојде за учител во него Џинот.[320/] Во 1856 г. граѓаните од западната страна на Велес започнале да градат за класно училиште голема двокатна зграда и ја завршиле во 1857 г. Изградбата на училиштето чинела 1500-2000 турски лири[321/]. Поттикнати од примерот на граѓаните од западната страна и брзоречани - граѓаните од источната страна на Велес, истата - 1857 г. подигнале за класно училиште во центарот на градот, покрај реката Вардар, голема двокатна зграда - долга 20 м., широка 15 м и висока 10 м. Зградата имала и широки салони, та подоцна кога се соединиле двете општини, станала класно училиште со 4 класа за целиот град[322/].

Од 1850-та до крајот на 60-те години нови училишта биле подигнати и во други наши градови и села. Така, во 1851 г. ново училиште било изградено во Гостивар[323/], 1855 во Струга[324/], 1857 во Банско[325/] /Разлошко/, 1860 г. во Охрид /во маалата Кошишта/[326/], 1864 г. во с. Ваташа[327/], 1867 г. во Ресен[328/], 1869 г. во Тетово[329/]. Во 60-те и 70-те години нови училишни згради биле подигнати во некои наши градови и села и со средствата на српската и бугарската пропаганда.

Но напоредно со изградбата на нови училишни згради, од средината на минатиот век во нашите училишта постепено се воведува и современ училишен намештај - клупи, маси, столици и др. Тоа е вистински настан во животот на тогашните наши училишта кои почнуваат да се реформираат под влијанието на световната настава. Се воведуваат и посовремени училишни помагала - училишни табли, географски карти и др.

Меѓутоа голем број училишта во нашите градови и села, особено во последните, и во втората половина на минатиот век работеле во такви згради, кои не одговарале за училишта.

## 11. Организација, управување и издржување на училиштата

Во XVIII и почетокот на XIX век училиштата во Македонија се црковни установи. Нив ги отвораат и организираат за свои потреби црквите и манастирите и тие управуваат со нив и материјално ги издржуваат. Нивното издржување го помага и народот со доброволни прилози.

Приватните келијни училишта ги отвораат и организираат келијните учители. Тие биле сосем самостојни во својата работа и раководеле со училиштата по свои непишувани правила. Материјалното издржување на келијните училишта паѓало на товар на родителите чии деца учеле во нив. Тие ги плаќале учителите

и ги подмирувале другите потреби на училиштата.

Кога училиштата станале општи - народни, сите граѓани учествувале во нивното издржување и со тоа тие добиле право да учествуваат и во нивното управување. Сега училиштето не било во рацете на еден чорбаџија или епитроп, туку во рацете на едно општествено тело, на еден општествен орган, наречен црковно-училишно настојателство, црковно-училишни надзиратели или црковно-училишна општина, кој од името на сите граѓани што ги претставувал, управувал со училиштата. Црковно-училишното настојателство се грижело пред сѐ за материјалната страна на училиштето. Тоа го отварало училиштето, наоѓало за него учители, го снабдувало училиштето со намештај, помагала и учебници, ги исплатувало учителите, ги помагало сиромашните ученици и воопшто се грижело за задоволувањето на материјалните потреби на училиштето.

Во поголемите градови имало по две, три и повеќе училишта - во секоја маала по едно, та за секое од нив се грижело одделно училишно настојателство. Воопшто, тие многу придонесле за развитокот на учебното дело и просветата во нашите градови. Секое од нив се стремело да подигне поголемо и поубаво училиште, да се здобие со подобар учител и нивното училиште да се прочуе со повисока наука. Вакви стремежи на училишните настојателства доаѓаат особено до израз во 50-те и 60-те години на минатиот век, во времето на економската благосостојба на нашите градови, кога црковно-училишните општини одделуваат значајни средства за развитокот на своите училишта. Вакво натпреварување постоело, на пример, меѓу источната и западната црковно-училишна општина во Велес[330], благодарение на кое силно се развил просветниот живот во овој град и дошло до појавата на првите световни и класни училишта кај нас. Но подоцна, кога нашите градови почнале економски да опаѓаат и осетно се намалиле

нивните приходи, одделните маали не биле повеќе во состојба да ги издржуваат своите училишта кои сѐ повеќе се развивале и се наложило формирањето на една црковно-училишна општина, односно едно црковно-училишно настојателство, кое требало да се грижи за сите училишта во градот. Тоа ги собирало приходите од населението и располагало со нив, ползувајќи ги за издржувањето на маалските основни училишта и за издржувањето на едно општо главно или класно училиште.

Различни биле изворите од кои училиштата добивале средства за своето издржување. Голема помош давале еснафите. Во некои наши градови расходите за издржувањето на училиштата се подмирувале исклучиво од еснафските каси. Првото општинско училиште во Солун го отворил /1838 г./ и материјално издржувал терзискиот еснаф[331/]. Овој македонски еснаф и подоцна поднесувал дел од расходите за издржувањето на народните училишта во Солун. Хлебарскиот еснаф на струшани, кои живееле во Албанија /Скадар и други градови/, за издржувањето на училиштата во својот роден град формирал две еснафски каси - едната за основното, а другата за елинското класно училиште[332/]. Во 1854 г. со средствата од приходите на овој еснаф било соградено ново големо училиште[333/]. За таква иста цел ќуркчискиот еснаф во Охрид основал своја каса, која ја играла улогата на месна банка[334]. Во 1868 г. велешките еснафи /кожарскиот, терзискиот, чешларскиот, бојаџискиот, хлебарскиот и други/ внесле во касата на црковно-училишната општина за издржување на училиштата сумата од 30 - 35.000 гроша[335/]. Еснафските организации во другите наши градови /Скопје, Прилеп, Кукуш/ одделувале средства за издржувањето на своите училишта.

Голем број училишта се издржувал од помошта што им ја одделувале редовно или повремено одделни лица, како и од подароците или заветувањата по нивната смрт, а исто така и од

помошта што ја добивале од страна /од другите земји/. Кога Јордан Константинов Џинот дошол за учител во Скопје / 1848/ четворица скопски граѓани - браќата Поповиќи, браќата Хаџи Коцови, Зафир Малев и Васил Икономов образувале основен капитал од 30.000 гроша за издржување на училиштето[336]. Последниот ја подарил на училиштето и својата библиотека која имала повеќе од 500 разни книги[337]. Од заоставштината на Димитриј Чокалов која изнесувала 120.000 гроша, источната велешката општина купила место во центарот на градот, покрај Вардар, каде што подигнала голема двокатна зграда за класно училиште[338]. Во 1865 г. машкото народно училиште во Охрид го посетил рускиот конзул во Битола, Хитрово, и му издејствувал на училиштето кај руската влада 300 рубли годишна помош[339]. Преку рускиот конзул во Солун руската влада материјално ги помагала македонските народни училишта и во овој град[340]. Во 1874 г. неврокопското народно училиште примило помош од приватни лица во Цариград, Велес и Самоков и од Рилскиот манастир, на која јавно се заблагодарил преку " The Levant Times , год. VI, бр. 19, стр. 4, од 18 мај 1874 г.[341]. Од 50-те и 60-те години на минатиот век голем број училишта во Македонија добивале помош во пари и книги од Србија[343], а некои од нив и од Цариград.[344]

Меѓутоа, најголеми средства за издржувањето на училиштата давале црквите. Тие во тоа време располагале со големи приходи што ги собирале од црковните дискови, од своите подвижни и неподвижни имоти, од подароците на граѓаните по различни случаи, од интересот на облигациите и др. и можеле да одделуваат дел од нив за потребите на училиштата. Некои црковни општини ги давале сите свои приходи за издржувањето на училиштата. Приходите на црквите особено се зголемиле за време на општиот економски подем на нашите градови, по Маџарската буна и Кримската војна, кога црковните каси двојно и тројно нараснале

Во 1848 г. источната велешка општина имала капитал во облигации во износ од 43.912 гроша. Од интересот на овие облигации и од другите црковни приходи се издржувало училиштето. Црквата тогаш му давала на училиштето 13.000 гроша годишно[345/]. Подоцна, по Кримската војна, годишниот приход на двете велешки црковно-училишни општини знатно се зголемил и изнесувал вкупно 150.000 гроша - од приходите на црквите 81.500 гроша и од интересот на заемите и други доброволни приходи 68.500 гроша[346/]. Тогаш тие не жалеле средства за напредокот на своите училишта. При ваквата благосостојба освен е разбирливо што во ова време дошло и до расцутот на школството во Велес. Знатен дел од своите приходи црквите давале за издржувањето на училиштата и во други наши градови. Во учебната 1874/75 г. за платите на учителите во Прилеп од црковната каса била исплатена сумата од 35.680 гроша[347/].

Материјално училиштата ги помагале и читалиштата, основани во нашите градови кон крајот на 60-те и во почетокот на 70-те години на минатиот век. Покрај својата дејност на просветувањето на народот, тие отворале училишта по селата и материјално ги издржувале, особено во оние места, чии општини биле сиромашни и не можеле самостојно да ги издржуваат. На пример, скопското читалиште, наречено "Развитие", во својата програма меѓу другите си х поставило и следниве задачи: 1. да се грижи за напредокот на месните народни училишта, снабдувајќи ги со добри учители и учителки; 2. да се грижи за отворањето на едно женско училиште; 3. навреме да набавува сè што е потребно за училиштата; 4. да ги потпомага сиромашните ученици и ученички со потребни учебници, а најсиромашните и со храна и облека; 5. да се труди, кога со свои, кога со селски разноски, да отвара училишта по селата[348/]. Такви задачи си поставиле во своите програми и читалиштата во Кукуш[349/], Крива Паланка[350/]

Велес[351], Штип[352], Солун[353] и другите градови.

Училиштата во Македонија се развивале под нееднакви услови. Не постоела една општа централна училишна власт која би се грижела за организирањето и издржувањето на сите училишта во Македонија и која би ја координирала нивната работа. Напротив, организирањето, издржувањето и управувањето на училиштата било сосем децентрализирано. За секое училиште се грижело одделно училишно настојателство. Во секој град или село училиштето се развивало самостојно и слободно, зависно од материјалните можности на општината и стручната подготвеност на учителите.

## Забелешки

1. Ал. Јовановић: Српске школе под Турцима. Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопље, 1937, стр. 243.
2. Исто, стр. 243.
3. Исто, стр. 243.
4. Ст. Симић: Наша старовремска школа /Ракопис откупен од Советот за просвета на НРМ/, стр. 75-76.
5. ~~Васил К'нчов:~~ Сегашното и недавното мин'ло на гр. Велес, Кратък очерк от К., Периодическо списание, г. VIII, кн. 40, стр. 557.
6. Ст. Симић: Цит. дело, стр. 75.
7. Ст. Симић, цит' дело, стр. 75.
8. Григорије Дракуловић: Старе школе у Малешу, "Јужни Преглед", 1928 г., Скопље, бр. 9, стр. 409.
9. Кратък очерк от К., ~~Васил К'нчов, цит. дело~~, стр. 557; Хр. Чочков: Град Велес... София, 1929, стр. 9.
10. Сто години ново б'лгарско училиште в гр. Прилеп, 1843 - 1943 стр. 36.
11. Исто, стр. 34.
12. Ст. Симић: Историја кратовске области, Београд, 1914, стр. 209.
13. Јордан Иванов: Северна Македонија, стр. 359-360.
14. За содржината на работата во взаимните училишта изнесено според Н. Ив. Ванков: История на учебното дело в Б'лгария, Ловеч, 1903 г., стр. 55-57.
15. Д-р Х. Поленаковић: Биографски прилог за запознавањето на Џинот. Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1954 г., стр. 63.
16. Исто, стр. 66.
17. Христо Чочков: Град Велес..., стр. 23.
18. Георги Трајчев: Учебното дело в гр. Прилеп. "Илјустрација Илинден, год. IV, кн. 3, стр. 10.
19. Арсени Костенцев: Спомени, Сб.БАН, кн. 6, стр. 19.
20. Државен Архив на НРС, ф. XI, № 1657, 1865 г.
21. Н.Г. Еничерев : В'споминанија и бележки, София, 1906, стр. 9

22. В. Прилог бр. 1-39 кон нашава работа, стр. 284 - 325

23. Сп. "Читалиште", кн. 5, од 30.II.1873 г., стр. 432-433. Дописка на К. Шапкарев од Прилеп од 2 ноември 1872 г.

24. Ив. Снегаров: Солун в б'лгарската духовна култура, София, 1937, стр. 132.

25. Н.Г.Шничерев, цит. дело, стр. 91.

26. В. "Македонија", бр. 29 од 15 јуни 1868 г.

27. Според К., ~~К'нчев, цит. дело~~, Сеташното и недавното минало на гр. Велес., стр. 572 Нешковиќ предавал српско-славјанска граматика и велика српска читанка.

28. Хр. Чочков, цит. дело, стр. 24.

29. ~~Ј. К'нчев, цит. дело, 568.~~ Сеташното и недавното минало на гр. Велес. Кратък очерк от К., Период. спис., год. VIII, кн. XL, стр. 568

30. Сп. "Читалиште" кн. 13, од 1 април 1871 г. Дописка на К. Шапкарев од Кукуш од 18 10/врij 1870 г.

31. Училиштето било двокласно, а нех трикласно, бидејќи првиот клас бил "предуготвителниј". В. "Македонија", бр. 41, од 9 септември 1867 г. Дописка од Кукуш од 19 август 1867 г.

32. В. "Македонија" бр. 38 од 17 август 1868 г.

33. Сп. "Читалиште" кн. 5, од 30 февруари 1873 г. стр. 433. Дописка на К. Шапкарев од Прилеп од 2 ноември 1872 г.

34. Н. Ив. Ванков: Историја на учебното дело в Б'лгарија, Ловеч, 1903, стр. 121.

35. Хр. Шалдев: Град Прилеп за своите училишта, Макед. преглед, год. I, кн. 1, стр. 54.

36. Сп. "Читалиште" кн. 5, од 30 февруари 1873, стр. 433. Дописка на К. Шапкарев од Прилеп, од 2 ноември 1872 г.

37. Сто години ново б'лгарско училиште в гр. Прилеп, стр. 11 - 12; Стеван Симиќ: Наша старовремска школа, стр. 61.

38. "Наша старовремска школа", стр. 64.

39. Сто години ново б'лгарско училиште в гр. Прилеп, стр. 11 - 1? Ст. Симиќ: Наша старовремска школа, стр. 66 - 67.

40. Ст. Симиќ: Наша старовремска школа, стр. 66.

41. Исто, стр. 63-64.

42. Вуков начин на срицање вовел во училиштето во Велес Арсени Костенцев /Спомени, Сб. БАН, кн. 6, стр. 19/

43. Роден во Гемунд /Германија/. Отпрвин работел како домашен учител, а 1795 г. станал управител на училиштата во Кастелското графовство, кое 1808 г. се присоединило кон Баварија. Тука тој ја пронашол гласовната метода, за која издал две раководства: "Кратко раководство за најосновната и најлеката метода "по читање" и "Опширно опишување на гласовната ми метода." Издавал педагошко списание и напишал многу педагошки

дела. Умрел 1850 г. /Според Н.Ив. Ванков, Историја на учебното дело в Б'лгарија, Ловеч, 1903, стр. 62, заб. 2/

44. Живојин С. Ђорђевић: Школе и просвета у Србији, 1700-1850 г., Београд, 1950, стр. 48.

45. Исто, стр. 49.

46. Не се знае точно колку време Ковачев учителствувал во Габрово Според едни податоци тој учителствувал само две недели; според други - три недели, но не повеќе од три месеци /Н.Ив. Ванков: Историја на учебното дело в Б'лгарија, Ловеч, 1903, стр. 63, заб. 1/. Меѓутоа за така кратко време тешко да е можел некој од бугарските учители наполно да ја усвои гласовната метода од Ј. Ковачев. Тоа се потврдува со фактот што габровската општина идната - 1869 г., го испратила Н. Сарафов кај Ковачева во Штип за да ја изучи гласовната метода и тој тука престојувал цели две години /цит. дело, стр. 65, заб. 1/

47. Н. Ив. Ванков, цит. дело, стр. 65. (Ловеч, 1903 г.)

48. Исто, стр. 66.

49. Спомени на Арсени Костенцев, СбБАН, кн. 6, стр. 37.

50. Сто години ново б'лгарско училиште в гр. Прилеп, стр. 58.

51. За тоа тој вели: "В този рускиј град посетих училищата, а особенно народните, в които неотдавна бе в'ведена нова звучна метода, и, т'ј аз, като незнаjах, до тогава, тази метода, и като ми се виде полезна принудих се да остана почти месец и половина в гр. Кишново, при директора /не помнја името му/ на народните училища, от когото и добре се запознах с тази нова метода, којато и в'ведох в б'лг. крушески училища, както ще видим." /Ив. Б. Шумков: Патриотически и нас'рдчителни разкази, София, 1907 г., стр. 285.

52. Хр. Чочков, цит. дело, 30.

53. Сто години ново б'лгарско училиште в гр. Прилеп, стр. 114.

54. Н. Ив. Ванков, цит. дело, стр. 138. (Ловеч, 1903 г.)

55. Сто години ново б'лгарско училиште в гр. Прилеп, стр. 114.

56. Н.Ив. Ванков: Историја на учебното дело в Б'лгарија, София, 1930 г., стр. 23-24; Ст. Симић: Наша старовремска школа, стр. 104.

57. Ст. Симић: Наша старовремска школа, стр. 104.

58. Н. Ив. Ванков: Историја на учебното дело в Б'лгарија, София, 1930 г., стр. 23-24.

59. Ст. Симић: Наша старовремска школа, стр. 104.

60. Хр. Чочков, цит. дело, стр. 9

61. Ст. Симић: Наша старовремска школа, стр. 104.

62. Исто, стр. 105.

63. Исто, стр. 73, 98.

64. Исто, стр. 98.

65. Исто, стр. 73, 98.

66. Исто, стр. 98 - 102.

67. Григорије Дракаловиќ, цит. статија, стр. 408.

68. Н.Ив.Ванков: Историја на учебното дело во Б'лгарија, Ловеч, 1903, стр. 44.

69. Ст. Симиќ: Наша старовремска школа, , стр. 74; Григорије Дракаловиќ, цит. статија, стр. 409.

70. Н. Ив. Ванков: Историја на учебното дело в Б'лгарија, Ловеч, 1903, стр. 45; Ст. Симиќ: Наша старовремска школа, стр. 74.

71. Н. Ив. Ванков: Историја на учебното дело в Б'лгарија, Ловеч, 1903, стр. 45.

72. Исто, стр. 45.

73. Јордан Кусев: Спомени, Сто години ново б'лгарско училиште в Прилеп, 1843 - 1943, стр. 113.

74. Н. Ив. Ванков: Историја на учебното дело в Б'лгарија, Ловеч, 1903, стр. 45; Ст. Симиќ: Наша старовремска школа, стр. 103.

75. В. прилог бр. 19 - 39 кон нашава работа, стр. 305 - 325

76. Ст. Симиќ: Историја кратовске области, Београд, 1914, стр. 210.

77. Д-р Кирил Пенушлиски: Автобиографија на Марко К. Цепенков, "Македонски јазик", Скопје, 1958, кн. 1-2, стр. 121.

78. Г. Прличев: Автобиографија, стр. 5.

79. Сто години ново б'лгарско училиште в гр. Прилеп, 1843-1943, стр. 114.

80. Н. Ив. Ванков, Историја на учебното дело в Б'лгарија, Софија, 1930, стр. 40.

81. Кратовските келии не работеле во околу 120 празнични дена во годината. /Ст. Симиќ: Наша старовремска школа, стр. 55-56/

82. "Цариградски гласник", 1901 г., бр. 17, стр. 2-3.

83. Примањето на нови ученици во кратовските келии се вршело на многу свечен начин. Тој ден, облечени во празнична облека и придружени од своите родители, родбината и учениците, тие најпрвин оделе в црква, за да имх се прочита нарочна молитва, а потоа во училиштето, каде што ги примал учителот и со неколку топли збора им пожелувал "Господ да им дарува здравје, бистар ум, добро помнене и успех во науката." /Ст. Симиќ: Историја кратовске области, стр. 211; Наша старовремска школа, стр. 56-59/.

84. "Цариградски гласник" 1901г., бр. 17, стр. 2-3.

85. На вратата на келијното училиште на аџи Костадина Динтулета от с. Варош /Прилеп/, во кое учел и Марко Цепенков, висела една штичка, на која на едната нејзина страна била напишана буквата "и", а на другата буквата "н". Буквата "и" значело "има", а буквата "н" ~~хн~~ - "нема". Кога некое дете би излегло надвор, ја свртувало штичката со страната на која била буквата "и", а кога би се вратило од надвор, ја свртувало штичката со страната на која била буквата "н". /Д-р Кирил Пенушлиски, цит. дело, стр. 120, забелешка /.

86. Ст. Симиќ: Наша старовремска школа, стр. 55 - 56; Д-р Кирил Пенушлиски, цит. дело, стр. 120, забелешка.

87. В. "Македонија" бр. 41 од 9 септемвриј 1867 г. Дописка од Кукуш од 19 август 1867 г.

88. Сто години ново б'лгарско училиште в гр. Прилеп, стр. 66.

89. В. "Македонија" бр. 20 од 13 април 1868 г. Дописка од Охрид од ~~хн~~ 10 март 1868 г.

90. В. "Македонија" бр. 38 од 17 август, 1868 г. Дописка од Прилеп, од август 1868 г.

91. В. "Македонија" бр. 21 од 20 април, 1868 г. Дописка од Велес од 30 март 1868 г.

92. Ив. Снегаров: Една автобиографија на Кузман Шапкарев од 1864 година, Макед. преглед, година III, кн. 1, стр. 47.

93. В. "Македонија", бр. 29, од 15 јуни 1868 г. Дописка од Велес од 21 мај 1868 г.

94. Н. Ив. Ванков: Историја на учебното дело в Б'лгарија, Ловеч, 1903, стр. 48 - 54.

95. Н. Г. Еничерев, цит. дело, стр. 84.

96. Д-р Ј. Х. Васиљевиќ, цит. дело, стр. 13; Григорије Дракаловиќ цит. статија, стр. 410-411.

97. Д-р Ив. Д. Шишманов /Мсбр. XI, с. 679/. Пишува за панаѓурот во Узунџово следново: "Тук, на панаирја си даваха rendez-vous не само т'рговците а и писателите и издателите от всичките краишта на Б'лгарија. При липсването на книжарници, книжнината се продаваше и купуваше на пазар като обикновена стока. Които искаше да си продаде по сигурно книгите, отиваше на Узунџово, гдето можеше да намери љубители на дребно и на едро. Тија срещи между двата највлијателни тогавашни класа от нашето население - трговскијат и учителско-писателскијат не можеше да не укажат влијание и ~~хн~~ в'рху развитието и распрространението на идеите, които особено от 1830 година насам падаха като семена в младата девствена почва и никнаха с б'рзината на светкавицата." /Цит. по Д-р Ј.Х. Васиљевиќ, цит. дело, стр. 14, забел. 3/

98. Д-р Ј. Х. Васиљевиќ, цит. дело, стр. 163.

99. Исто, стр. 13; Григорије Дракаловиќ, цит. статија, стр. 410 - 411. ~~Во тетовското основно училиште 1865 година учителот~~

100. Во тетовското основно училиште 1865 г. учителот Стојко Акимовиќ напоредно со световните предмети предавал и црковни /Часослов и псалтир/. В. овде стр. 164.

101. "Цариградски вестник" № 441 од 25.VII.1859 г.

102. Д-р J. X. Васиљевиќ, цит. дело, стр. 152.

103. Из Архивата на Н. Геров, I, стр. 611-612.

104. Според проф. X. Поленаковиќ /За библиотеката на Џинот, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, кн. 4, стр. 24/ букварот што се споменува во училишната програмата на Џинот е всушност еден "Брзоукиј буквар... на Исидор Стојановић, печатен во Белград 1846 г. Другите /исто српски/ учебници што се споменуваат во програмата се описани од Коста Лозен /Славено-сербско училиште Све Георгија у Велесу, Летопис Матице српске, кн. 310, св. 1, стр. 202 - 217 и сепарат стр. 1 - 18/. Според него книгата "Примери Добродетели" е од М. Костич, печатена во Нови Сад 1840 г.; "Србска граматика од Ил. Захариевич печатена е во Белград 1847 г.; а "Славенска Граматика" е од Георгие Захаријадис, печатена во Будим 1830 г. Од овој автор бил во употреба во велешкото училиште и учебникот "Руководство к' Славенској Граматици", печатен во Белград 1830 г. Во велешкото училиште се употребувала како учебник и "Славенска Граматика" од Сава Сретеновиќ, печатена во Белград 1836 година.

105. Ив. Снегаров: Една автобиографија..., Макед. преглед, год. 3, кн. 2, стр. 45.

106. Во својата автобиографија Шапкарев за тоа вели следново: "Зощо от как си хојде /Д. Миладинов - б.н./ назад на место-то си в Прилеп /до тога една година беше бил в Прилеп , дојд дома да си се видит, и от тамо пак појде в Кукуш/ ми прати 15 букварь сърбски с църковни писма..." /Макед. преглед, год.3, кн. 2, стр. 58/

107. X. Поленаковиќ: Страници од македонската книжевност, стр. 184. ~~188~~

108. Ив. Снегаров: Една автобиографија..., стр. 58.

109. Г. Мјур Макензиева и А. П. Ирбиева: Путовање по словенским земљама Турске у Европи, Београд, 1868, стр. 78-79.

110. Н.Г. Еничерев, цит. дело, стр. 93.

111. J. Ристиќ: Спољашни односаји Србије новијег времена, књига трећа (1868-1872), стр. 280-281

112. Јован Ристиќ: Спољашни односаји Србије новијег времена, књига трећа /1868-1872 г./, стр. 281 - 284.

113. В. прилог бр. 1-39 кон нашава работа, стр. 284-325

114. Хр. Чочков, цит. дело, стр. 111.

115. Исто, стр. 111.

116. Ив. Д. Шишманов: Васил Е. Априлов, Неофит Рилски, Неофит Возвели, Софија, 1926, стр. 67.

117. Х. Поленаковиќ: Три прилога за запознавањето на Браќа Миладиновци, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, историско -филолошки оддел, Скопје, 1953 г., кн.6, стр. 100.

118. Исто, стр. 100.

119. Д-р Ј.Х. Васиљевиќ, цит. дело, стр. 174, забел. 1.

120. Д-р Кирил Ќамилов: Нешто за библиотеките на Шапкаров и Прличев,"Библиотекарска искра", бр. 3-4, 1955, стр. 99.

121. "Македонската Дружина" била основана во 1872 г. како оддел на "Цариградското Читалиште" /в. "Мир", 1934 г., бр. 10132/. Во времето од 1.IV.1872 година до 1.IV.1873 година "Македонската Дружина" испратила на солунските училишта 150 различни книги, на с. Зарово 257, село Баловча 20, Гумендже 75, Богданци 25, Висока 15, Еница Вардар 30 или вкупно 572 книги Освен во овие, за ова време таа испратила 428 книги и за други места во Јуж. Македонија. На 1.IV.1873 година "Македонската Дружина" имала на располагање во Солун и Сер 689 книги, од кои 345 биле букварi, а 344 други книги /Ив. Снегаров: Солун в б'лгарската духовна култура..., София, 1937, стр. 105, заб. 79 и 81/.

122. Коста Дошен: Славено-сербско училиште Св. Георгија у Велесу /сепарат/, стр. 8, бр. 10 и 20; Д-р Горги Шоптрајанов: Библиотеката на Јордан Хаџи Константинов - Џинот, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, 1949 г., кн. 2, стр. 48, бр. 7; стр. 50, бр. 11 и 12; стр. 51, бр. 13; стр. 58, бр. 25, 26 и 27; стр. 59, бр. 29; и др.

123. Д-р Кирил Ќамилов, цитираната статија, стр. 99 - 100.

124. Х. Поленаковиќ: Доситеј Обрадовиќ кај Македонците, одделен отпечаток од "Современост" бр. 7-8, 1958, стр. 724.

125. Хр. Чочков, цит. дело, стр. 28.

126. Климе Џамбазов: Борбата на Џинот за скопското народно училиште, "Просветно дело", Скопје, 1954, бр. 9-10, стр. 589.

127. Блаже Конески: Македонските учебници од XIX век, второ издание, стр. 5 /Се споменуваат 16 книшки/.

128. Исто, второ издание, стр. 26-27.

129. Исто, второ издание, стр. 51.

130. Исто, второ издание, стр. 46.

131. Исто, второ издание, стр. 87.

132. Партениј Зографски: "Начално учение за деца-та", стр. 33, бр. 22.

133. Блаже Конески: Македонските учебници од XIX век, второ издание, стр. 55.

134. "Б'лгарска илјустрација", 1880 г. св. 8, стр. 21, превод од руски.

135. "Илјустрација Светлина", јуни 1898, кн.7, стр. 2.

136. В. И кај Блаже Конески: Македонските учебници од XIX век, второ издание, стр. 48.

